Економски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј”

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

**Кандидат: м-р Жарко Трајков**

# АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

***(докторска дисертација)***

**Ментор**
**проф. д-р Стојан Дебарлиев**

**Скопје, јуни 2021**

Економски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

**Candidate: Zharko Trajkov, MSc**

# ANALYSIS OF INSTITUTIONAL SUPPORT ON SUSTAINABILITY IN THE REPUBLIC OF NORTHERN MACEDONIA FIRMS IN THE FUNCTION OF PROMOTING SUSTAINABLE DEVELOPMENT

***(doctoral thesis)***

***Mentor***
***Prof. Stojan Debarliev, Ph.D.***

**Skopje, June 2021**

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА:**

1. Проф. д-р Стојан Дебарлиев
   Економски факултет – Скопје

2. ______________________________

3. ______________________________

4. ______________________________

5. ______________________________

## БЛАГОДАРНОСТ

Пред сѐ, благодарност до мојот ментор, проф. д-р. **Стојан Дебарлиев,** за трпението, етичноста при работењето, стручните коментари и насоките. Врз основа на неговиот пристап и лидерство, практикување критичко размислување, постојана интеракција, наметнување системско учење и партиципативна техника при учење, како и колаборативно учење и иновативност, ми овозможи не само проширување на видиците и зголемување на знаењето, туку и реално запознавање со процесот на хабилитација. Овој процес во временски период од четири години, благодарение на мојот ментор, претставуваше симбиоза на научноистражувачката работа базирана на поддржан конструктивен конфликт и континуирана дискусија. Благодарност до менторот бидејќи како што се создава оаза од пустината преку системот капка по капка, мојот ментор преку чекор по чекор ја овозможи таа трансформација во овој образовниот процес.

Благодарност до моите родители **Божидар и Магдалена** и мојот брат **Михајло Трајков** за насоките, критиките, вредносниот систем и неизмерната поддршка.

Благодарност до мојата сопруга **Софија** и децата **Јован и Јована** за разбирањето, трпението, отстапените простор и време и постојаната поддршка во овој исцрпувачки процес.

Посебна благодарност до уште еден член на мојата фамилија. Човек синоним за ерудиција, **Абдула Бајрами,** со кој е изградена релација без калкулација. Најголемиот виновник за мојот сон да стане реалност. Неговата безрезервна и безусловната поддршка, верување, мотивација и алтруизам се инкремент на мојот развој. Сѐ што значат зборовите пермисивност на карактерот, беневолентност во пристапот, душа и срце при дејствувањето не можат да ја искажат и доловат поддршката што ми ја даде.

Искрено благодарам.

Скопје, јуни 2021

Жарко Трајков

# „АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ”

## АПСТРАКТ

Докторската дисертација се фокусира на влијанието на институционалната поддршка врз развој и примена на одржливите практики на претпријатијата во Република Северна Македонија. Предмет на истражување се светските искуства и глобалната перспектива, со осврт на суштинските аспекти на одржливиот развој од историските почетоци преку циркуларната економија до индикаторите на одржливите практики и изворите на нивно финансирање. Во самото истражување се вклучени компании, организации и институции од Република Северна Македонија кај кои, со помош на емпириско истражување, се утврдени одржливите практики во клучните сегменти од одржливиот развој. Опфатени се компонентите управување, клиенти, заедница, вработени, животна средина, финансиската и нефинансиската институционална поддршка. Анализите се правени со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација и споредбени анализи, а особено е интересна поврзаноста на различните фактори во реализација на одржливите практики во претпријатијата. Факт е дека еднократните интервенции се недоволни, без можност да дадат свој придонес во пропулзија на организациите. Поставувањето јасни цели преку дефинирање на визијата, мисијата и темелната идеологија, употребувајќи ги инструменталните вредности како сврзно ткиво, е неминовност во денешниот начин на функционирање. Тоа се веќе вообичаени практики, а не дистинктивна предност на организациите. Сето ова е во функција на креирање услови за опстојување и одржливост на организациите. Во случајот со МСП, општествено одговорните претпријатија, зелените бизниси и социјалните претпријатија станува збор за уште покомплексна ситуација. За исполнување на тие цели, потребно е да се согледа целокупната состојба, односно големата слика преку употребата на холизмот во пристапот.

**Клучни зборови**: одржлив развој, одржливи практики, организации, институционална поддршка, Република Северна Македонија

## ANALYSIS OF INSTITUTIONAL SUPPORT ON SUSTAINABILITY IN THE REPUBLIC OF NORTHERN MACEDONIA FIRMS IN THE FUNCTION OF PROMOTING SUSTAINABLE DEVELOPMENT

## ABSTRACT

The doctoral dissertation focuses on the impact of institutional support on developing and implementing sustainable business practices in the Republic of North Macedonia. The research subject is the world experience and the global perspective, with a review of the essential aspects of sustainable development from the historical beginnings through the circular economy to the indicators of sustainable practices and their financing sources. The research itself includes companies, organizations, and institutions from the Republic of North Macedonia, which, with the help of empirical research, established sustainable practices in crucial segments of sustainable development. The components management, clients, community, employees, environment, financial and non-financial institutional support are covered. The analyses performed are using Pearson's linear correlation coefficient and comparative studies. The connection of the various factors in realizing sustainable practices in enterprises is fascinating. The fact is that one-off interventions are insufficient, without the possibility to contribute to the propulsion of organizations. Setting clear goals by defining the vision, mission and underlying ideology, using instrumental values as connective tissue, is inevitable in today's way of functioning. In that way, this is a more common practice, not a distinctive advantage of organizations. All this is in the function of creating conditions for the survival and sustainability of organizations. The situation is much more complex for SMEs, socially responsible firms, green businesses, and social enterprises. It is necessary to look at the overall condition to fulfill these goals, i.e., the big picture, through holism in the approach.

Keywords: sustainable development, sustainable practices, organizations, institutional support, Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ **14**

1. Актуелност на истражувањето и домен во кој докторската дисертација претставува научен придонес ........ 15

2. Предмет, цел и задачи на истражувањето ........ 21

2. План на презентирање на материјата ........ 22

3. Методологија за изработка на докторска дисертација ........ 25

**ГЛАВА I**

**КОНЦЕПТОТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И НЕГОВАТА ВАЖНОСТ ВО РЕШАВАЊЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ** ........ **27**

1.1. Одржлив развој: историја и еволуција на концептот ........ 27

1.2. Цели на одржливиот развој и нивна примена за надминување на аномалиите во општеството и природната средина ........ 33

1.3. Одржливиот развој како појдовна основа за развој на циркуларната економија ...... 38

1.4. Одржливоста, индустријата и развојот на инфраструктурата ........ 44

1.5. Меѓународната трговија и одржливиот развој ........ 52

1.6. Одржливиот развој - генератор на пристојни и одржливи работи места ........ 56

1.7. Социјалното и „зеленото“ претприемништво - извори на иновации за решавање на општествените и еколошките проблеми ........ 65

**ГЛАВА II**

**ОДРЖЛИВОСТА И ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА** ........ **70**

2.1 Холистички модели за поврзување на одржливиот развој, одржливоста и стратегиските иновации во контекст на глобализацијата ........ 70

2.2 Корпоративни програми за одржливи проекти и практики ........ 79

2.3. Одржлив дизајн: концепти, методи и практики ........ 87

2.4 Одржливи синџири на снабдување и одговорна потрошувачка ........ 93

2.5. Енергетски ефикасни производни системи ........ 103

2.6 Производство и употреба на чиста и обновлива енергија ........ 109

2.7 Одржливи бизниси: критика на политиките и практиките на општествена одговорност на компанијата ........ 114

2.8. Одржливо претприемништво - нова фаза во еволуцијата на корпоративната општествена одговорност ........ 122

**ГЛАВА III**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВОСТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ........ 127**

3.1 Индикатори за мерење на влијанието на одржливиот развој во трите столба на одржливоста ........ 127

3.2 Стандарди и регулативи за унапредување на одржливоста во бизнис-секторот ...... 133

3.3 Спроведување политики за поддршка на одржливиот развој на национално ниво . 160

3.4 Локални политики за одржлив развој ........ 163

3.5 Создавање екосистеми за сеопфатна поддршка на одржливи проекти и практики . 167

3.6 Извори на финансирање одржливи проекти и практики ........ 170

**ГЛАВА IV**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ – ИСТРАЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 176**

4.1. Состојбата со одржливоста и добрите одржливи практики во македонските компании ........ 176

4.2 Институционалната поддршка на одржливиот развој во Република Северна Македонија ........ 181

4.3 Фактори што влијаат врз имплементацијата на одржливи практики во претпријатијата во Република Северна Македонија ........ 191

*4.3.1. Проблем на истражување ........ 191*

*4.3.2. Цели на истражувањето ........ 193*

*4.3.3 Хипотези за истражување ........ 194*

4.4. Методологија на истражувањето ........ 195

*4.4.1 Примерок и прибирање на податоците ........ 196*

*4.4.2. Метод на анализа на податоците ........ 197*

4.5 Анализа на резултатите од истражувањето ........ 198

4.6 Дискусија и заклучни согледувања ........ 257

**ЗАКЛУЧОК ........ 265**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 272**

**ПРИЛОГ ........ 278**

## СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ ВО ДИСЕРТАЦИЈАТА

| Скратеница | Значење на скратениците |
|---|---|
| СТО | Светска трговска организација |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| БДП | Бруто-домашен производ |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕС | Европска комисија |
| ОП | Одржливо производство |
| CSA | Процена на одржливост на корпорациите |
| ОР | Одржлив развој |
| ЦОР | Цели на одржливиот развој |
| ООП | Општествена одговорност на претпријатијата |
| CERES | Коалиција за еколошки одговорни економии |
| ICC | Меѓународна трговска комора |
| ISO | Меѓународна организација за стандардизација |
| SC | Синџир на снабдување |
| SCM | Управување со синџирот на снабдување |
| SSCM | Одржливо управување со синџирот на снабдување |
| LCA | Процена на животниот циклус |
| E-LCA | Процена на животниот циклус на животната средина |
| S-LCA | Процена на социјалниот животен циклус |
| OWG | Отворена работна група |
| MDG | Милениумски развојни цели |
| NGO | Невладини организации |
| ESD | Образование за одржлив развој |
| HVAC | Греење, вентилација и климатизација |
| PV | Фотоволтаични ќелии |
| GMO | Генски модифицирани организми |
| TRIPS | Трговски поврзани аспекти на протоколите за правата на интелектуална сопственост |
| SiG | Генерација на социјални иновации |
| HLPF | Политички форум на високо ниво |
| NSDS | Национална стратегија за одржлив развој |
| WWF | Светски фонд за диви животни |

## СПИСОК НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Поврзувања помеѓу SSCM и SDG

Табела 2. Поважни производи за широка потрошувачка

Табела 3. Биофармацевтски производи

Табела 4. Масло и гас

Табела 5: Категории и поткатегории – прашања за процена – стандарди

Табела 6.1 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и ангажманот на засегнати страни

Табела 6.2 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и мерење и управување со општественото и еколошкото влијание

Табела 6.3 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и управување со влијанието врз клиентите

Табела 6.4 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и програмата за корпоративно граѓанство

Табела 6.5 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и политики и практики за професионален развој на вработените

Табела 6.6 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и енергетска ефикасност на објектите

Табела 6.7 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и системите за управување со животната средина

Табела 6.8 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и ангажманот на засегнати страни

Табела 6.9 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и мерење и управување со општественото и еколошкото влијание

Табела 6.10 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и управување со влијанието врз клиентите

Табела 6.11 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и програмата за корпоративно граѓанство

Табела 6.12 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и политики и практики за професионален развој на вработените

Табела 6.13 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и енергетска ефикасност на објектите.
Табела 6.14 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и системите за управување со животната средина

**СПИСОК НА СЛИКИ**

Слика 1. Односи во одржлив развој - еколошки, социјални и економски проблеми
Слика 2. Циркуларна економија
Слика 3. Шематски врски помеѓу вкупното вработување, зелените работни места и пристојната работа
Слика 4: Различни пристапи кон започнување на дизајнот за одржливост
Слика 5: Интегрирање одржливо управување со синџирот на снабдување на сите стратегиски нивоа (UNFPA)
Слика 6: Одржливо управување со синџирот на снабдување (сопствена елаборација)
Слика 7. Бизнисите како двигатели на социјалната иновација
Слика 8. Одржливо претприемништво - дополнителна вредност за бизнисот и за општеството

## СПИСОК НА ГРАФИКОНИ

Графикон 1. Раст на урбаното население (годишно %),

Графикон 2: Критички двигатели на одржливост – кај големи компании

Графикон 3: Елементи на одржливост - голема важност

Графикон 4. Дејност во која дејствува организацијата

Графикон 5. Големина на организацијата според број на вработени

Графикон 6. Сопственост на капиталот

Графикон 7. Ниво на општествено и еколошко влијание

Графикон 8. Механизми и политики за вклучување на засегнатите страни

Графикон 9. Систем на мерење и управување со општественото и еколошкото влијание

Графикон 10. Степен на влијание на производите или услугите во адресирање на одредени општествени или еколошки проблеми

Графикон 11. Управување со влијанието и вредноста создадена за клиентите

Графикон 12. Степен на позитивни придобивки за засегнатите страни согласно деловниот модел

Графикон 13. Индекс и начин на вклученост во граѓански ангажмани

Графикон 14. Степен и начин на вреднување и наградување на вработените

Графикон 15. Застапеност на политики и практики за професионален развој

Графикон 16. Процена на задоволството и ангажираноста на вработените

Графикон 17. Практики на компаниите за ефикасност на објектите

Графикон 18. Системи за управување со животната средина

Графикон 19. Процент на еколошки сертифицирани производи

Графикон 20. Следење, снимање и известување за употребената енергија

Графикон 21. Извори на електрична енергија за компаниите

Графикон 22. Следење на емисиите на стакленички гасови на компаниите

Графикон 23. Управување со влијанието на транспортот врз животната средина

Графикон 24. Следење и управување со користењето на водата од страна на компаниите

Графикон 25. Методи на отстранување отпад

Графикон 26. Управување со пакувањето и неговото влијание врз животната средина

Графикон 27. Менаџмент на снабдувачки синџири

Графикон 28. Користење извори за финансирање одржливи практики

Графикон 29. Користење нефинансиска поддршка за одржливи практики

Графикон 30. Перцепција за важноста на финансиската и на нефинансиската поддршка за компаниите

# АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## ВОВЕД

Глобализацијата претставена како растечка економска меѓузависност на државите во светот преку зголемен број начини на прекугранична трансакција на стоки и услуги, ослободен меѓународен економски проток и побрза и поширока дифузија на технологијата – (ММФ,1997) директно влијае и врз поставувањето критериуми за реализација на истата. Тоа неминовно го покренува прашањето за потребата од просперитетен свет во кој развојот ќе продолжи и ќе трае неограничено во служба не само на сегашните, туку и на идните генерации бидејќи во активностите и одлуките со акцент на развојот ќе биде инкорпорирана и грижата за животната средина и опстанокот, односно одржливиот развој.

Зачувувањето на животната средина, пермисивниот пристап и изразената беневоленција во комбинација со желбата за индивидуација и благосостојба директно влијае врз креирањето апологети на одржливоста. Оттука можеме во целост да ги разбереме и поддржиме значењето и актуелноста на темата одржливост. Одржливоста во поново време не се поистоветува со опстојувањето, туку со филозофијата на дејствување инкорпорирана во мисијата, а реализирана преку стратегијата. Инкременталниот карактер на одржливоста е во синтетизирање на елементите на економски развој, реализација на општествено добро и еколошка аксептираност како компатибилни со одржливите развојни цели дефинирани од страна на Обединетите нации во 2015 година.

Концептот на одржливост е развиен во 1972 година. „Одржлив развој на организациите“ (SDO) е дефиниран и како: „континуиран и долгорочен развој и успех на организациите.“ Одржливиот развој повеќе не е прашање на избор. Тој е императив во услови кога економскиот и социјалниот развој и заштитата на животната средина се меѓузависни и претставуваат неизоставни компоненти на одржливиот развој. Тоа истовремено е и концепт кој овозможува преземање одговорност за квалитетот

на сопствениот развој преку практикување на демократијата, почитување на човековите права и фундаменталните слободи кои го опфаќаат и правото на развој, транспарентното и одговорно управување со сите сектори на општеството, како и ефективното учество на граѓаните во јавниот живот.

## 1. Актуелност на истражувањето и домен во кој докторската дисертација претставува научен придонес

Сè додека постојат луѓе и организации, ќе има потреба и континуирано настојување да се најде подобар начин на реализација, да се опстои, како и да се стреми кон одржлив успех и развој во иднина. Со други зборови, како што укажуваат некои истражувачи, постои континуирана глобална цел и таа се стреми кон одржлив еколошки, социјален и економски развој (Djoghlaf, 2006; Gloet, 2006). Тоа се однесува како на поединци и организации така и на општества (Brandon, 1999; Wirtenberg, 2007, Signitzer и Prexl, 2008). Зголемената загриженост во врска со глобалната еколошка, социјална и економска иднина во изминатиот период поттикна многу истражувачи и академски научници, како и институциите на граѓанското општество, да ги бараат причините за влошување во овие области (Hessen, 2001, Joglough, 2006). Сепак, одржливоста и одржливиот развој најчесто се користат за да се укаже на долгорочниот и континуиран развој кој ги разгледува идните проблеми. На пример, „Одржливиот развој е развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без да ја загрози способноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби" (WCED, 1987: 43). Истото е прифатено од Генералното собрание на Обединетите нации (ОН) 28. Brandon (1999: 392) го коментира зборот „потреби" споменат во дефиницијата на Светската комисија за животна средина и развој (WCED), наведувајќи дека проблемот со оваа дефиниција е дека потребите „остануваат неодредени", притоа поставувајќи прашање дали се прави проширување надвор од опстанокот и опстојувањето и ако е така, во која мера се прави? Од бизнис-перспектива (приватниот сектор), Wirtenberg (2007: 11) ја дефинира одржливоста како „способност на компанијата да ги постигне своите бизнис-цели и да ја зголеми долгорочната акционерска вредност преку интегрирање на економските, еколошките и социјалните потенцијали и можности во своите деловни стратегии". Слично на тоа, Wikström (2010: 100) посочува дека од „бизнис-гледна точка одржливоста може да се дефинира како: способност на компанијата

да остварува профит додека ја одржува околината“. Истата студија на примероци на австралиски и шведски организации покажува дека од организациска гледна точка, одржливоста се манифестира на два општи начини; организација за одржливост и одржлив бизнис или организација. Организацијата за одржливост ги третира еколошките и социјалните проблеми, што ја прави одржливоста „крајно постигнување надвор од опфатот на организацијата“. Одржливиот бизнис или организација главно се занимава со традиционалното управување со бизнисот и се користи за означување на амбицијата да се изнајдат средства кои ќе овозможат организацијата или бизнисот да трае. Но, имајќи ја предвид историјата на концептот, исто така, се отвора можноста за поврзување на еколошките и социјалните прашања како контрибуција кон менаџерските одлуки согласно кои треба да се преземат мерки за да се овозможи организацијата или бизнисот да трае. Првично, фокусот на одржливоста беше на животната средина и економскиот развој, при што се нагласуваат и антиципираат потребите на идните генерации. Но континуитетот на активноста е суштински квалитет на одржливоста. Секоја активност може да се одржи само ако не е засегната или опструирана од фактори кои го прават тоа недостижно, а таквите фактори можат да бидат внатрешни или надворешни. Во тој контекст истото се поврзува и се однесува на силите на организациите и членовите да ги покренат ресурсите за нивните идни потреби.

Областа на одржлив развој (sustainable development) или одржливост создаде големо и растечко тело на академска литература (Wikström, 2010), но евидентен е недостигот на академски студии кои се однесуваат на одржливиот развој на организациите (SDO). Од лингвистички аспект, зборот „одржлив“ има две значења: „одржлив кој може да продолжи без да предизвика штета на животната средина и воедно способен да продолжи долго време“ (Longman, 2007: 1675-1676) и да се одржи, да се задржи нешто со текот на времето или континуирано. Сепак, терминот „одржлив развој на организациите“ (SDO) останува нејасен и бара понатамошно академско внимание и разработување.

Одржливото претприемништво како дел од одржливиот развој е мултидимензионален концепт кој ги опфаќа економските фактори (профит и конкурентност на производи), фактори поврзани со зачувувањето на животната средина и околината и социјалните фактори кои се однесуваат на заштитата на здравјето на луѓето и

благосостојбата. Истовремено, преку својата цел за подобрување на животната средина и унапредување на социјалната благосостојба, одржливото претприемништво исто така може да влијае врз структурните општествени трансформации и да промовира одржливи технологии поврзани со овие одржливи иницијативи. Додека алтруизмот, емпатијата, сочувството и етиката претставуваат основа за одржливо претприемништво, економските профити се исто така важни. Целта е да се воспостави хиерархија на факторите за животната средина и бизнисот кои можат да водат до одржливо претприемништво. Одржливоста на животната средина се однесува на ефикасноста на ресурсите и на капацитетот на животната средина за да се издржи човечката манипулација. Социјалната еколошка свест произлегува од образованието, што се одвива во општеството, за да се подигне свеста за ефектите од еколошката штета и образованието за животната средина. Конечно, прописите за заштита на животната средина обезбедуваат усогласеност со соодветното законодавство. Исто така, се земаат предвид следните деловни фактори: добивка, која се однесува на добивката што е генерирана од економската активност; задоволство од работата, што се однесува на степенот на задоволство на поединецот од работната средина и опфаќа плата, вид на работа и безбедност на работното место; ефикасно управување со бизнисот, кое се однесува на планирање, организација, управување и контрола на ресурсите на организацијата за да се зголеми економската добивка и социјалната помош; и пристап до субвенции, што се однесува на прием на субвенции, помош и консултантски услуги од јавни или приватни институции.

Но тука е почетокот на увертирата во заплетот наречен одржлив развој. Имено, растот на популацијата во светски рамки, од една страна, е во корелација со урбаниот развој, а поддржан од зголемената потрошувачка на енергија во светски рамки го покренува прашањето и ја наметнува потребата од одржлив развој. Одржливиот развој е сеопфатен сет на интегративни принципи кои ги вклучуваат енергијата, урбаното планирање и управување, екосистемите на животната средина, економскиот развој, социјалната еднаквост, интеграцијата на политиките и идејата дека ефективните решенија можат да се постигнат на кооперативен начин. Тоа значи разгледување на идните последици кои се зависни од одлуките што ги донесуваме денес бидејќи не сите одлуки што ги носиме се правилни и поволни. Одржливиот развој нуди можности и предизвици, но најважно од сè - и решенија.

Дефинициите и Целите на глобалниот одржлив развој генерално се погрешно разбрани и се применуваат различно, а во одредени случаи и селективно. Одржливиот развој на тој начин е спречен од недостигот на консензус за негова дефиниција, вклучително и недостиг на договор за тоа како може да се спроведе. А оттука таа неконзистентност и конфузија понекогаш ја засилуваат поддршката за одржливиот развој и создаваат оправдување за инертен однос и неактивност. Иако постојат широк спектар на дефинирани цели, сепак, емпириските примери за одржлив развој честопати не успеваат да бидат сеопфатни.

Одржливите развојни цели промовираат одржлив економски раст, повисоки нивоа на продуктивност и технолошка иновација. Поттикнувањето на претприемништвото и создавањето работни места се клучни за ова, како и ефективните мерки за искоренување на присилната работа, ропството и трговијата со луѓе. Имајќи ги предвид овие цели, целта е да се постигне целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите жени и мажи до 2030 година.

Одржливиот развој е карактеристика која треба да биде неизоставен дел од функционирањето на МСП, таканаречените зелени бизниси, социјалните претпријатија, како и општествено одговорните претпријатија. Но самиот концепт на одржлив развој става фокус на одреден сегмент на дејствувањето во зависност од категоријата на која му припаѓа претпријатието или областа во која дејствува. Она што е заеднички именител за сите е всушност синергијата помеѓу општественото добро и креирањето придобивки за општеството во целина, профитабилноста, како и зачувувањето на животната средина. Одржливиот развој кој во себе содржи опортунитетен трошок истовремено е катализатор на пропулзивноста и е генератор на дистинктивна предност и **способност за справување со конкуренцијата.** Неопходно е и да се овозможат услови за надминување на когнитивната дисонанца, која се јавува при креирање на синергетското дејствување. Тука, пред сè, мислиме на **институционалната поддршка** која ќе овозможи компензација на инвестицијата која е во насока на инкорпорирање на факторите на одржливост.

И сега, во услови кога материјалните и физички ресурси се ограничени и конечни, а потребата од нив е неминовност како неопходност се јавува одржливиот развој со искористување на менталните ресурси, знаења и вештини кои, за среќа, со споделување се

мултиплицираат и збогатуваат. Квинтесенција во случајот е правовременото креирање синергија помеѓу знаењето и моралот или генерирање мудрост. Ресурсната ентропија манифестирана преку намалување и недостиг на ресурсите и атрофија на животната средина, инстантен пораст на населението, национална и племенска бруталност, хумана хипокризија и морална регресија предизвикува забавување на светскиот економски метаболизам. Потребна е институционална поддршка за надминување на состојбите и справување со вкупната ентропија. Значајноста се гледа во прашањето дали постои институционална поддршка на одржливиот развој за правовременост на интервенцијата и во која мера, за да може да одговори на современите предизвици.

Во едно такво опкружување несомнено се важни проектните политики за поддршка кои се овозможени од државата, но и од невладиниот сектор, меѓународниот сектор и финансиските институции. Основните проблеми со кои се соочуваат претпријатијата во обидот за приближување до одржлив развој се финансиите, компетенциите и условите на средината во кои дејствуваат (финансиски, безбедносни, политички, социјални итн.) Голем број МСП имаат проблеми со пристапот до финансиските услуги. Извештајот на ЕК (2016) за Македонија наведува дека пристапот до финансии останува тежок за МСП, со оглед на пречките како во понудата така и во побарувачката на кредитите, без оглед на изобилната ликвидност на банките. Овој проблем е утврден насекаде во земјата. Процената на поволното опкружување за одржливи претпријатија (ПООД) утврдува дека растот на МСП првенствено се заснова врз самофинансирање, со изразено претпочитање на користење на задржаната добивка или нов, приватен или семеен капитал или капитал од пријатели. Финансирањето со задолжување од банка е на ниско ниво во споредба со другите земји. Користењето на бизнис-ангелите и претприемачкиот капитал е исто така на ниско ниво. Високите трошоци за заем од банка (барањата за обезбедување, високите каматни стапки, итн.) се наведени во анкетата на МОТ (2016) како еден од најголемите проблеми за МСП, особено за помалите претпријатија.

Само во конкурентна, одржлива средина, претприемништвото може да се појави како одговор на бизнис-потребите, да се поттикнат структурните општествени трансформации и да се промовираат новите одржливи технологии поврзани со овие одржливи иницијативи и на тој начин директно да се вклучат во креирањето одржлив развој.

Она што е отпочнато, всушност, се тектонски поместувања во матрицата на размислување, пристапот и културата на претпријатијата, во начинот на кој се однесуваат, во начинот на кој се перципираат самите и размислуваат за себе и за другите, како и во начинот на кој се финансираат и економски опстојуваат. Променетите цели насочени кон разобличување на старите дефиниции и парадигми дејствуваат на тој начин што ја менуваат самата природа на работата. Еден од атрактивните, но истовремено не многу разбрани и проучени примери беше и сè уште претставува одржливиот развој со сите свои атрибути.

Манифестните појави што се дефинираат како проблеми со кои се соочува претприемништвото се, пред сè, финансирање на истите или хроничниот недостиг на финансии за реализација на нивните цели и компетенциите за реализација на целите. Одржливите претпријатија велиме дека обезбедуваат повеќе од комерцијална вредност, а тоа е дополнителна општествена вредност која често ја поврзуваме со општествено добро истовремено водејќи сметка за животната средина при генерирањето на профитот, со што се овозможува повторливост и обновливост на процесот.

Она што е квинтесенција е да се остане објективен, убедлив и да се донесуваат вистински одлуки во движењето на претпријатието кон неговите цели. Стратегијата и долгорочниот фокус се исклучително значајни за разгледување како адекватен одговор на современите предизвици на одржливиот развој, а во огромна мера се во корелација со функционирањето на институционалната поддршка.

***Подрачјето на дејствување во кое анализата на институционалната поддршка на одржливоста во претпријатијата како основа за поддршка на одржливиот развој во Република Северна Македонија претставува научен придонес*** се согледува во идентификување на позитивните примери од досегашната практика, но и идентификување на недостатоците и недоследностите што негативно влијаат врз развојот на одржливата практика на претпријатијата во Република Северна Македонија. Тоа претставува основа за креирање предлог мерки и решенија со кои може да се пристапи кон решавање на причините, а не на манифестните појави на одржливиот развој преку поставување јасни и недвосмислени цели контролирани од однапред поставени квалитативни и квантитативни индикатори на успех согласно општо прифатените норми на дејствување за постигнување на идеалот одржлив развој.

## 2. Предмет, цел и задачи на истражувањето

***Предмет*** на истражување на предложената докторска дисертација под наслов „***Анализа на институционалната поддршка на одржливоста во претпријатијата во Република Северна Македонија во функција на поттикнување на одржливиот развој***" претставува пошироко подрачје на дејствување каде што се анализира колку и како институционалната поддршка влијае врз степенот на одржливост во претпријатијата во Република Северна Македонија.

Утврдувањето на постојната понуда и можностите што се достапни за претпријатијата, а започнувајќи од државната помош и постојната регулатива, преку можностите што се нудат од страна на невладиниот сектор и меѓународниот сектор, и тоа во форма на грантови и кредити до градење на капацитетите и know-how, како и улогата на бизнис-секторот како корисник и понудувач, е фундаментална студија која треба да даде јасна слика за утврдените факти, а понатаму да претставува јасна основа за корективно дејствување согласно утврдените недостатоци базирани на реалните потреби на претпријатијата за одржлив развој.

**Целта на истражувањето** е да се испита влијанието на институционалните фактори (државен, меѓународен, невладин и бизнис-сектор) врз развојот на одржливите практики во претпријатијата како основа за креирање политика и активности за унапредување на постојните состојби и поттикнување на одржливиот развој во Република Северна Македонија.

Целта на докторската дисертација се реализира преку следниве **задачи на истражувањето:**

1. Истражување, обединување и систематизирање на расположливите научно-теоретски знаења за одржлив развој на претпријатијата. Особено анализа на научно-теоретските сознанија за современите трендови на одржлив развој во светот, кои во наредните периоди неминовно ќе се актуализираат и во Република Северна Македонија.

2. Истражување, обединување и систематизирање на расположливите форми и видови поддршка кои во различен облик се добиваат од различни сектори.
3. Истражување и анализа на значајноста и улогата на мерките, политиките, проектите и програмите на д**ржавата** врз одржливоста во претпријатијата во Република Северна Македонија.
4. Истражување и анализа на улогата и влијанието на проектите иницирани и реализирани од страна на **невладиниот** сектор врз одржливоста на претпријатијата во Република Северна Македонија.
5. Истражување и анализа на улогата и влијанието на проектите иницирани и реализирани од страна на **меѓународниот** сектор врз одржливоста на претпријатијата во Република Северна Македонија.
6. Истражување и анализа на улогата на **бизнис-**секторот врз одржливоста на претпријатијата.
7. Утврдување на степенот на одржливост на претпријатијата во Република Северна Македонија и влијанието на институционалната поддршка врз него.

## 3. План на презентирање на материјата

Холистичкиот пристап е во функција на реализација на истражувањето кое е предмет на предложената докторска дисертација, а кое се состои од четири глави, односно од четири тематски подрачја:

Првата глава го носи насловот ***Концептот на одржлив развој и неговата важност во решавање на глобалните проблеми***. На почетокот на оваа глава се дефинира концептот одржлив развој и причините кои водат до развивање на концептот. Се дефинираат стратегиските определби преку Целите на одржливиот развој кои се насочени кон одредување приоритети и обезбедување финансии за нивна реализација. Во продолжение на главата се прави осврт на  циркуларната економија и системот на целосно циклично,

процесно ориентирано производство и дејствување како основа на одржливиот развој и надминување на стихијните со стратегиски пристапи. Во продолжение дискусијата и анализата се насочуваат кон неопходните инфраструктурни промени и развој на индустријата во насока на задоволување на основите елементи на одржливоста. Преку отворањето кон прифаќање на новите предизвици, вклучување во борба за компетитивност и освојување нови пазари, чекорење кон патот кој значи исполнување на основните начела на одржливиот развој. Во оваа глава се истакнува и значењето на одржливиот развој корелационо со генерирање нови, но истовремено посакувани, достоинствени работни места кои влијаат не само врз организација на одржливоста, туку и врз одржливоста на бизнисот кој ќе трае. Завршниот елемент е поврзан со преодната форма на одржливиот развој, односно социјалното претприемништво интегрирано со зеленото претприемништво во насока на креирање дистинктивна предност пред другите во надминување на општествените и еколошките проблеми со кои се соочуваме.

Во втората глава со наслов ***Одржливоста и одржливите практики во претпријатијата*** посебен акцент се става на стратегискиот пристап кој овозможува генерирање средства преку материјализирање на идеите, односно ставање на иновацијата во функција на справување со предизвиците од глобализацијата не занемарувајќи ги континуираните инвестиции во нови идеи преку секторот развој, со што се приоретизира инвенцијата како пристап за одржлив развој. Дискусијата продолжува со корпоративни програми за одржливи проекти и практики, нивните почетоци и трансформацијата на општествено одговорните практики во програми за одржлив развој. Одржливиот дизајн: концепти, методи и практики се неминовен елемент на одржливиот развој каде ги елаборираме принципите на одржливиот развој согласно трите носечки столбови, финансиите, социјалната компонента и животната средина. Неизоставен дел од оваа глава се одржливите ланци на снабдување и одговорна потрошувачка како поврзувачка алка на одржливиот развој. Битно е да се напомене дека засегнатите страни се компонентата која спојува и овозможува а одржливите ланци на снабдување се во тесна корелација со истите. Дискусијата продолжува со елаборација на енергетски ефикасните производни системи односно попаметно користење на енергијата, директните и индиректните придобивки од истата. Производство и употребата на чиста и обновлива енергија е квитесенција на основната дефиниција на одржливиот развој што реферира на искористување но не и

исцрпување на ресурсите а истата е инкорпорирана во натамошната дискусија во оваа втора глава. Анализата ги опфаќа и одржливи бизниси односно критика на политиките и практиките на општествена одговорност на компаниите. И тоа од аспект на влијание, етички пристап и стратегиска ориентираност. Оттука дискусијата се развива преку анализа на одржливото претприемништво како нова фаза во еволуцијата на корпоративната општествена одговорност односно транзиција од опстојување во одржливост.

Третата глава е со наслов ***Институционална поддршка на одржливоста во претпријатијата***. Во оваа глава предмет на анализа се квалитативните и квантитативните показатели на одржливиот развој преку анализа на индикатори за мерење на влијанието на одржливоста во трите столбови на одржливиот развој. Исто така отворена е дискусијата за стандардите и регулативите за унапредување на одржливоста во бизнис секторот како и анализа на водечките индикатори за одржлив развој и одржливи практики. Во натамошниот дел дискусијата се движи кон анализа на глобално, регионално и локално ниво во однос на спроведување на политики за поддршка на одржливиот развој. На дискусијата се надоврзува поделбата на локалните политики за поддршка на локалниот одржлив развој преку подигнување на свеста, ангажман, усогласување и продуцирање на распределени локални податоци и индикатори. Главата продолжува со анализа на екосистемите за сеопфатна поддршка на одржливи проекти и практики каде се инкорпорирани сите елементи како на пример, сопствениците, други засегнати страни, моќни субјекти, владини тела, здруженија и тела за стандардизација. И секако дискусијата поврзана со изворите на финансирање на одржливи проекти и практики и тоа од меѓународните, националните, комбинираните извори на финансирање вклучително и начинот на приоретизирање кај истите.

Четвртата глава се однесува на ***Институционалната поддршка на одржливоста во претпријатијата во Република Северна Македонија***, односно состојбата со одржливоста и добрите одржливи практики во македонските претпријатија. Како мерките и програмите кои се ставаат во функција ги исполнуваат своите цели и им овозможуваат на претпријатијата нова траекторија кон одржлив развој. Која е корелацијата и на кој начин се остварува координација помеѓу различниот сет на мерки и како таа влијае врз ефективноста и ефикасноста на претпријатијата. Во оваа глава се анализира и институционалната поддршка на одржливиот развој во Република Северна Македонија односно утврдување на

фактичката состојба и поврзување со потребите на претпријатијата од истата. Анализата ги опфаќа факторите кои влијаат на имплементацијата на одржливи практики во претпријатијата како и влијанието на одржливоста на резултатите од работењето во претпријатијата во Република Северна Македонија. Во оваа глава се содржани резултатите од спроведеното истражување, обработката на истите и анализа на податоците вклучително и генерирање на заклучни согледувања и препораки поврзани со влијанието на институционалната поддршка врз креирањето на одржливи практики во претпријатијата во Република Северна Македонија во функција на поттикнување на одржлив развој.

**Заклучокот,** како составен дел на трудот, прави сумирање на резултатите и идентификување на соодветни корективни мерки, насоки и препораки со цел конципирање на пристап и создавање модел за одржлив развој на претпријатијата во Република Северна Македонија.

# 4. Методологија за изработка на докторска дисертација

Методолошки гледано прибирањето, систематизирањето, анализирањето и презентирањето на расположливите податоци и информации, предложени во докторската дисертација под наслов ***Анализа на институционалната поддршка на одржливоста во претпријатијата во Република Северна Македонија во функција на поттикнување на одржливиот развој,*** спроведени се со употреба на логично оправдан, аналитички и сеопфатен научен пристап на истражување.

Во процесот на изработка на предложената тема на докторската дисертација употребени се различни современи научни методи кои можат да се групираат како квалитативни и квантитативни научни методи на истражување.

Како **квалитативни научни методи** се користат следниве: методите на анализа и синтеза, методите на индукција и дедукција и методот на компаративна анализа.

Во групата на **квантитативни научни методи** се користат **статистичките методи на истражување**. Во оваа група на научни методи на истражување можеме да ги наброиме: методите на дескриптивна статистичка анализа и корелациона анализа. Со помош на овие статистичките методи на истражување истражувани се врските и односите помеѓу

различните форми на институционална поддршка и степенот на одржливост во претпријатијата во Република Северна Македонија како централен фокус на истражувањето. **Метода на анкетирање** се користи за прибирање на потребните податоци за извршување на квалитативно и квантитативно научно истражување. Врз основа на претходно изготвено анкетно истражување, направен е обид да се добијат веродостојни податоци за одржливоста и нејзината институционална поддршка во претпријатијата во Република Северна Македонија.

# ГЛАВА I

# КОНЦЕПТОТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И НЕГОВАТА ВАЖНОСТ ВО РЕШАВАЊЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ

## 1.1. Одржлив развој: историја и еволуција на концептот

Недвосмислени се фактите што говорат дека одржливиот развој генерира значајно внимание во светски рамки. Одржливоста како таква претставува идеал кој еволуира до степен да стане квинтесенција во новата ера. Одржливоста претставува важен концепт кој е достоен на вниманието што му се посветува. Оттука и разбирањето во практиката на концептот одржлив развој и одржливост е мошне важно, а истовремено игра улога и во широк спектар на влијанија. Одржливоста се манифестира преку пакет мерки кои се поврзани со правила, програми и иницијативи со соодветни импликации. Многубројни се факторите што го придвижуваат интересот за одржливост, но во основа меѓузависноста се јавува поради растот на популацијата, неопходноста од заштита на животната средина, развојните проблеми, зголемената потрошувачка на енергија и нејзиното влијание. Ефектите се однесуваат на неповолното влијание врз животната средина, промени на урбаната инфраструктура и дислокација на популацијата.

Одржливиот развој е теоретска конструкција која во текот на едно човечко постоење можеби е и невозможно да се постигне. Затоа и користењето на концептот одржливост како сеопфатна мерка за решавање на глобалните проблеми може да биде, всушност, неодржливо имајќи го предвид фактот дека поголемиот дел од симптомите на глобално ниво ги влечат корените за нивно појавување од локалните проблеми. Многу аспекти од концептот на одржливост имаат влијание врз решавањето проблеми кои се јавуваат во индустријата, корпорациите, институциите и владите. Затоа често одржливоста е дефинирана од страна на правилниците кои се ставени во сила. Одржливоста е поврзана со ресурсите, менаџментот на политиките, социјалната грижа, енергијата, планирањето, економијата, влијанието врз животната средина итн. Тоа за институциите значи редефинирање на основните процеси со

цел зголемување на потенцијалот за иновативно и креативно дејствување и изнаоѓање солуции на тековните проблеми.

Слика 1. Односи во одржлив развој - еколошки, социјални и економски проблеми




Извор. Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development достапно на 10.09.2020, https://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/S-22/4Lang=E

Според Barke (2002), одржливоста ќе биде следната парадигма, при што драматично ќе се промени практиката од доминантно тесно специфичен интерес кон холистичен инклузивен пристап. Одржливоста се смета за сеопфатен принцип што има соодветна група на упатства со цел да се постигне мозаична компатибилност и инклузивен поглед. Признанието дека одлуките и инвестициите што ги правиме денес може да имаат сериозни импликации за нашата иднина, но и иднината на идните генерации претставува почетна точка на одржливоста. Долгорочното влијание од одлуките што ги носиме во сегашноста изискува сериозно разгледување. Недостаток и една од слабостите на парадигмата

одржливост е тоа што честопати е погрешно толкувана. Понекогаш тоа се прави со одредена намера, а истовремено агендата за одржливост може и да се политизира.

Одржливоста се карактеризира со пристапот на системска анализа што разгледува како се редизајнира и управува процесот надевајќи се дека тие ќе овозможат подобри долгорочни резултати и влијанија. А посакувани резултати се оние што најдобро ќе ги реализираат целите на агендата. Додека „одржливоста“ се појавува во време кога упатствата од агендата успешно се спроведуваат, „одржливиот развој“ може да се смета за физички резултат што се јавува кога се следат упатствата.

Врз основа на сево ова се поставува прашањето што е одржлив развој? Дали „одржливиот развој“ е политика, збир на политики, сет на мерки, практики кои се употребуваат, управување со филозофија, агенда, нов пакет решенија, нов пакет проблеми кои ги решаваме, или комбинација на сево ова. Како се развива агендата и кои се компонентите на агендата одржливост и може ли одржливоста како апстрактна појава да се дефинира и дали може да се мери? Какви решенија нуди таа, доколку ги има, и дали вреди да се вложуваат напори за да се спроведе одржливост се прашања вредни за разгледување со цел дефинирање на приоритетите и креирање соодветна стратегија.

Несомнено постојат многубројни влијанија и сили кои се одговорни за концептот на одржливост, кои ги вклучуваат (Biswas и Biswas, 1985):

- социјалните проблеми
- економските проблеми
- алокацијата на ресурсите
- загрозувањето на животната средина
- порастот на населението
- пристапот до вода за пиење
- здравјето
- употребата на енергија

Одржливоста се дефинира како практика на одржување на светските процеси на продуктивност на неодредено време со замена на искористените ресурси со ресурси со еднаква или поголема вредност без деградирање или загрозување на природните биотички системи. Одржливиот развој ги поврзува заедно носечките капацитети на природните

системи со социјалните, политичките и економските предизвици со кои се соочува човештвото. Додека науката за одржливост е студија за концептите на одржлив развој и наука за животната средина, при што постои дополнителен фокус на одговорноста на сегашните генерации да ги обноват, одржуваат и подобруваат планетарните ресурси за употреба од страна на идните генерации.

Одржливиот развој влече корени во идеите за одржливо управување со шумите, развиени во Европа во текот на 17 и 18 век, и тоа како одговор на растечката свест за исцрпување на ресурсите на дрвја во Англија, John Evelyn тврдел дека сеењето и засадувањето дрвја треба да се смета како национална должност на секој сопственик на земјиштето, со цел да се запре преголемата деструктивна експлоатација на природните ресурси во неговиот есеј (Sylva од 1662 година). Една од првите употреби на поимот одржлив во современа смисла бил од страна на Клубот од Рим во 1972 година во класичниот извештај за границите на растот, напишан од група научници предводени од Dennis и Donella Meadows од Технолошкиот институт во Масачусетс. Опишувајќи ја посакуваната „состојба на глобална рамнотежа“, тие напишале: „Ние бараме модел, излез што претставува светски систем што е одржлив без ненадеен и неконтролиран колапс и способен да ги задоволи основните материјални барања на сите свои луѓе“ (Donovan 2009). Во 1980 година Меѓународната унија за зачувување на природата објавила светска стратегија за зачувување која вклучувала една од првите препораки за одржлив развој како глобален приоритет и го вовела терминот „одржлив развој“ (Sachs, 2015). А во 1987 година Светската комисија за животна средина и развој на Обединетите нации го објавила извештајот *Our Common Future*, вообичаено наречен Brundtland Report. Извештајот го вклучувал она што сега е една од најпознатите дефиниции за одржлив развој Brundtland Commission (1987): Одржливиот развој е развој што ги задоволува потребите на сегашноста, без да се наруши можноста на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби и во себе содржи два клучни концепта:

- Концептот за „потреби“, особено основните потреби на сиромашните во светот, на кои треба да им се даде најголем приоритет; и
- Идејата за ограничувања наметнати од состојбата на технологијата и социјалната организација врз способноста на животната средина да ги задоволи сегашните и идните потреби (World Commission on Environment and Development, 1987).

Од Извештајот Brundtland, концептот на одржлив развој се развил надвор од првичната меѓугенерациска рамка за да се фокусира повеќе на целта на „социјално вклучен и еколошки одржлив економски раст“ (Sachs, 2015). Според студија од 2013 година, известувањето за одржливост треба да се преформулира преку призмата на четири меѓусебно поврзани домени: екологија, економија, политика и култура (Magee et al., 2013). Претставниците на 193 земји-членки што го сочинуваат Генералното собрание на ОН ги ратификувале Целите на одржливиот развој (Sustainable Development Goals (SDG) во септември 2015 година, односно по неколку години од преговорите со земјите и различните групи на засегнати страни за најкритичните области од глобално значење. За разлика од претходните глобални агенди, вклучително и Милениумските развојни цели (MDG-Проект за милениумски развој на ОН, 2005 година) и глобалните цели специфични за образованието (UNESCO, 2000 година), SDG се универзални и важат за сите земји и нивната ширина на содржината е далеку поширока, а воедно тие имаат експлицитни механизми за утврдување на напредокот за да ги истакнат придобивките. Процесот на креирање на целите се одвивал преку обемна и инклузивно водена консултација со различни засегнати страни, претставувајќи ги сите земји и многубројни невладини организации (NGO). Овој процес овозможил нов акцент на толкување и примена на целите на ниво на земја. Претходно биле развиени агенди за развој преку консултации со помалку групи, што резултирало со повеќе дискретни и мерливи цели, но со ограничен обем и одобрување од засегнатите страни надвор од ОН. Основна премиса на SDG било промовирање на капиталот. SDG се потпираат на поимите за еднаквост, вкоренети во рамките на правата. Притоа единственоста е опфатена во SDG како еднаков пристап до ресурсите, услугите и можностите што треба да обезбеди исполнување на човечкиот потенцијал. Како примери за фокусот на капиталот во SDG експлицитно се вклучени агендите за родова еднаквост и намалување на економската и социјалната нееднаквост, што е само еден осврт на намалување на сиромаштијата. Во претходните агенди повеќе внимание посветувале на условите со кои се соочуваат луѓето во земјите со ниски примања, додека земјите со високи примања се очекува да играат улога на финансиери и понудувачи на решенија за земјите со ниски примања. Признавајќи дека многу луѓе во земјите со ниски примања се соочуваат со бариери за здрав развој и благосостојба, SDG бараат од богатите земји контрибуција кон глобална еднаквост преку

решавање на нееднаквоста во нивните сопствени граници, признавајќи го нивниот придонес кон климатските промени и поддржувајќи ги земјите во развој во постигнување благосостојба за нивните граѓани. Во меѓувреме се бара од земјите со пониски примања да преземат чекори и да инвестираат во заштита на животната средина и социјален и хуман развој. SDG, всушност, се надоврзуваат на успесите на Милениумските развојни цели (MDG) преку претходната глобална рамка за развој (Проект за развој на милениум на ОН, 2005 година), опфаќајќи ги годините 2000-2015. MDG навеле осум цели насочени кон подобрување на животот на луѓето во земјите со ниски примања преку подобрени економски, здравствени и социјални услови, а во периодот 2000-2015 година биле постигнати значителни придобивки во низа цели. На пример, бројот на луѓе што живеат во екстремна сиромаштија се намали за половина; бројот на деца што посетуваат основно училиште се зголемил од 60 до 80%, а стапките на ХИВ / СИДА, маларија и туберкулоза биле значително намалени, а воедно и бројот на прегладнети лица и смртност под 5 години се намалил за половина (Sachs, 2015). Вреди да се напомене дека големината и обемот на SDG се инспиративни и застрашувачки. Се проценува дека за да се достигнат, ќе треба да се инвестираат 3 трилиони $ USD – (New York Times, 2015). Сите земји-членки на ОН ги одобриле целите, но плановите за нивно решавање се во дискреција на секоја национална влада. Отчетноста за постигнување резултати се одвива, пред сè, преку рамка за мониторинг ратификувана од Комисијата за статистика на ОН, а од сите земји се очекува редовно да известуваат за напредокот кон остварување на целите. Генералниот секретар на ОН предложил четири типа мониторинг, и тоа: глобален мониторинг, користејќи збир на глобално споредливи индикатори договорени од Статистичката комисија на ОН, тематско следење, користејќи индикатори специфични за секоја од целите, кои не се нужно споредливи на глобално ниво, и регионален и национален мониторинг, со специфични индикатори што треба да ги утврдат регионалните и националните тела. Овој пристап на набљудување се разликува од MDG, кои се потпирале на еден сет на глобални индикатори за следење на напредокот.

## 1.2. Цели на одржливиот развој и нивна примена за надминување на аномалиите во општеството и природната средина

SDG 2015-2030 значи трансформација на светот преку целите и таргетот кои се поставени во временски период од 15 години, во области од клучна важност за човештвото, и тоа: луѓето, планетата, просперитетот, мирот и партнерството бидејќи одржливиот развој е развој што ги задоволува потребите на сегашноста, без да се наруши можноста на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби (Department of Economic and Social Affairs, 2015).

**Цел 1. Да се стави крај на сиромаштијата насекаде и во сите нејзини форми**

1.1 Искоренување на екстремната сиромаштија на сите луѓе и насекаде во светот до 20, 30 година, со која се зафатени сите луѓе што живеат со помалку од 1,25 долар на ден.

1.2 Да се намали најмалку за половина бројот на мажи, жени и деца од сите возрасти што живеат во сиромаштија до 2030 година, во сите нејзини облици, во согласност со националните дефиниции.

1.3 Соодветните национални системи се спроведени и мерките за социјална заштита, а особено за најзагрозените, а водено да се постигне значителен опфат на сиромашните и ранливите заклучно со 2030 година.

**Цел 2. Крај на гладувањето како цел, но и да се достигне безбедност на храната и подобрување на исхраната, како и да се промовира одржливо земјоделство**

2.1 Крај на гладувањето до 2030 година, но и да се овозможи пристап до безбедна и здрава храна, која ќе биде во доволна количина за сите луѓе, а особено за сиромашните и луѓето во ранлива категорија, не изоставајќи ги бебињата.

2.2 Крај на сите форми на неухранетост до 2030 година, а меѓународно договорените цели за спречување на заостанувањето во телесниот развој кај деца до петгодишна возраст да се достигнат до 2025 година, а воедно потребите за исхрана на бремените жени, девојките адолесценти, постарите лица и доилките да се адресираат соодветно.

2.4 Одржливи системи за производство на храна и спроведување адаптибилни земјоделски практики кои ги зголемуваат продуктивноста и производството да се осигурат до 2030

година, а ќе помагаат за да се одржат и опстојат екосистемите и да се зајакне капацитетот за приспособување кон екстремните временски услови, климатските промени, поплави, суши, и други природни непогоди, но и да се осигури квалитетот на почвите и постепено подобрување на земјиштето.

**Цел 3. Обезбедување здрав живот и промовирање благосостојба за сите од секоја возраст**

3.1 Да се намали глобалната смртност кај родилките на помалку од 70 на 100.000 живородени до 2030 година.

3.2 Спречување на смртноста кај новороденчиња и деца под 5-годишна возраст до 2030 година, без исклучок, во сите земји, со цел намалување на неонаталната смртност најмалку под 12 на 1.000 живородени деца и кај деца под 5-годишна возраст намалување на смртноста најмалку под 25 на 1.000 живородени деца.

3.3 Крај на епидемијата на СИДА, туберкулозата, маларијата и занемарените тропски болести до 2030 година и да се зајакне борбата против хепатит, болести како резултат на вода која е загадена, како и на други заразни болести.

3.4 За една третина да се намали предвремената смртност од незаразните болести до 2030 година преку промовирање на менталното здравје и благосостојба, превенција и третман.

3.5 Зајакнување на превенцијата и третман на штетното користење алкохол, злоупотребата на супстанции, вклучително и злоупотребата на наркотична дрога.

3.6 Зајакнување на капацитетите на сите земји, особено на земјите во развој, и тоа за рано предупредување, управување со националните и глобалните здравствени ризици и намалување на ризикот.

**Цел 4. Обезбедување инклузивно и еднакво квалитетно образование и промовирање на можностите за доживотно учење**

4.1 Осигурување еднаков пристап за сите жени и мажи до достапно и квалитетно техничко, стручно и терцијарно образование, вклучително и високо образование до 2030 година. 4.2 Зголемување на бројот на младите и возрасните што имаат соодветни вештини,

вклучувајќи технички и стручни вештини, вработување, пристојни работни места и претприемништво во значителна мера до 2030 година.

4.3 Постигната јазична и нумеричка писменост до 2030 година на сите млади и значителен број од возрасните, мажи и жени.

**Цел 5. Постигнување родова еднаквост и да се охрабрат жените и девојчињата**

5.1 Укинување на сите форми на дискриминација на сите девојчиња и жени насекаде.

5.2 Сите форми на насилство врз сите жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера да се елиминираат, вклучително и сексуална и друг вид експлоатација и трговија со луѓе.

**Цел 6. Обезбедување пристап и одржливо управување со вода и санитарни услови за сите**

6.1 Да се постигне универзален и еднаков пристап до безбедна и достапна вода за пиење за сите до 2030 година.

6.2 Зголемување во значителна мера на ефикасноста во употребата на вода во сите сектори до 2030 година.

**Цел 7. Обезбедување достапност до прифатлива, недвосмислена, одржлива и модерна енергија за сите**

7.1 Осигурување универзален пристап до прифатливи, сигурни и модерни енергетски услуги до 2030 година.

7.2 Значително зголемување на уделот на обновливите извори на енергија во вкупната глобална енергетска понуда до 2030 година.

7.3 Двојно зголемување на глобалната стапка на подобрување во енергетската ефикасност до 2030 година.

**Цел 8. Промоција на инклузивност и одржлив економски раст и развој, вработување и пристојна работа без исклучок**

8.1 Да се ефектуира целосно и интензивно вработување и пристојна работа за сите жени и мажи до 2030 година, вклучително и лицата со посебни потреби и младите, како и еднаква плата за работа од ист обем.

8.2 Значително намалување на процентот на млади што не се вработени до 2020 година независно дали се образовани или обучени.

8.3 Зајакнување на потенцијалот и капацитетот на домашните финансиски институции со цел да се иницира и зголеми пристапот до банкарство, осигурувањето и финансиски услуги за сите.

8.4 Поддршката за да се зголеми трговска помош на земјите во развој, а особено на најмалку развиените земји. Преку интегрираната рамка за зголемување на техничката помош за најмалку развиените земји во однос на трговијата.

8.5 Да се развие и да се стави во функција глобалната стратегија за вработување на младите до 2020 година, како и реализација на глобалниот пакт за работни места на интернационалната организација на трудот.

**Цел 9. Промовирање одржлива индустријализација, изградба на приспособливи инфраструктури и поттикнување иновации**

9.1 Инвенција и формирање на квалитетна, сигурна, одржлива и адаптибилна инфраструктура, вклучително и регионална и прекугранична, за поддршка на човечката благосостојба и економскиот развој, со акцент на адаптибилен инфраструктурен сегмент кој овозможува еднаков пристап за сите.

9.2 Значително зголемување на пристапот до информатички и комуникациски технологии до 2020 година и обиди за обезбедување универзален пристап до интернет на најмалку развиените земји.

**Цел 10. Намалување на нееднаквоста меѓу земјите и во земјите**

10.1 Јакнење и промовирање на економската, политичката и социјалната вклученост на сите до 2030 година, без оглед на полот, возраста, етничката припадност, хендикепот, религијата расата, потеклото, економскиот или друг статус.

10.2 Усвојување политики, политики за плати и социјалната заштита, особено фискални, и постепено постигнување поголема еднаквост.

**Цел 11. Реализација на инклузивни населби и градови кои се безбедни, адаптибилни и одржливи**

11.1 Да се осигури пристап за сите до безбедно, соодветно и достапно домување до 2030 година, надградба и основни услуги на сиромашните квартови.

11.2 Да се обезбеди пристап до прифатливи, достапни, безбедни и одржливи транспортни системи за сите до 2030 година и подобрување на безбедноста на патиштата, со посебно внимание на потребите на оние во ранлива состојба, лица со посебни потреби, деца, жени и постарите лица, особено преку проширување на јавниот превоз.

11.3 Намалување на негативното влијание врз животната средина и градовите до 2030 година, со посебно внимание врз квалитетот на воздухот и управувањето со комуналниот и другите видови отпад по глава на жител.

**Цел 12. Обезбедување одржливо производство и потрошувачка**

12.1 Да се постигне ефикасно користење на природните ресурси и одржливо управување до 2030 година.

12.2 Значително намалување на создавањето отпад до 2030 година преку рециклирање и повторна употреба, намалување и превенција.

12.3 Охрабрување на претпријатијата, особено големите и интернационални компании, во усвојување одржливи практики и во нивниот циклус на известување и интегрирање на одржливи информации.

**Цел 13. Преземање итни мерки за борба против влијанието од климатските промени**

13.1 Зајакнување на капацитетот и отпорноста за приспособување на опасности поврзани со природните катастрофи и климата, во сите земји.

13.2 Интегрирање на мерките за климатски промени интегрирани во националните стратегии, планови и политики.

**Цел 14. Зачувување на морињата, океаните и морските ресурси и обезбедување на нивно одржливо користење со цел достигнување и практикување на одржлив развој**

14.1 Значително да се намали и да се спречи загадувањето на сите мориња до 2025 година, особено од активности од копно, вклучително и загадувањето со нутритиенти и морските отпади.

**Цел 15. Заштита, промовирање и обновување на одржливото користење на копнените екосистеми, борба против опустување, спречување на земјишна деградација и повлекување на земјишната деградација, одржливо управување со шумите, и спречување на намалувањето на биолошката разновидност.**

15.1 Да се осигурат реставрацијата, зачувувањето и одржливото користење на копнените и континенталните слатководни екосистеми и нивни услуги до 2020 година, особено мочуриштата, шумите, сушните подрачја и планините, во согласност со обврските од интернационалните договори.

**Цел 16. Промовирање инклузивни, мироубиви општества, пристап до правдата за сите и одржлив развој, како и изградба на одговорни, ефикасни и инклузивни институции на сите нивоа**

16.1 Значително намалување на стапката на смртност насекаде, како и на сите форми на насилство.

16.2 Намалување на митото и корупцијата, и тоа значително во сите нивни облици.

16.3 На сите нивоа да се развијат одговорни, транспарентни и ефикасни институции.

**Цел 17. Средствата за ревитализација и спроведување на глобалното партнерство за одржлив развој се зајакнуваат**

17.1 Преку меѓународната поддршка за земјите во развој да се зајакне мобилизацијата на домашни ресурси, со цел да се подобрат домашните капацитети за наплата на даноци и други приходи.

## 1.3. Одржливиот развој како појдовна основа за развој на циркуларната економија

Ако се навратиме на основите за тоа што е економија, односно поставување на основните прашања, што да произведеме, како да произведеме и на крајот кој ја има придобивката, односно бенефитите, секако мора да ги нагласиме трите главни компоненти, протокот на материјали, протокот на енергија и протокот на информации, а особено на парите. Притоа, се разликуваат два сектора, и тоа домаќинства и фирми со капитал, односно

приватни и правни субјекти кои користат работна сила. Протокот на пари е помеѓу нив. Се исплаќаат плати и се произведуваат добра, а приходот повторно се враќа во фирмите, што изгледа многу едноставно од економска гледна точка. На тоа треба да се додаде данокот кој го воведува државата и зема дел од приходите, како и банките, кои се медијатори и кои се грижат заштедите продуктивно да се вратат назад во економијата. На тој начин, на долг рок се постигнува состојба на еквилибриум, односно сѐ да биде во најдобар можен ред доколку економијата е ефикасна и ефективна. Но тука говориме за економијата генерално и во линеарен контекст, додека циркуларната економија во голема мера е поврзана со целите за одржлив развој. Значи фокусот се става на одговорно производство и потрошувачка. Како да ги дизајнираме работите? Како да ги одржиме, обновиме, повторно да ги искористиме, поправиме и на крајот рециклираме. Со други зборови, не зборуваме за управување со отпад, туку за управување со ресурсите. Како ние управуваме со нашите ресурси и на крајот како да ги одржиме преку процесот на рециклирање. Потоа следува кругот заснован на купувачот каде што се поставува прашањето за трошењето на ресурсите како водата, земјата и сите други ресурси и како да ги одржиме.

**Слика 2. Циркуларна економија**




Извор: Weetman, C., (2017) *A circular economy handbook for business and supply chains*; Repair, Remake, Redesign, Rethink; Kogan Page Limited, London.

Но циркуларната економија го покренува и легитимното прашање на бизнис-секторот, а тоа е што добивам јас од тоа, како да ја одржам мојата работа, дали ќе преживеам со новиот начин на дејствување? Сето ова го отвора прашањето на менаџмент на промени. Односно, ја отвора неминовноста од прифаќање на промените со цел да се адаптираме на новите услови и да креираме ситуација каде што промената ќе биде во наша корист, а не ситуација каде што задоцнето, неминовно адаптирајќи се на промената, ќе ги изгубиме позициите и конкурентската предност. Затоа што ресурсите се лимитирани, цените се менуваат многу брзо и ако не го промените моделот така што да бидете помалку зависни од ресурсите, а да ја задржите вредноста, тогаш ќе бидете помалку конкурентни. Што значи дека циркуларната економија е исклучително значајна за добар бизнис во смисла на економијата, животната средина и општеството. Иницира упорност и искористување на промените за да опстоиме на пазарот. Кога се работи за работните места, постојат повеќе можности бидејќи додека се имплементира овој модел, ние всушност правиме одредена инвенција, а откриваме и нови работни места, креираме нови соработки и притоа можат да се најдат работни места од областа на дигиталната технологија, која е од круцијално значење, дизајнирањето продукти и услуги со цел вклучување на креативните умови итн. Значи, циркуларна економија и циркуларното користење на природните ресурси се препознаени како едни од најважните работи денес што може да помогнат во борбата против глобалните проблеми со ресурсите и загадувањето (Weetman, 2016). На многу начини, концептот на кружна економија помага да се изгради нашето опкружување, а економиите се со фокус на зачувување на животната средина и помагаат во одржувањето на нашиот свет за следните генерации.

Во кружната економија, управувањето со отпадот, управувањето со ресурсите и работењето со отпадни материјали со рециклирање на отпадот, во голема мера се должат на добрата логистичка имплементација. Сите материјали (нови и рециклирани) патуваат низ целиот свет од нивната почетна дестинација кон нивниот краен корисник. Тука оптималните решенија на кружната економија го одржуваат патот на суровите материјали и добрата со употреба на најмалку потребна енергија.

Денес отпадот и материјалите што се рециклираат имаат признаена пазарна цена, а воедно е воспоставено и производство на алтернативно гориво како замена на нивно исфрлање на депониите. Со тоа се стреми да се помогне во борбата против загадувањето и

климатските промени. Глобалните бизниси и владите започнаа да ги потенцираат законодавството, правилата и моделите на работење поврзани со најдобрите практики во постапувањето со отпадот и во операциите за рециклирање. Овие активности имаат свои поставени цели, а тоа се да ги подобрат позитивните ефекти за целата индустрија поврзана со претворањето на отпадот во енергија, глобално животната средина и да ја намалат употребата на природни ресурси и да помогнат во борбата против загадувањето (Lacy и Rutqist, 2016). Заокружувањето на процесот се покажа како еден од најефикасните начини за подобрување на ефикасноста на работењето, а на горивото од отпад, додавање транспортни и складишни оперативни вредности. Кружна економија е пристап кој има системски карактер насочен кон економскиот развој, а е дизајниран да им користи на општеството, животната средина и бизнисите. За разлика од линеарните модели „земи веќе креиран отпад“, кружната економија е регенеративно дејствување по нејзиниот дизајн и има цел постепено да го уништи растот на потрошувачката на конечни ресурси.

Циркуларна економија се дефинира како економија што се реставрира и регенерира. Во кружна или циркуларна економија, економската активност всушност го гради и го обновува целокупното здравје на системот. Концептот ја препознава важноста на економијата што треба да работи ефикасно на сите сегменти, и тоа за мали и големи бизниси, за поединци и организации на локално и на глобално ниво. Циркуларната или кружна економија се заснова на три принципи, и тоа генерирање, создавање отпад и загадување, чување на производите и материјалите во употреба и регенерирање на природните системи. Циркуларна економија ги открива и ги утврдува негативните влијанија на економската активност што ги загрозува човековото здравје и природните системи. Ова вклучува ослободување на стакленички гасови и опасни материи, загадување на водата, земјиштето и воздухот, како и структурните отпадни делови.

Циркуларната или кружна економија фаворизира активности што ја зачувуваат вредноста во форма на енергија, труд и материјали. Ова значи дизајнирање за трајност, повторна употреба, повторно воспоставување на фабриката и рециклирање за да се задржат производите, компонентите и материјалите кои кружат во економијата. Кружните системи прават ефективна употреба на биобазирани материјали со поттикнување на многу различни намени за нив, градејќи циклус меѓу економијата и природните системи. Циркуларната економија избегнува трошење на обновливи извори и ги зачувува или подобрува

обновливите извори, на пример, со враќање вредни хранливи материи во почвата за поддршка на регенерацијата или употреба на обновлива енергија за разлика од потпирањето на фосилни горива.

Првото нешто што повеќето луѓе го забележуваат е раздвојувањето на две различни половини, или циклуси, кои претставуваат два фундаментално различни текови на материјал: биолошки и технички (Schroder et al., 2019). Биолошки материјали - претставени во зелени циклуси се оние материјали што можат безбедно да влезат повторно во природниот свет, откако ќе поминат низ еден или повеќе циклуси на употреба, каде што со текот на времето ќе се биоразградат, враќајќи ги вградените хранливи материи во околината. Техничките материјали не можат повторно да влезат во околината. Овие материјали, како што се метали, пластика и синтетички хемикалии, мора континуирано да кружат низ системот за да може нивната вредност да се искористи повеќекратно и на тој начин истата да се поврати. Една посебна суптилност претставува разликувањето на потрошувачите од корисниците. Во циркуларната економија биолошките материјали се единствените за кои може да се смета дека се потрошни, додека се користат технички материјали. Нема смисла да се каже дека се трошат машини за перење и автомобили на ист начин како што се троши храна. Ова е суптилна, но важна разлика во начинот на кој ја гледаме нашата врска со материјалите. Покрај ова, се отвораат прашања за потребата од поседување производи на начин на кој традиционално го правиме тоа. Разбирањето на оваа промена во начинот на размислување ги поставува основите на прагматичноста за промена на нашата економија од линеарна во циркуларна. Потенцијалните придобивки од преминувањето кон кружна економија се протегаат надвор од економијата и во природното опкружување. Со дизајнирање отпад и редуцирано загадување, чување производи и материјали во употреба и регенерирање наместо деградирање на природните системи, кружната економија претставува моќен придонес за постигнување на глобалните климатски цели. Воедно и бизнисите би имале значителни придобивки со менувањето на нивното работење во согласност со принципите на циркуларната економија. Овие придобивки вклучуваат создавање на нови можности за профит, намалени трошоци како резултат на пониски побарувања за неупотребувани материјали и посилни односи со клиентите.

Но оваа циркуларна економија нема да им користи само на деловните активности, на животната средина и на општата економија, туку и на индивидуата. Почнувајќи од

зголемениот приход, расположливост до подобрени услови за живот и придружни здравствени влијанија, придобивките за поединците од системот заснован на принципите на циркуларно дејствување се значајни. Поимот циркуларно има длабоко историско и филозофско потекло. Идејата за повратни информации, за циклуси во системите во реалниот свет, е античка и одекнува во разни филозофии. Со тековните достигнувања, дигиталната технологија има моќ да го поддржи преминот кон циркуларна економија со радикално зголемување на виртуелизацијата, дематеријализацијата, транспарентноста и интелигенцијата управувана со повратни информации. Во такви услови се поставува прашањето на тајмингот. А одговорот е логично врзан со стратегиското планирање каде што ако визијата остане само на хартија, тогаш е пуста желба, па се појавува неопходноста за преминување од визија во реалност. Нашата економија во моментот е затворена во систем што го поддржува линеарното дејствување како модел на производство и потрошувачка. Сепак, тоа слабее под притисок на неколку моќни нарушувачи на овие трендови. Затоа ние мора да ја искористиме оваа поволна усогласеност на економските, технолошките и социјалните фактори со цел да се забрза транзицијата кон циркуларна економија како основа за одржливиот развој. Префрлањето од линеарно во циркуларно дејствување бара системски решенија (Kovacic et al., 2019). Нема едноставна поправка, неопходен е холистички пристап во потрагата по промена на системот. Бизнис-модели, дизајн на производи и услуги, законодавство, сметководствени практики, урбанистичко планирање, земјоделски практики, екстракција на материјали, производство и друго, сите во моментов имаат непожелни квалитети од циркуларна перспектива. Сепак, не можеме да промениме само еден елемент на постојниот систем и да ја очекуваме промена што ни е потребна. Промената на системите е тешка за постигнување и одличните идеи честопати не се реализираат поради неуспеси во управувањето со сета вклучена комплексност. Она што треба да го направиме е да научиме да разбереме како функционираат сложените системи - како економија, затоа што разбирањето е првиот чекор кон создавање подобри решенија. Треба да се дејствува како да е можно радикално да се трансформира светот, а тоа треба да се прави постојано.

## 1.4. Одржливоста, индустријата и развојот на инфраструктурата

Постојат голем број причини, но и ефекти кои се чини дека се наменети да го постават одржливиот развој на пиедестал како важен приоритет на новата светска агенда. Потенцирањето на причините за специфичните глобални проблеми (како што се урбаниот развој, растот на населението и употребата на енергијата) и ефектите што произлегуваат од нив (како што се загадувањето, квалитетот на живот и промените во урбаната инфраструктура) е нешто што ќе биде разгледано и ќе се дискутира, а специфичните политики за поддршка на одржливиот развој се предмет на експликација за да се испита природата на одржливиот развој и неговиот опфат. Растот на населението е движечка сила што ја зголемува побарувачката за сите видови ресурси. Експанзијата на градското население е одамна препознаена и призната. Дефинирано е дека повеќе од половина од светското население живее во градски области. Овие области имаат стекнато над една милијарда од популација во последните 30 години. До 2005 година, проценетата светска урбана популација била 3,18 милијарди од вкупното светско население од 6,46 милијарди, што значи дека 49% од вкупното население во светот живее во урбани области (Worldwatch Institute, 2004). Во исто време не смее да се заборави дека моменталната бројка на вкупната популација изнесува 7,7 милијарди согласно информациите од population.io. Ако го искористиме ова во перспектива, ќе утврдиме дека градското население во светот во 1950 година изнесувало околу 730 милиони или помалку од една четвртина од сегашните процени. За помалку од 70 години ние сме сведоци на екстремна урбанизација на светското население.

**Графикон 1. Раст на урбаното население (годишно %),**




Извор: The World Bank: IBRD-IDA, достапно на: https://data.worldbank.org/country/ZT, на 12.09.2020

Додека Лондон бил идентификуван како првиот град по античкиот Рим со население поголемо од еден милион, денес во светот има регистрирано 414 градови со население поголемо од милион жители, од кои најголем дел во Кина. Во исто време се предвидува дека бројката ќе достигне над 1.000 во рок од 35 години (World Urbanization Prospects, 2018). Притоа се поставува прашањето дали е одржлив растот на населението со такви фрапантни стапки? Претпоставка е дека светското население ќе брои 8 милијарди жители во 2023 г., а воедно ќе успее да ја достигне бројката од десет до дванаесет милијарди жители до крајот на 2100 година.

Храната и водата се основни потреби на човекот. Со константно зголемување на наталитетот се отвораат многу прашања поврзани со задоволувањето на основните човекови

потреби. Тука неминовно се наметнува одржливоста и одржливиот развој како императив за нивно задоволување. Во суштина зголемувањето на производството, и тоа двојно, за најмногу неколку децении, не би значело решение на проблемите со храна за населението. Констатирано е дека населението останува непроменето во случај кога паровите имаат од едно до две деца. Имајќи предвид дека просекот изнесува од 3 до 6 деца во делови од неразвиениот свет, тогаш треба да се пристапи холистички при третирањето на овој проблем со кој се соочува човештвото. Воедно, зголемувањето на глобалните стандарди за живот е обратно пропорционално на наталитетот, а измените и развојот на образованието во корелација со зголемувањето на правата на жените се правопропорционални на намалувањето на наталитетот. Растечката популација создава поттик за промени во урбаниот развој.

Урбаниот развој ги зголемува урбаните области кои овозможуваат услуги бидејќи населението мигрира кон нив во потрага по вработување и други погодности што градовите можат да ги обезбедат. Градовите се специјализирани за нивните типови на развој и видовите на вработување што ги нудат. Стапката на развој може да биде зачудувачка. Spirn (1984) смета дека процесот на урбанизација е поврзан со намалување на квалитетот на животната средина и деградацијата на животната средина. Во градовите на високо индустријализираните земји, потребни се огромни области за домување, маркети, училишта, болници, трговски центри, паркинг итн. Притоа, компонентите на урбаното ширење се разликуваат меѓу себе, а изворите на ширење може да се поврзани со мерки како што се процена на вкупното население и потрошувачката на земјиште по глава на жител (Kolankiewics и Beck, 2000). Некои набљудувачи го категоризираат урбаното ширење во пет основни компоненти: поделба за домување, трговски центри, канцелариски паркови, граѓански институции и патишта (Duany, Plater-Zyberk и Speck, 2000).

Друг активен чинител за урбаното ширење е фактот дека треба да се води сметка за комодитетот и безбедноста. Но тука неминовно мора да го споменеме куриозитетот на контрадикторноста. Имено, со цел да се подобри безбедноста, патиштата се прошируваат. Сепак, проширувањето на патиштата овозможува зголемување на брзината, честопати правејќи ги патишта помалку безбедни, со што се создава интересен парадокс. Патиштата се прават пошироки за да бидат побезбедни - додека сообраќајот на возилата и брзините се зголемуваат, создавајќи поголема закана за безбедноста на животот (Duany, Plater-Zyberk

and Speck 2000). Градовите користат различни пристапи за поттикнување на проширувањето. Како што градовите се зголемуваат во географската област, патничкиот пат обично се зголемува, но предградијата со помала густина имаат помала инфраструктура за јавен превоз и затоа, за разлика од градските жители, жителите од приградските населби мора да користат приватни возила за патување (Cann, 2000). Тука веќе зборуваме за зголемена потрошувачка на фосилни горива и генерално за загадување на животната средина со намалување на зелените површини, зголемување на урбаната средина, и зголемена потрошувачка на горива. Достапноста на евтино снабдување со енергија го олеснува урбаниот развој. Додека брзиот раст на населението во светски размери дополнително создава растечки товар на ресурсите на Земјата генерално, физичкиот урбан развој креира сè поголеми побарувања за сите форми на енергија.

Енергијата, пак, е дефинирана како клучна за концептот на одржлив развој. Согласно Andrews (1999:295): „Ниту еден сектор од човековата активност не влијае толку сеприсутно врз опкружувањето од производството и употребата на енергијата“. Енергетската конзервација, употребата на алтернативни извори на енергија и подобрената енергетска ефикасност исполнуваат значајна улога во зајакнување на потенцијалот за одржлив развој. Неефикасната и еколошки нечувствителната употреба на енергија предизвикува пад на одржливоста на урбаните области. Ова се должи на изразено широките влијанија врз животната средина, како резултат на употребата на енергија. Употребата на енергија исто така креира и економски проблеми. Енергетските ресурси кои се во изобилие, но сепак се исцрплив ресурс, се користат за да се исполнат растечките урбани потреби. Денес градовите се одговорни за трошење на приближно три четвртини од светската енергија. А ова зголемување и понатаму е во континуиран пораст и тоа поради зголемување на популацијата, но и зголемените побарувања поврзани со квалитетот на животот. Примери за придобивките од широко достапна, комерцијално употреблива и прифатлива енергија се наоѓаат насекаде. Енергијата е потребна за управување со сите средства за транспорт, сите наши уреди и сите видови опрема. Енергијата создава употребливи и удобни околини. Навистина, придобивките од обилната енергија се бесконечни. Без брзите и лесно достапни енергетски снабдувачи, современите општества ќе бидат доведени до сериозна опасност за нивното опстојување. Енергијата е најкритичниот ресурс на општеството. Со над четири трилиони американски долари годишно, енергијата сега се вбројува во најголемата деловна

активност што се реализира во светот. Енергетската конверзија е очигледно засилувачот на моторот во животниот стандард во светот, квалитетот на животниот стил и напредокот на цивилизацијата воопшто.

Пристапот до енергијата се смета за основно право во индустријализирано општество. Сепак, во светот, околу две (2) милијарди луѓе се соочуваат со ситуација да немаат пристап до современи енергетски услуги (Saha, 2003). Овој јаз во стандардите обезбедува уште еден интересен парадокс. Иако греењето и топлата вода може да не бидат достапни во многу области во земјите од третиот свет, истите тие услуги честопати се сметаат за исклучителни потреби во индустријализираните земји на Европа, Северна Америка и на други места. Сигурна и стабилна енергија е мошне важна инфраструктурна компонента на светската економија и главен двигател на сè друго. Кога прекините во електричната енергија се случуваат подолги периоди во нашите урбани градови, настаните се нарекуваат катастрофи од страна на медиумите и честопати бараат интервенција на граѓанските власти. Ваквите испади ги нарушуваат урбаните области, предизвикувајќи широко распространет метеж на транспортниот систем, немање ладење, прекинување на медицинските услуги, значителни економски и финансиски загуби, па дури и губење на животот. Оттука проблемите за развој се поврзани со потрошувачката на енергија и имаат глобални импликации. Според Harken (1993): „Не е изненадувачки што овој раст базиран на енергија креира градови низ целиот свет, слични на урбаните области, со сиромашни квартови, метеж, загадување и криминал“. Употребата на енергија непрестајно се зголемува. Брзиот пораст на населението и барањата за простор кој овозможува комодитет се главни причини за зголемена употреба на енергија. Потребата за високо условени просторни услови предизвикува креирање на нови стандарди за човечка удобност, особено на работните места каде што може да се зголеми продуктивноста. Интересно е што потрошувачката на енергија има тенденција да биде многу децентрализирана, додека производството на енергија има тенденција да биде релативно централизирано. Притоа надворешните трошоци ги опфаќаат не само оние што се поврзани со загадувањето на водата и воздухот, туку и достапноста на капиталот и социјалната еднаквост. Денес, деловните субјекти сè повеќе се наоѓаат во ситуации кога од нив се бара да ги инкорпорираат таквите трошоци. Поефикасното користење на енергијата во изграденото опкружување може да има значително влијание врз намалувањето на директните економски трошоци. Тоа значи можност да се обезбеди урбана

експанзија без да се градат дополнителни капацитети за производство на електрична енергија, а истовремено да се намали негативното влијание врз животната средина. Во исто време развојот на технологиите и апликативните елементи од нив овозможуваат поефикасно користење на енергијата.

Имајќи го предвид фактот дека категориите на енергија се нерамномерно поделени на необновливи извори и обновливи извори, треба да се напомене дистинкцијата помеѓу овие извори на енергија, нивното влијание, како и степенот на одржливост. Како необновливи ги означуваме јаглеродните извори на енергија, како што се јаглен, нафта и нафтени шкрилци, а обновливи - ветер, соларни, геотермални и гравитациони извори, на вода како, на пример, хидроелектрични, приливни и други извори на вода и водни струи. Но гледано од технички аспект се вели дека повеќето форми на енергија врз основа на јаглерод се фосилизирана биомаса и затоа таа може да се обновува. Но неопходните и вклучените геофизички и биохемиски процеси бараат стотици милиони години за процесот на обнова да биде ефективен. За разлика од тоа, голем дел од сончевата енергија што била заробена и зачувана во земјата со фосилизирани јаглеводороди процеси е извлечена и потрошена денес. Тие енергетски извори датираат од палеозојски период, пред околу 542 милиони години, што му претходи на постоењето на човештвото. Како што напоменав претходно, обновливите извори на енергија можат понатаму да се категоризираат како одржливи, додека повеќето од необновливите извори на енергија се потенцијално неодржливи. Притоа, сè додека има тенденција на сè поголема употреба на обновливите извори на енергија, потрошувачката на јаглеводороди и енергија ќе се зголемува. Напорите за реализирање подобрувања во енергетската ефикасност, што во суштина може да обезбеди осигурување од потенцијални прекини во снабдувањето со енергија, се релативно минимални. Производството на електрична енергија и употребата на електрична енергија имаат урбано и регионално влијание што го покренува прашањето каде ќе биде подигната следната електрана? Но истовремено ќе биде поставено и прашањето дали ќе се пристапи кон изградба на брана што може да ги наруши природните текови на вода и да елиминира уште еден ресурс за рекреација, односно дали ќе биде дозволено да се гради фарма на резервоарот со нафта поставен веднаш до река или колку долго ќе биде дозволено да работи четириесетгодишна нуклеарна централа? Односно, прашања со заеднички именител одржливост.

**ПРВ ефект: Регресија и влошување на животната средина**

Одржливоста се занимава со влијанијата врз развојот и опстојувањето на животната средина. Тука се вклучени глобалните климатски промени, како што се оштетување на озонскиот слој и ефектот на стаклена градина, уништување на шумите и губење на мочуриштата. Регионалните и локални влијанија врз животната средина вклучуваат загадување на воздухот и на водата, испуштање киселински гасови - што резултира во кисели дождови, уништување на микроклимата со проширување на подрачјата за забрана, како и локализирани здравствени влијанија од недоволно еколошки токсини. Во однос на оваа тематика литературата се фокусира на различни аспекти на овие теми. Иако се вели дејствувај локално, мисли глобално, сепак мора да признаеме дека локалните решенија имаат ограничено влијание. Употребата на енергија влијае врз животната средина на различни начини (Rosen, 2004). Притоа централниот елемент во урбаната одржливост на животната средина е усвојување соодветни енергетски политики, бидејќи повеќето надворешни фактори и страни се директно или индиректно поврзани со употребата на енергија (Nijkamp и Pepping, 1998). Во последните 50 години најголемото глобално затоплување се должи на човековите активности (IPPC, 2001) а како основна причина се јавува глобалниот апетит за гориво од јаглеводороди. Обединетите нации (1992:11) во својот водич за агендата 21 наведуваат: „*Разбивањето на глобалниот апетит за фосилни горива е најважната единечна акција што треба да се преземе за да се намали негативното влијание врз атмосферата*. За ова се потребни промени во потрошувачките и индустриските практики што претходно биле длабоко вкоренети во општествата и придвижување кон шема на производство и потрошувачка на енергија која повеќе се потпира на ефикасност и еколошки здрави системи на енергија, особено обновливи извори на енергија. Енергијата е во срцето на некои од главните еколошки проблеми со кои се соочуваме. Невидениот економски раст што се случува е главно во индустријализираните земји, и тоа во овој век, а во голема мера зависи од достапноста на ниска цена на енергија, која главно е застапена во форма на фосилни горива.“

Стратешките цели за спроведување на одржливоста честопати вклучуваат промена на начинот на кој се користи енергијата, развој на посоодветни решенија за домување, подобрување на транспортните системи, создавање работни места со повисоко ниво и квалитет, обезбедување креативни решенија за алтернативна енергија и намалување на

влијанието врз животната средина. Додека, пак, домувањето ако е поефикасно во енергетиката, дава можност да се намалат месечните трошоци за изнајмување на сопственикот на домот, а системите за јавен превоз генерално ја намалуваат употребата на транспортни горива по глава на жител и нудат пошироки опции за мобилност на општата јавност. *Согласно наведеното се јавува неоснован мит дека решавањето на проблемите во врска со животната средина и поддршката на алтернативни решенија за енергија создаваат зголемен број на невработени лица*. Но наспроти конвенционалната мудрост, постојат докази дека подоброто управување со животната средина, всушност, создава работни места и не вклучува големи жртви (Bezdek et al., 1989; Nemtzow, 2003; Meadows, 1989), а ова важи и за децентрализираните форми на производство на енергија.

**ВТОР Ефект: УРБАНА ДИСЛОКАЦИЈА**

Во исто време почнаа да се забележуваат влијанијата на урбаната дислокација како резултат на промените во животната средина. Нивото на океанот се зголемува како резултат на затоплувањето на климата. Севкупно, просечната температура во Арктикот се зголемила во просек за 2,2 °C во последните 30 години. Затоплување е забележано на Аљаска, каде што просечната температура се зголемила за 5,5°C од 1971 година, предизвикувајќи ледниците да се намалат во дебелината и да се повлечат за дури 15% (Verrengia, 2002). Како што е забележано од (Verrengia 2002, с:А13): „...водата што се топи претставува половина од светското покачување на нивото на морето од околу 20 сантиметри во изминатите 100 години“. Зголемувањето на нивото на морето делумно е резултат на глобалното затоплување, а истото резултирало со губење низини и мочуришта во различни делови од светот.

Дислокацијата е феномен кој се одвива и во локални форми. Имено, преместувањето на цела една урбана населба се случува како резултат на изградба на автопат, загадување на одреден извор, бучава која се јавува од аеродромите и катастрофи кои се поврзани со енергијата. Отпадот од животната средина предизвикува и одредени локалитети да останат ненаселени, намалувајќи ја со тоа вредноста на имотите.

**ТРЕТ Ефект: ПРОМЕНИ ВО УРБАНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Без сомнение, „градовите се исто толку дел од природата колку што се дождовните шуми и мочуришните брегови“ (Kelbag, 2002: 9). Урбаниот развој ја зголемува побарувачката за ресурси. Како што растат градовите, тоа обично значи изградба на нова инфраструктура или модифицирање на постојната инфраструктура, проширување на урбаните службени области и проширување на приградските области. Развојот на зелените полиња станува норма. Нови згради, транспортни системи и системи за дистрибуција на енергија се потребни за да се исполни потребата од зголемените урбани побарувања за засолниште и услуги. Бидејќи се градат нови објекти, употребата на енергија може и да се занемари во самиот процес на планирање. Инфраструктурното планирање за снабдување со енергија на градовите обично го вршат комунални компании во координација со локалните самоуправи. Планирањето за потрошувачка на енергија го вршат сопствениците на објектот.

Без планирање, се претпоставува дека новите згради можат едноставно да се вклучат во енергетскиот систем, како да се работи за приклучување на кујнскиот апарат. Градовите кои доживуваат брз развој честопати поддржуваат креативни алтернативи со цел да се приспособат на промените. Примерите вклучуваат повторна употреба на структури што веќе постојат, обнова на местата, како поранешни индустриски или комерцијални области каде што нивната идна употреба е погодена од реална или перципирана контаминација на животната средина и промовирање на нови градби во слободните подрачја. Приспособената повторна употреба на постојните структури често резултира во помала вкупна потрошувачка на енергија бидејќи реновираните структури претставуваат вградена енергетска содржина што веќе е „инвестирана“ за време на нивната првична конструкција.

## 1.5. Меѓународната трговија и одржливиот развој

Трговската размена (размената на стоки и услуги) меѓу луѓето и фирмите од различни земји ја претставува меѓународната трговија. Притоа, основни карактеристики на меѓународната трговија кои ги дефинираме како инкрементални се дека трговијата на производи и услуги со исклучително висока технолошка интензивност како телекомуникациската опрема, компјутерите, оптичките инструменти итн. бележи

исклучителен пораст. Понатаму таа е концентрирана кај највлијателните и најзастапените светски економии, кои воедно се јавуваат и како најголеми извозници и увозници на производи и услуги, а воедно меѓународната трговија расте и се проширува побрзо и од порастот и светскиот доход кој се мултиплицира. Најважни елементи што исклучително влијаат врз обемот и динамиката на извозот на една земја се транспортните трошоци, надворешнотрговските политики и девизниот курс на земјите што се вклучени во трговија, што преферираат потрошувачите во однос на странските и домашните производи, како и конкурентната способност и изградените дистинктивни предности на компанијата и ценовното ниво споредено со ценовното ниво во странство (UNIDO, 2018).

Одржливиот развој во својата есенција има и ограничувачки елементи кои се однесуваат на меѓународната трговија. Поставувањето дополнителни услови е ограничувачки фактор за организациите кои не се во состојба да ги исполнат или не се на ниво на развој да ги разберат и приоретизираат. Од нив ќе споменеме некои што се однесуваат на преземање конкретни мерки, а се со долгорочен, среднорочен и краткорочен карактер. Долгорочно да се намали зависноста од увоз на енергија, да се обезбеди стабилно снабдување со енергија за сите граѓани, да се намали загадувањето на животната средина поврзано со енергијата (глобално и локално). Среднорочно, зголемена ефикасност во производството на енергија, поголема ефикасност во употребата на енергија, зголемена употреба на обновливи извори на енергија. Краткорочно, обезбедени инвестиции од национални финансиски средства, приоретизирање, зголемена свест, подготвени и донесени апликативни регулативи, изграден институционален капацитет, подобрено одлучување итн.

Согледувајќи ја врската помеѓу меѓународната трговија и одржливиот развој, можеме да утврдиме дека за да се реализира, неопходна е конвергенција на теоријата за трговијата со економските ресурси и парадигми за одржливост. Неопходно е да се истакне дека животната средина е вметната во трговски рамки, што всушност е природна почетна точка за истражување на одржливоста и меѓународната трговија. Од согледувањата можеме да заклучиме дека земјите што се придржуваат кон логиката на компаративна предност можат да очекуваат добивка, зголемување на приходите и технолошки прелевања што ја подобруваат благосостојбата. Но, истовремено постојат и важни предупредувања за ваквите сценарија. Имено, големината на придобивките од трговијата зависат од условите (тајмингот, состојбите и креираните услови) под кои една земја се либерализира. Во исто

време не смееме да заборавиме дека земјите би можеле да дојдат на „погрешната“ страна на креирање конкурентска предност или специјализација заглавувајќи во производството на добра кои се со ниска додадена вредност. Она што е потврдено со теоремата на (Stolper и Samuelson, 2018) е дека дури и со зголемувањето на глобалната благосостојба, некои земји ќе добијат, а некои земји ќе изгубат, односно влијанието на трговијата врз националната благосостојба е во најмала рака двосмислено.

Дополнителни компликации се јавуваат бидејќи меѓународната трговија предизвикува прераспределба на ресурсите низ различните сектори, а тоа креира потенцијално заканувачки односи меѓу добро етаблираните интересни групи. Притоа, загриженоста за животната средина е само еден од многуте регулаторни проблеми. Ова, сепак, може брзо да се промени доколку се зголемат трошоците за животната средина (реални или предизвикани од регулатива). Основната стратегија низ целата литература вклучува расчленување на влијанието на трговијата во ефектите на составот, скалата и техниката и емпириско проценување на нивните релативни големини. Сепак, анализата на повеќе регионални центри нуди важен увид во тоа како реално се извлекуваат, трошат и се тргува со ресурсите. На крајот, мерењето на вистинските заштеди и од перспектива на производство и од перспектива на потрошувачка дава важни информации за придонесите кон глобалната одржливост.

За врските помеѓу трговијата и одржливиот развој, прво, треба да се разјасни интеракцијата помеѓу изворите на релативната предност и одржливост. Ова вклучува, меѓу другото, процена на трговскиот контекст на заменливоста помеѓу факторите. Второ, потребна е поголема координација помеѓу меѓународната трговија, животната средина и политиката за управување со ресурсите. Одржливиот развој треба да ги опфаќа сите димензии на развојот, а трговската политика треба да биде дел од интегрираната стратегија за одржлив развој. Во такви услови излегува дека институциите се важен, ако не и главен двигател на влијанието на трговијата врз одржливоста.

И додека зборот трговија не се користи во насловот на SDG, ниту пак се појавува во текстот на придружните девет цели, следниве три средства за имплементација според SDG се дефинираат како релевантни за трговијата (UN General Assembly, 2015):

- мобилизирање и значително зголемување на финансиските ресурси од сите извори за зачувување и одржливо користење на биодиверзитетот и екосистемите;

- мобилизирање значителни ресурси од сите извори и на сите нивоа за финансирање на одржливо управување со шумите и обезбедување соодветни стимулации на земјите во развој за унапредување на таквото управување, вклучително и за зачувување и пошумување;
- зајакнување на глобалната поддршка во напорите за борба против ловокрадството и трговијата со заштитени видови, вклучително и преку зголемување на капацитетот на локалните заедници да ги следат можностите за одржлива егзистенција.

Трговијата може да помогне и за генерирање финансиски ресурси од сите извори, обезбедување стимулации и зголемување на капацитетот на заедниците да ги следат можностите за одржлива егзистенција (Helble и Shepherd, 2017).

Целта на одржливиот развој (SDG) 13 се однесува на ублажување и приспособување на климатските промени, но експлицитно признава дека Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени е примарен меѓународен, меѓувладин форум за преговори за глобалниот одговор на климатските промени. Притоа, вредно е да се разгледа како трговијата и политиките за либерализација на трговијата можат да помогнат или да ги попречат дејствијата за климатските промени, вклучително и постигнување на SDG - 13. И тоа преку усогласување на политиките за ниско-јаглеродна економија (OECD–IEA–NEA–ITF, 2015). Согласно таа студија, политиките за климатски промени не работат изолирано и утврдено е дека другите области на политиките можат силно да влијаат врз тоа дали се постигнуваат климатските цели и по кои вкупни трошоци. Имено, различните мерки и регулативи на политиките можат да бидат погрешно усогласени и негативно да комуницираат со политиките за климатски промени. Затоа усогласувањето и интеракцијата на политиките се корисни инструменти преку кои се решава улогата на трговијата во постигнувањето на SDG – 13 (Livesey, 2017).

Меѓународната трговија влијае и врз глобалните модели на емисии на стакленички гасови на повеќе начини. Влијанијата на трговијата врз животната средина честопати се врамуваат во однос на нивната скала, состав и ефекти на техниката (Grossman и Krueger, 1993; Copeland и Taylor, 2003). Кога се применува на стакленички гасови, ефектот на скалата се однесува на промените како резултат на зголемената активност од трговијата - вклучително и зголемен транспорт - што обично доведува до зголемени емисии. Ефектот на

составот се однесува на промените во профилот на емисии во земјата, бидејќи релативните цени и распределбата на ресурсите помеѓу секторите се приспособуваат како одговор на меѓународната трговија. Како што се зголемува трговијата, така некои сектори ќе се шират, а други ќе се приспособуваат во согласност со релативната предност на земјата, што може да доведе до зголемување или намалување на нејзиниот вкупен интензитет на емисии.

Друго средство со кое трговијата влијае врз емисиите на стакленички гасови е вектор за „истекување на јаглерод". Поврзаноста на глобалната економија преку трговијата значи дека основните климатски политики на земјите не работат изолирано. Краткорочните трошоци наметнати од климатските политики може да доведат до истекување на јаглерод во случаи кога увозот на стоки интензивни на јаглерод се зголемува како одговор на построгите напори за ублажување (Milward, 2019). Енергетски интензивните фирми во многу земји остануваат загрижени дека ако домашната регулатива поврзана со климата е погрешно усогласена со строгата регулатива во другите земји, таа ќе ѝ наштети на конкурентноста на ниво на фирма и сектор и може да доведе до индустриско преместување кон земјите со помалку строга регулатива за климата. Сето тоа може да биде или преку променет проток на билансот на трговијата или преку преместување на производствениот капацитет.

## 1.6. Одржливиот развој - генератор на пристојни и одржливи работи места

Стратегиски солуции се одговор за новите предизвици со кои се соочува бизнисот. Предизвиците претставуваат прашања од сосема ново ниво на комплексност и побарувања и комплетно нов пристап кон нивно надминување во ера на намалување на ресурсите, радикална транспарентност и зголемени очекувања. Во такви услови промените се драстични, брзи и фуриозни (Laszlo, 2011). При вакви услови одговорот на прашањата лежи далеку од традиционалните организациски пристапи и ограничувања. Решенијата не можат да се сегрегираат, со што треба да се збогуваме со вообичаените бизнис-практики. Способностите и компетенциите дефинирани од корпоративниот свет, како солидната анализа, прецизното мерење и јасното планирање како способности на левата хемисфера на мозокот, едноставно не се доволни за справување со новонастанатите ситуации. Нов сет на

компетенции кои се утврдени како потребни се повеќе поврзани со десната хемисфера на мозокот, светот на уметниците, инвенторите и културните креативци. Тоа е пристап потребен за неочекуваните, комплексни предизвици на креирање вредност на одржливоста. Со креирањето критериуми и барања кои се во согласност со социјалните и целите на животната средина со бизнис-приоритетите кои веќе постојат без пазарење околу нив, компанијата создава услови за успешна иновација.

Она што е инкремент и ги разликува менаџерите од другите е одлучувањето. Селекцијата на одлука при постоење на повеќе алтернативи е клучна. Овој одлучувачки став е изграден на претпоставката дека е релативно лесно да се дојде до алтернативи за разгледување, но е прилично тешко да се избере една од нив. Притоа комплексните аналитички алатки и резонски техники се неопходни за да се надмине тежината на изборот. Самата бизнис-стратегија е базирана на способноста да се анализира, процени и избере правилниот начин на дејствување. Но кога се работи за инкорпорирање на одржливоста во основната дејност без да се прави компромис во однос на цената и квалитетот, тогаш едно нешто станува сосема јасно, а тоа е дека немаме од што да избираме, односно дека немаме избор. Снабдувањето 100% од обновливи извори на енергија, креирањето нула отпад и продажбата на продукти кои ги одржуваат нашите ресурси и нашата околина, односно животната средина се цели на одржливиот развој, но проблемот е што сè уште нема магична формула како тоа да се реализира, односно нема знаење како тоа да се направи.

Тука одржливиот развој го гледаме како генератор на пристојни и одржливи работни места бидејќи форсира пристап и концепт кој активира сеопфатност и целовитост преку инволвирање на иновативноста. Затоа дизајнот, истражувањето, благодарноста и целовитоста се дефинираат како сет на компетенции кои се идентификувани како неопходност за реализација на одржливиот развој. Менаџмент-филозофијата базирана само на селекција од стратегиите кои егзистираат ќе биде надмината од новиот развој на состојбите. Она што е потребно е нов избор, нов продукт кој ќе ги балансира потребите на индивидуите и општеството како целина. Нови идеи кои ќе се справат со глобалните предизвици поврзани со здравјето, сиромаштијата и едукацијата преку нови стратегии кои резултираат со различност која значи и чувство на целисходност, која ги инволвира сите засегнати страни. Односно, потребен е пристап кон иновативноста кој е мо́жен, ефективен и широко достапен, како што е дизајн-размислувањето. А за да се генерираат нови и да се

креираат значајни решенија, потребно е поврзување на инспиративниот простор, просторот за формирање идеја или концепт и просторот за имплементација. И додека просторот за инспирација нуди увид и упатства за иднината, просторот на креирање идеја ги преведува увидот и упатствата во идеја која вреди да се истражи. Типично кажано зборуваме за прототип. Од него треба да се извлечат информации за да се фокусираме кон надминување на проблемите со кои се соочуваме, односно кои се трудиме да ги решиме. Колку одговори или решенија се генерирани во текот на корпоративните состаноци споредено со колку отворено прашања биле поставени. Тие ја нарекуваат оваа релација клуч на застапување што се однесува на длабокото истражувачко прашање кое претставува истрага.

При мерењето на зелените работни места неопходно е да ги земеме предвид вработувањата во зелените економски сектори и индустрии од аспект на резултатите што се добиваат, занимањата кои се поврзани со животната средина и функциите на работните места во сите сектори од перспектива на процесот. А преку Сликата. 3 подолу се прикажани овие односи: А: пристојни зелени работни места во зелените индустрии (вклучително и зелено производство од незелени индустрии); B: пристојни незелени работни места во зелените индустрии; C: недостоинствени зелени работни места во зелените индустрии; D: пристојни зелени работни места во незелена индустрија; E: вработување во зелените индустрии

**Слика 3. Шематски врски помеѓу вкупното вработување, зелените работни места и пристојната работа**




Извор. ILO (2012), Working towards sustainable development: Opportunities for decent work and social inclusion in green economy, Geneva.

Дебатата за зелената економија е обележана со силен фокус на полемики околу тоа дали зелената економија создава работни места или не. На тој начин доаѓа до израз нејзината важност за подобро разбирање на концептот на зелена работа. Извештајот за зелени работни места од 2008 г. широко ја дефинираше зелената работа како секоја пристојна работа што придонесува за зачувување или враќање на квалитетот на животната средина, било да е тоа во земјоделството, индустријата, услугите или администрација (UNEP, 2008).

Притоа во оваа дефиниција за зелени работни места значаен е фактот дека работните места не треба да бидат само зелени, туку и пристојни, односно работни места кои се продуктивни, обезбедуваат соодветни приходи и социјална заштита, ги почитуваат правата на работниците и им даваат на работниците право на глас во одлуките што ќе влијаат врз нивните животи, односно претставува дефиниција која ги вклучува трите димензии на одржливиот развој. Зелените работни места значително ги намалуваат негативните влијанија врз животната средина од економската активност, што на крајот доведува до одржливи претпријатија и економии.

Сите потенцијални импликации на оваа транзиција - и позитивни и негативни - треба да бидат земени предвид. Позитивно, зголемената побарувачка и инвестиции во позелени производи и услуги, како и опрема и инфраструктура за нивно производство, ќе доведат до проширување на одредени индустрии и претпријатија. Ова ќе се претвори во поголема побарувачка на работна сила и создавање работни места (директни работни места), пред сè, во зелените сектори. Покрај тоа, како резултат на меѓуиндустриските односи со индустриите за проширување, придобивки имаат и другите делови од економијата кои обезбедуваат инпути во проширените зелени сектори, создавајќи дополнително вработување (индиректни работни места), вклучително и во незелени сектори, како стакло и цемент со висока изолација за зелени згради или челични и јаглеродни влакна за сечилата и кулите на ветерните турбини, а приходите генерирани од оваа дополнителна економска активност се прераспределуваат со трошење на дополнителна потрошувачка и инвестиции низ економијата, создавајќи понатамошно вработување и предизвикувајќи ефекти покрај директните, и кај индиректните вработувања. Бројот на отворени работни места во сите фази на процесот на озеленување е функција на големината на побарувачката и инвестициите, трговијата и еластичноста на вработувањето. Побарувачката за зелени добра и услуги има поголема еластичност во однос на просечната побарувачка за вработување и е значително

поголема од побарувачката за добра со голема потрошувачка на енергија (со исклучок на одржување на автомобилите).

Понатамошен фактор на условување се ефектите од буџетот. Имено, ако зелените производи и услуги се поскапи од нивните замени, тогаш претпријатијата и домаќинствата ќе имаат помалку ресурси за да потрошат на други добра и услуги. Негативниот буџетски ефект може, на пример, да се поврзе со воведување обновлива енергија. Иако трошоците за производство на електрична енергија со обновливи извори на енергија опаѓаат брзо и стануваат сѐ поконкурентни, тоа првично резултира со повисоки трошоци за потрошувачите.

Спротивно на тоа, позитивните буџетски ефекти се јавуваат како резултат, на пример, на ефективни инвестиции во енергетска ефикасност (Rosenfeld et al., 2009) и поширока ефикасност на ресурсите (Dobbs et al., 2011). Тоа резултира со промена во побарувачката и оддалечување од високата потрошувачката на енергија, која има мала еластичност на вработеноста, кон добра и услуги со поголема еластичност на вработеноста. Важно е дека овие придобивки се кумулативни со текот на времето, така што потенцијалот за создавање работни места не е ограничен само на одредени индустрии.

Во РСМ зелените работни места ги има во земјоделството, производството, градежништвото, туризмот, истражувањето и во административните услуги, кои придонесуваат да се зачува или обнови квалитетот на животната средина. Меѓу другото, тие ги вклучуваат работните места кои помагаат за заштита на екосистемите и биодиверзитетот, намалување на користење на енергијата, материјалите и потрошувачката на вода преку високоефикасни стратегии, дејаглеродизирање на економијата, и нивно минимизирање или избегнување на сите форми на отпад и загадување. Генерално, зелените вработувања ќе бидат постигнати на најмалку четири начини со трансформација на економијата кон поголема одржливост (програма за работа на Владата на РСМ во периодот 2020-2024):

- Со креирањето нови работни места во производствените процеси кои ја загадуваат животната средина, како дополнување и инсталација на опрема за намалување или запирање на загадувањето;
- Со замена на некои работни места со други, на пример, во преминувањето од користењето на фосилните горива кон обновливите; од камионски превоз со

железнички, или со замена на депонирањето и согорувањето на отпадот со рециклирање;

- Со доквалификација на одредени работници за веќе постојни работни места (водоводџии, електричари, металски, градежни работници) преку кратки обуки, методи на работа и профилирање за извршување зелени работни задачи;
- Со креирање нови работни профили и низ образовниот систем, тренинзи организирани од работодавците, самостојни обуки и тренинзи за полесно самовработување.

Зелените работни места подразбираат широк спектар на вештини, образовна основа и професионални профили кои се неопходни за развој на зелената економија, а ова особено важи за т.н. индиректни работни места, особено оние од дистрибутивните индустрии.

За креирање зелени работни места, потребни се политики кои ќе помогнат во креирањето можности за работа на сите претпријатија и поставувањето инфраструктура за бизнис-секторот. Од нив ги потенцираме универзалните, правно обврзувачки договори за глобални климатски промени и препораки кои овозможуваат реализација на поставените цели. Тие договори и поставени приоритети се мост помеѓу денешните политики и климатската неутралност. (Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во РСМ, 2020), (UNEP annual report, 2015), (Зелена програма на ДОМ, 2015) :

- Парискиот климатски самит и обврските што произлегуваат од него;
- преструктурирање кон зелена економија со напуштање на фосилните горива и приоретизирање на обновливите енергии и енергетската ефикасност;
- намалување на субвенциите за индустриите што имаат штетни влијанија врз животната средина;
- инволвирање на Република Македонија во тековниот пазар на јаглеродна трговија и имплементација на Механизмот за чист развој;
- даночни реформи преку воведување Пигуеви даноци и нивно зголемување како во европските земји, и нивна поширока примена;
- регулаторни алатки за развивање позелени технологии, производи и услуги, а со тоа и на зелени работни места;
- надминување на бариерите за развој и искористување на обновливите енергии;

- закон за „проширена одговорност на производителите“. Двоен бенефит - добивање суровини кои со рециклирање можат повторно да се искористат и намалување на отпадот;
- воведување екоетикети за производи;
- финансиска поддршка на научноистражувачките активности наменети за технолошки развој;
- пробив на меѓународните пазари преку меѓународна соработка.

Во рамките на одржливото земјоделство, многу практики на органско земјоделство, а особено на оние со ниско влијание имаат поголеми побарувања за работна сила, а како последица, создаваат подиректни работни места по единица производ споредено со традиционалното земјоделство. Според студијата на Offermann и Nieberg (2000), со употреба на годишна работна единица на 100 хектари употреблива земјоделска површина за споредување на работната сила во органските и конвенционалните фарми во репрезентативен избор на европски земји, се покажало дека, освен во пет случаи, органските методи бараат повеќе труд отколку конвенционалните методи. Слично на ова, студија спроведена на 1.144 органски фарми во Велика Британија и Република Ирска заклучила дека органските фарми отвораат 135 проценти повеќе работни места со полно работно време по фарма отколку конвенционалните фарми (Morison et al., 2005).

Во поново време, студијата објавена во мај 2016 година од страна на Британското здружение за почва заклучило дека органското земјоделство обезбедува, во просек, 32 проценти повеќе работни места по фарма во Велика Британија отколку конвенционалното земјоделство. Според студијата, 93.000 нови работни места може да се отворат ако сите фарми во Велика Британија се префрлат на органски практики. Воедно се потенцира дека ваквото создавање работни места не може да се реплицира во неорганското земјоделство, бидејќи тоа е креирано од самиот систем на органско земјоделство што бара поголема работна сила и создава повеќе работни места (Worldwatch Institute, 2016). Сумирајќи ги резултатите, постојат силни докази дека органското земјоделство генерира повисоки нивоа на вработување од конвенционалното земјоделство, иако прецизните резултати зависат од видот и културата. Во такви услови критично прашање кое неминовно се поставува е доколку треба да се реализира таквото сценарио, дали земјоделското вработување би

станало попривлечно, односно дали може да се генерираат приходи над нивото на сиромаштија на краток рок и дали овие приходи можат да бидат конкурентни во споредба со другите сектори на среден и на долг рок.

Во однос на одржливиот развој како генератор на пристојни и одржливи работи места го наведуваме и бројот на зелени работни места во целокупниот шумарски сектор што ги исполнува соодветните критериуми. Во направената проценка за 27. земји на Европската Унија (GHK Consulting, 2007) утврдено е дека зелените работни места сочинуваат 30% од директното вработување. Тоа, исто така, покажа дека поради индиректни ефекти на вработување, за секое отворено работно место во одржливо шумарство се отвораат 0,68 работни места во други сектори на економијата.

Рибарскиот сектор е следен на листата кој обезбедува егзистенција за повеќе од 180 милиони луѓе, а тој број се зголемува. Во 2016 година нешто помалку од 60 милиони луѓе биле директно ангажирани со полно работно време или, почесто, со скратено работно време.

Покрај тоа, голем број секундарни економски активности - почнувајќи од градење бродови до меѓународен транспорт - се поддржани од светскиот риболов (Dyck и Sumaila, 2010). Обновливата енергија како сегмент на одржливиот развој е силно инкорпорирана во генерирањето пристојни и одржливи работни места. Она што е карактеристично е дека како што созреваат обновливите сектори на енергија, така се очекува продуктивноста на трудот да расте понатаму, што ќе резултира со помалку вработувања по единица капацитет. Работните места во производството на индустријата за ветер се исто така исклучително важни, а претставени се со 12,5 работни места по мегавати или повеќе од 80 проценти од сите работни места за производство на енергија од ветер. Додека инсталациите, работењето и одржувањето и другите аспекти придонесуваат за многу помал удел. Сепак, како вкупен инсталиран капацитет индустријата за ветер се проширува, а ветерните електрани ќе станат сè поважен извор на вработување, особено во земјите кои не произведуваат турбини на ветер и соодветна опрема. Квалитетот на вработувањето во секторот за обновлива енергија природно варира затоа што опфаќа широк сет на работни места и занимања. Важен елемент на овие работни места вклучува производство на разни видови опрема, од ветерници и соларни панели до дестилерии со етанол и за биогас. Другите работни места се однесуваат на продажба, дистрибуција, инсталирање и одржување на опремата, додека обезбедувањето

суровини за биоенергија опфаќа работа што спаѓа повеќе во границите на земјоделството отколку во индустријата или услужниот сектор.

Притоа, платите и условите за работа значително се разликуваат. Постојат податоци од Германија и од Шпанија дека работните места поврзани со обновливите извори на енергија се постојани, со полно работно време, со релативно мал удел на привремено вработување. Во Германија, 96 проценти од работните места во обновливи извори се постојани позиции, со многу поголемо учество отколку во другите сектори на економијата (Wissenschaftsladen Bonn, 2010). Слично на тоа, студија од 2010 година во Шпанија покажа дека 99,7 проценти од зелените работни места во земјата се постојани, во споредба со само 72 проценти во шпанската економија како целина (Strietska-Ilina et al., 2011).

Студиите во двете земји, исто така, покажуваат дека нивото на квалификација на работниците во секторот за обновлива енергија значително го надминува просекот за националната работна сила, во смисла на универзитетски дипломи и нивоа на стручно образование и обука (EC and ILO, 2011). Во Шпанија, половина од вработените во обновливите сектори имаат завршено универзални студии и 29% имаат завршено стручно образование и обука, во споредба со 23,5% и 18,6%, соодветно, за остатокот од економијата. Во Германија, 82 проценти од вработените во секторот за обновливи извори имаат завршено стручно оспособување, а речиси 40 проценти од нив имаат завршено високо образование. Компаративните бројки за сите индустриски сектори се нешто помалку од 70 и 10 проценти, соодветно. Во САД, анализата на голем број објекти за производство на база на ветер и сонце покажа дека стапките на платите се под националниот просек за работниците вработени во производство на трајни производи (Mattera et al., 2009), што е, пред сè, резултат на недостигот на синдикално дејствување и конципирање на колективни договори.

Во исто време, според заедничката студија на (EC и ILO, 2011), има недостиг на вештини во сите потсектори на глобалната индустрија за обновлива енергија, особено во интердисциплинарните области, како што се лидерството и управувањето, во инженерството и техничките занимања и во оние што вклучуваат продажба, инспекции и финансирање. Ваквите недостатоци го одложуваат процесот на зазеленување и дејствуваат како ограничување за развојот на идните капацитети. Недостигот на вештини во занимања поврзани со биоенергијата е акутен, делумно затоа што програмите за обука заостануваат зад рапидно растечката побарувачка во многу земји, а делумно се должат на широката

разновидност на видови извори на биоенергија, технологии за обработка итн., што изискува поседување на специјализирани вештини.

Дури и европските земји, кои во многу случаи предничеа во развојот на технологии за обновлива енергија, се соочуваат со недостиг на соодветно квалификувани работници за занимања во рамките на професионалните и техничките, инженерските и управувачките области (Poupard и Tarren, 2011). Вештините како наука, технологија, инженерство и математика се клучни во секторот за обновлива енергија, но уште поважно е вистинската комбинаторика на вештините, симбиотско дејствување на специфични вештини поврзани со работата како креативност, приспособливост и можност за развој на трансверзални вештини (Poupard и Tarren, 2011). И додека стажирањата ќе играат важна улога, зголемената обука на работното место сама по себе не е доволен лек за недостигот на вештини. Владите мора да развијат национални стратегии за вештини кои олеснуваат поширок процес на постојано учење, наместо да се фокусираат на краткорочни одговори. На земјите им требаат кохерентни стратегии што ги обединуваат енергијата, животната средина, целите за развој на образованието и вештините, политиките и одговорните министерства, со цел да се приспособат на климатските промени и да се пренасочат кон чисто и одржливо производство и потрошувачка на начини што го зголемуваат создавањето на пристојна работа и го прават тоа достапно за сите. Земјите што успеваат во ваквата предизвикувачка задача му даваат голема премија на ефективниот социјален дијалог, преку координација меѓу министерствата и комуникација меѓу работодавците и давателите на обуки.

## 1.7. Социјалното и „зеленото“ претприемништво - извори на иновации за решавање на општествените и еколошките проблеми

Социјалното претприемништво е креирано како поддисциплина во полето на претприемништвото. Притоа социјалните претприемачи создаваат социјална вредност со обезбедување социјална корист за сите и економска вредност со создавање работни места и приход за нивниот потфат додека ја остваруваат својата визија и мисија. Иако целта на фирмата што го зголемува профитот е различна од социјалниот бизнис (како паралелно дејствување на две визии и две мисии), менаџерскиот начин на размислување треба да биде

ист како и во бизнисот, при создавање социјална корист. Социјалните бизниси, секако, можат да генерираат приход додека ги остваруваат своите социјални мисии, и со тоа можат да бидат самоодржливи, а вишокот генериран од таквите деловни активности може да се реинвестира во бизнисот (непрофитни организации каде што профитот не се дистрибуира за поделба на дивиденда) за да се обезбедат квалитетни стоки и услуги за целната група на корисници со адекватна цена. Но мора да напоменеме дека за социјалното претприемништво пристапот до финансии е дополнителна препрека бидејќи традиционалните финансиски институции се претпазливи во позајмувањето на социјалните претприемачи, додека комерцијалните претприемачи можат да привлечат традиционални даватели на капитал и инвеститори на капитал (Calic и Mosakowski, 2016). Во исто време Belz и Binder (2017) тврдат дека ресурсите за социјалните претпријатија не се ограничени само на лични заштеди и заеми од банки, туку преку создавањето социјална вредност и еколошката грижа тие ја отвораат вратата за нов, неконвенционален и сè поважен извор на јавно финансирање, како што е финансирање од страна на „народот“ (crowdfunding).

Според Schumpeter (1934), иновативноста ги создава креативните идеи. Иновацијата во контекст на социјалното претприемништво не е само реплика на постојните практики, туку исто така вклучува и создавање на нешто ново (Shaw и Carter, 2007). Иновациите се дел од различните фази во процесот на социјално претприемништво. Социјалните претприемачи креираат институции за да можат да ја реализираат својата мисија на социјална трансформација и да ги реализираат иновативните решенија. Главниот предизвик со кој се соочуваат социјалните претприемачи е создавање нов производ или услуга, понатаму креирање побарувачка за производот, вклучително и процена на влезните вредности или процена на пазарите на кои ќе дејствуваат. Социјалните претприемачи треба да бидат иновативни додека ги обликуваат своите цели за да одржат рамнотежа помеѓу нивните социјални и економски цели со (би рекол секогаш) ограничени ресурси за работа. За да се подобри социјалното влијание, но и влијанието врз животната средина од страна на социјалните претприемачи, неопходно е владата да ги поддржи и стимулира иновациите во форма на финансирање и субвенции. Владата може да ги охрабри претприемачките решенија со насочување на јавните политики кон поддршка на иновативните практики (Halme и Korpela, 2014). Индивидуалните претприемачи наоѓаат нови, иновативни начини да создадат производ или услуга со цел да се задоволат некои социјални потреби за да се

постигне одржлив развој без да се загрози профитот додека ги реализираат своите активности. Сепак, нивната способност да создадат општествена вредност мора да биде примарна цел (Seelos и Mair, 2004). Успехот на социјалниот претприемач зависи од неговата способност да привлече ресурси (работна сила и капитал) и да изнајде иновативни начини за создавање социјална вредност во една конкурентна средина (Dees, 1998). Затоа социјалните претприемачки политики на владата играат важна улога во руралниот економски раст, бидејќи тој зависи од распределбата на ресурсите за истражување и развој (R&D), како и од мобилноста на трудот.

Количината на создадена социјална вредност се смета за главен знак или карактеристика на одржливиот развој на еден регион (Delgado, 2017), затоа промовирањето на социјалното претприемништво и МСП е клучно за создавање социјална вредност и, според тоа, придонесува кон одржлив регионален развој. Социјалното претприемништво се појавува како едно одржливо решение што изискува синергија на социјалната, економската и еколошката вредност или фокусирање на таканаречената тројна крајна линија (TBL).

Адаптирањето на промената на потрошувачките навики и нивното насочување кон природни и еколошки биопроизводи се поттик за иновациите за надминување на општествените и еколошките проблеми. Социјалното и „зеленото“ претприемништво се генератори на инкрементални промени кои водат кон значаен интерес за набавка на производи и услуги што се од органско потекло. Согласно европската политика, до 2020 година се планира 20 % заштеда на енергија и помалку издувни гасови во атмосферата за 20 %, понатаму од обновливи извори на енергија (ветар, сонце, биомаса и геотермални води) да се добива 20 % од енергијата. Притоа, енергетска ефикасност се дефинира како нов пристап кој користи интелигентно искористување на расположливата енергија, а резултира со придобивки за општеството и поединците, се штедат пари, се заштитува животната средина, се зголемува комфорот, се подобрува економијата на државата и се промовира националната безбедност од енергетски аспект.

Заштеда на енергија се прави преку намалување на потребата за енергија и максимално искористување на обновливите извори на енергија, како што се сонцето, ветерот, хидроцентралите. Во таа насока е поставен и процесот на следење колку енергија троши секој објект. односно енергетскиот биланс на секој објект и каква е примената на топлинска изолација со современи материјали и технологија. Сето ова креира услови за

развој на иновациите како решение за идентификуваните проблеми. За постигнување на тие цели, дефинирани се области за енергетска ефикасност со фокус на реконструкција на постојните објекти за обезбедување изолација и помала потрошувачка на енергија, а изградбата на новите објекти да биде според новите стандарди за топлинска изолација. Притоа потребно е индивидуите да го променат однесувањето, да го намалат користењето на енергијата преку користење апарати што штедат енергија. Да се пристапи кон соодветна изолација на тавани и покриви, подови и стаклени површини. Користење соодветно енергетски ефикасно осветлување итн. Но не треба да се заборави и важноста од примена на ЕЕ од страна на граѓаните преку користење апарати со помала потрошувачка на енергија, соодветен избор на системот на греење, вентилација и ладење итн.

Кога зборуваме за зеленото претприемништво, неминовно мислиме на следниве компоненти на зеленото претприемништво - зелени работни места и зелени бизниси (производи и услуги). Зеленото претприемништво во својот концепт инкорпорира економски активности со цел намалување на загадувањето на животната средина и помало користење на енергенсите. Зелени работни места се оние што помагаат да се намали негативното влијание со крајна цел да се дојде до економски и социјално одржливи претпријатија и економии. Поконкретно, тоа се работни места кои ја намалуваат потрошувачка на енергија и материјали, го ограничуваат емитувањето гасови, ги минимизираат отпадот и загадувањето и го штитат и обновуваат екосистемот. Позеленувањето на бизнисите овозможува зголемување на профитабилноста преку намалување на трошоците со користење природни ресурси (вклучувајќи и нова технологија за користење обновлива енергија). Тоа се постигнува преку користење соларни панели, системи за греење и ладење, термоизолација, користење производи со енергетска ефикасност и рециклирање на отпадот, а зелените бизниси (производи и услуги) се реализираат преку развој на производи и услуги во областите на обновлива енергија, храна (биопроизводи) и екотуризам, градежништво (користење природни ресурси) и рециклирање на разни видови отпад.

Важна компонента за социјалното и зеленото претприемништво е тоа што Република Северна Македонија се обврза да ги исполнува обврските од Парискиот климатски самит, а за тоа е потребно преструктурирање на македонското стопанство кон зелена економија, што значи напуштање на фосилните горива и примена и свртување кон обновливите енергии и

енергетска ефикасност, што бара дополнителна иновативност. Нашата економија треба да еволуира во еколошка и социјална пазарна економија, а тоа се постигнува со рамнотежа помеѓу економската динамика, од една страна, и заштитата на животната средина и социјалната заштита, од друга страна. Еколошката и социјалната пазарна економија е ориентирана кон општеството, и таа е комплетна спротивност на економијата каде што единствената цел е максимирањето на приватниот профит. Бруто-домашниот производ не треба да биде единствениот критериум и мерило за просперитетот. Наместо тоа, равенството треба да се постави помеѓу искористените природни ресурси (животната средина) и економските ефекти, вклучувајќи ги тука и настанатите еколошки трошоци.

# ГЛАВА II
# ОДРЖЛИВОСТА И ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

## 2.1 Холистички модели за поврзување на одржливиот развој, одржливоста и стратегиските иновации во контекст на глобализацијата

За холистички менаџмент во процесот на одржлив развој, неопходен е ангажман на многубројни актери (владини - национални и локални, организации и население), а особено на локалното население. И додека владите ги принудуваат организациите со закони и регулативи да се однесуваат на општествено одговорен начин, граѓаните како потрошувачи со купување одржливи производи овозможуваат опстанок и развој на тие општествено одговорни организации. Тоа ги тера организациите да произведуваат и да обезбедуваат услуги во согласност со принципите на одржлив развој. Сепак, организациите се првенствено ориентирани кон економските принципи, односно правење профит, и тие често ги занемаруваат еколошките и социјалните принципи. Со други зборови, економската, а не еколошката и социјалната одржливост, е приоритет на организациите.

За да го променат ова, владите треба да ги „охрабрат и да ги пренасочат“ организациите со помош на законите да се однесуваат на општествено одговорен начин. Истовремено, тие треба да влијаат врз свеста на населението за општествено одговорното однесување, како и купувањето производи и услуги од организации што се општествено одговорни.

Петте форми на капитални потреби во одржливиот развој се човечки, природен, институционален и инфраструктурен, финансиски и технолошки капитал (Sage, 1999). Човечкиот капитал претставен преку квантитет, здравство, образование, куповна моќ и ориентација кон одржливост на населението е фундаментот, а тој може да се набљудува и како знаење - човечки ресурси од страната на понудата; и како крајно однесување на потрошувачите од страната на побарувачката.

Граѓаните, како членовите на семејството и домаќинството, како човечки ресурси (се набљудуваат од страната на понудата), а како крајни потрошувачи (од страната на побарувачката). Тие преку нивното однесување влијаат врз остварувањето на Целите на

одржливиот развој. Од една страна, луѓето можат да учествуваат во процесот на одржливо производство на производи и услуги, а од друга страна, луѓето може да бараат, купуваат и да консумираат одржливи производи и услуги во еден процес на одржлива потрошувачка. За разлика од нив, вработените лица имаат трикратна одговорност (1. како членови на семејство, домаќинство, 2. вработени во организации и 3. потрошувачи). Прво, со нивното однесување можат да влијаат врз бројот, здравјето, образованието, куповната моќ и ориентацијата кон одржливоста на нивното семејство, односно домаќинство, второ, како човечки ресурси во организациите можат да учествуваат во процесот на одржливо производство и трето, како крајни потрошувачи тие можат да купуваат и да консумираат одржливи производи и услуги. Невработените лица имаат двојна одговорност (како членови на семејство и како потрошувачи).

Како што посочуваат Belz и Schmidt-Riediger (2010), потрошувачите се еден од главните двигатели на стратегиите за одржливост, додека Sadler (2005) посочува дека нагонот кон одржлив бизнис потекнува од страната на побарувачката. Истражувањата покажале дека не сите луѓе се ориентирани кон одржливост, а условот за да бидат општествено одговорни е поседување соодветно ниво на образование и приход. Затоа клучен фактор на одржлив развој е населението кое е образовано, има соодветни приходи и ги разбира потребата и значењето на одржливиот развој. Образованите жители како крајни потрошувачи се општествено одговорни (во нивните домаќинства), а и како човечки ресурси во организации каде што работат, и на тој начин тие влијаат врз одржливата ориентација.

За да се обезбеди поголем индивидуален приход на вработените граѓани (нивните домаќинства) и бруто-домашниот производ (БДП), потребни се специфични макроекономски мерки; инвестиции во образованието, институциите, инфраструктурата и технологијата. Поголемиот БДП (вкупен и по глава на жител) овозможува поголеми инвестиции во одржлив развој и поголем приход на граѓаните. Повисоките приходи и образование влијаат врз свеста и општествено одговорното однесување на населението и земјата како целина. Затоа, горенаведените фактори: човечки, природен, институционален и инфраструктурен, финансиски и технолошки капитал дејствуваат заедно на дополнителен, интегриран начин кон одржлив развој. Затоа е потребно образовните институции и образованието за одржливост да бидат ангажирани на сите нивоа (Jankowska, 2014; Hancock и Nuttman, 2014; Sáez-Martínez, 2014; Sidiropoulos, 2014) и на тој начин да придонесат за

одржлив развој. Одржливоста и ОР добро се вклопуваат во контекст на глобализацијата, односно тие се неопходни за вистинска глобализација, а воедно се дефинираат како највисоки управувачки фактори. Во исто време одржливоста и ОР се нераскинливо поврзани со стратегиските иновации.

Анализирајќи ја моменталната состојба на деловниот свет, се идентификува дека глобалните корпорации се далеку од постигнување на нивото на софистицираност што е потребно за да се постигне минимум вредносен степен на одржливост во временски период од една или две децении. Важните фактори за реализација на одржливоста вклучуваат сегменти каде што управувањето низ целиот свет е вклучено во немилосрдната борба за да се одржи чекор со технолошките, социјалните, економските и промените во животната средина, кои се чини дека се забрзуваат со текот на времето (Rainey, 2006). Големите одлучувачки чекори во креирањето на конкурентските предности се маргинализирани од придобивките на групите, конкурентите и од променливото деловно опкружување. А таму каде што во минатото инвентивните откритија доведуваа до конкурентни предности што траеја со децении, ефектите од ваквите достигнувања денес честопати се мерат со месеци. Сепак, и покрај сите предизвици, постојат и огромни можности преку воведување промени и придвижување надвор од социјалните, економските и еколошките мандати. Низ целиот свет луѓето сакаат решенија за проблемите со кои се соочуваат, а можностите за обезбедување на овие решенија варираат од изнаоѓање начини за проширување на здравствената заштита и искоренување на гладот до заштита на природните ресурси и елиминирање на отпадот.

Одржливоста и ОР бараат посветеност, постојан развој и стабилно распоредување. Додека континуираното подобрување беше една од главните теми за управување на крајот на дваесеттиот век, потрагата по одржливост и ОР се клучните перспективи кои ја движат глобалната корпорација во овој век. Одржливоста и ОР вклучуваат немилосрдна потрага кон совршенство преку иновативност, инклузивност и поврзаност. Потребниот модел ги вклучува клучните елементи за водење промени преку иновации, управување со системите и структурите низ организацијата и проширеното претпријатие и градење трајни односи со луѓето преку социјална одговорност. Моделот дава рамка што се однесува на тоа како се поврзани клучните елементи и нуди неколку возбудливи перспективи (Medne и Lapina, 2019):

• Моделот обезбедува инклузивни, софистицирани и пошироки рамки за инкорпорирање на промената во сложените деловни ситуации, во кои стратегиските лидери создаваат дополнителна вредност со цел остварување одржлив успех.

• Фокусот е ставен на глобалното деловно опкружување и пазарната средина. Пазарните простори ги вклучуваат постојните пазари, новосоздадените, клиентите и оние што не се клиенти. Додека многуте од постојните модели се централно базирани на компаниите врз основа на најважните компетенции или централно базирани на конкуренцијата заснована врз ривалство, одржливиот успех се фокусира на позиционирање на луѓето во центарот на стратегиите и активностите и со тоа генерирање успешни кадри.

• Примарните аспирации вклучуваат создавање одржливи решенија и постигнување одржливи резултати преку ОР и стратегиски иновации, а не само остварување краткорочни профити за сметка на долгорочниот успех. Одржливоста и ОР се кохерентни конструкции кои поврзуваат широк спектар на луѓе низ проширеното претпријатие. Со оглед на тоа што луѓето се од централно значење за успехот на одржливоста, градењето долготрајни релации е од суштинско значење за реализирање на очекуваните резултати.

• Моделот има холистичка поврзаност со стратегискиот менаџмент и оперативните фактори. Се фокусира на интегрирање на стратегиите и активностите на корпорацијата со надворешниот придонес на проширеното претпријатие и потребите и очекувањата на пазарните простори. Ова претставува значаен чекор напред во поврзувањето на системите, структурите, процесите и практиките кои го олеснуваат развојот и распоредувањето на најдобрите можни решенија. Моделот се осврнува на перспективите и структурите што се во согласност со динамиката на 21 век. Односно, го разгледува деловното опкружување во контекст на целиот глобален пејзаж и стратегиското лидерство и менаџмент во контекст на одржливоста и ОР. Всушност, ја разгледува целата перспектива наместо да се фокусира само на деловите, што честопати е методологија која преовладува. На пример, моделот интегрира концепти за справување со клиенти и засегнати страни, како и за градење релации, а не да се фокусира само на пазарот и продажбата. Воедно, признава дека клиентите сакаат решенија што ги надминуваат нивните потреби и очекувања. Во него се дискутираат решенија во контекст на социјалните, економските, технолошките, етичките, еколошките и пазарните размислувања. Ја истражува не само состојбата која преовладува, туку и како иновативните решенија гледани од пазарна перспектива можат да придонесат за креирање

нови можности. Воедно, ги вклучува системите, структурите и процесите потребни за добивање на посакуваните резултати.

Овие перспективи се повторно актуализирани со придонесите на Prahalad и Krishnan (2007) во новата ера на иновации, во која тие изјавуваат дека градењето релации со надворешен придонесувач е главен извор на конкурентска предност. Додека во статијата „Зошто одржливоста е сега клучен двигател на иновациите“ авторите разговараат за развој на нови бизнис-модели како напредна фаза на развој на корпорацијата (Nidumolu, 2009). Тие посочуваат дека одржливоста и ОР бараат повисоки нивоа на стратегиски пристап и извршување засновани на софистицирани рамки, а холистичкиот модел е тој што ги исполнува овие барања. Еден од недостатоците на постојните методи на процена на одржливоста на корпорациите е дека повеќето од нив не прават разлика помеѓу степенот на примена на практиките поврзани со одржливоста и реалните перформанси за одржливост на организацијата. Ова го дискутираат Ihlen и Roper (2014), кои тврдат дека чекорите кон одржливоста не треба да бидат претставени како состојба на веќе достигната одржливост. Тие анализирале извештаи за одржливост објавени од 30 најголеми корпорации во светот и идентификувале дека организациите презентираат обиди за операционализација на одржливоста (на пр., систем за управување со животната средина, дизајн, стратегија за одржливост) како индикатор за одржливи перформанси. Оттука се јавува ризикот дека организациите што имаат практики ориентирани кон одржливост може да се смета дека се одржливи. Овој недостаток е предизвикан од недостиг на јасна и унифицирана дефиниција за одржливост на компанијата или во случај на производство, дефинирање на одржливото производство.

Вториот недостаток е употребата на несеопфатни списоци на индикатори за процена на одржливоста на корпорациите (CSA) во производството. Според Hallstedt (2017), причината за тоа е што критериумите за одржливост што се користат денес можат да бидат избрани затоа што тие се вообичаени или добро познати, на пр., намалување на емисиите на стакленички гасови. Со ваквиот пристап не се успева да се обезбеди целосна слика за одржливото производство. Друг недостаток кој многу често се јавува во практиката е ситуација кога организациите мерат што е мерливо наместо она што е важно за дадениот предмет или феномен. Во контекст на процена на одржливоста на корпорациите во производството, одржливото производство е презентирано како предмет или феномен.

Затоа, Hák et all. (2016) дискутираат за индикатори поврзани со Целите на одржливиот развој со надеж дека ќе го надминат овој недостаток. Овие два недостатоци се креирани од предизвикот да се адресираат истовремено организацискиот контекст и феноменот на одржливо производство. Употребата на стандарден сет на индикатори за одржливост може да биде неефикасна или да се занемарат некои важни аспекти поврзани со неодржливите практики или да се фокусираат на ирелевантни практики. Од друга страна, употребата на сосема различни збирки индикатори од секоја организација може да доведе до мерење на она што е најважно за индивидуалната организација, но ќе ја нема целосната слика за одржливото производство. Недостигот на оперативна дефиниција за одржливото производство и неговите критериуми е бариера за ефективна процена на одржливоста на корпорациите во производството и основна причина за недостатоците прикажани погоре. Анализата на 89 дефиниции за одржливото производство направена од Moldavska и Welo (2017) и Prod (2017) укажува дека:

- постои широко отстапување од основното разбирање на концептот за одржливото производство, т.е. бројот на прашања поврзани со одржливото производство;
- постои недоследност во разбирање на прашањата поврзани со концептот;
- постои мешавина на карактеристики поврзани со перформансите и инструменти ориентирани кон одржливост во дефинициите на одржливото производство.

Авторите гледаат на разновидноста на дефинициите како на пречка за понатамошен развој на индустријата, а прифаќањето на многу дефиниции и толкувања на концептот може да го придвижи концептот кон перцепцијата на оној што го дефинира истиот концепт. Со други зборови, некои активности што не водат кон одржливост може да бидат скриени зад некои толкувања или дефиниции за одржливото производство. Новиот метод за процена на одржливоста на корпорациите (архитектура на процена на одржливост на корпорациите (CSA) бил развиен со цел да се надмине недостигот на постојните методи за процена на одржливоста на корпорациите и да се задоволат барањата за карактеристиките на процена на одржливоста на корпорациите во рамките на транзицискиот дискурс. Архитектурата за процена на одржливоста на корпорациите била развиена со користење модел за одржливо производство заснован на сложеност. Moldavska и Martinsen (2017) го дефинираат одржливото производство (ОП) како сложена шема на однесување кон која треба да се

стреми и развива секоја производствена компанија. Овој начин на однесување е дефиниран со критериумите за ОП, како што се подобрување на оперативната ефективност, подобрување на професионалното знаење и компетентноста на вработените, зголемување на општественото богатство и намалување на дискриминацијата. Организацијата може да се смета како некој што придонесува за ОП доколку постојано се менува, а самата промена е дефинирана со критериумите за ОП. Предложената дефиниција може да им помогне на оние што работат на развивање соодветна процена за одржливост на корпорациите во производството преку обезбедување сеопфатен список со критериуми што можат да влијаат врз изборот на индикатори за одржливост за различни типови компании. Таквиот пристап предлага комбинација на процес воден од науката за дефинирање на критериуми за одржливо производство и процес воден од деловна активност за развој на индикатори за одржливост. Критериумите за одржливо производство се основа за развој на индикаторот, обезбедување процена заснована врз контекст, која мери што е важно во однос на појавата на одржливото производство.

Деловниот свет е драматично променет во последните две децении како што опсегот на социјалните, економските, политичките, етичките, технолошките и силите на животната средина кои влијаат врз деловните субјекти се интензивира и проширува за да го вклучи своето влијание. И иако има многу дискусии за намалување на потенцијалите во светот, истовремено може да се каже и дека деловните можности се проширија повеќекратно со вклучување на сите луѓе што живеат во развиените и земјите во развој. Оваа длабока промена е поддржана од многубројни стратегиски иновации, вклучително и намалување на трошоците за фабрички произведените делови и составени производи. Поврзано со тоа, синџирот на снабдување создаде потенцијална интеграција на глобалната економија, особено од економски аспект. Пред четврт век повеќето бизниси генерално им служеле на приближно една милијарда луѓе, и тоа оние што живеат во развиените земји. Денес, деловниот свет не е само глобален, туку е и побогат во обем, опсег и разновидност. Во светски рамки, има околу 7,8 милијарди луѓе кои играат улога во глобалната економија. Додека некои се активни учесници на услужните пазари, многумина се случајни минувачи кои може да се сметаат за латентни клиенти кои чекаат соодветни решенија за да ги задоволат нивните потреби во време кога тие ќе бидат достапни и се засноваат на потребите, желбите и очекувањата на луѓето што се вклучени.

Сложениот термин кој има многу значења е глобализацијата, фокусирана главно на економската размена на глобалната економија до мултидимензионални перспективи кои вклучуваат меѓусебно поврзан, интерактивен, иновативен и поодржлив деловен свет. Глобализацијата вклучува меѓусебно поврзани врски помеѓу деловните претпријатија, националните влади и невладините организации. Што е најважно, се заснова на контекстот на сите социјални, политички, етички, економски, технолошки и еколошки сили. Ограничениот поглед на глобализацијата е претставен преку спојување на националните економии во регионална економија и на крајот во глобална економија. Европската Унија (ЕУ) е пример за регионална економија која вклучува 27 држави. Тоа се држави кои ги поврзаа своите економски интереси и активности за да уживаат во економските размери и поотворени асоцијации. Целта е да се зајакне слободната трговија заснована врз транснационална соработка преку економски систем кој нема граници. На глобална основа, ограниченоста се однесува на економската размена и активности како основни сили што ја движат меѓународна трговија, деловните инвестиции и глобалниот економски систем. Преку еден ограничен поглед, глобалните корпорации се борат да ја задоволат побарувачката на клиентите и да ги исполнат стратегиските позиции засновани на очекувањата на засегнатите страни, достапноста на глобалните ресурси и можностите. Се смета дека клучни фактори за постигнување успех се економичноста, креирањето производи со висок квалитет и приспособените производи и услуги, односно оние што генерираат конкурентни предности и финансиски придобивки за вклучените субјекти. Економијата се смета за сеопфатен фактор, а пазарите и клиентите се сметаат за главни движечки сили. Основата на ограничениот поглед е недостигот на синергија помеѓу слободното претприемништво и пазарниот капитализам со законите и регулативите за животната средина, здравството и безбедноста и адекватните согледувања на моќните засегнати страни. Ashford и Hall (2011) тврдат дека големите технолошки, организациски, институционални и социјални промени, а не само инкременталната димензија, се неопходни за да се постигне одржливост, но овие промени мора да бидат посистематски и мултидимензионални. Мултидимензионални перспективи на глобализацијата вклучуваат проактивни стратегии, понудени врвни решенија, софистицирани системи за управување и иновативни методи кои се развиваат и распоредуваат за подобрување на позитивните аспекти, од една страна, и елиминација на негативните аспекти, од друга страна. Се заснова

на напредни информатичко-комуникациски технологии, поефективни и поефикасни средства и механизми за производство и транспорт на стоки од оддалечени локации до пазарите низ целиот свет, софистицирани управувачки конструкции за донесување одлуки и стратегиски иновации, особено оние што се однесуваат на нови технологии и производи во светски рамки. Мултидимензионалната перспектива вклучува подолг временски хоризонт. И додека повеќето деловни лидери, економисти и владини претставници сметаат дека пет до десет години е долг период, всушност, долгиот период во контекст на мултидимензионалната перспектива се мери во децении, а вклучува и размислувања за идните генерации. Исто така, се заснова на сознанието дека трајниот економски успех зависи од задоволување на сите субјекти и лица што се вклучени или влијаат врз деловните трансакции, а не само од клиентите. Она што е најважно е дека решенијата мора да бидат обелоденети и на тој начин да се овозможи подобрување на работата, претставувајќи ги сите позитивни и негативни елементи на отворен и чесен начин. Ваквите размислувања се составен дел на вистинската глобализација која допрва треба да биде целосно развиена. Отвореноста и чесноста играат клучна улога како внатрешни соработници (менаџмент и вработени) и надворешни учесници (клиенти и чинители) и бараат фактички податоци и информации, наместо перцепции или претпоставки. Тие сакаат нивната вклученост да се заснова на доверба која е обратнопропорционална на бирократијата. Клучно е корпорациите да избегнуваат ситуации каде што ќе бидат обвинети за таканаречена „розова перспектива“. Истото се смета за претставување позитивна слика за ситуациите или очекувани исходи кои не се засновани на реалноста или оние што се еднострани, т.е. оние што се фокусираат само на позитивните аспекти. На пример, корпорациите честопати се обвинети за таков пристап кога ги надминуваат видот и намерите при дејствувањето или преземаат дејствија преку несоодветни корпоративни комуникации. Засегнатите страни обично се претпазливи за корпорации кои немаат добри записи за постигнување позитивни резултати. Fernando (2012) дискутира за загриженоста за глобализацијата и одржливоста и тврди дека стратегиските одлуки што влијаат врз одржливоста никогаш не можат да бидат спроведени од лидери кои се во транзитирање, ниту од водачи кои по секоја цена се фокусираат на испорака на резултати за следниот квартал, што имплицитно наведува на разликите помеѓу трансакционо и трансформациско лидерство. И сѐ додека траат тие состојби и доколку глобалниот систем на наградување не се смени од опсесивност со краткорочни планови и

повторно не го калибрира неговиот фокус од краткорочни резултати за опстанок во бизнисот и во политиката до реализација на стратегиска корпоративна одржливост, одржливоста ќе остане во најдобар случај само посакуван концепт. Значи, потребно е дејствување со цел промовирање на систем на иновации наместо оптимизација, анализа на неодржливите симптоми на системско ниво, препознавање на неодржливите концепти во системот, поддршка на социјалното учење и фокусирање на истражувачката наместо на предвидливата вредност.

## 2.2 Корпоративни програми за одржливи проекти и практики

Додека корпорациите отсекогаш биле мотивирани да управуваат со деловните работи на начин кој ја подобрува профитабилноста и го продолжува животниот век на нивните компании, сега времето е променето и програмите за одржливост се приоритет. Бизнисите имаат историја на прогресивно вклучување во обезбедување на здравјето и благосостојбата на своите вработени, клиентите и заинтересираните страни. Програмите за општествена одговорност на компанијата (ООП) постојат од раните седумдесетти години. ООП се перципира како повеќе од корпоративна филантропија или обезбедување помош и придобивки од вработените. Според Светскиот деловен совет за одржлив развој: „Општествената одговорност на претпријатијата е континуирана посветеност на бизнисот да се однесува етички и да придонесува кон економскиот развој, истовремено подобрувајќи го квалитетот на животот на работната сила и нивните семејства, како и на локалната заедница и општеството во целина.“

Од деведесеттите години на минатиот век почна да се појавува тренд да се вклучи одржливоста во мисијата на корпорациите. Согласно ова, егзистираат голем број повелби што корпорациите преку деловните активности ги користат за да ги развијат своите програми за одржливост, а тука се вклучени: принципи на Коалицијата за еколошки одговорни економии (CERES) (порано принципи на Valdez) на кои им се приклучија над 80 организации, а нивната мисија е да се интегрира одржливоста на пазарот на капитал, повелбата на меѓународната трговска комора (ICC) за одржлив развој и стандардот 14000 и

14001 на Меѓународната организација за стандардизација (ISO), кој ги води корпорациите во развој на програми за управување со животната средина.

Со текот на времето и под притисок на развојните процеси кои се случуваа корпорациите ги проширувaa своите социјални улоги, а како резултат на тоа се зголемуваа и движењата на ООП и нагонот кон одржливост. Според Gorte (2007), корпоративна одговорност е идеја чие време е пристигнато, а видливо е дека сѐ повеќе компании мислат дека тоа не е само филозофија, туку исто така е корисно за бизнисот. Во целиот тој процес на развој важноста на корпоративното раководство не може да се потцени и се смета за инкремент. Според Bell (2002), преземајќи го водството, корпорациите можат да го придвижат општеството кон одржливост многу поефикасно и со помалку превирања од владите и законодавството. Односно, компаниите со сопствена визија кои ќе помогнат во обликувањето на иднината ќе имаат многу поголема шанса за препознавање на можностите од оние што само реагираат на промените. Додека Forrest (1996) дополнително објаснува дека организациската одржливост во себе ги инкорпорира зачувувањето на незаменливите ресурси и втората цел на одржување на животната средина. Во обид да се примени концептот на одржливост во бизнисот, Dyllick и Hockerts (2002:131-132) го дефинираат концептот на одржливост „како задоволување на потребите на фирмата, односно на директни и индиректни засегнати страни (како што се акционери, вработени, клиенти, заедници итн.) без да се загрози нејзината способност да ги задоволи и потребите на идните заинтересирани страни". За таа цел, тие сугерираат дека фирмите треба да ја одржат и развиваат својата економска, социјална и еколошка основа за создавање капитал. Додека одредена компанија велиме дека ќе престане да постои откако ќе се исцрпи нејзиниот економски капитал, компанијата всушност може да стане функционално неодржлива долго пред да се случи тоа.

Dyllick и Hockerts (2002) потенцираат збир на дефиниции во однос на корпорациите и нивната економска, еколошка и социјална одржливост каде што во однос на економската одржливост на компанијата дефинираат дека економски одржливите компании гарантираат во секое време проток на готовина која е доволна за да се обезбеди ликвидност, а притоа да се создадат натпросечни приноси за нивните акционери, а еколошката одржливост на компанијата потенцира дека еколошки одржливите компании користат само природни ресурси што се трошат по стапка под природната репродукција или по стапка под развојот

на супституτите. Тие не предизвикуваат емисии што се акумулираат во животната средина со брзина која е поголема од капацитетот на природниот систем да ги апсорбира и асимилира овие емисии и конечно, тие не се вклучуваат во активности што го деградираат екосистемот. Корпоративната социјална одржливост ѝ додава вредност на заедницата во која дејствува преку зголемување на човечкиот капитал на индивидуалните партнери, како и унапредување на општествениот капитал на овие заедници. Тие управуваат со социјалниот капитал на таков начин што засегнатите страни можат да ги разберат нивните мотиви и широко да се согласат со системот за вредности на компанијата.

И додека пошироките дефиниции за одржливоста се релативно нови, лидерите во деловниот свет се појавуваат како активни поборници на одржливоста. Поранешниот извршен директор на Monsanto, Richard J. Mahoney, коментира: „Наша обврска е да постигнеме одржлив развој за доброто на сите луѓе во развиените, но и во помалку развиените земји и компаниите треба да го поправат минатото и да обезбедат неопходна технологија за да им служат на луѓето во светот во иднина без да остават неред“. Притоа корпорациите научија дека фокусот на економската одржливост на деловните субјекти е неадекватен пристап за нивната долгорочна способност за успешно работење и одржливост (Gladwin et al., 1995). Мултинационалните корпорации станаа вообичаена практика бидејќи компаниите се обидуваат да ги намалат трошоците и да ги интернационализираат нивните бизниси. До 1993 година истражувањето на Обединетите нации спроведено врз 169 мултинационални корпорации покажало дека 43% имале изјави за еколошка политика што ги обврзувале на општествена одговорност при управувањето со влијанијата врз животната средина (United Nations, 1993). Во наредниот период, односно до 1999 година над 130 големи корпорации биле членки на Светскиот деловен совет за одржлив развој. А согласно Friedman (2005: 293), ќе има многу работни места што ги содржат зборовите „одржливи“ и „обновливи“ и тоа ќе биде огромна индустрија во 21 век. Развојот на меѓународното влијание при работењето во бизнисот и индустријата нуди можност да се намалат трошоците на производот и производството со пренесување на производството во земји каде што трошоците за производство се минимизираат. Согласно Friedman (1963), сега е можно да се произведе производ на кое било место, користејќи ресурси од каде било, од компанија лоцирана на кое било место и да се продава на кое било место. Преместувањето на производните компоненти и готови производи низ светот е скапо и енергетски интензивно.

Но треба да се има предвид фактот дека регулативите за животната средина и нивното спроведување варираат во различни земји. Глобалните компании честопати се во искушение да бараат локации каде што почитувањето на законот, правилата или обврските во однос на заштита на животната средина не се строги и тешко изводливи.

Денес, Целите на одржливиот развој се официјализирани во деловната повелба за одржлив развој, спонзорирана од Меѓународната трговска комора. Повелбата, изготвена во 1991 година, се однесува, пред сè, на аспектите на влијание на животната средина во здравството, безбедноста и управувањето. Целите ги обврзуваат деловните субјекти да ги подобрат нивните еколошки перформанси. Да воспостават практики за управување со кои ќе се изврши подобрување, односно ќе се започне со мерење на нивниот напредок, а воедно и ќе се обелодени нивниот напредок соодветно како внатрешно така и надворешно**.** Она што е значајно да се истакне е дека повелбата ги прикажува шеснаесетте принципи кои опфаќаат различни аспекти на одржливост, вклучително и промена на практиките на управување, процена на влијанијата врз животната средина, инкорпорирање на принципи на претпазливост, ефикасно користење на материјали и ресурси, овозможување трансфер на технологија, транспарентност во известувањето, подобрување на работењето на објектите, минимизирање на отпадот итн. Оттаму се констатира дека напорите на Меѓународната стопанска комора се импресивни, а атестат е изјавата на Bjorn Rosengren, извршен директор на ABB групацијата, кој потврдува дека ABB има пристапено сериозно и холистички со цел да го изгради својот EMS (Environmental Management System, Систем за управување со животната средина) околу шеснаесетте принципи на повелбата тврдејќи дека нема подобар пакет на упатства.

Корпоративното граѓанство се обидува да ги адресира социјалните проблеми со помош на филантропија, надворешни релации со засегнатите страни (Miller, 1998) или други средства. Berry и Rondinelli (1999) откриле дека корпорациите и сојузите што тие ги создаваат можат да промовираат корпоративно граѓанство за одржлив развој, истовремено намалувајќи ги неповолните влијанија врз животната средина во локалните заедници од деловното работење. Притоа откриле дека пристапите вклучуваат:

1) Развој на процеси и технологии за чисто производство и спречување на загадувањето.

2) Истражување на неутрални или корисни производи од животната средина.

3) Зачувување на природните ресурси.

4) Подобрување на условите во животната средина низ целиот свет.

Во крајна линија, корпорациите прераснуваат во одговорно корпоративно граѓанство кое ја турка напред агендата на одржливоста и активно ги промовира програмите за одржливост. Според Edwards (2011), секторите услуги и производството се менуваат од исполнување на стандарди за усогласеност со животната средина кон реализирање на конкурентската предност преку осмислување и спроведување одржливи деловни стратегии. И наместо да се гледа како пречка за развој на бизнисот, одржливите практики, вклучително и еколошките, економските и социјалните деловни предизвици, сега се сметаат за деловни можности. Оваа перспектива претставува нова парадигма во корпоративната филозофија, а е дефинирана како револуционерна промена. Сепак, во обид да се исполнат економските и финансиските цели на компанијата, остануваат тензијата и конфликтот со социјалните цели на компанијата - вклучително и целите поврзани со одржливоста на компанијата. На пример, зачувувањето на ресурсите може да вклучува инсталирање на поефикасна опрема и подобрување на ефикасноста на енергијата во постојните системи. Откако ќе се воспостави механичка инфраструктура, неопходни се капитални инвестиции за подобрувања. Но и покрај потребата за подобрување на ефикасноста, донесувањето одлука за инвестиција за замена на инфраструктурата може да биде тешко и конфликтно со образложение дека трошоците ги надминуваат придобивките на краток рок. Како можно решение за надминување на идентификуваниот проблем и на тој начин сведување на трошоците во рамките на разумно вложување кои не отстапува значително во однос на придобивките на краток рок се таканаречените програми за заедничка заштеда, со кои подобрувањата се спроведуваат преку ангажман на трета страна која во процесот заемно се искористува, а трошоците се споделуваат и на тој начин се преполовуваат.

Кога се воспоставени цели за одржливост на компанијата, може да се донесат одлуки и да се преземат активности, што ќе доведе до финално достигнување на овие цели. Денешните корпорации се соочуваат со зголемени очекувања за преземање активна улога во исполнувањето на светските еколошки и социјални предизвици. Програмите за одржливост на компаниите се развиваат, а компаниите и нивните лидери сè повеќе ја препознаваат важноста на одржливоста за иднината на нивниот бизнис. Додека во почетокот

многу иницијативи за корпоративна одржливост се појавија затоа што организациите сметаа дека мора (како одговор на барањата за усогласеност) или дека треба да ги имаат (како поддршка за изјавите за корпоративни вредности), повеќето од организациите сега сакаат да распоредат програми за одржливост за да се собере поголема вредност за акционерот. И наместо напорите за одржливост да се третираат исклучиво како одговор на законските и регулаторни барања, повеќето организации сега ги интегрираат активностите за одржливост во управувањето со ризикот, репутацијата, генерирањето заштеда преку намалување на трошоците и гарантирањето долгорочна профитабилност и конкурентска предност. Програмите за одржливост на компаниите, исто така, се прошируваат согласно големината на компанијата и индустрискиот сектор на кој му припаѓаат, така што организации од сите видови и големини сѐ повеќе спроведуваат програми и практики за одржливост.

Истражувањето спроведено со организациски лидери од страна на Nidumolu, et all. (2009), а кое ја дефинира одржливоста како разгледување на еколошки или социјални прашања во процесот на создавање вредност заедно со финансиските перформанси на претпријатието, им поставило на испитаниците прашања во четири области:

1. Поттикнување и стратегија за одржливост.
2. Обем и приоритети на програмата за одржливост.
3. Мерење, известување и уверување.
4. Инволвирање на финансиската функција.

Како што е наведено во делот за методологија на крајот од извештајот, резултатите прикажуваат поголем степен на интерес за одржливост кај испитаниците што се одлучиле да учествуваат во истражувањето, што не значи дека е правило и се однесува на целата популација. Интенцијата била да им се помогне на организациите да го затворат јазот помеѓу она што го поседуваат од перспектива на одржливост и она што им треба за достигнување на одржливост. Во прилог се достапни резултати од истражувања направени во мали, средни и големи претпријатија и нивниот однос, приоретизирање и пристап во однос на одржливоста.

**Графикон 1: Критички двигатели на одржливост - мали и средни компании (МСП)**




Извор: AICPA,CICA and CIMA (2010), *Evolution of corporate sustainability practices;* Chartered Institute of Management Accountants, p.5

**Графикон 2: Критички двигатели на одржливост – кај големи компании**




Извор: AICPA,CICA and CIMA (2010), *Evolution of corporate sustainability practices,* Chartered Institute of Management Accountants, p.5

**Графикон 3: Елементи на одржливост - голема важност**




Извор: AICPA,CICA and CIMA, (2010), *Evolution of corporate sustainability practices,* Chartered Institute of Management Accountants, p.9

Меѓу сите испитаници од анкетата, усогласеноста и регулаторните барања остануваат најчесто цитираниот критичен двигател и за големите компании (34%) и за малите и средни претпријатија (24%). Испитаниците од МСП ги идентификуваат ефикасноста и заштедата на трошоците (19%) како втор најчест двигател. Вториот критичен

двигател за рангирање кај големите компании се репутацијата и управувањето со ризик за брендот (32%), проследено со постигнување конкурентска предност и долгорочна профитабилност, ефикасност и заштеда на трошоци, сет на вредности на компанијата, односно побарувањата на клиентите за одржливи производи.

Додека одредени компании и нивните лидери за одржливост во моментов би ги идентификувале конкурентската предност или профитабилноста како примарен двигател на нивните програми за одржливост, тоа всушност не било случај за некои од тие компании во минатото. На пример, одредени компании првично не ги започнале своите програми за одржливост имајќи ја предвид профитабилноста. Напорите за одржливост на одредени организации и компании потекнуваат како одговор на движењето Протест за зачувување на животната средина. А успехот од првичната иницијатива подоцна им овозможил на компаниите да ја додадат профитабилноста како крајна перспектива на нејзините можности за одржливост.

## 2.3. Одржлив дизајн: концепти, методи и практики

Одржливиот дизајн се обидува да ги намали негативните влијанија врз животната средина, здравјето и удобноста на жителите, а со тоа да ги подобри перформансите. Основните цели на одржливоста се да се намали потрошувачката на необновливи ресурси, да се минимизира отпадот и да се создадат здрави, продуктивни средини. Принципите на одржлив дизајн вклучуваат можност за (Guillette, 2016):

- Оптимизирање на потенцијалот на средината;
- Минимизирање на потрошувачката на необновлива енергија;
- Користење еколошки претпочитани производи;
- Заштита и зачувување на водата;
- Подобрување на квалитетот на животната средина во затворените простории; и
- Оптимизирање на оперативните практики.

Користењето на филозофијата на одржлив развој при дизајнот ги охрабрува одлуките во секоја фаза од процесот на дизајнирање. Тоа ќе ги намали негативните влијанија врз

животната средина и здравјето на жителите, без компромитирање на крајната цел преку интегриран, холистички пристап кој поттикнува компромис. Таквиот интегриран пристап позитивно влијае врз сите фази на животниот циклус на градбите, вклучително и дизајнот, конструкцијата, работењето и деактивирањето. Различни пристапи се ставени во функција за помош на одржливоста почнувајќи од оние што се фокусираат чисто на инкрементални дизајни, како што се подобрување на постојните производи или редизајн, до оние што резултираат во порадикални иновации, како што се развој на нови концепти или движење кон иновации на системот. Дизајнот на одржливост е креиран со намера да се постигнат одржливи резултати. Дизајнот е тој што ги зема предвид влијанијата врз животната средина и социјалното влијание на производот, услугата или системот и тоа на исто ниво на кое се разгледуваат и економските проблеми (Bhamra и Lofthouse, 2007).

Во рамките на дизајнерските проекти мора да се согледа таа холистичка перспектива, земајќи ги предвид сите фази на животниот циклус на производот, услугата или системот од екстракција на суровини, производство, дистрибуција и употреба до сценарија за крајот на животниот циклус на продуктите кој влијае врз резултатите во самиот процес на дизајнирање. Оваа системска идеја ги натера јавните и приватните иницијативи за одржливост да го свртат вниманието кон дизајнот за одржливост како мотор на позитивна трансформација. Од една страна е подобрувањето на еколошките перформанси на производите, услугите и системите, зголемувањето на енергетската ефикасност, поттикнување употреба на рециклирани материјали или намалување на употребата на токсични материи, а од друга страна, социјален бенефит поврзан со прашања како што се употребливост, фер извори, дизајн за човечки потреби и општествено одговорна употреба на производи и услуги. Затоа се потенцира дека дизајнот на одржливост има голем потенцијал да ги промени изградените ставови и однесувањето како крајна дестинација од процесот на созревање. Во рамките на радикалната димензија на иновацијата, дизајнот на одржливост може да помогне да се дефинира нова насока, нови начини на живот и нови начини за идентификување и задоволување на потребите на луѓето преку еколошки ефикасни, социјално правични и профитабилни начини. Дизајнот на одржливост може да одговори на потребата за изнаоѓање нова насока во начинот на кој се произведуваат и консумираат производите и услугите низ целиот свет. Дизајнерите треба да ја апсолвираат оваа нова насока за да ги реализираат своите проекти и да влијаат преку дизајнот и врз

другите организациски димензии во заедниците, во приватните и јавни тела. Дизајнот на одржливост може да се опише како патување, расчленет на различни фази, преминувајќи од инкрементални дизајни кон радикални иновации (Brezet, 1997).

Во организациска смисла, има потреба од структурни промени наместо едноставно користење на нови технологии за да се постигне поодржлив бизнис. Се испитуваат нови сценарија на деловното работење со поголема економска, социјална и еколошка вредност наместо намалена употребата на ресурси (Rainey, 2006). Дизајнот има голема улога во оваа организациска трансформација кон одржливи бизниси. Утврдено е, на пример, дека речиси осумдесет проценти од трошоците за развој, производство и употреба на производи се утврдени во фазата на дизајнирање (Mascle и Zhao, 2008). Значи, колку порано се разгледуваат еколошките и социјалните фактори во процесот на дизајнирање, толку се поголеми можната заштеда и позитивните перформанси на производот. Тоа со други зборови значи инкорпорирање на одржливоста во стратегијата или стратегиско планирање на одржливоста.

Вклучувањето на еколошки и социјални фактори може да се изврши преку постепени иновации, како што се дизајн за лесно расклопување или намалување на пакувањето, но може да се изврши и на порадикални начини, како што се дизајнирање нови деловни концепти како што се продукт-сервисните системи. Оваа идеја за различните правци за започнување со дизајнирање за одржливост е претставена на слика 4. Ова имплицира дека патувањето може да започне во која било фаза и дека ако е порадикален пристапот, може да се вклучи и поголем број на помалку радикални промени. На пример, иновациите во системот вклучуваат концепти, алатки и принципи од подобрување, редизајн и нови концепти, но разгледани од поинаква гледна точка.

**Слика 4: Различни пристапи кон започнување на дизајнот за одржливост**




Извор. European Economic and Social Committee, Sustainable Development Observatory, (2019), https://www.eesc.europa.eu/en/our-work/publications-other-work/publications/european-circular-economy-stakeholder-platform-0; пристапено на 11.09.2020

Работната дефиниција за одржлив дизајн е: земање предвид на сите еколошки, социјални и економски проблеми во системите на производи и услуги, задоволување на потребите на сегашноста, но без да се загрози можноста на идните генерации да ги задоволуваат своите потреби (Keitsch, 2011). Оваа дефиниција подразбира разгледување на различни технички и функционални нивоа, како што се минимизирање на негативните влијанија врз животната средина преку подобрување на ефикасноста и умерена употреба на материјали, енергија и простор за развој. Мерките и алатките за поврзување на дизајнерското решение со климата, регионот и културните услови се исто така еднакво важни. Со цел да се утврдат хармонични интеракции помеѓу корисниците, производите и понудените услуги, неопходна е и добра и соодветна понуда каде што, на пример, *зелените* производи и услуги треба да бидат добро дизајнирани, лесни за употреба и атрактивни.

Нов ветувачки аспект во концептот на одржлив дизајн е тоа што денес се става поголем акцент на пристапот концентриран на корисникот и начините на елаборирање на решенијата со вклучување на засегнатите страни. Дизајнот на концепт на одржливост може, покрај тоа што има еколошки предности, да се гледа и како катализатор за унапредување на

социјалната одржливост - воден од принципот дека решението за дизајн навистина не се смета за одржливо сè додека не биде прифатено од корисниците. Одржливоста може да се инкорпорира во дизајнот, во текот на сите фази на дизајнерскиот процес, а развиени се и применети многу алатки за поддршка на таквите напори. Некои од нив се дизајн за животна средина, дизајн на ресурси и енергија и дизајн на одржливост. Дизајнот за животна средина вклучува разгледување на влијанието врз животната средина во текот на целиот процес на дизајнирање и претставува интегрална компонента на дизајнирањето одржливост. За да се развие холистичко и сеопфатно разбирање на влијанијата врз животната средина, нормално, треба да се разгледа целосниот животен циклус на производот или процесот. А следењето на тој процес неминовно доведе до развој на процена на животниот циклус (LCA). LCA е алатка за подобрување на еколошките перформанси на процесите и системите, и често се користи во работата за достигнување одржливост. Во процената на животниот циклус, влијанијата врз животната средина на производот или услугата се анализираат низ сите фази од неговиот живот, со цел да се намали штетата врз животната средина, делумно преку подобрување на нејзиното зачувување и ефикасноста на ресурсите.

Процената на животниот циклус се состои од четири чекори, и тоа: *дефинирање на целта и обемот, анализа на инвентарот во текот на животниот циклус, процена на влијанието и толкување* (Rosen, 2002). Стратегиите за дизајн и избор на производи, материјали, процеси, нивна повторна употреба, рециклирање и конечно отстранување може да се добијат со LCA. LCA се користи и во спречување на загадувањето и во напорите за зелен дизајн. LCA е инкорпориран во ISO сериите од 14040 стандардите. Процената на животниот циклус често се користи заедно со процена на токсичноста и потенцијалот на ризик за поттикнување на одржливоста на производството.

Одржливоста е применета во многу полиња поврзани со производството, вклучително и производство и употреба на енергија и други ресурси. Од гледна точка на искористување на ресурсите Smith и Rees (1998) го опишуваат одржливиот развој како модел на употреба на ресурси чија цел е да ги задоволи човековите потреби при зачувување на животната средина за да можат овие потреби да бидат исполнети сега, но истовремено и да бидат достапни за идните генерации. Концептот на енергетска одржливост може да се гледа со примена на општите дефиниции за одржливост на енергијата, но тој е всушност покомплексен. Енергетската одржливост вклучува обезбедување на енергетски услуги на

одржлив начин. Значи, да се обезбедат енергетски услуги за сите луѓе на начини кои ќе гарантираат дека се задоволени основните потреби со употреба на средства што се прифатливи и не ѝ штетат на животната средина, односно се прифатливи за луѓето и заедницата. Дизајнот на одржливост овозможува инкорпорирање на Целите на одржливост во дизајнерските активности. Иако е во зачеток, интересот за дизајн за одржливост расте. Идентификувани се неколку пристапи насочени кон дизајнирање на одржливост, вклучително и следново: Трипартитен пристап кон основата на дизајнот за одржливост кој е опишан од McDonough и Braungart (2002), во кој фирмите ги балансираат традиционалните економски цели со социјалните и еколошките проблеми.

Еколошки ефикасните стратегии, кои се фокусираат на одржување или зголемување на вредноста на економското производство, додека го намалуваат влијанието врз еколошките системи, се испитани од Braungart et all. (2007), а врската помеѓу распоредувањето на функцијата на квалитет, анализата на животниот циклус и процената на контингентот е појдовна точка, при што овие фактори се споредуваат со подготвеноста на клиентот да плати за еколошки бенигните производи преку таканаречените Пигуеви даноци. Повеќето од авторите сметаат дека методологиите за дизајн на одржливост не се соодветни и дека се потребни многубројни подобрувања. Додека Morgan и Liker (2006) сугерираат инженерски пристап во рамките на истенчените системи за развој на производи при менаџирање со развојот на продуктите, истакнувајќи дека компаниите како „Хонда“ и „Тојота“ веќе користат таков пристап. Овој пристап дозволува да се испитаат алтернативите на дизајнот во текот на целиот процес на развој на производот и да се проценат трошоците и придобивките од дизајнот за проблеми со одржливоста. Овие придобивки делумно произлегуваат од фактот дека развојот на чисти производи се фокусира на клучните потреби на клиентите и производствените способности и има тенденција да избегнува грешки и да го подобрува квалитетот. Johnson и Srivastava (2008), исто така, сугерираат дека е потребна пософистицирана инклузија на прашањата за животната средина и одржливоста во ограничувањата и параметрите на дизајнот за да се добие поширок спектар на алтернативи за дизајнирање. Со тоа ќе се овозможи процена на ефектот на одржливост врз цената на производот, комплексноста на проектот и дизајнот на процесот на еден посеопфатен холистичен начин кој е управуван со користење база на податоци.

## 2.4 Одржливи синџири на снабдување и одговорна потрошувачка

Управувањето со синџирот на снабдување (SCM) е управување со производи или услуги од фазата на дизајнирање до различните фази на производство. Почнувајќи од екстракција на суровини, а завршувајќи со испорака на производот или услугата до крајниот потрошувач и, на крајот, фаза на повторна употреба, рециклирање или отстранување, во зависност од производот или услугата, индустриите и деловните модели на фирмите. Тоа вклучува управување со материјали, информации и проток на капитал, како и управување со човечки ресурси за доставување на производот или услугата до потрошувачите по ниска цена, брзо и на вистинското место, истовремено обезбедувајќи го квалитетот на производот или услугата. Одржливото управување со синџирот на снабдување (SSCM) е управување на начин што ги интегрира целите и барањата за одржливост дефинирани од фирмата, добавувачите, клиентите и надворешните чинители како, на пример, потрошувачите, креаторите на политики, здруженијата итн. Овие цели на одржливост вклучуваат економски, социјални, еколошки и етички цели што мора да ги постигнат сите членови од синџирот на снабдување за да се направи синџирот на снабдување одржлив. Менаџментот со снабдувачки синџири обично се дефинира како „*системска, но пред сè стратегиска координација на традиционалните деловни функции, како и тактиките низ овие деловни функции во рамките на одредена компанија, од една страна, а преку деловните субјекти во снабдувачкиот синџир, од друга страна, со цел подобрување на долгорочните перформанси. на одделните компании и на синџирот на снабдување како целина* (Mentzer et all., 2001, стр.18).

SCM обично се состои од управување со мрежа на бизниси и даватели на услуги, вклучувајќи производители на суровини, производители на компоненти, производители на производи, трговци и потрошувачи. Притоа, централните оддели за управување со синџирот на снабдување во рамките на секоја фирма се одделите за логистика, производство и набавки. Потребни се исклучителни напори и соработка за да се синхронизираат операциите во рамките на секоја фирма, но и помеѓу фирмите, така што производот или услугата ќе се испорача навреме и ќе одговара на барањата на потрошувачите во однос на квалитетот, брзината и трошоците. И додека SCM е добро утврдено поле на истражување кое ги инкорпорира транспортот, управувањето со мрежата или планирањето на побарувачката,

тоа не е случај со одржливото управување со синџирот на снабдување (SSCM). Затоа, за да се дефинира SSCM, најголемиот дел од научната работа за SSCM се фокусира на трите столба на одржливост дефинирани во извештајот Brundtland како социјални, еколошки и економски столбови (WCED, 1987) или на Tripple Bottom Line (TBL) воведена од Elkington (1997), како и Carter и Rogers (2008). Одржливото управување со синџирот на снабдување според Seuring и Müller (2008, стр.1700) се дефинира како: „*Управување со материјалните, информатичките и капиталните текови, како и соработка меѓу компаниите по должината на синџирот на снабдување, притоа вклучувајќи цели од сите три димензии на одржливиот развој, односно економски, еколошки и социјални, кои се земени предвид од барањата на клиентите и засегнатите страни*“.

Иако постојат многу различни поттеми што му претходат на терминот SSCM, се смета дека една од значајните премиси на SSCM е обратната или спротивна логистика која овозможува да се согледа како да се намалат влијанијата врз животната средина на SC со идентификување спротивен или обратен проток на производи. Според извештајот на Brundtland од Светската комисија за животна средина и развој (WCED), одржливоста е дефинирана како развој што ја задоволува потребата на сегашните генерации без да ги наруши потребите на идната генерација (WCED, 1987), додека за Elkington (1997), компаниите треба да ги земат предвид целосните трошоци на нивните активности, т.е. профитот, луѓето и планетата, за да прикажат дека се одржливи. Сепак, постојат разлики во разбирањето на овие поими од страна на различни засегнати страни во општеството, а конкретниот напредок кон поодржливи деловни активности е многу бавен и ограничен, особено поради недостигот на упатства за операционализирање на одржливоста во компаниите (Baumgartner и Rauter, 2017).

Со зголемувањето на глобалните трговски активности и сродните ризици на SC од финансиска, социјална и еколошка перспектива, одржливото управување со синџирот на снабдување станува стожер при дејствувањето (Teuscher et all., 2006). Управувањето со овие ризици, всушност, е начин како компаниите да ги подобрат долгорочните економски перформанси (Carter и Rogers, 2008). SSCM се состои во интегрирање на одржливоста во различните фази на SC, односно дизајнирање на производи, набавки, производни процеси, пакување, складирање, транспорт и операции за враќање на производот (Linton et all., 2007). По аналогијата на Vong et all. (2015), SSCM може да се смета како процес споен заедно со

SC со интегрирање внатрешна одржливост на SC, интегрирање одржлив синџир на снабдување од добавувачите, интегрирање одржлив синџир на снабдување на клиентите и интегрирање одржлив синџир на снабдување на заедницата. За одржливо управување со синџирите на снабдување, важно е да се интегрира одржливоста на различни стратешки нивоа на SC преку механизми на управување и врвен менаџмент, на оперативно ниво, на ниво на производ или услуга, како и преку партнерите на снабдувачките синџири.

**Слика 5: Интегрирање одржливо управување со синџирот на снабдување на сите стратегиски нивоа (UNFPA)**




Извор. UNFPA (2020), https://www.unfpa.org/resources/unfpa-sustainable-development-goals-01; пристапено на 08.05.2020

Механизмите на управување со SSCM се воспоставени меѓу партнерите во синџирот на снабдување, а се реализираат преку одборот на директори и врвниот менаџмент, преку партнерства помеѓу две или повеќе компании и преку репрезентативни организации како федерации. За одржливо управување со SC, од суштинско значење е ***одржливоста да се смета како вредност*** од највисоко ниво за организациите и да претставува дел од мисијата и визијата на секоја организација. Одборот на директори, акционерите и врвниот менаџмент треба да се вклучат преку подигнување на свеста, развојот на политики за одржливост, користење алатки како што се кодекси на однесување, обука на луѓе итн. На ниво на синџир на снабдување, овие политики, активности и партнерства за одржливост треба да се координираат за на најефективен и најефикасен начин да се управува со протокот на

материјали, информации и капитал во различните фази на SC. На пример, дизајн, набавка, производство и интегрирање на интересите и барањата на засегнатите страни на краток и на долг рок, додека се одржуваат или подобруваат профитабилноста, конкурентноста и еластичноста на организациите (Ahi и Searcy, 2013).

Интегрирањето на одржливоста на оперативно ниво значи интегрирање на одржливоста во сите оддели на компанијата, како што се финансии, информатичка технологија, сметководство или маркетинг. Притоа, за да се направи SC одржлив, неопходно е да се вклучат сите оддели што играат улога во планирањето на активностите, набавките, внатрешните и надворешните логистички активности, фазите на производство и употреба (Badurdeen et al., 2009). За таа цел, некои клучни функции во SC, како функцијата набавка, се поддржани со одредени дефинирани норми. ISO 20400 е една од овие норми што водат кон одржливи практики за набавки (ISO, 2017). Оваа норма е поврзана со ISO 26000 (примената на ISO 26000 се смета како начин за процена на посветеноста на организацијата кон одржливоста и процена на нејзините целокупни перформанси), при што таа не е направена само за да се интегрира одржливоста во практиките за набавки на фирмите, туку и да ги инволвира засегнатите страни кои се вклучени или се под влијание на одлуки и активности поврзани со набавки (ISO, 2017). Интегрирањето на одржливоста на ниво на производ значи дека одржливоста треба да биде дел од дизајнот на производот или услугата за ограничување или елиминирање на неговите негативни влијанија врз животната средина и социјалната сфера за време на неговото производство, употреба и фаза на крајот на животот. За да се обезбеди ова, може да се користат алатки за процена на животниот циклус на животната средина (E-LCA) и процена на социјалниот животен циклус (S-LCA). LCA гледа на влијанието што производот го има врз луѓето кои комуницираат со животниот циклус на производот (Dreyer и сор., 2010). И додека LCA ги разгледува тие влијанија за време на фазата на употреба на ресурси и материјали, компоненти и полупроизводи, производство, употреба, одржување, рециклирање и отстранување, E-LCA и S-LCA сепак се разликуваат во однос на нивното ниво на примена, па така E-LCA се фокусира на процесите, а S-LCA се фокусира на компанијата и нејзините влијанија врз засегнатите страни.

Интегрирањето на одржливоста на ниво на производ или услуга е особено важно затоа што производот или услугата е често единствената точка за контакт помеѓу

компанијата и крајниот потрошувач. Затоа и проценета на одржливоста на компанијата од гледна точка на потрошувачот велиме дека може да се идентификува преку карактеристиките на даден производ или услуга. Во однос на Целите на одржливиот развој (SDG), SSCM е многу важен концепт бидејќи се занимава со широк спектар на цели, со што SSCM директно може да ја поддржи транзицијата кон одржлива иднина на глобално ниво.

**Табела 1: Поврзувања помеѓу SSCM и SDG**

| | |
|---|---|
| 1. Да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде | • Обезбедување системи за социјална заштита и дадена е минимална плата за сите вработени по должината на синџирот на снабдување<br>• Изградба на партнерство со локални организации за поддршка на ранливите групи |
| 2. Да се стави крај на гладот, да се постигне безбедност на храната и подобрена исхрана и да се промовира одржливо земјоделство | • Развивање и употреба на системи за управување за да се обезбеди безбедност на храната во синџирите за снабдување со храна<br>• Локално снабдување, истовремено почитувајќи ги потребите на локалното население (на пример, пристап до вода)<br>• Извор локално, истовремено почитувајќи ги потребите на локалното население (на пример, пристап до вода) |
| 3. Обезбедување здрав живот и промовирање благосостојба за сите на сите возрасти | • Користење системи за управување со здравје и безбедност на целиот синџир на снабдување<br>• Подигнување на стандардите за здравје и безбедност и услови за работа по должината на синџирот на снабдување (на пример, во економиите во развој, во партнерство со институциите на локалната самоуправа и претставниците на вработените) |
| 4. Обезбедување инклузивно и правично, квалитетно образование и промовирање на можностите за доживотно учење за сите | • Учество во создавањето училишта каде што нема<br>• Учество во развојот на транспортните услуги за да ги доведеме децата на училиште (на пример, изградба на патишта) |

| | |
|---|---|
| | • Предлог-програми за доживотно учење на вработените по должината на синџирот на снабдување |
| 5. Постигната родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки | • Истакнување на женските вештини потребни за SSCM за да се привлечат повеќе жени |
| 6. Обезбедена достапност и одржливо управување со вода и канализација за сите | • Користење и развивање интегрирани системи за управување со водни ресурси (на пример, намалена потрошувачка на вода, обезбеден правилен третман на вода)<br>• Развиен пристап до вода за локалното население каде што е потребно<br>• Едуцирање на вработените за употреба на вода по должината на синџирот на снабдување |
| 7. Обезбеден пристап до достапна, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите | • Користење и развивање системи за управување со енергија (на пример, заштеда на енергија кога е можно, намалено влијанието на транспортот, приспособени технологиите за производство) |
| 8. Промовирање одржлив, инклузивен економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите | • Ангажирање локални луѓе<br>• Обезбеден фер надомест според меѓународни и локални стандарди<br>• Ревизорски страници и добавувачи за условите за работа |
| 9. Изградба на еластична инфраструктура, промовирање инклузивни и одржливи индустријализации и поттикнување иновации | • Споделување ресурси (на пример, бази на податоци, трошоци за истражување и развој)<br>• Соработка со партнери во синџирот на снабдување за поттикнување на иновациите |
| 10. Намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите | • Поддршка на развојот на практики за фер награда по должината на синџирот на снабдување<br>• Развивање кодекси на однесување, графикони за сите членови на синџирот на снабдување |
| 11. Направени градови и населби меѓу луѓето, вклучени, безбедни, еластични и одржливи | • Учество во дискусии за урбанистичко планирање и состаноци со локалните власти за да се зголеми пристапот до безбедно и достапно домување за вработените по должината на синџирот на снабдување |

| | |
|---|---|
| 12. Обезбедување одржлива потрошувачка и модели на производство | • Развивање практики на SSCM не само во развиените економии каде што свеста е висока, туку и во економиите во развој |
| 13. Преземање итни мерки за борба против климатските промени и влијанија | • Да се направи транспортот поефикасен |
| 14. Зачувување и одржливо користење на океаните, морињата и морските ресурси за одржлив развој | • Користење моќ за преговарање за промена на практиките |
| 15. Заштита, обновување и унапредување на одржливо користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустошувањето и запирање и обратна деградација на земјиштето и запирање на загубата на биодиверзитетот | • Користење одговорни норми за набавка (на пример, ISO 20400) |
| 16. Промовирање на мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правдата за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа | • Развивање и спроведување етички кодекси<br>• Обезбедена слобода на говор во случај на неправда |
| 17. Зајакнување на средствата за имплементација и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој | • Вклученост на засегнатите страни<br>• Изградба на јавно приватни партнерства кога е применливо<br>• Развивање/зајакнување на индустриските стандарди за практики на одржливост |

Извор. Kodiak Rating Community (2017), https://kodiakrating.medium.com/global-supply-chains-and-uns-sustainable-development-goals-a-relationship-of-reciprocity-9a520b7bc0e8; пристапено на 12.07.2020

Во табелата се претставени само неколку идеи и примери за тоа како SSCM може да придонесе за реализација на SDG. Сепак, треба да се нагласи дека SCM стои зад секој производ и услуга што се произведува и испорачува, што значи дека SCM има клучна улога во денешното потрошувачко општество. Во сите активности што можат да се преземат, треба да се биде свесен за разновидноста на институционалните контексти, регулативи,

норми, вредности, верувања, култури итн. за кои е потребен пристап (bottom up) оддолу-нагоре, а не само пристапи одгоре-надолу. Тоа е со цел да се избегне секаков вид модерна колонизација и неочекувани влијанија што би биле контрапродуктивни при преминот кон одржлива иднина.

Одржливото управување со синџирот на снабдување (SSCM) го дефинираат (Kannan и Govindan, 2018) како збир на менаџерски практики кои го вклучуваат:

- Влијанието врз животната средина како императив;
- Разгледување на сите фази низ синџирот на вредности за секој производ;
- Мултидисциплинарна перспектива, опфаќајќи го целиот животен циклус на производот.

Оваа дефиниција опфаќа неколку широки теми за одржливост на животната средина. **Прво**, фирмите мора да гледаат на влијанието на нивните активности врз животната средина како на составен дел од донесувањето одлуки (стратегиски пристап) наместо како ограничување наметнато од владината регулатива или социјалниот притисок (краткотрајна атрактивност) или, пак, како тренд или мода да ја искористат со тоа што ќе изгледаат како „еколошко прифатливи фирми“. **Второ**, фирмите мора да обрнат внимание на влијанието врз животната средина од страна на севкупниот синџир на вредности кои се поврзани, вклучувајќи ги и оние на добавувачите, дистрибутерите, партнерите и клиентите. **Трето,** гледиштето на фирмите за одржливоста мора да ја надмине тесната функционална перспектива и да се насочи кон интегрирање на прашањата, проблемите и решенијата како пристап кој ќе овозможи надминување на идентификуваните ограничувања. Фокусот се става на организациските одлуки кои се поврзани со животниот циклус на производите, а вклучува дизајн, производство, дистрибуција, потрошувачка, употреба, обновување по употреба и повторна употреба. Тука неминовно треба да го потенцираме и фокусот на интеракциите низ функционалните области, вклучувајќи ги корпоративната стратегија, дизајнот на производите, производството и управувањето со резерви, маркетингот и дистрибуцијата, како и регулаторната усогласеност.

**Слика 6: Одржливо управување со синџирот на снабдување (сопствена елаборација)**




Извор: Andreoni, V., Miola, A., (2016) *Competitiveness and Sustainable development goals*, Luxemburg, Publications Office of the European Union

Од стратегиска гледна точка, организациските одлуки за одржливоста се фокусираат на прашањата како организацијата гледа на одржливоста, кои опции ги има организацијата да вклучи еколошки размислувања во стратегиските одлуки и како овие размислувања влијаат врз претпоставките на фирмата кои обезбедуваат економско образложение за постоењето на фирмата, однесувањето, структурата и односот кон пазарите? Porter и Linde (1995) гледаат на загадувањето од перспектива на неефикасност на ресурсите и дискутираат за зелените иницијативи во однос на нивните импликации врз конкурентноста на фирмата. Тие сметаат дека инхерентната размена помеѓу еколошките регулативи и конкурентноста компаративно е, всушност, екологија наспроти економија. Регулативите обезбедуваат

социјални придобивки преку воведување строги еколошки стандарди додека истовремено повисоките трошоци за превенција и расчистување ги зголемуваат цените и со тоа ја намалуваат конкурентноста. Тие тврдат дека креаторите на политики, деловните лидери и екологистите се фокусирале на влијанието на статичките трошоци од еколошките прописи и ги игнорирале многу поважните придобивки за продуктивноста кои доаѓаат од иновациите. Покрај тоа, авторите тврдат дека превенцијата на загадувањето преку дизајнирање производи и процеси е поефективна и поекономична за разлика од контролата на загадувањето преку управување со отпад. Затоа тие предлагаат рамка за продуктивност на ресурсите базирана на иновации и подобрување на ефикасноста во работењето. Додека Porter и Linde (1995) ги потенцираат придобивките од спречување на загадувањето за разлика од контролата на загадувањето, Enkvist et all. (2007) се фокусираат на емисиите на стакленички гасови и обезбедуваат детални податоци на трошоците, со што се овозможува разбирање на значењето и цената на секој можен метод за намалување на емисиите на стакленички гасови. Студијата опфаќа шест сектори (производство на електрична енергија, производство со фокус на челик и цемент, транспорт, станбени и комерцијални згради, шумарство и земјоделство и отстранување на отпад) во шест региони (Северна Америка, Западна Европа, Источна Европа, вклучително и Русија, други развиени земји, Кина и други нации во развој) опфаќајќи три временски хоризонти (2010, 2020 и 2030 година). Во најголем дел се потенцираат мерки што ја подобруваат енергетската ефикасност, а потоа се анализираат пристапи за преминување кон почисти индустриски процеси. За разлика од нив, Jayaraman и Luo (2007) се фокусираат на вредносен синџир на активности кои се насочени во сосема спротивна насока, како што се повторна употреба, поправка, обновување, рециклирање, реизработка или редизајн на вратени производи од крајниот корисник и истите претставуваат редефинирана стратегија на синџирот на вредности. Тоа претставува систем на затворен циклус за индустриите во кои ваквите активности можат да создадат дополнителни конкурентни предности за фирмата.

Анализата е релевантна од перспектива на стратегиско управување и тоа од следниве три причини. Преку реверзибилна логистика, синџирот на вредности повеќе не се прикажува како еднонасочен, туку како систем со заокружен циклус во кој се генерираат дополнителни вредности од постојните ресурси. Парадигмата на конкурентската предност може дополнително да се надгради со нов извор на конкурентска предност - опипливи

вредности од физичката страна и нематеријални вредности од информатичката страна на обратната, спротивна логистика. Спротивната или обратната логистичка рамка има импликации врз погледот на компанијата кој е заснован на ресурси.

Во однос на потребите од спроведување организациски одлуки, неминовно ги споменуваме структурата на синџирот на снабдување и стратегискиот избор што фирмата мора да го направи со цел да се инкорпорираат размислувањата за одржливост. Тука истражувачките напори во голема мера биле насочени кон дизајнирање на таканаречениот спротивен или обратен синџир на снабдување со цел собирање и повторна употреба на производи со рок на траење кој е при крај, а кои се вратени од страна на клиентите.

## 2.5. Енергетски ефикасни производни системи

Енергетската ефикасност и заштедата на енергија се две различни работи, но со слична цел, а тоа е да се намали употребата на енергија. Разликата е во тоа што заштедата на енергија се потпира на луѓе кои ги намалуваат активностите што трошат енергија преку исклучување на светлата или со помалку возење или поретко користење апарати, додека енергетската ефикасност ја искористува технологијата за да помогне да се избегне или намали трошењето енергија, така што сѐ уште можеме да ги вклучуваме светлата, да возиме или да ја переме облеката, но притоа да трошиме помалку енергија. Односно, сѐ се сведува на попаметно користење на енергијата. Користењето помалку енергија преку мерки за ефикасност е добро за економијата, а со намалување на количината на енергија потребна за одредени задачи, енергетската ефикасност е корисна и добра и за планетата Земја. Тоа може да помогне да се намали загадувањето на воздухот и на водата предизвикано од одредени видови производство на енергија и да се избегнат негативните влијанија врз критичните екосистеми. За реализација на енергетската ефикасност и нејзино инкорпорирање во производните системи, неопходно е да се создадат услови за тоа преку соодветна структура и управување, односно преку енергетски менаџмент.

Збирот на организациски и технички дејства и оперативно работење на економски одржлив начин кој има цел да ги подобри енергетските карактеристики на компанијата, всушност, се дефинира како енергетски менаџмент. Сржта на енергетскиот менаџмент е

континуирано внимавање на потрошувачката и потребата од енергија. Тоа овозможува константни подобрувања на енергетските специфики на компанијата и нивно опстојување низ времето. Со други зборови, тоа е непрекинат процес на континуирано преиспитување и евалуација, стратегиско и оперативно планирање на активностите, нивна реализација и проверка на реализацијата, проверка на прогресот и ажурирање на таргетот, целите и политиките.

Организираниот и систематски пристап на енергетското управување обезбедува: (Министерство за економија на РСМ, прирачник за обука за мерки за енергетска ефикасност, 2016):

**Директни придобивки**

- Заштеда на трошоци за енергија;
- Давање приоритет на можности за заштеда на енергија без или со мали трошоци во секојдневното работење;
- Намалена емисија на јаглероден диоксид;
- Намалена изложеност на промени во цената за енергијата;
- Зголемена безбедност на набавката преку намалување на зависноста од увезени горива;
- Зголемена свесност за енергијата и поголемо учество на вработените;
- Поголемо знаење за користењето и потрошувачката на енергија и можности за подобрувања;
- Процес на одлучување кој е заснован на информации;
- Намалена несигурност заради подобро разбирање за користењето енергија.

**Индиректни придобивки**

- Позитивен публицитет;
- Подобрен приказ на организацијата во јавноста;
- Подобрена оперативна ефикасност;
- Подобрени практики за одржување;
- Подобрени безбедност и здравје.

Сите аспекти на потрошувачката на енергија во производството можат да се класифицираат врз основа на потребата и можноста за намалување на трошоците. Аспектите на потрошувачката на енергија со можност за нејзино намалување треба да бидат земени предвид, а процесот моделиран во насока на ограничување на чекорите или целите при распоредот во текот на производството. Колку повеќе аспекти на потрошувачката на енергија кои се со можност за намалување се моделираат, толку е поголема можноста да се намали потрошувачката на енергија и да се подобри енергетската ефикасност.

Ефикасната употреба на енергија, понекогаш едноставно наречена енергетска ефикасност, има цел да ја намали количината на енергија што е потребна за да се обезбедат производи или услуги. На пример, изолацијата на домот им овозможува на зградите да користат помалку енергија за греење и ладење за да постигнат и да одржат пријатна температура. Инсталирањето на ЛЕД-осветлување, флуоресцентно осветлување или природно осветлување на прозорците ја намалува количината на енергија што е потребна за да се постигне исто ниво на осветлување во споредба со користењето на традиционалните светилки. Подобрувањата во енергетската ефикасност генерално се постигнуваат со усвојување поефикасна технологија или процес на производство (Diesendorf и Mark, 2007) или со примена на општо прифатени методи за намалување на загубите на енергија. Намалувањето на употребата на енергија ги намалува енергетските трошоци и може да резултира со заштеда на финансиски трошоци доколку заштедите на енергија ги надоместат сите дополнителни трошоци за спроведување на енергетски ефикасната технологија. Истовремено, намалувањето на употребата на енергија се смета и за решение на проблемот со намалување на емисиите на стакленички гасови, а според Меѓународната агенција за енергетика, подобрената енергетска ефикасност во зградите, индустриските процеси и транспортот може да ги намали потребите од енергија во светот во 2050 година за една третина и да помогне во контролата на глобалните емисии на стакленички гасови (Hebden, 2006). Друга мерка што би можела да влијае и да се промовира како важно решение е да се отстранат субвенциите реализирани од владите кои промовираат голема потрошувачка на енергија и неефикасно користење на енергијата во повеќе од половина од земјите во светот (Overland, 2010).

Енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија се вели дека се двата столба на политиката за одржлива енергија и се високи приоритети во хиерархијата на

одржливата енергија. Во многу земји енергетската ефикасност има своја контрибуција кон националната безбедност бидејќи може да се искористи за да се намали нивото на увоз на енергија од странски земји и може да ја забави стапката на користење со која се исцрпуваат домашните енергетски ресурси. Енергетската продуктивност, која ги мери излезот и квалитетот на стоките и услугите по единица искористена енергија, може да се креира или со намалување на количината на енергија потребна за производство или со зголемување на квантитетот или квалитетот на стоките и услугите со користење на истата количина енергија.

Од гледна точка на потрошувач на енергија, главната мотивација на енергетската ефикасност е често многу едноставна, а презентирана преку заштеда на пари со намалување на трошоците за набавка на енергија. Дополнително, од гледна точка на енергетската политика, постои долг тренд на пошироко препознавање на енергетската ефикасност преку поврзаноста со таканареченото приоритетно или прво гориво, што значи можност за замена или избегнување на потрошувачката на реални (пред сè, фосилни) горива (Ahuja и Tatsutani, 2009). Покрај тоа, одамна е признаено дека енергетската ефикасност носи и други дополнителни придобивки со намалувањето на потрошувачката на енергија (OECD, Paris, 2014). Некои процени за вредноста на овие други придобивки, честопати наречени повеќекратни придобивки, копридобивки, дополнителни придобивки или нееенергетски придобивки, ја ставаат својата сумарна вредност во преден план и се дури и поголеми од директните енергетски придобивки (Urge-Vorsatz et all., 2009). Овие повеќекратни придобивки од енергетската ефикасност вклучуваат работи како што се намалено влијание на климатските промени, намалено загадување на воздухот и подобрување на здравјето, подобрени услови во затворените простории, подобрена енергетска безбедност и намалување на ценовниот ризик за потрошувачите на енергија. Се наведува дека современите апарати, како што се замрзнувачи, печки, шпорети, машини за перење и машини за миење садови и сушници, користат значително помалку енергија отколку постарите апарати. Тековните енергетски ефикасни ладилници, на пример, користат 40 проценти помалку енергија отколку конвенционалните модели од 2001 година. Согласно тоа, ако сите домаќинства во Европа ги сменат своите апарати постари од десет години со нови, 20 милијарди kWh електрична енергија ќе бидат заштедени на годишно ниво, со што се намалуваат емисиите на CO2 за речиси 18 милијарди кг (Eco savings, 2011). Според

студијата од 2009 година на McKinsey & Company, заменувањето на старите уреди е една од најефикасните глобални мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови. Идентификувано било дека современите системи за управување со електрична енергија, исто така, ја намалуваат употребата на енергија со исклучување или ставање во режим на ниска енергија по одредено време. Директивата за енергетска ефикасност 2012/27/ЕУ (скратено ЕЕД) е директива на Европската Унија која налага подобрувања на енергетската ефикасност во рамките на Европската Унија (Directive 2012/27/EU of the European Parliament and of the Council, 2012). Таа била одобрена на 25 октомври 2012 година, а стапила во сила на 4 декември 2012 година. Со Директивата се воведени законски обврзувачки мерки за поттикнување на напорите за поефикасна употреба на енергијата во сите фази и сектори во синџирот на снабдување, а воедно воспоставила и заедничка рамка за унапредување на енергетската ефикасност во рамките на ЕУ со цел да се исполни нејзината главна цел за енергетска ефикасност од 20% до 2020 година.

Податоците покажуваат дека енергетската ефикасност во индустриски развиените нации постепено се подобрува од 70-тите години наваму. Може да се каже дека сега многу индустрии се во можност да произведуваат повеќе производи и услуги со помалку енергија. Евидентно е дека енергетската ефикасност во индустриски развиените земји значително се подобрила во последните децении, но исто така евидентно е и зголемувањето на популацијата, а со тоа и зголемувањето на вкупната потрошувачка на енергија. Интензитетот на енергијата може да се дефинира на повеќе начини, а на макроекономската скала, интензитетот на енергијата бил опишан во однос на потрошувачката на енергија по бруто-домашен производ. На ниво на објект, интензитетот на потрошувачката на енергија е дефиниран со единица трошок на енергија по единица површина, додека во производствените капацитети, енергетскиот интензитет обично се дискутира како употреба на енергија по единица производство. Соодветно утврдениот индекс зависи од контекстот и размерот што се разгледува, но сепак сите имале цел да овозможат споредби на употреба на енергијата помеѓу различните временски периоди, процеси и апликации. Утврдено е дека електричната инфраструктура, составена од системи за испорака, ресурси, електрани и преносна мрежа, е инхерентно неекономична бидејќи од вкупните влезови на примарна енергија само една третина се испорачува до крајните корисници со напојувањето, а две третини се губат (или посоодветно кажано се намалува нивната искористеност - преку

таканаречена енергетска ентропија, втор закон на термодинамиката) како резултат на конверзија и трансмисија.

Енергетските загуби го покренуваат прашањето поврзано со енергетската ефикасност, како од специфична употреба на енергијата на зградата така и од трансформација на самата инфраструктура. Заемното генерирање и колокацијата се два пристапа за намалување на неискористените остатоци при генерирањето енергија. Заемното и истовремено генерирање енергија е дефинирано како начин на генерирање електрична енергија при што симултано се користи топлината која се создава за корисни цели, а која во нормални услови би се загубила во текот на процесот на конверзија на енергијата. Колоцирањето се однесува на креирање синергија помеѓу повеќе објекти или процеси, така што отпадот генериран од еден субјект може да се користи во други блиски објекти. Истовремено потрошувачката на енергија за транспорт е исто така неефективна и грубо неефикасна, а тоа го покренува прашањето за подобрување на ефикасноста на транспортот преку употреба на возила што користат помалку енергија.

Генерална перцепција е дека загадувањето од автомобили и фабрики е водечка причина за глобалното затоплување, но всушност зградите сочинуваат 76% од потрошувачката на електрична енергија или речиси половина (48%) од сите емисии на стакленички гасови потпаѓаат под нив, односно многу повеќе од транспортот (27%) или индустријата (25%). Во исто време било установено дека повеќе од половина од предвидениот иден раст на побарувачката на електричен и природен гас од страна на зградите е можно да се исполни со подобрување на ефикасноста на постојните и новите системи. Енергетската ефикасност претставува важен извор на енергија, а инвестициите во енергетска ефикасност, кога ќе се споредат со инвестициите во обновлива енергија, честопати се поекономично средство за постигнување економски и еколошки придобивки. Можностите за подобрување на ефикасноста се наоѓаат во секој архитектонски аспект или механички дел на домот или објектот. Тие можности (според Environmental and Energy Study Institute, 2010) се поделени во шест категории:

- осветлување;
- HVAC (на пример, греење, вентилација и климатизација);
- завршно опшивање на зграда (на пример, врати, прозорци и изолација);
- оптоварувања на приклучоците (на пример, апарати и особено електроника);

- греење на вода;
- други можности.

Мерките за ефикасност во секоја категорија општо вклучуваат надградба на опрема, замена или подобрен распоред и контроли. И додека светот во кој живееме сè уште е енергетски изобилно место, започнува да се гради свест дека сегашните стапки на потрошувачка на фосилна енергија и непочитувањето на ограничувањата на екосистемот не се одржливи. Многу од новите технологии за енергетско искористување сè уште се во почетна фаза, како што се моќноста на брановите и биодизелот добиен од алги, додека другите, како што се технологијата на ветер и сонце, се во напредна фаза и се во состојба да го согледаат ширењето на пазарот особено поради зголемувањето на трошоците за фосилна енергија, но и со подигнување на свеста за глобалните климатски промени. Примарниот предизвик е брзо развивање и проширување на овие енергетски решенија со цел да се минимизираат еколошките и економските последици.

## 2.6 Производство и употреба на чиста и обновлива енергија

Заштедата на енергија и енергетската ефикасност се клучните компоненти на енергетската и климатската политика на Европската Унија. Со оглед на тоа што согорувањето на фосилните горива и климатските промени се тесно поврзани, секое намалување на вкупната потрошувачка на фосилни горива ќе доведе до намалување на емисиите на стакленички гасови, придонесувајќи за климатските цели на ЕУ. Во ноември 2016 година Европската комисија предложила обемен законодавен пакет за чиста енергија чија цел не е само да го забрза придвижувањето на ЕУ кон користењето чиста енергија, туку и да создаде работни места преку зајакнување на економските сектори кои придонесуваат за енергетската транзиција во Европа. Енергетската ефикасност била ставена на прво место и била предложена обврзувачка цел од 30% реализација на ниво на ЕУ до 2030 година. Исто така, биле истакнати и целите за обновливи извори и зајакнување на свесноста на потрошувачите. Поточно, до 2030 година половина од електричната енергија во Европа треба да доаѓа од обновливи извори, а до 2050 година, производството на електрична енергија треба да биде целосно без присуство на јаглерод.

Слично на тоа, потрошувачите треба да имаат поголема можност за избор на енергија и да имаат повеќе информации за потрошувачката и трошоците. ЕУ ја поддржува транзицијата кон чиста енергија преку разни алатки и политики, а енергетската унија е еден од 10. тековни политички приоритети на Европската комисија, кои се еднакво поддржани од други сеопфатни политики, вклучително и оние за циркуларната економија, агендата за стекнување вештини и иновациите. За да се претворат целите на политиките на ЕУ во реалност, воведена е комбинација на мерки кои ги поддржуваат истражувањето, инвестициите и искористувањето на чиста енергија. ЕУ, исто така, ги усвоила мерките што се однесуваат на клучните цели, како што се енергетската ефикасност и олеснувањето на инвестициите и истражувањето, вклучително и Директивата за енергетска ефикасност и Иницијативата за паметни финансии за паметни згради. Но мора да се напомене дека овие политики и напори се многукратно исплатливи. Така, на пример, проектите на ЕУ за екодизајн и енергетско обележување се проценува дека заштедуваат повеќе од годишната потрошувачка на примарна енергија на Италија. Со други зборови, само благодарение на овие две области на ЕУ, од Европејците се очекува да заштедат речиси 500 евра по домаќинство секоја година на сметките за енергија. Покрај создавањето дополнителни приходи и работни места, мерките придонесуваат и за енергетска безбедност со намалување на увозот на енергија еднаква на 1.300 милиони барели нафта годишно (The EU Emissions Trading System, 2019). Тоа, всушност, значи избегнување на 320 милиони тони емисии на јаглероден диоксид во воздухот секоја година, што претставува значителен придонес кон климатските цели на ЕУ.

Воедно, начинот на кој се дизајнираат производите, градовите и зградите треба да го олесни намалувањето на влезните ресурси, вклучително и енергијата, со цел добивање исти или зголемени излези или придобивки. Екодизајнот, исто така, треба да биде насочен кон дејствување во таа насока и да го олесни расклопувањето на производите за да се овозможи повторна употреба на различните компоненти. Во тој контекст, Европа, всушност, ќе заштеди енергија како влезен ресурс, бидејќи нејзината економија на тој начин станува сè поефикасна како ресурс. Бидејќи иновациите ги намалуваат трошоците и започнуваат да го исполнуваат ветувањето за чиста енергија во иднина, тие на тој начин овозможуваат подем на обновливата енергија. Соларните извори на енергија заедно со ветерниците во континуитет се развиваат и се интегрираат во националните електрични мрежи во земјите

без притоа да се наруши сигурноста. Тоа, воедно, значи дека обновливите извори на енергија сè повеќе ги маргинализираат фосилните горива во енергетскиот сектор, истовремено нудејќи придобивки преку намалената емисија на јаглерод и други видови загадување. Но во исто време мора да се напомене дека не сите извори на енергија што се декларираат како „обновливи“ се корисни за животната средина. Така, на пример, ***биомасата и големите хидроелектрични брани*** создаваат несоодветен реципроцитет во однос на придобивките и влијанието врз животинскиот свет, климатските промени и други проблеми.

Обновливата енергија, честопати наречена и чиста енергија, доаѓа од природни извори или процеси кои постојано се надополнуваат. На пример, сончевата светлина продолжува да свети или ветерот продолжува да дува, без разлика на временската рамка или временските услови. И додека обновливите извори на енергија честопати се сметаат за нова технологија, искористувањето на моќта на природата долго време се користела за греење, транспорт, осветлување итн. Ветерот се користел како двигател на бродовите за пловење по морињата и на ветерниците за мелење жито, а сонцето обезбедувало топлина. Но, во текот на изминатите 5 века луѓето сè повеќе се насочувале кон поевтини, нечисти извори на енергија, како што се јаглен и разновидни нафтени деривати. Сега, кога имаме сè поиновативни и поевтини начини за зафаќање и задржување на енергијата од ветерот и од сонцето, обновливите извори на енергија стануваат сè поважен извор на енергија. Проширувањето на обновливите извори на енергија се случува во големи и мали размери и тоа започнувајќи од соларните панели на покривите, до домовите кои енергијата можат да ја продаваат. Бидејќи користењето на обновливата енергија продолжува да расте, клучна цел ќе биде модернизирање на електричната мрежа во земјите, правејќи ја попаметна, побезбедна и подобро интегрирана низ регионите.

Инвестирањето во чиста енергија мора да оди во пакет заедно со енергетската ефикасност и заштедата на енергија. Иновативните решенија можат суштински да го променат начинот на производство, складирање, транспорт и употреба на енергијата. Транзицијата од фосилни горива кон обновлива и чиста енергија може да влијае врз заедниците зависни од фосилни горива на краток рок. Со насочени политики и инвестиции во нови професионални пристапи и вештини, чистата енергија може да обезбеди нови економски можности. Енергијата согласно формата во која се добива и екстрахира од природата речиси секогаш треба да се трансформира во гориво соодветно на неговата

намена. На пример, енергијата на ветерот или сончевата енергија треба да се претвори во електрична енергија пред да можеме да ја користиме. Слично на тоа, суровата нафта извлечена од земјата се трансформира во бензин и дизел, керозин, авионско гориво, течен нафтен гас, електрична енергија итн. пред да може да се користи во авионите, автомобилите и во домовите. Дел од оваа почетна потенцијална енергија се губи во процесот на трансформација, па дури и кај суровата нафта, која има поголема густина на енергија од повеќето конвенционални горива, само околу 20% од овој потенцијал може да се трансформираат во електрична енергија.

Затоа, решавањето на загубата на енергија е од суштинско значење за енергетската ефикасност. Имено, електраните често користат топлина добиена со согорување на примарно гориво, како што е јагленот, за производство на електрична енергија. Основните аспекти на овој процес се многу слични на оние на рудиментираните парни мотори. Водата се загрева до точка на вриење за да се создаде пареа и таа се шири кога се претвора во гас, што овозможува вртење на турбините. Ова механичко движење (механичка енергија) потоа се претвора во електрична енергија. Сепак, незначителен дел од влезните горива се губи како отпадна топлина при трансформацијата. На сличен начин како лаптопите, автомобилите или многу други електронски уреди, централите создаваат топлина кога работат и имаат системи за ладење за да се избегне ризикот од прегревање. Електраните или рафинериите за нафта имаат потреба од енергија за да го извршат процесот на трансформација, како и за нивната секојдневна оперативна активност. Во исто време и системите за ладење (на пример, вентилаторите во компјутерите), исто така, бараат енергија за работа. Во електраните, пак, системите за ладење исто така може да ослободат топлина - најчесто во форма на потопла вода и воздух кои ги ослободуваат назад кон природата. Тој тип на неефикасност, односно загуба на енергијата или трошење на топлина не се јавува само при трансформација на енергијата од една форма во друга, туку е случај кој се јавува секој ден, кога ги грееме своите домови, возиме автомобили или готвиме храна, всушност, речиси секојпат кога користиме енергија, трошиме дел од неа на тој начин (Parrish и Beaubien, 2019). Зградите сочинуваат 40% од вкупната потрошувачка на енергија во ЕУ и околу 75% се енергетски неефикасни. Енергетската неефикасност значи дека трошиме не така занемарлив дел од нашите ресурси, вклучително и пари, додека ја загадуваме околината. Фактите говорат дека можеме да ја спречиме оваа загуба, а воедно можеме да ја

зголемиме енергетската ефикасност и да добиеме поголема искористеност од иста количина на енергија.

Во тоа можат да помогнат технологијата и политиката со цел да се минимизираат некои загуби на енергија. На пример, енергетски ефикасна светилка користи од 25 до 80% помалку енергија од традиционалната светилка и потенцијално може да трае од 3 до 25-пати подолго. Некои централи (во процес познат како когенерација или комбинирана топлина и електрична енергија) ја зафаќаат топлината што инаку би се потрошила и ја користат за да обезбедат услуги за централно греење и ладење на локалните заедници. Исто така, опремувањето на старите згради со модерна изолација може да ги намали потрошувачката на енергија и сметките за енергија. Во некои случаи топлината што вообичаено би се изгубила може да се искористи. Топлината што ја создава човечкото тело можеби не е првиот извор на енергија што би можела да се искористи, но дури и оваа топлина може да се собере и да се претвори во употреблива енергија. Огромен број патници транзитираат низ централните железнички станици или аеродромите секој ден. Притоа наместо да се проветруваат, вишокот топлина има можност да се апсорбира и да се искористи за загревање вода што може да се користи за греење на семејни згради или деловни простории и на тој начин да придонесе за намалување на сметките за енергија. Ваквите иновативни пристапи, исто така, ќе бидат од суштинско значење за овозможување, складирање и транспорт на чистата енергија на потребното ниво.

За разлика од чистата енергија, фосилните горива се релативно лесни за складирање и транспорт бидејќи откако ќе се извлече, маслото може да се користи во секое време. Може да се премести во рамките на постојните мрежи и е достапно преку широка и добро воспоставена инфраструктура. Но тоа не е случај со обновливите извори на енергија. Апсорбирањето на сончевата енергија во текот на летните месеци и нејзино складирање, на пример, во форма на топла вода во подземни резервоари за употреба во зимските месеци може да обезбеди доволно топлина за одредени заедници. Преку иновативен пристап кој би вклучил производство на поефикасни батерии што можат да складираат повеќе енергија и соодветна инфраструктура за нивно полнење, патниот транспорт на долги релации, теоретски, може да се трансформира во целосно електричен. Во исто време некои решенија за електричен транспорт можат да ги надминат бенефитите што ги овозможуваат батериите со големи капацитети за складирање енергија, така што на одредени маршрути за јавен

превоз во Грац, Австрија и Софија, Бугарија, веќе се експериментира со електрични автобуси кои имаат полесни батерии, но побрзо се полнат. Така, по полнењето кое трае 30 секунди додека патниците влегуваат и излегуваат, автобусите се подготвени да возат уште 5 километри до следната станица.

Иако е потребна обилна енергија за напојување на машините и за затоплување на нашите домови, таа енергија не мора да доаѓа од фосилни горива, напротив, може во поголема мера да се пристапи кон искористувањето на сончевата енергија. Воедно, водејќи сметка за степенот на ефективноста и целисходноста на системите во однос на искористување на земјиштето, се пристапува кон финансирање на иновативни методи кои ќе овозможат практикување на иновативноста и инвентивноста во искористување на обновливите извори на енергија, како што е истражувачкиот проект Fluid glass (ERIGrid, 2020) финансиран од истражувачките програми на ЕУ, кој истражува како да ги претвори прозорците во невидливи собирачи на сончева енергија. Самиот проект вклучува вметнување на тенок слој вода збогатена со наночестички помеѓу стаклените слоеви. Наночестичките би ја собрале сончевата енергија и би ја претвориле во електрична енергија која може понатаму да се користи во зградата. Наночестичките, исто така, ќе имаат улога при филтрирање на светлината и на тој начин одржувајќи пријатна собна температура за време на покачените температури. Според проектниот тим, потенцијалните заштеди на енергија би можеле да изнесуваат 50-70% за обновени згради и 30% за нови градби кои се веќе дизајнирани да користат помалку енергија.

## 2.7 Одржливи бизниси: критика на политиките и практиките на општествена одговорност на компанијата

Концептот на ООП привлекол низа критики од некои секундарни автори на податоци, а она што е важно да се напомене е дека скептиците и противниците ја наоѓаат својата поддршка во нивното тврдење дека над добрите намери и премостување на различните фази на развој фирмите мора да дадат отчет за реалноста. Реалноста која е окарактеризирана со постоење на хиперконкуренција и силен притисок за намалување на трошоците каде што фирмите очајно бараат можности за раст не остава простор за иницијативи во согласност со филозофијата на ООП (Perrini et al, 2006). Притоа Милтон

Фридман се посочува како еден од најзначајните противници на концептот на ООП, а неговиот став е дека *постои една и единствена општествена одговорност на бизнисот, а тоа е да ги користи своите ресурси и да се занимава со активности кои се дизајнирани за да ги зголеми своите профити сѐ додека функционира во рамките на правилата на игра, односно се занимава со отворена и слободна конкуренција без криминал и измама* (Schwartz, 2010: 52).

Општо гледано, критиката поврзана со концептот на ООП може да се подели во следниве пет групи. Прво, ООП им овозможува на деловните субјекти да проектираат позитивна слика правејќи многу малку, а таков вид критика е споменат во делата на Mullerat (2009) и Aras и Crowther (2010). Согласно тоа гледиште, деловните субјекти можат да се вклучат во активности поврзани со ООП на минимален начин, но сепак тие можат да создадат високо позитивен имиџ за компанијата со објавување на нивните напори за ООП без притоа значајно да придонесат во кој било општествен сегмент. Второ, нивото на публицитет што се достигнува, а е поврзано со концептот на ООП, создава впечаток дека мнозинството бизниси сериозно се занимаваат со активности поврзани со ООП, додека реалноста е сосема поинаква. За ова прашање дискутирале Freitag (2008), Mullerat (2009), Aras и Crowther (2010) и други. Поточно, авторите наведуваат дека зголеменото ниво на анализа и истражување на прашањата поврзани со ООП од различни типови медиуми има тенденција да формира впечаток дека сите бизниси се активни на тоа поле. Сепак, според Mullerat (2009), главно мултинационалните корпорации се занимаваат со практики на ООП, а прашањата за ООП остануваат да бидат занемарени од многу бизниси од помали димензии. Трето, активностите за ООП во кои се вклучени некои деловни субјекти се во контрадикторност со нивните вистински деловни практики и тенденциите на нивните деловни активности. Mullerat (2009), Horrigan (2010) и Fernando (2011) сеопфатно се осврнуваат на оваа специфична точка анализирајќи случаи кога мултинационалните корпорации се осврнуваат на прашањата на еднаквост на работното место и фер услови за работа на вработените во нивните простории, но истовремено истите компании се активно ангажирани во аутсорсинг за некои од нивните деловни процеси од земјите во развој каде што не се обезбедени еднаквост на работните места и услови за работа во рамките на фабриките. Четврто, влијанието на големите бизниси и мултинационалните корпорации значително се зголемува во општеството со нивниот активен ангажман по прашања

поврзани за ООП. Се наведува дека деловните субјекти ќе бидат во позиција да имаат значително ниво на влијание врз различните аспекти на општеството, предизвикани од нивниот активен ангажман во ООП (Mullerat, 2009) и (Tolhurst et al., 2010). Горенаведените автори предупредуваат дека влијанието може да се искористи и за други неетички, па дури и незаконски цели. Петто, ООП е празно ветување и тоа е само ефективна алатка за односи со јавноста, а таа специфична критика за ООП ја споменувале многу автори, вклучувајќи ги Catka et al (2004), Lepoutre и Heene (2006), Banarjee (2007), Cilliberti et al (2008), Johnson et al (2008), Mullerat (2009) и Heath (2010). Ваквото „популарно“ обвинување за концептот на ООП се однесува на идејата ООП да биде само чиста, излитена реторика и да премине во тренд без испорачување фактички резултати кои би произлегле од нејзината примена.

Многу фирми, големи и мали претпријатија, ја користат познатата реторика за одржливост како дел од нивните рутински комерцијални постапки за да демонстрираат подготвеност да се вклучат во активности на заедницата, да презентираат културна чувствителност и еколошка правда. Овие политики честопати се донесуваат како тактички реакции или како принципиелни одговори на етички и политички притисоци што се вршат врз деловниот сектор од страна на локалните, националните или глобалните антикорпоративни движења. Иако постојат многу сомнителни аспекти на исклучително несоодветните толкувања на одржливоста, кои сега се длабоко вметнати во деловните политики и практики за ООП, многумина сепак сметаат дека прифаќањето на оваа слаба основа е, сепак, нов етички репер, што е подобро отколку да не постои. Од една страна, ова има одредена валидност, а, од друга страна, ратификувањето на агендите засновани на профит за зајакнување на императивите на економскиот развој и на тој начин давање соодветна поддршка на еколошката одржливост мистифицира што треба да значи одржливоста, а што не треба да се подведува под терминот одржливост. За процесот на воспоставување профил за одржливост во денешните променети пазарни услови со цел да се направат почетни согледувања, може да се насочиме кон етичките дискусии за брзи климатски промени. Притоа, независно што секој знае што е решението на проблемите со кои се соочуваме, вклучително и заедничкото разбирање на неопходноста од реализација на одржливоста, сепак, терминот одржливост се толкува на најразлични начини. Зборот „одржливиот“ стапил во употреба во англискиот јазик во текот на 40-тите години на 17 век.

Се нагласува дека во почетокот концептот имал „утописка“ димензија (Harlow et all., 2011), но се здобил со доста „утилитарни“ цели за време на вознемиреноста во позлатениот временски период на исцрпување на ресурсите. По познатите нафтени кризи во 70-тите и 80-тите години на 20 век, одржливоста тесно се поврзувала со „задоволување на потребите на националната економија за основни природни ресурси, а потоа и одржување постојан пристап до природните ресурси на фирмите што ги користат без да се наруши можноста за нивна натамошна употреба од страна на идните генерации“ (WCED 1987).

Од аспект на деловната етика, деловните активности, таканаречени загриженост за заедницата или социјална одговорност во срцето на компанијата, секогаш претставувале тема за дискусија имајќи ги предвид неповолните трансакциски трошоци и негативните екстерни влијанија кои се генерираат од таквата индустриска логистика (Küpers, 2011). И додека некои фирми ги почитувале тие обврски со цел да ги минимизираат загадувањето на животната средина и индустрискиот отпад, таквите етички цели загрижиле многу од деловните менаџери и сопственици во екот на позлатената и прогресивната ера (Gottlieb, 1993). Се нотира дека зачувувањето на природните ресурси како општ аларм за одржливоста на Земјата се јавило значително подоцна (Jermier и Forbes, 2003). Корпоративните размислувања за одржливоста на Земјата како планетарен систем биле претставени со метафората „Земјата на вселенскиот брод“, која била популаризирана од многу државници и научници во 60-тите години (Boulding, 1966). Препознавајќи ја таа реалност, повеќе фирми прифатиле мерки за поголема одговорност за нивното работење на вселенскиот брод Земја работејќи со сите засегнати страни (Freeman, 1984) на начини што имплицитно се однесувале на грижата за таканаречената „тројна крајна линија“ за „луѓе, планета, профит“ артикулиран во текот на 90-тите години од страна на Elkington (1997).

Значаен елемент кој треба да се спомене е режимот за заштита на биодиверзитетот, поврзан со Конвенцијата за биолошка разновидност, која била потпишана во 1992 година (Luke, 2000). Овој договор, заедно со трговски поврзаните аспекти на протоколите за правата на интелектуална сопственост (TRIPS), протоколот од Кјото за климатски промени, серијата ISO 14000 за стандардизација на управување со животната средина итн., го актуализирал еколошко управување со прашањата за одржливост во приватниот сектор и со легитимирање на нови критериуми за инвестиции, шеми за трговија, правила за етикетирање, стандарди за производство и пазари на стоки (Springett, 2005). Додека

програмите за ООП продолжиле да се прошируваат вклучувајќи повеќе од само еколошки проблеми, овие поексплицитни правила за корпоративни одговорности го институционализирале нивното чувство на обврска кон општеството (Clapp, 1998; Werksman, 1998; Cashore et all., 2004; Pulver, 2007). А бидејќи одржливоста станала императив за сите економии и општества во 90-тите години, нејзините привrзаници се разделиле при поделбата помеѓу „слабата“ и „силната“ одржливост (Daly, 1996).

По дефиниција „слабата одржливост“ се концентрирала на одржување на способноста на општеството да присвојува и акумулира вештачки капитал преку употреба на постојниот човечки, паричен и социјален капитал со користење снабдувачи со работна сила и информации. Слабите поборници за одржливост претпоставувале дека богатството на природата секогаш ќе постои во изобилство како извор за експлоатација. „Силната одржливост“, пак, го оспорувала овој традиционален став, изразувајќи сомнеж дека акумулациите на таков вештачки капитал можат да го заменат природниот капитал. Односно, без природен капитал, нема човечки капитал од кој било вид, бидејќи ниските, намалени или никакви природни ресурси оневозможуваат генерирање и акумулирање на човечкиот капитал. За да се одржи економијата од кој било тип, силната одржливост ги насочува луѓето прво да ги зачуваат и да ги заштитат своите резерви на природен капитал (Scruton, 2012). Затоа, одржливоста станала синоним за нешто што е поддржано од многу канцеларии за ООП, но никој не бил сигурен што точно значи терминот одржливост. Нејаснотиите и ограничувањата станале многу повоочливи кога планерите, претприемачите и стопанските комори започнале со дискусиите за проширување на одржливата продажба на пластика, одржливо користење на хербициди или одржливо производство на асфалт. Притоа, екологистите енергично се спротивставувале на напорите за асфалтирање на планетата, фрлањето повеќе токсични хемикалии во засадено земјоделско земјиште или пакувањето повеќе производи за широка потрошувачка во опасни, непотребни и необновливи материјали, а реторичката употреба на терминот одржливост е преставена како зачудувачка злоупотреба (Davis, 2006).

Во овој момент, одржливоста, како стабилна секојдневна политика и практика на ООП, се појавува како одлучувачки нов сет на менаџерски цели. Вклучувањето на Целите на одржливиот развој кои бараат стабилност во практиките на ООП често се карактеристика на одговорот на постојаната критика за незадоволството предизвикано на пазарите и

општествата од страна на комерцијалните претпријатија (Pulver, 2007). За голем број граѓани кои сè уште бараат изобилство во неограничени количини, одржливоста, како индивидуално и колективно добро, има огромна продажба како неопходен потег за општеството од 70-тите години (Alen, 1980; Baker и Bridz, 2006). Секојдневните повици кон заедницата „за намалување на потрошувачката за секојдневни животни потреби, рециклирање и повторна употреба" стануваат востановена практика. Одржливоста се развила и во високо професионализираната индустрија. За возврат на тоа, менаџментот за одржливост се осврнуваат на еден од најсериозните предизвици во светот. А таа новонастаната професија има реални изгледи за напредување и како што светот еколошки назадува и се влошува, се чини секогаш ќе биде актуелна (Martin и Samuels, 2012).

Одржливиот развој сега има тенденција да биде еколошка свест на транснационалните бизниси чиј интерес за глобална конкурентност, социјална одговорност и вкупни перформанси далеку го надминува интересот на повеќето национални, регионални и локални фирми. Laszlo (2008) ги консултирал компаниите „Fortune 500" за заслугите за претворање на „одржливоста" во конкурентна предност на бизнисот иако тој никогаш експлицитно не го дефинирал и бранел својот предлог, „добро справување". Тој сугерирал на конвенционални деловни резултати, како резултат на реализација на вредноста на акционерите, целите за раст на претпријатијата, доминација на пазарот или крајна добивка и „правење добро". Користењето такви таканаречени стратегии за „добро", односно да се изгради „подобар свет" било со цел унапредување на личното зајакнување на вработените, развивање и отчетност на финансиските практики и прифаќање на одржливоста како основен принцип на општествена одговорност на компаниите. Вишиот директор за корпоративна стратегија и финансии на продавниците на „Волмарт", Elm, тврди дека бизнисите, како Волмарт, „се сведоци на метаморфоза согласно улогата на бизнисот во општеството каде што профитните компании се насочуваат кон многу од новонастанатите социјални прашања кои некогаш биле резервирани за непрофитниот сектор" (Elm, 2008). Додека бизнисмените некогаш се спротивставуваа на повиците на екологистите за реформа, тој тврди дека времињата се промениле и иновативните фирми сега мора да ги препознаат еколошките предизвици за општествената одговорност како „промени во деловните активности потребни за да се понуди предлог за добитна вредност", затоа што како што

тврди Peter Drucker (1982), „секое итно општествено и глобално прашање на нашето време е истовремено и нова деловна можност“.

Тоа бил предизвикувачки период кој истовремено се наоѓал во пресрет на една од најголемите револуции во историјата на управувањето, ера на длабоко вкоренета трансформација, каде што „одржливото создавање вредност“ се појавува како најмоќна обединувачка нишка за поттикнување водечка иновација во индустријата, во целосна и истовремена конвергенција со примена на решенија за новиот повик на нашето време (Cooperrider, 2008). Стратегиите за одржливост промовираат концепт кој вели да се прави нешто корисно и добро е сè попаметен начин на деловно работење бидејќи е комбинаторика која овозможува претворање на знаењето и компетенциите од екофантазијата и социјалното претприемништво во иновациски мотор (Cooperrider, 2008) до степен до кој тие ги зголемуваат профитабилноста и иновативноста.

Новите практики на „општествено одговорно инвестирање“ кои опфаќаат, но истовремено и ја надминуваат потрагата по одржливост, се уште еден знак на институционална еластичност. Некои земји се отидени далеку понапред во тој поглед. Некои од нив донеле закони за повелбата за Б-сертифицирани корпорации кои овозможуваат правно почитување на „тројната крајна линија“ која се однесува на луѓето, планетата и профитот, што традиционалните корпорации не можат да го применат. Може да се каже дека службениците за ООП во финансиските и производните фирми со своето влијание можат да го трансформираат она што некогаш би било дефинирано како обична штедливост, разумен дизајн или управување со предупредување од страна на управните одбори или извршни директори на фирмата, во вонредни кампањи за грижа за планетата Земја. Притоа, зелената перспектива што ја поддржува приказната на одржливост ја нагласува етиката за „намалување на потрошувачката, повторна употреба и рециклирање“, бидејќи детално опишува како „автомобилот денес ги вклучува и материјалите од вчера“ преку употреба на рециклиран челик, пластични шишиња, гуми, фармерки и памук за да се изгради нова шасија за автомобилот, неговата контролна табла, дихтунзи на моторот и амортизација, односно сето она што било старо и речиси безвредно станува ново и прилично профитабилно. Во едни такви услови одржливоста работи на повеќе нивоа, така што и малите и големите бизниси можат да се активираат и да се поврзат во овие стоковни синџири. И додека во минатото производите завршувале на депонија, бидејќи

производителите малку размислувале за одржлив дизајн и практики и потрага по целосно затворен циклус, тоа повеќе не е случај. Создавањето добра со минимално или никакво негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето станало водечки принцип на растечкиот број компании, а практиките на одржливост станале повеќе од начин за развој на брендови и репутација. Сè поголем број управители сметаат дека на тој начин обезбедуваат оперативни придобивки ориентирани кон раст што помагаат да се намалат трошоците и да се развијат нови пазари и производи.

Сево ова претставува „историја на сегашноста“ бидејќи овие политики и практики се усогласуваат за корпорациите, се формираат нови предизвици за деловните субјекти, а со нив и нови стратегии, тактики и артикулирана стратегиска политика на програмите за општествена одговорност на компаниите. Затоа се вели дека одржливиот развој е аморфен концепт опкружен од многу интереси, а согласно тоа - и изградени позиции. Трендовите на брзи климатски промени, губењето на природните живеалишта, намалувањето на биодиверзитетот и пренаселеноста на луѓето се забрзуваат, а верувањето дека индустрискиот раст и економскиот развој лесно можат да се усогласат со зелените вредности на одржливоста станува исклучително привлечен концепт. Сепак, „одржливиот развој, „како„ одржливост“ сам по себе, е друга идеја чие значење е доста недостижно. Неговото лесно распространето прифаќање сугерира дека неговиот недостижен квалитет служи на некои прилично контрадикторни идеолошки цели, културни потреби, економски агенди или социјални цели. Овие контрадикторности се однесуваат на подлабоки конфликти, бидејќи градат мерки на слаб консензус кој ќе овозможи надминување на состојбите и справување со предизвиците. Сепак, ова е момент кога е потребен цврст силен консензус кој може да се изгради за заштитата на животната средина. Така што очигледно влошеното еколошко уништување на Земјата може да се провери, а потоа евентуално да се промени, наместо само да се издржи според зелените политики за ООП кои овозможуваат комерцијални практики што водат до поголема деградација.

## 2.8. Одржливо претприемништво - нова фаза во еволуцијата на корпоративната општествена одговорност

Одржливото претприемништво се дефинира како одговорно претприемништво кое ги зема предвид еколошките, социјалните и економските последици во основната дејност заедно со севкупниот синџир на вредности при донесување одлуки. Одржливото претприемништво значи прифаќање одговорност за сопствените постапки. Како клучни играчи одржливото претприемништво првенствено ги означува компаниите, иако политиката и општеството исто така носат сопствена одговорност во оваа област бидејќи една од должностите на државата лежи во формулирањето долгорочни цели и воспоставувањето средина погодна за справување со глобалните, националните и локалните предизвици, како што се климатските промени, недостигот на ресурси и глобалното губење на биодиверзитетот. Финансиската криза, недостигот на ресурси, климатските промени, демографскиот развој, политичките пресврти и технолошкиот напредок стануваат главните движечки сили на нашиот социјален развој. Тоа несомнено влијае врз размислувањето и однесувањето на луѓето, како и врз распространетите политички системи. Рамката на националните и меѓународните економски системи и способноста на претпријатијата да се натпреваруваат исто така драматично се менуваат.

Сè повеќе менаџери сфаќаат дека одржливото работењето станува централен предизвик за нивните претпријатија, како и за економијата во целина. Несомнено е дека сериозно се предизвикани финансискиот, енергетскиот и автомобилскиот сектор од тековните случувања. И во другите сектори на економијата веќе се насетува дека утрешни победници ќе бидат само претпријатијата што најдобро се справуваат со тековните предизвици, т.е. активно ги користат можностите кои произлегуваат од навремено согледување на промените. Тековните еколошки, социјални и економски предизвици и неизбежните промени на пазарот неминовно ќе создадат победници и губитници, а тоа за сите претпријатија насочени кон успехот значи дека треба да ја зголемат иновативноста за производите, процесите, управувањето и социјалната иновација и да реагираат на тековните предизвици со пристапи на проактивни наместо реактивни дејствија при управување (Flammer и Luo, 2015). Ова преуредување на деловните модели и процеси може да успее само доколку тие се разберат како делови од поголема целина, а се надмине сегашната

дихотомија меѓу економијата и општеството преку постепено процесно интегрирање. Гледањето на претпријатијата како дел од решението, а не како дел од проблемот е голема можност во кризата и истовремено се претпоставува дека е единствената наша шанса.

**Слика. 7 Бизнисите како двигатели на социјалната иновација**




Извор. Saul, J. (2011), *5 Strategies for Driving Business Growth through Social Change*, Jossey-Bass, p.127

Со цел претпријатијата да се согледаат како двигатели на социјалните иновации, потребно е да не се намалуваат економските размислувања поврзани со прашањата за деловната администрација, туку секогаш да се поддржат со дополнителна употреба на социолошка и политичка рефлексија. Прашањето за ООП како одржливо претприемништво станува централно стратегиско прашање за секое претпријатие. Во минатото имало многу недоразбирања и несоодветни толкувања на ООП. Затоа, целта на следните ставови е да се потенцираат клучните точки на современото ООП во неговото ново толкување на одржливо претприемништво. Долго време основните критичари на економскиот систем се расправале со бранителите на профитно ориентираните менаџмент-системи за тоа дали економската перспектива и расудување има приоритет пред етиката или обратно. Во една таква констелација учесниците на дискусијата обично имаат тенденција да размислуваат на начин бранејќи ги своите позиции, не водејќи сметка за идентификување на интересите (Sharif, 2016), свои и на другите, со што креираат силно поларизирана средина и дефинирање на

некомпатибилни цели што оневозможува конструктивно решавање на ситуацијата и доведува до бесконечни конфликти. Она што може да биде одговор и, всушност, едноставно решение за овој проблем е промена на размислувањето и пристапот од победник-губитник во победник-победник пристап (Reilly, 1998). Тоа значи интегриран поглед на економските, социјалните и еколошките прашања наместо да ги гледаме како засебни, поставени едни против други како изолирани прашања. Воедно, тоа е местото каде што всушност лежи силата на непрекинатата дискусија за одржливо претприемништво. Тоа овозможило формирање на нов, продуктивен поглед на придонесот на корпоративната одговорност и во сопствениот бизнис и во социјалниот напредок. Тој се заснова на претпоставката дека претприемништвото може да се реконструира соодветно само ако еднакво се разгледуваат и индивидуалната компонента на „профит" и социјалната улога на „создавање додадена вредност за општеството" на претпријатието. Одрживото претприемништво во тој случај има цел да создаде додадена вредност и за општеството и за самото претпријатие (Weidinger et all., 2014).

**Слика 8. Одрживо претприемништво - дополнителна вредност за бизнисот и за општеството**




Извор. Schaltegger, S., и Wagner, M. (2011), *Sustainable Entrepreneurship and Sustainability Innovation: Categories and Interactions,* John Wiley & Sons, p.76

Јасно е дека одржливото претприемништво не може и не смее да биде само ПР (за што концептот на ООП честопати бил обвинет од неговите критичари). Современото разбирање на одржливото управување подразбира дефинирање на претпријатијата како дел од општеството и систематско идентификување на реалните и потенцијалните области на конфликт помеѓу претпријатието и неговата околина. Овие конфликти потоа се намалуваат или решаваат со интелигентни приоди на управување или со иновации на производи и процеси. Тоа има цел да го приспособи деловниот модел кон еколошката, социјалната и економската рамка на начин што генерира додадена вредност од дадените ресурси и за претпријатието и за општеството. Потребните нови пристапи за решавање на проблемите бараат соодветни иновации во претприемништво. Оттука станува очигледно дека одржливото претприемништво е многу повеќе отколку само усогласеност. Согледувајќи го тоа, многу претпријатија се соочуваат со предизвикот да ја претворат својата одбранбена форма (одговорност ориентирана кон усогласеност) во проактивен пристап ориентиран кон можности за одржливо претприемништво. Меѓутоа, за да се постигне тоа, потребно е претпријатијата да ги редефинираат своите деловни цели и нивните односи со политиката и општеството, преку систематско испитување на тековните еколошки и социјални предизвици, како и интересите на нивните заинтересирани страни и нивно интегрирање во креирањето на нивниот деловен модел (Arjalies и Mundy 2013). На тој начин интегрираниот менаџмент што спроведува одговорност во сите процеси на управување сè повеќе станува предуслов на економската активност. Некои претпријатија сè уште не ја согледуваат неопходноста од систематско работење на темата одговорност, а тоа особено важи за малите и средни бизниси кои тврдат дека поради силната поврзаност со нивните вработени и нивната околина, работат стандардно одговорно. Тоа може да биде вистина во многу одделни сегменти од работењето, но истовремено таквата практика не е замена за експлицитен пристап на управување, кој ги зема и трајно ги развива можностите дадени од одговорната економска активност (Smilevski, 2000). Затоа е битно да се идентификуваат и потенцираат предностите на експлицитното управување со ООП споредено со имплицитната одговорност.

Прво, експлицитните пристапи за ООП овозможуваат поактивно вклучување на вработените и подобро вклучување на научните наоди при преземањето одговорност, а на тој начин не само што подобро се користат постојните потенцијали за иновации, туку се

подобрува и идентификувањето на вработените и менаџерите преку преземање одговорност. Второ, експлицитниот ООП пристап го олеснува континуитетот на примена на култура на одговорност, и тоа во континуитет при пренесувањето на бизнисот, бидејќи стратегијата за одговорност што е дискутирана и развиена експлицитно со наследниците може да се пренесе на следната генерација со помалку креиран отпор. Трето, експлицитната стратегија на одговорност може да се искористи за да се пренесе нечија позиција на надворешните партнери, како меѓународни клиенти, добавувачи итн. (Smilevski, 2000). Четврто, со динамичниот развој на претпријатието честопати е неопходно да се развива и улогата на претпријатието во општеството, односно ако бизнисот успешно расте, во повеќето случаи потребно е да расте и да се развива и одговорноста што ја замислувал основачот на компанијата. Дополнително на сето ова се бара и зголемување на професионалноста од страна на големите претпријатија во справувањето со одговорноста што креира последици за малите и средни бизниси, како добавувачи, бидејќи тие се соочуваат со нови барања, односно критериуми кои се поставуваат од страна на големите претпријатија (OECD, 1996).

# ГЛАВА III
# ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВОСТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

## 3.1 Индикатори за мерење на влијанието на одржливиот развој во трите столба на одржливоста

Глобализацијата претставува растечка економска меѓузависност на државите низ светот преку зголемен број начини на прекугранична трансакција на стоки и услуги, послободен меѓународен економски проток и побрза и поширока дифузија на технологијата – (ММФ, 1997). Тоа неминовно го покренува прашањето за потребата од просперитетен свет во кој развојот ќе продолжи и ќе трае неограничено во служба не само на сегашните, туку и на идните генерации бидејќи во активностите и одлуките со акцент на развојот ќе биде инкорпорирана и грижата за животната средина и опстанокот, односно одржливиот развој.

Зачувувањето на животната средина, пермисивниот пристап и изразената бененоленција во комбинација со желбата за индивидуација и благосостојба директно влијаат врз креирањето апологети на одржливоста. Оттука можеме во целост да ги разбереме и поддржиме значењето и актуелноста на темата одржливост. Одржливоста во поново време не се поистоветува со опстојувањето, туку со филозофијата на дејствување инкорпорирана во мисијата, а реализирана преку стратегијата. Инкременталната карактерност на одржливоста е во синтетизирање на елементите на економски развој, реализација на општествено добро и еколошка аксептираност како компатибилни со одржливите развојни цели дефинирани од страна на Обединетите нации во 2015 година. Концептот на одржливост е развиен во 1972 година. „Одржлив развој на организациите“ (SDO) е дефиниран и како: „континуиран и долгорочен развој и успех на организациите“. Одржливиот развој повеќе не е прашање на избор. Тој е императив во услови кога економскиот и социјалниот развој и заштитата на животната средина се меѓузависни и неизоставно претставуваат компоненти на одржливиот развој. Тоа истовремено е и концепт кој овозможува преземање одговорност за квалитетот на сопствениот развој преку практикување на демократијата, почитувањето на човековите права и фундаменталните

слободи кои го опфаќаат и правото на развој, транспарентното и одговорно управување со сите сектори на општеството, како и ефективното учество на граѓаните во јавниот живот. Областа на одржлив развој (sustainable development) или одржливост создаде големо и растечко тело и креира академска литература (Wikström, 2010), но евидентен е недостигот на академски студии кои се однесуваат на одржливиот развој на организациите (SDO). Од лингвистички аспект, зборот „одржлив“ има две значења: одржлив кој може да продолжи без да предизвика штета на животната средина и воедно способен да продолжи долго време (Longman, 2007) и да се одржи, да се задржи нешто со текот на времето или во континуитет. Одржливиот развој е сеопфатен сет на интегративни принципи кои ги вклучуваат енергијата, урбаното планирање и управување, екосистемите на животната средина, економскиот развој, социјалната еднаквост, интеграцијата на политиките и идејата дека ефективните решенија можат да се постигнат на кооперативен начин. Тоа значи разгледување на идните последици кои се зависни од одлуките што ги донесуваме денес бидејќи не сите одлуки што ги носиме се правилни и поволни. Одржливиот развој нуди можности и предизвици, но најважно од сè - решенија.

Одржливите развојни цели промовираат одржлив економски раст, повисоки нивоа на продуктивност и технолошка иновација. Поттикнување на претприемништвото и создавање работни места се клучни, не занемарувајќи ги ефективните мерки за искоренување на присилната работа, ропството и трговијата со луѓе. Имајќи ги предвид овие резултати, целта е да се постигне целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите жени и мажи до 2030 година.

Одржливиот развој е карактеристика која треба да биде неизоставен дел од функционирањето на МСП, таканаречените зелени бизниси, социјалните претпријатија, како и општествено одговорните претпријатија. Но самиот концепт на одржлив развој става фокус на одреден сегмент на дејствувањето во зависност од категоријата на која припаѓа претпријатието или областа во која дејствува. Она што е заеднички именител за сите е, всушност, синергијата помеѓу општественото добро и креирањето придобивки за општеството во целина, профитабилноста, како и зачувувањето на животната средина. Одржливиот развој кој во себе содржи опортунитетен трошок истовремено е катализатор на пропулзивноста и е генератор на дистинктивна предност и способност за справување со конкуренцијата.

Глобалната рамка на индикатори за Целите на одржлив развој и целите од Агендата 2030 за одржлив развој е развиена од страна на внатрешната агенција и експертската група за индикатори на SDG (IAEG-SDG) на 48. сесија на статистичката комисија на Обединетите нации што се одржала во март 2017 година. Глобалната рамка на индикатори подоцна била усвоена од Генералното собрание, на 6 јули 2017 година, и е содржана во Резолуцијата донесена од Генералното собрание за работа на статистичката комисија која се однесува на Агендата за одржлив развој во 2030 година (A / RES / 71/313). Списокот на глобалната рамка на индикатори содржи 232 индикатори за кои е постигнат општ договор. Вкупниот број индикатори наведени во глобалната рамка за индикатори на SDG индикаторите е 244, но девет индикатори се повторувале под две или три различни цели и оттаму вистинскиот вкупен број индивидуални индикатори на списокот е 232.

За првата цел, *крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде* во основа на поставените индикатори е процентот на население под меѓународната линија на сиромаштија, по пол, возраст, статус на вработеност и географска локација (урбано/рурално). Ова го дефинира индикаторот на база на директно излезно решение, односно резултат. Кај втората цел, *да се стави крај на гладот, да се постигне безбедност на храната и подобрена исхрана и да се промовира одржливо земјоделство*, преваленција на потхранување и неисхранетост е основен индикатор врзан за поставената цел. Во третата цел, *обезбедување здрав живот и промовирање благосостојба за сите на сите возрасти*, во индикатори се наведува соодност на смртност на мајките, процент на раѓања на кои присуствува квалификуван здравствен персонал, стапка на смртност под 5 години, стапка на одреден неонатален процент на смртност итн. Кај четвртата цел, *обезбедување инклузивно и правично образование за квалитет и промовирање можности за доживотно учење за сите*, индикаторите како процент на деца и млади во образованието и секундарното постигнување на минимум ниво на владеење на материјата како, на пример, во читање и математика, процент на деца под 5 години кои се развиваат на добар пат во здравството, учењето и психо-социјалната благосостојба, и процент на училишта со пристап до електрична енергија, интернет за педагошки цели, компјутери за педагошки цели, адаптирана инфраструктура и материјали за ученици со посебни потреби, основна вода за пиење, основни санитарни јазли и основни средства за миење раце (според дефинициите на индикаторот WASH) се основа за мерење на успехот од реализација на целта. Во петата цел,

*постигната родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња*, индикаторите се врзани со воспоставени законски рамки за промовирање, спроведување и следење на еднаквоста и недискриминацијата врз основа на пол и процентуален приказ на жени и девојчиња на возраст од 15 години, подложни на физичко, сексуално или психолошко насилство. Кај целта број шест, *обезбедување достапност и одржливо управување со вода и канализација за сите*, индикаторите се поврзани со процент на население кое користи услуги за вода за пиење со безбедно управување на истата. Во седмата цел, *обезбеден пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите*, поставените индикатори се во насока на идентификување процент од населението со пристап до електрична енергија, како и инвестиции во енергетска ефикасност согласно БДП и износот на странски директни инвестиции во финансиски трансфер за инфраструктура и технологија во услуги за одржлив развој. Во осмата цел, *промовирање одржлив, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите*, годишна стапка на раст на реалниот БДП по глава на жител, потрошувачката и просечна часовна заработка на жени и мажи кои се вработени, по професија, возраст и лица со посебни потреби се дел од индикаторите за успех. Кај цел девет, *изградба на отпорна и еластична инфраструктура, промовирање инклузивни и одржливи индустријализации и поттикнување иновации,* процент на руралното население кое живее на 2 км од сезонски пат, трошоци за истражување и развој како дел од БДП, процент на население опфатено со мобилна мрежа, според технологија итн. се дел од индикаторите за успех. Во цел десет, *намалување на нееднаквоста во државите и помеѓу државите*, индикаторите се движат во насока на идентификување на стапките на раст на потрошувачката на домаќинството или приход по глава на жител меѓу долните 40% од населението и вкупното население, процент на луѓе што живеат под 50% од просечен приход, по пол, возраст и лица со посебни потреби итн. Во цел единаесет, *да се направат градовите и областите инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи,* процентот на градско население кое живее во сиромашни квартови, неформални населби или несоодветно домување, како и процентот на население кое има удобен пристап до јавниот превоз, по пол, возраст и лица со посебни потреби се дел од индикаторите кои ќе овозможат реализација на оваа цел. Кај дванаесеттата цел, *обезбедување одржлива потрошувачка и модели на производство,* бројот на држави со одржлива потрошувачка и производство, национални акциони планови вклучени во

главните политики, како приоритет или цел, индекс на загуба на храна и индекс на отпад од храна се индикатори за мерење на успешноста од реализација на оваа цел. Цел тринаесет, *преземање итна акција за борба против климатските промени и нејзините влијанија,* бројот на земји што усвојуваат и спроведуваат национални стратегии за намалување на ризикот од катастрофи во согласност со Рамката на Сендаи (Sendai Framework for Disaster Risk Reduction 2015-2030; UNISDR, 2015), како и процент на локалните самоуправи кои усвојуваат и спроведуваат локални стратегии за намалување на ризикот од катастрофи во согласност со националните стратегии за намалување на ризикот од катастрофи се дел од индикаторите за успешност. Во цел четиринаесет, *зачувување и одржливо користење на океаните, морињата и морските ресурси за одржлив развој*, индексот на крајбрежна еутрофикација и густината на пластичните остатоци, процент на национални ексклузивни економски зони управувани со пристапи засновани врз екосистеми, просечната морска киселост (pH) измерена во договорениот пакет на репрезентативни станици за земање мостри, процентот на резерви на риби на биолошки одржливо ниво итн. се дел од индикаторите. Кај цел петнаесет*, заштита, обновување и промовирање одржлива употреба на копнени екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустошување и запирање на деградација на земјиштето и запирање на загубата на биодиверзитетот,* идентификувањето на шумско подрачје како дел од вкупната површина на земјиштето, напредок кон одржливо управување со шумите, процент на земјиште што е деградирано во однос на вкупната површина на земјиштето се само дел од индикаторите за оваа цел. Шеснаесеттата цел, *промовирање на мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење на ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа,* број на жртви на намерно убиство на 100.000 население, по пол и возраст, бројот на смртни случаи поврзани со конфликти на 100.000 население, по пол, возраст и причини, процент на население подложено на физичко насилство, психолошко насилство и сексуално насилство во претходните 12 месеци, процент на население кое се чувствува безбедно да оди само низ околината каде што живее се дел од индикаторите. Последната цел е *зајакнување на средствата за спроведување и ревитализација на Глобалното партнерство за одржлив развој.* Вкупниот приход на владата како процент од БДП, процент на домашен буџет финансиран од домашни даноци, странските директни

инвестиции, официјална развојна помош и соработка како дел од вкупниот домашен буџет се индикатор за успешна реализација на наведената цел.

Оттука можеме да заклучиме дека поставените индикатори се исклучително специфични и врзани за резултатите кои се очекуваат, но, сепак, во рамките на суштината на одржливиот развој, односно реализација на социјалната, еколошката и профитабилната компонента како синергетски комплекс. Кога земјите-членки на ООН ја усвоиле Агендата 2030 година, тие сигнализирале дека треба да се предизвикаат фундаментални промени во политиката и во општеството. Со оваа агенда владите се обврзале да го сменат курсот и да го напуштат патот дефиниран како „бизнисот што бил вообичаен“. Но и по повеќе години од усвојувањето, повеќето влади не успеале да ги претворат прокламираните трансформациски визии од Агендата 2030 година во реални политики. А уште полошо од тоа, политиките во сè поголем број земји се движеле во спротивна насока и со тоа придонеле до сериозно поткопување на духот и целите од Агендата 2030 година. Спроведувањето на Агендата 2030 година и ЦОР мора да бидат прогласени за врвен приоритет од страна на шефовите на влади, а националните стратегии за одржлив развој треба да ја сочинуваат фундаменталната рамка за сите политики во земјите. Воедно, важно е да се нотира дека спроведувањето на Агендата 2030 не е прашање само на подобри политики бидејќи ефективноста на реформите во политиката при процесот на спроведување на Агендата 2030 бара повеќе *холистички и круцијални поместувања во однос на тоа како и каде е доделена моќта*. А тоа е во корелација со постоењето на силни, демократски и транспарентни јавни институции на национално и на меѓународно ниво. Во основа, постојат смели и сеопфатни алтернативи за деловно работење, што би помогнало да се промени курсот кон кохерентни политики за одржлив развој усогласени со принципите и стандардите за човекови права. Важно е, сепак, да се признае дека спроведувањето на Агендата 2030 не е прашање само на подобри политики. Тековните проблеми на растечките нееднаквости и неодржливите модели на производство и потрошувачка се длабоко поврзани со *хиерархии на моќта, институциите, културата и политиката* (M.Amis et all., 2018). Оттука, реформата на политиката е неопходна, но не и доволна, а секторските пристапи веројатно ќе го опфатат само врвот на ледениот брег. За смислено справување со препреките и противречностите при спроведувањето на Агендата 2030 и Целите на одржливиот развој, потребни се холистички поместувања во однос на тоа како и каде е концентрирана моќта. Вклучително

и преку институционални, правни, социјални, економски и политички заложби за остварување на човековите права. Согласно тоа, барањето за адекватно јавно финансирање е важно, но тоа не може и не треба да се оддели од пошироката дискусија која треба да се води за регулирање на финансиските пазари и ангажман на приватниот сектор, даночна правда и одржливост на долгот.

## 3.2 Стандарди и регулативи за унапредување на одржливоста во бизнис-секторот

Нефинансиското известување има свое потекло од 70-тите години, кога компаниите почнале да обелоденуваат информации за социјални теми како третман на своите вработени, еднакви можности и придобивки обезбедени за работниците итн. Исто така, беа разгледани теми како квалитет на производот и безбедноста. Во 80-тите години постепено почна да се посветува внимание на димензијата на животната средина, деловните активности и нивното влијание врз природната средина. Во 90-тите години известувањето за животната средина било ставено во центарот на нефинансиско обелоденување и транспарентност. Како што забележал Gray (2002, стр. 691), околината станала „талисман на вредноста“, а „главниот фокус на вниманието“ бил ставен на прашањата за животната средина (Owen 2008, стр. 243). Така, извештајот за животната средина станал стандард на 90-тите години во однос на нефинансиското обелоденување.

„Спојувањето“ на нефинансиското известување се случило по завршување на милениумот, каде што социјалните и еколошките информации започнале да се комбинираат и инкорпорираат во извештаите на компаниите, а подоцна, по пристапот на Triple-Bottom-Line, развиен од страна Elkington (1997), компаниите ги додале и финансиски информации. И додека во 2008 година само 4% од најголемите 250 светски компании вклучиле социјални и еколошки информации во нивниот годишен извештај, во 2011 веќе 27% од нив го сториле тоа. Уште еден битен елемент е прифаќањето на веродостојноста на дадените информации од страна на компаниите (уверувањето) за социјалните елементи и животната средина, кои за разлика од финансиските податоци не се заверени од страна на независни ревизори. За справување со овој проблем поврзан со кредибилитетот, компаниите започнале да ангажираат ревизори за да го осигурат своето нефинансиско известување. Тесно поврзано

со гаранцијата е зголемувањето на стандардизацијата на дадените извештаи. Социјалните информации, животната средина и финансиските информации и во услови кога се обезбедени правилно се неупотребливи ако се обезбедени од трето лице и ако не се споредливи со перформансите на другите компании.

Со текот на времето се развија многу упатства и стандарди за известување и со сигурност може да се каже дека глобалната иницијатива за репортирање (GRI) стана распространет стандард, барем за големите корпорации. А, исто така, следејќи ја (TBL), која содржи 7 економски, 17 еколошки и 31 социјално клучен индикатор за кои компаниите треба да доставуваат информации, станува општо прифатен стандард. Во 70-тите години нефинансиското известување главно се нарекува „социјално известување“, „социјално обелоденување“ или „социјално сметководство“ (Kuhn et all., 2015). И покрај фактот дека „известувањето, обелоденувањето“ не е нужно исто како „сметководството“, затоа што тие опишуваат различни процедурални чекори (Yongvanich и Guthrie 2006), термините најчесто се користат синонимно до денес (Spens, 2009). Поради зголемената важност на проблемите со животната средина во 80-тите и 90-тите години, „известувањето за животната средина“ станува познат термин. Следната комбинација на социјални и еколошки информации го отвора патот за „социјално и еколошко известување“ или „социјално и еколошко сметководство“. По завршувањето на милениумот, овие терминологии постепено биле заменети, со што започнала ерата на „известување за корпоративна (социјална) одговорност“, „известување за корпоративно граѓанство“ и „известување за одржливост“. Иако корпоративната (социјална) одговорност, корпоративното граѓанство и одржливоста не се исти и опишуваат различни концепти со различно потекло, тешко дека постои разлика помеѓу трите термини во деловниот свет, особено кога станува збор за насловот на нефинансиски извештаи (Fifka и Drabble, 2012). И појавата на спорот е, всушност, околу тоа дали (SR) се однесува само на доброволно обелоденување или содржи и информации дадени согласно одредени законски одредби (Gray et all., 1997; Kolk, 2008). Затоа и се водела дебата за тоа дали (SR) треба да содржи задолжителни елементи, како што веќе е случај во некои европски земји, на пример, Франција и Данска. Затоа (SR) останал нејасен термин од многу аспекти, а со цел да се реши овој хетероген карактер, избрана е широка дефиниција за (SR).

(SR) е доброволно или задолжително практикување на мерење и јавно обелоденување информации за економската, социјалната и животната средина на фирмата.

Но давањето информации за социјалните, еколошките и економските перформанси на компанијата честопати подлежи на психолошки, технички и финансиски бариери. Тие се состојат од неподготвеност да се обезбедат детални информации поради основаните стравувања дека јавноста ќе го гледа известувањето како маркетинг-иницијатива, или дека конкурентите може да добијат важни информации и дека компанијата би можела да стане ранлива на напади од јавноста и медиумите доколку открива неповолни информации за себе (Dando и Swift, 2003). Во исто време компаниите не сакаат да објавуваат неповолни информации во однос на нивните социјални и еколошки перформанси. Конечно, компаниите, особено ако откриваат информации според далекосежни стандарди, како што е (GRI), стравуваат дека конкурентите може да добијат увид во важни информации поврзани со нивните производи или методи на производство бидејќи известувањето засновано врз стандарди навистина бара обелоденување на детални информации, на пр., во врска со емисиите на штетни материи, користените ресурси, несреќи за работа или обезбедени обуки. Меѓутоа, ако таквите информации се дадени и од конкурентите, поради зголемената употреба на стандарди, овој развој на поставување стандарди и употреба на дадените информации може да се следи, контролира и набљудува и тогаш стравот се маргинализира, бидејќи постои заемно откривање.

Но (SR) се соочува и со технички и финансиски пречки. Значењето на (SR) кое го надминува обезбедувањето на површни информации собрани за маркетинг-цели неизбежно ќе биде поврзано и со значителен технички и финансиски напор. За мерење на голем број индикатори за социјалната и животната средина, пред сè, потребна е техничка експертиза која многу компании ја немаат затоа што им недостига потребниот персонал за инженерство и сметководство на трошоците. Ангажманот, пак, на надворешни специјалисти е скап потфат, а дополнителен трошок е надворешно потврдување на податоците обезбедени преку независен ревизор. Но, сепак, известувањето за (SR) сè повеќе станува стандард, особено кај големите компании, а објавувањето на соодветниот извештај може да се смета за заедничка деловна практика меѓу мултинационалните корпорации. Покрај тоа, (SR) не само што стана стандард, туку постепено се стандардизира и во однос на содржината од обелоденувањата, па така во 2011 година 80% од најголемите светски корпорации ги применуваа упатствата дадени од Глобалната иницијатива за известување (GRI) за утврдување на содржината на нивните извештаи. Многубројни студии во различни географски региони покажаа дека

малите и средни претпријатија (МСП) сè уште значително заостануваат во однос на известувањето во споредба со поголемите компании. МСП често сметаат дека (SR) е скап и компликуван процес и не гледаат доволно предности за да го надоместат товарот од известување согласно нивната перцепција. Како последица на тоа, повеќето мали и средни претпријатија и нивните здруженија силно се противат на законодавството што го прави (SR) задолжително.

Додека во индустрискиот сектор постои регулација во случај на идентификување грешки, немарност или злоупотреба, *раководните концепти* функционираат во слабо регулирани средини каде што неуспесите честопати се прикриваат, односно присутна е персифлажа и се нудат најчесто палијативни решенија. А лошите системи за управување можат да го загрозат животот во целокупното опкружување, како воздухот, морето, патиштата или болниците. Тие, исто така, можат да ги ставaт под ризик севкупните деловни активности.

“Triple bottom line” е рамка за одржливост која ги третира социјалната компонента, животната средина и економското влијание на компанијата. Успехот или неуспехот на целите за одржливост не може да се мери само во однос на добивката и загубата. Исто така, мора да се мери во однос на благосостојбата на сите луѓе и здравјето на нашата планета, а записот на секторот одржливост при придвижување на елементите од тие цели е дефинитивно хетероген. Се вели дека додека, од една страна, има резултати и успеси, нашата клима, водените ресурси, океаните, шумите, почвите и биолошката разновидност сè повеќе се загрозуваат. Пристапот има цел да ги мери финансиските, социјалните и еколошките перформанси на компанијата во текот на еден временски период. Само компанија што дејствува согласно TBL ги зема предвид вкупните трошоци вклучени во водење бизнис. Иако првичната идеја била уште поширока, охрабрувајќи ги бизнисите да ги следат и менаџираат економските (не само финансиските), социјалните елементи и додадената вредност на животната средина. Овие идеи креирале платформи како Глобална иницијатива за репортирање (GRI) и индекси за одржливост на Доу Џонс (DJSI), кои влијаат врз корпоративното сметководство, ангажманот на засегнатите страни и, сè повеќе, на стратегијата (Brown et all., 2009). TBL-концептот се појавил по точно 500 години откако италијанскиот математичар Luca Pacioli го објавил првиот светски трактат за двојно книговодство, камен-темелник на пристапот кој користи единечна крајна линија. Гледајќи

наназад, станува јасно дека воведувањето на (TBL) се покажало како момент на разгранување бидејќи истото било следено од двоен и четворократен концепт на крајни линии. Тоа вклучува социјален поврат на инвестициите, повеќекратни модели на капитал, сметководство на целосен трошок, рамка која ги фокусира инвеститорите и финансиските аналитичари на социјалните фактори, управувањето и животната средина, пристапот на профит и загуба, нето-добивката, споделени вредности, интегрирано репортирање, влијание на инвестициите и од неодамна BCG-рамка на целосно влијание врз општеството. И сето тоа се случува и пред да започне да се гради концептот за следната генерација која се фокусира на продукцијата на јаглерод, споделена и кружна економија или биомимикрија.

Цел на (TBL) уште од почетокот беше промена на системот и притисок кон трансформација на капитализмот. Со други зборови, никогаш не требало да биде само едноставен сметководствен систем (Sridhar и Jones, 2013). Првично бил замислен како генски код, односно тројна верзија на промени за утрешниот капитализам каде што фокусот бил на пробивни промени, асиметричен раст (во кој неодржливите сектори се активно приклучени), и создавање решенија за следната генерација на пазарот. Правилното користење на (TBL) вклучува минимум напредок од две димензии, додека третата останува непроменета. Како критериум создадени се услови оваа интерпретација да стане стандардна поставка не само за неколку водечки бизниси, туку за сите деловни лидери. Тоа во суштина значи поставување нова парадигма каде што компаниите ќе бидат посветени да бидат не само „најдобри во светот“, туку и „најдобри за светот“.

**Global Reporting Initiative (GRI)**

Известувањето за одржливост претставува практика на организацијата јавно да известува за нејзините економски, еколошки и социјални влијанија. (GRI) - Global Reporting Initiative стандардите претставуваат најдобра глобална практика во известувањето за одржливост. Тие се дизајнирани да бидат користени како сет на мерки од страна на која било организација што сака да известува за нејзините влијанија и како таа придонесува за одржлив развој. (GRI) стандардите се, исто така, доверлива референца за креаторите на политиките и регулаторите во светот и тие ги охрабруваат и овозможуваат спроведувањата на веродостојно нефинансиско известување од страна на компаниите кои се во нивна

надлежност. Доколку, во исклучителни случаи, организација што го подготвува извештајот за одржливост во согласност со (GRI) стандардите не може да го пријави задолжителното обелоденување, организацијата треба да обезбеди во извештајот соодветна причина за тоа и да ги опише специфичните информации што се испуштени. Притоа во GRI-стандардите „влијанието" се однесува на ефектот што организацијата го има врз економијата, животната средина и/или општеството, што пак може да укаже на неговиот придонес во позитивна или негативна конотација.

Менаџирањето со примена на пристапот обелоденување и откривање е наративен опис за тоа како една организација управува со материјалните теми и влијанијата што произлегуваат од нив. Материјална тема е тема што дава рефлексија на влијанието од значајните економски, еколошки и социјални елементи на организацијата или како тоа суштински влијае врз проценките и одлуките на засегнатите страни (Goldstain et all., 2011). Периодот на известување, пак, е специфичен временски период опфатен со пријавените информации, а принципот на известување е концепт што го опишува резултатот кој треба да се постигне и кој дава насоки за одлучување во текот на целиот процес на известување за содржината и квалитетот на самиот извештај. Тука се дефинира и засегнатата страна, што значи субјект или личност за која може разумно да се очекува дека ќе биде значително засегната од известувањето, производи и услуги на организацијата или чии активности може реално да се очекува да влијаат врз способноста на организацијата успешно да ги спроведува своите стратегии и да ги постигне своите цели. И сето тоа е во насока на постигнување одржлив развој/одржливост, што всушност е развој што ги задоволува потребите на сегашноста без да се загрози можноста на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби. Притоа, одржливиот развој опфаќа три димензии: економска, еколошка и социјална. Одржливиот развој се однесува на пошироки еколошки и општествени интереси, а не на интереси на конкретни организации (UN ESCAP, 2015). Во GRI-стандардите се користат термините „одржливост" и „одржлив развој" наизменично. Овој стандард е издаден од страна на Глобалниот одбор за стандарди за одржливост (GSSB). Општото обелоденување ги утврдува барањата за известување за контекстуални информации за една организација и нејзините практики за известување за одржливост и овој стандард може да биде применет од страна на организација со која било големина, вид, сектор или географска локација.

Во генералните извештаи поврзани со организацискиот профил се инкорпорирани името на организацијата, активностите, брендот, продуктите и сервисите што ги нуди. Локацијата на седиштето и локацијата на оперативата, како и легалните документи се исто така неизоставен дел од овој сегмент. Тука се нотира и опслужување на пазарот и рангирање на организацијата, информации за вработените, синџирот на снабдување, значајни промени за организацијата, примена на пристапот принцип на претпазливост, надворешни иницијативи и членство во асоцијации. Во однос на стратегијата треба да биде присутна афирмацијата од страна на одговорните носители на одлуки во организацијата, ризикот, клучното влијание кое се предизвикува со дејствувањето и можностите.

Во продолжение се идентификуваните подрачја и клучни елементи за мерење на одржливоста (Schipper и Langston, 2015):

1**. Организациски профил**

102-1 Име на организацијата
102-2 Активности, брендови, производи и услуги
102-3 Локација на седиштето
102-4 Локација на работењето
102-5 Сопственост и правна форма
102-6 Опслужени пазари
102-7 Скала на организацијата
102-8 Информации за вработените и другите работници
102-9 Синџир на снабдување
102-10 Значајни промени во организацијата и нејзиниот синџир на снабдување
102-11 Принцип на претпазливост или пристап
102-12 Надворешни иницијативи
102-13 Членство во асоцијации

2. **Стратегија**

102-14 Изјава од висок одлучувач
102-15 Клучни влијанија, ризици и можности

3. **Етика и интегритет**

102-16 Вредности, принципи, стандарди и норми на однесување

102-17 Механизми за совети и грижа за етика

4. **Управување**

102-18 Структура на управување

102-19 Делегирачки орган

102-20 Одговорност на ниво на извршна власт за економски, еколошки и социјални теми

102-21 Консултации со засегнатите страни за економски, еколошки и социјални теми

102-22 Состав на највисокото тело за управување и неговите комитети

102-23 Претседател на највисокото тело за управување

102-24 Именување и избор на највисокото тело за управување

102-25 Судири на интереси

102-26 Улогата на највисокото тело за управување во утврдувањето на целите, вредностите и стратегија

102-27 Колективно знаење на највисокото тело за управување

102-28 Оценување на ефикасноста на највисокото тело на управување

102-29 Идентификување и управување со економски, еколошки и социјални влијанија

102-30 Ефективност на процесите за управување со ризик

102-31 Преглед на економски, еколошки и социјални теми

102-32 Улогата на највисокото тело на управување во известувањето за одржливост

102-33 Комуницирање на критични проблеми

102-34 Природа и вкупен број критични проблеми

102-35 Политики за наградување

102-36 Процес за утврдување надоместок

102-37 Учество на засегнатите страни во надомест

102-38 Годишен коефициент на вкупна компензација

102-39 Процент на пораст на годишниот сооднос на вкупната компензација

5. **Ангажман на заинтересирани страни**

102-40 Список на групи засегнати страни

102-41 Договори за колективно договарање

102-42 Идентификување и избор на засегнати страни

102-43 Пристап кон ангажманот на засегнатите страни

102-44 Идентификувани клучни теми и проблеми

6. **Практика за известување**

102-45 Субјекти вклучени во консолидираните финансиски извештаи

102-46 Дефинирање на содржина и тема на границите на границите

102-47 Список на материјални теми

102-48 Враќање на информации

102-49 Измени во известувањето

102-50 Период на известување

102-51 Датум на последниот извештај

102-52 Циклус на известување

102-53 Контакт-точка за прашања во врска со извештајот

102-54 Побарувања за известување во согласност со GRI-стандардите

102-55 Индекс на содржина на GRI

102-56 Надворешно осигурување

103 Менаџмент-пристап кој ја обработува експликацијата на материјалните теми и ограничувањата, менаџмент-компонентите и евалуацијата.

201 Економските перформанси се област која ја третира директната економска вредност која е генерирана и дистрибуирана, финансиските импликации и другите ризици и можности, дефинираниот план на бенефиции и финансиската помош од државата.

202 Присутност на пазарот преку стапки на стандардна почетна плата на нововработени по пол споредено со минимална плата на локално ниво и процент на висок менаџмент ангажиран од локална заедница.

203 Индиректно економско влијание претставено преку поддржани инвестиции во инфраструктура и услуги и значајни индиректни економски влијанија.

204 Процедури за набавка презентирани преку процент на ангажирање на локални добавувачи.

205 Борба со корупцијата претставена преку ризици поврзани со корупција, комуникација и обука за антикорупциска политика и потврдени инциденти на корупција и преземени активности.

206: Противконкурентно однесување со дефинирање правни активности за антиконкурентно однесување, недоверба и монополски практики.

207 Данок и пристап кон данокот, даночно управување, контрола и управување со ризик, ангажирање на засегнатите страни и управување со проблеми поврзани со данок и известување за данокот за секоја земја засебно.

301 Материјали што се користени согласно тежината и волуменот, користење рециклирани влезни материјали, отфрлени производи и материјали за пакување.

302 Енергија претставена преку потрошувачката по организација, потрошувачката на енергија надвор од организацијата, интензитетот на енергијата, намалувањето на нивото на потрошувачка и намалување на потребите за енергија за производи и услуги.

303 Вода и отпадни води претставени преку интеракции со вода како заеднички ресурс, управување со влијанијата поврзани со испуштање вода, вадење вода, испуштање вода и потрошувачка на вода.

304 Биодиверзитет. Оперативни предели кои се поседуваат, изнајмуваат, управуваат во или во непосредна близина на заштитените области и области со висока вредност на биолошката разновидност надвор од заштитени подрачја. Значајни влијанија на активности, производи и услуги за биолошка разновидност. Живеалиштата се заштитени или обновени и согласно IUCN видовите што се на црвена листа и видови национални списоци за зачувување.

305 Емисија на гасови вклучително на опсегот или полето на дејствување, интензитетот, намалувањето на емисиите итн.

306 Отпадни води и отпад, празнење на отпадните води согласно квалитетот и локацијата, сортирање на отпадот и негово одложување, транспорт на опасни материи, како и водни пространства погодени од истекувањето на отпадните води.

307 Усогласеност со животната средина со обелоденување при непридржување кон законите и регулативите за животната средина.

308 Процена на животната средина на добавувачите преку идентификување нови добавувачи кои се проверуваат преку критериуми за животна средина и негативните влијанија врз животната средина во синџирот на снабдување и преземените активности.

401 Вработување со нови вработувања на вработени, предности што им се даваат на вработените со полно работно време кои не се обезбедени за привремено вработените или оние со скратено работно време и родителското отсуство.

402 Односите, релациите помеѓу вработените и менаџментот каде што се потенцирани минималните периоди на известување за оперативни промени.

403 Здравје и безбедност при работа преку креирање систем за управување со здравје и безбедност при работа, идентификација на опасност, процена на ризик и истрага на инциденти, здравствени услуги на работното место, учество на работниците, консултации и комуникација, работничка обука за здравје и безбедност при работа, промоција на здравјето на работниците превенција и ублажување на здравјето и безбедноста при работа и влијанија директно поврзани со деловните односи, работници опфатени со здравје и безбедност при работа, повреди поврзани со работата и лошо здравје поврзано со работата.

404 Обука и образование со утврдување на просечно време на обука годишно по вработен, програми за надградба на вештините на вработените и креирање програми за помош, како и процент на вработени кои добиваат редовни евалуации на нивните перформанси и прегледи за развој на кариерата.

405 Разновидност и еднакви можности преку разновидност на телата за управување и вработените, како и соодносот на основната плата и надоместокот на жените и на мажите.

406 Недискриминација е опфатена преку инциденти на дискриминација и преземени корективни активности.

407 Слобода на здружување и колективно договарање разработено во услови кога одредени операции и добавувачи на кои правото на слобода на здружување и колективно договарање може да им биде изложено на ризик.

408 Злоупотреба на детски труд каде што активностите и добавувачите се под значителен ризик од инциденти на злоупотреба на детскиот труд.

409 Присилена или задолжителна работа во услови кога активностите и добавувачите се под значителен ризик за инциденти од принудна или задолжителна работа.

410 Безбедносни практики во услови кога безбедносниот персонал е обучен согласно политиките за човекови права или процедури.

411 Права на домородните народи искажани преку инциденти на прекршување и повреди кои вклучуваат права на домородните народи.

412 Процена на човековите права преку операции кои биле предмет на ревидирање на човекови права или процени на влијанието, обука на вработените за политики или процедури за човекови права, како и значајни договори што вклучуваат клаузули за човекови права или кои биле подложени на практикување човекови права.

413 Локални заедници со активности за вклучување на локалната заедница, влијание, процени и развојни програми и активности со значителни, реални и потенцијални негативни страни како влијанија врз локалните заедници.

414 Социјална процена на снабдувачот во случај кога нови добавувачи кои биле проценети со помош на социјални критериуми и негативни социјални влијанија во синџирот на снабдување и преземени активности врз нив.

415 Јавна политика со изразени политички придонеси.

416 Здравје и безбедност на клиентите преку процена на влијанието врз здравјето и безбедноста на производот и идентификувани инциденти на неусогласеност во врска со здравјето и безбедносните влијанија на производите и услугите.

417 Маркетинг и етикетирање со барања за информации и етикети на производи и услуги, инциденти на неусогласеност во врска со информации и етикети на производи и услуги и инциденти на непочитување во врска со маркетинг-комуникациите.

418 Приватност на клиентите остварена преку поткрепени поплаки за нарушувања на приватност на клиентите и загуби на податоците за клиентите.

419 Социо-економска усогласеност во случај на непридржување кон законите и регулативите во социјалното работење и економската област (Sherrieb et all., 2010).

**BCG (Бостон консалтинг груп) - Total Societal Impact (Вкупно општествено влијание)**

Влијанието врз животната средина, социјалните и прашањата поврзани со управувањето (ЕСГ) кои влијаат врз перформансите на компанијата стануваат важен елемент на брзорастечкото тело за истражување. Анализирањето на вкупното општествено

влијание на компанијата (ТСИ), преку земање предвид на сите засегнати страни, е пристап кој станува инкрементално дејствување и ќе биде акцентирано мерен и следен. Сè поголем број институции во светот сакаат да ги прошират нивните долгорочни инвестициски цели надвор од традиционалната финансиска метрика со вклучување на економското, еколошкото и социјалното влијание предизвикано од нивните инвестициски програми. Ова претставува сериозен критички предизвик за менаџерите кои се вклучени во управување на организациите, да дојдат до нови видови резултати со изведбата преку користење елементи кои вклучуваат атрибути, како што е профил врзан за емисија на јаглероден диоксид, квалитет на работната сила и одржливост на синџирот на снабдување. Многу од компаниите се во состојба да ги измерат резултатите кои се директно поврзани со нивните основни бизниси, но имаат тешкотии да го измерат своето крајно општествено влијание. Еден од најважните предуслови за унапредување кон оваа нова фаза е пристап до висококвалитетни и конзистентни податоци за процена на овие нови фактори.

Притоа, нафтената и бензинската индустрија, како што забележуваат повеќе автори, очигледно ќе имаат различни можности и предизвици со кои ќе се справуваат за разлика од биофармацевтските производи, технологијата, банкарството итн.

Институционалните инвеститори, сопствениците на средствата и менаџерите на средства, имаат клучна улога во помагањето за унапредување на оваа следна дестинација на вложување во идентификување на влијанијата. Компаниите долго време се фокусираа на максимирање на вкупниот акционерски поврат (TSR-total shareholder return) за инвеститорите. Денес, под зголемена контрола од сите засегнати страни, компаниите исто така мора да го земат предвид и вкупното општествено влијание (total societal impact-TSI), а тоа е збирка на мерки и процени кои ги опфаќаат економското, социјалното и влијанието врз животната средина (и позитивни и негативни) на производи и услуги, активности на компанијата. Гледајќи низ призмата на вкупното општествено влијание (TSI) во поставувањето стратегија, природно е компаниите да ја искористат својата основна дејност за да придонесат за општеството, што на некој начин го подобрува и вкупниот акционерски поврат (TSR) (Sniukas et all., 2016).

Поставувањето цели и мерењето на напредокот остануваат најголем предизвик за повеќето компании. Меѓутоа, обидот да се дадат значајни придонеси во развој на општеството мора да започне на врвот од хиерархиската пирамида. Сите извршни директори

треба да се запрашаат дали вистински веруваат во она што им го презентираат на засегнатите страни? Дали тоа е вистинската приказна за општествената вредност што ја креираат? Дали компанијата има холистичен пристап во однос на перспективата на (TSI) во стратегијата, поставувањето и нагодувањето на деловниот модел? Дали креираме услови за (TSI) да биде експлицитен во целите на стратегијата, оперативните планови и цели? Во случај одговорот на тие прашања да е не, тогаш компанијата веројатно нема да го реализира својот целосен потенцијал. Бидејќи во битката со (TSI) ѝ недостига значајна можност затоа што (TSI) не може да биде одговорност само на еден тим во организацијата.

Во продолжение се прикажани поставени контролни елементи врзани за економскиот, социјалниот елемент и управувањето кај организации кои имаат различно поле на дејствување со цел да се утврдат разликите на поставените критериуми за остварување на целта согласно полето на дејствување, а во корелација со однапред поставените цели за одржливост (Beal et all., 2017).

**Табела 2.** Поважни производи за широка потрошувачка

| **Производи за широка потрошувачка** | |
|---|---|
| **Тема** | **мерна единица** |
| Зачувување на вода | Мерки за да се обезбеди зачувување на водата во земјоделското производство по синџирот на вредности |
| Фер маркетинг и точна етикета | Политика за одговорен маркетинг |
| Спроведување програма за управување со безбедност на храна | Имплементација на систем за управување со безбедност на храна |
| Подобрување на хранливите и здравствените атрибути на портфолиото на производи | Позиција во однос на влијанието на производите врз здравјето и исхраната |
| | Цели на исхраната кои се однесуваат на портфолиото на производи |
| Ограничување на негативните ефекти врз биолошката разновидност и екологијата | Мерки за промовирање одржливо управување со почвата и биодиверзитетот во земјоделското производство по синџирот на вредности |
| Минимизирање на влијанието на производите и пакувањето | Развој на односот на пакувањето |
| | Мерки за намалување на влијанието на пакувањето |
| Избегнување и борба против корупцијата | Избегнување и борба против корупцијата |

| | |
|---|---|
| | Деловна етика |
| | Кодекс на деловна етика |
| | Постапки за усогласеност |
| | Големи полемики поврзани со етичката деловност |
| Обезбедување одговорно ниво на животната средина | Сертификација на системот за управување со животната средина на меѓународен стандард |
| | Енергетска ефикасност |
| | Осигурување дека отпадоците не ја загрозуваат животната средина |
| | Минимизирање на интензитетот на јаглерод во резервите |
| | Позиција за климатските промени |
| Еколошки одговорни извори | Еколошки стандард за извори на обновливи суровини и/или биобазирани производи |
| | Стандард на снабдувачот на животната средина |
| | Постапки за да се обезбеди усогласеност со еколошкиот стандард за извори на обновливи суровини и/или биобазирани производи |
| | Постапки за да се обезбеди усогласеност со стандардот на снабдувачот на животната средина |
| Спроведување фер и одговорни практики за компензација | Позиција за нередовно вработување |
| | Јавно обелоденување на односот на надоместокот на извршниот директор со вработениот |
| Промовирање на безбедноста на вработените | Сертификација на системот за управување со здравјето и безбедноста на меѓународен стандард |
| | Систем за управување со здравје и безбедност |
| | Имплементација на систем за управување со здравје и безбедност |
| Промовирање на транспарентно лобирање | Политички придонеси |
| | Транспарентност на учеството во креирање јавни политики и активности за лобирање |
| Промовирање на флексибилноста на работното место | Грижа за лица со посебни потреби и специјално отсуство |
| | Флексибилност на работното место и намалување на работното време |
| Заштита и промовирање еднаква можност | Дистрибуција на пол |
| | Мерки за промовирање еднакви можности и разновидност |
| | Политика за недискриминација |
| Извори на социјална одговорност | Работните услови |

| | |
|---|---|
| | Постапки за обезбедување усогласеност со стандардот на снабдувачот за работнички права и работни услови |
| | Стандард на снабдувачот во однос на работните права и работните услови |
| Поддршка на тековните обуки на вработените | Стратешко управување со обука |
| | Поддршка на постојана обука на вработените |
| Обезбедување производите да стигнат до дното на пирамидата | |
| Спроведување ефективен и ефикасен процес на отповикување | |
| Инвестирање во најдобри практики за здравје и безбедност за работниците мигранти | |
| Лобирање за стандарди и норми низ целата индустрија | |
| Спречување малтретирање на животни | |
| Намалување на отпадот | |
| Избегнување антикомпетитивно однесување | |
| Максимизирање на влијанието на програмите за корпоративно давање | |
| Обезбедување поддршка во хуманитарни кризи | |
| Поддршка на развојот на локалната заедница | |

**Табела 3**. Биофармацевтски производи

| **Биофармацевтски производи** | |
|---|---|
| **Тема** | **мерна единица** |
| Спроведување етички човечки клинички испитувања | Заштита на учесниците на ранливите судења |
| | Стратегија за да се обезбеди етички дизајн на клинички испитувања |
| | Проширување на пристапот до лекови |
| | Патенти и лиценцирање |
| Проширување на пристапот до лекови | Цена и достапност |

| | |
|---|---|
| | Стратегија и менаџмент-пристап во врска со пристапот до лекови |
| Одржување на квалитетот и безбедноста на производот | Одржување на квалитетот и безбедноста на производот |
| | Добра практика на производство |
| | Следење на производите по лансирањето на пазарот |
| | Антифалсификување |
| Вежбање етички маркетинг | Обелоденување податоци за перформанси за усогласеност со маркетингот |
| | Големи контроверзии во врска со одговорниот маркетинг |
| | Политики за одговорен маркетинг и интеракција со пациентите и јавноста |
| Спречување малтретирање на животни | Замена, намалување и рафинирање на тестирање на животни |
| Поддршка на деца без родители и запоставени болести | R&D во занемарени болести кои влијаат главно во земјите во развој |
| Избегнување и борба против корупцијата | Избегнување и борба против корупцијата |
| | Деловна етика |
| | Кодекс на деловна етика |
| | Постапки за усогласеност |
| | Големи полемики поврзани со етичката деловност |
| Обезбедување одговорно ниво на животната средина | Сертификација на системот за управување со животната средина на меѓународен стандард |
| | Енергетска ефикасност |
| | Осигурување дека отпадоците не ја загрозуваат животната средина |
| | Минимизирање на интензитетот на јаглерод во резервите |
| | Позиција за климатските промени |
| Еколошки одговорни извори | Еколошки стандард за извори на обновливи суровини и/или биобазирани производи |
| | Стандард на снабдувачот на животната средина |
| | Постапки за обезбедување усогласеност со еколошкиот стандард за извори на обновливи суровини и/или биобазирани производи |
| | Постапки за да се обезбеди усогласеност со стандардот на снабдувачот на животната средина |
| Спроведување фер и одговорни практики за компензација | Позиција за нередовно вработување |
| | Јавно обелоденување на односот на надоместокот на извршниот директор до вработен |

| | |
|---|---|
| Промовирање на безбедноста на вработените | Сертификација на системот за управување со здравството и безбедноста на меѓународен стандард |
| | Систем за управување со здравје и безбедност |
| | Имплементација на систем за управување со здравје и безбедност |
| Промовирање транспарентно лобирање | Политички придонеси |
| | Транспарентност во учеството во креирање јавни политики и активности за лобирање |
| Промовирање на флексибилноста на работното место | Зависна грижа и специјално отсуство |
| | Флексибилност на работното место и намалување на работното време |
| Заштита и промовирање еднаква можност | Дистрибуција на пол |
| | Мерки за промовирање еднакви можности и разновидност |
| | Политика за недискриминација |
| Социјално одговорно извори | Мерки за да им се овозможи на клучните добавувачи да ги заштитат работничките права и да ги подобрат работните услови |
| | Постапки за обезбедување усогласеност со стандардот на снабдувачот за работнички права и работни услови |
| | Стандард на снабдувачот во однос на работните права и работните услови |
| Поддршка на постојана обука на вработените | Тренинг за стратегиски менаџмент |
| Посветеност кон ценовно одговорно работење, засновано на цени | Поддршка на постојана обука на вработените |
| Инвестирање и учество во преткомпетитивно научно истражување | |
| Инвестирање во образованието за болести и третман | |
| Минимизирање на влијанието на производите и пакувањето | |
| Намалување на ширењето на фалсификувани лекови | |
| Избегнување антикомпетитивно однесување | |
| Максимирање на влијанието на програмите за корпоративно давање | |

| | |
|---|---|
| Обезбедување поддршка во хуманитарни кризи | |
| Поддршка на развојот на локалната заедница | |

**Табела 4**. Масло и гас

| **Масло и гас** | |
|---|---|
| **Тема** | **мерна единица** |
| Развој на робусно управување со катастрофи и планови за одговор | Мерки за зајакнување на одговор при итни случаи и подготвеност |
| Инвестирање во алтернативна енергија | Алтернативна енергија |
| | Промоција на алтернативни горива |
| Одржување здравствено-безбедносни програми ориентирани кон процеси | Стапка на несреќи |
| | Одржување на робусни програми за здравје и безбедност при работа, со фокус на безбедноста на процесите |
| | Појава на фатални несреќи |
| Минимизирање на интензитетот на јаглерод во резервите | Интензитет на јаглерод на резервите на фосилно гориво (MtCO2 / mmboe) |
| | Транспарентност на пристапност и видови резерви |
| Инвестирање во односите во заедницата | Вклучување во заедницата |
| Намалување на влијанието врз биолошката разновидност, водата и екологијата | Управување со биолошката разновидност |
| | Ограничување на негативните влијанија врз биолошката разновидност и екологијата |
| | Намалување на влијанието врз биолошката разновидност, водата и екологијата |
| Намалување на отпадот | Отстранување на опасен отпад од истражување и производство на нафта и гас |
| | Безбедно еколошко работење на објектите |
| | Интензитет на опасен отпад |
| | Намалување на запаливоста и вентилацијата |
| Почитување на човековите права | Постапки за должно внимание на човековите права |
| | Големи контроверзии во врска со човековите права |
| | Политика за човекови права |
| Избегнување и борба против корупцијата | Избегнување и борба против корупцијата |

| | |
|---|---|
| | Бизнис-етика |
| | Кодекс на деловна етика |
| | Постапки за усогласеност |
| | Големи полемики поврзани со етичката деловност |
| Обезбедување одговорно ниво на животната средина | Сертификација на системот за управување со животната средина на меѓународен стандард |
| | Енергетска ефикасност |
| | Осигурување дека отпадоците не ја загрозуваат животната средина |
| | Минимизирање на интензитетот на јаглерод во резервите |
| | Позиција за климатските промени |
| Еколошки одговорни извори | Еколошки стандард за извори на обновливи суровини и/или биобазирани производи |
| | Стандард на снабдувачот на животната средина |
| | Постапки за обезбедување усогласеност со еколошкиот стандард за извори на обновливи суровини и/или биобазирани производи |
| | Постапки за да се обезбеди усогласеност со стандардот на снабдувачот на животната средина |
| Спроведување фер и одговорни практики за компензација | Позиција за нередовно вработување |
| | Јавно обелоденување на односот на надоместокот на извршниот директор до вработен |
| Промовирање на безбедноста на вработените | Сертификација на системот за управување со здравјето и безбедноста на меѓународен стандард |
| | Систем за управување со здравје и безбедност |
| | Имплементација на систем за управување со здравје и безбедност |
| Промовирање транспарентно лобирање | Политички придонеси |
| | Транспарентност во учеството во креирање јавни политики и активности за лобирање |
| Промовирање на флексибилноста на работното место | Зависна грижа и специјално отсуство |
| | Флексибилност на работното место и намалување на работното време |
| Заштита и промовирање еднаква можност | Поделбата на полот |
| | Мерки за промовирање на еднакви можности и разновидност |
| | Политика за недискриминација |

| | |
|---|---|
| | Мерки за да им се овозможи на клучните добавувачи да ги заштитат работничките права и да ги подобрат работните услови |
| | Постапки за обезбедување усогласеност со стандардот на снабдувачот за работнички права и работни услови |
| Социјално одговорно извори | Стандард на снабдувачот во однос на работните права и работните услови |
| Поддршка на постојана обука на вработените | Обука за стратегиски менаџмент |
| | Поддршка на постојана обука на вработените |

**Извор:** Total Societal Impact; A new lens for strategy, p. 40-52

**Индекс за одржливост на Доу Џонс (DJSI)**

Потрагата по конкурентна предност со цел да се обезбеди капацитет за создавање вредност на долг рок е приоритет за фирмите што работат во сложено глобално опкружување. Во моментов се смета дека предностите честопати се поврзани со усвојување на општествено одговорно однесување. Интересот за овие проблеми доведе до појава на индекси за одржливост поврзани со финансиските пазари. Затоа, во следниот дел го обработуваме и анализираме индексот за одржливост на Доу Џонс (DJSI).

Обидот е да се утврдат разликите на оние што имаат усвоено практики за одржливост, ратификувани согласно нивната припадност кон (DJSI) индексот, и оние што не практикуваат (DJSI) практики на индексот затоа што не ги исполниле неговите барања. Од извештаите на истражувањата што биле направени е констатирано дека има разлики во перформансите помеѓу фирмите што го практикуваат DJSI и оние фирми што не се вклучени во процената согласно овој индекс (Durand et all., 2019).

Верувајќи дека финансиската анализа е нецелосна без дополнителни нефинансиски информации, (SAM), (Одржливо управување со средства) во 1995 година започнува да го трасира патот кон одржливо инвестирање во време кога мал број компании ја обелоденуваат нивната изложеност на прашањата поврзани со животната средина, социјалната компонента и управувањето (ESG) (Lautier et all., 2010). Преку собирањето информации за релативно необјавени теми како, на пример, податоци од компанијата за емисија на гасови со ефект на стаклена градина и човекови права преку создавањето годишна процена на одржливоста на компанијата (Corporate Sustainability Assessment - CSA) како еден од најцврстите и најдобро

воспоставени процеси за мерење на перформансите на одржливост на компанијата во светот се иницирала идејата за креирање глобален индекс за одржливост, изграден врз богатите податоци за (ESG). (CSA) во анализата ги третира приходите што спаѓаат под секција информации за компанијата. Сегментот заштита на приватност, безбедност на информациите, компјутерска безбедност и достапност на системот, одржливо финансирање и системски ризик се економската димензија, а спојот на користена енергија и снабдување со основни материјали ја третира димензијата на животната средина, додека во останатата секција со дополнителни прашања се третира платата.

На тој начин во 1999 година се раѓа индексот на одржливост Доу Џонс (DJSI), кој има радикално влијание врз трансформацијата на одржливиот пејзаж на инвестициите. И иако на почетокот имало срамежливо и незначително партиципирање на компаниите, а видливоста била на микрониво во период од две децении активната вклученост на 1.200 компании во трката за освојување на престижот, (DJSI) зборува за достигнувањето и се смета за најсеопфатна процена на нефинансиските и индикаторите за одржливост - (ESG).

**Сертифицирани Б-корпорации (Certified B Corporation)**

Организациите постојано бараат дополнителни елементи за да се разликуваат од нивните конкуренти, бидејќи таквите елементи би можеле да станат ресурси што создаваат долгорочни одржливи конкурентни предности (Colin и Poras, 1994; Gldwin et al., 1995; Macauer, 1994; Scott и Rothman, 1994). Овие предности им овозможуваат на организациите да преживеат и да опстојат (во временски период), како и да генерираат прифатлива стапка на профитабилност и економска рамнотежа.

Позната е максимата дека усвојувањето стратегии за одржливост на фирмите треба да им овозможи креирање на конкурентска предност пред фирмите што не ги усвојуваат тие стратегии (Adams и Zutsch, 2004; King, 2002). Во моментов, успешните бизниси почнуваат да се диференцираат од другите со интеграција на концепти, како што се квалитетот на управувањето, управувањето со животната средина, угледот на брендот, лојалноста на клиентите, корпоративната етика и задржувањето на талентите. Овие концепти претставуваат вообичаени практики за одржливост. Тоа води кон креирање нова парадигма при работењето на компаниите карактеризирани како Б-сертифицирани корпорации. Сертифицираните Б-корпорации се нов вид бизниси што ги балансираат целта и профитот.

Од нив се бара правно да го земат предвид влијанието на нивните одлуки врз нивните работници, клиенти, добавувачи, заедницата и околината. Тие се декларираат како заедница на лидери, покренувајќи глобално движење на луѓе што го користат бизнисот како сила за креирање општо добро.

Поаѓајќи од максимата ***ние го менаџираме тоа што го мериме,*** следува констатацијата дека треба да се измери она што е најважно, односно можноста на бизнисот не само да генерира профит и поврат, туку и да создаде вредност за своите клиенти, вработени, заедницата и околината (Honeyman и Jana, 2019). Предвидувањата се дека во временски период кој овозможува смена на една генерација, сите бизниси ќе практикуваат мерење и менаџирање на своето влијание, исто како што тоа го прават со профитабилноста.

Во принцип, процената на влијанието на Б-корпорациите предвидува евалуација (преку објективен и сеопфатен рејтинг) за тоа колку е значајно сегашното влијание на компанијата. Процената на влијанието на Б-сертифицираните корпорации обично се меша со системите за известување, во кои се детализира како компанијата треба да се занимава со собирање на податоците за влијанието. Притоа се анализира што е тоа што може да го направи компанијата за подобрување на политиките и практиките кои се однесуваат на нејзината мисија, етика, одговорност и транспарентност.

Поврзано со вработените и работниците, анализата е во насока на идентификување на можноста компанијата да придонесе за финансиската, физичката, професионалната и социјалната благосостојба на вработените, а следната анализа се поврзува со контрибуција на компанијата за економската и социјалната благосостојба на заедниците во кои работи. Испитувањето на можностите за дејствување во насока на подобрување на целокупното управување со животната средина е уште една компонента која е носечки столб при евалуацијата за Б-сертифицирање, а последна, но не и помалку важна е анализата во однос на развој на вредноста што ја создава компанијата за директните клиенти и потрошувачите, производите или услугите.

Во продолжение, во табелата се претставени категориите и поткатегориите во кои се инкорпорирани прашања за евалуација со цел достигнување стандарди за сертифицирање на Б-корпорациите.

**Табела 5:** Категории и поткатегории – прашања за процена – стандарди

| | |
|---|---|
| **Управување** | |
| **Посветеност на мисијата** | Финансиска ревизија |
| Фокус на нивото на влијание | Финансиска контрола |
| Карактеристики на изјава за мисијата | Транспарентност на компанијата |
| Одлучување во однос на социјалната компонента и животната средина | **Мерни инструменти на управувањето** |
| Вклучување на засегнатите страни | Последна фискална година |
| Менаџмент на материјални, социјални и прашања од областа на животната средина | Валута на извештајот |
| Идентификување на материјални прашања | Обрт во претпоследната година |
| **Етика и транспарентност** | Обрт во последната година |
| Управувачка структура | Нето-добивка во последната година |
| Интерно добро управување | Нето-добивка во претпоследната година |
| Инструкции за етички кодекс | Плаќања кон државата |
| Стандарди за финансиско репортирање | |
| | |
| **Вовед во областа на влијанието на работниците** | Владино обезбедување здравствена заштита |
| Повеќето часови наспроти платени работници | Покриеност на здравството |
| Употреба на договорен труд | Дополнителни здравствени придобивки |
| Вовед во деловниот модел врз работниците | Дополнителна корист, подобност за работници со скратено работно време |
| # на работници со полно работно време | Практики за безбедност на работниците |
| # на редовни работници минатата година | Ракување со опасни материјали |
| # од работниците со скратено работно време | Практики за машини |
| # на работниците со скратено работно време минатата година | Развој на кариера |
| # на привремени работници | Официјално вработување |
| # на привремени работници минатата година | Политики и практики за професионален развој |
| Финансиска сигурност | Процес на преглед на вработените |
| Најниска платена плата | Внатрешни промоции |
| % од вработените платиле индивидуална плата за живот | Практики за вработување |
| % од плата за семејна плата на вработените | Ангажирање и задоволство |
| % над минималната плата | Информации за прирачник за вработените |

| | |
|---|---|
| Иницијативи за зголемување на платите и придобивките | Политика за недискриминација |
| Политики за компензација и практики | Платено второстепено отсуство од работа |
| Учество во сопственост на вработените | Дополнителни придобивки |
| Програми за пензија | Обука на работниците |
| Финансиски услуги за вработените | Медијација за конфликт меѓу работникот / управувањето |
| Здравје и безбедност | Ангажирање на анкети и бенчмаркинг и привлекување |
| | |
| **Вовед во областа на влијанието на заедницата** | Трошење на локални добавувачи |
| Бизнис-модел ориентиран кон заедницата | Фокусирајте се на локалните клиенти |
| Разновидност, правичност и вклучување | Граѓанско ангажирање и давање |
| Разновидна сопственост и лидерство | Програма за корпоративно граѓанство |
| Креирање и управување со инклузивни работни околини | Граѓанско членство и партнерства |
| Мерење на различностите | Добротворно давање и инвестиции во заедницата Политики и практики |
| Соодност на високи до ниски плати | Унапредување на социјалното и еколошкото работење |
| Менаџмент спроведуван од страна на жени | Менаџмент на снабдувачки синџири |
| Управување со недоволно застапено население | Значајни описи на добавувачи |
| Политики или програми за разновидност на снабдувачот | Социјална или еколошка проверка на добавувачи |
| Разновидност на сопственост на добавувачот | Екстернализирани служби за вработување |
| Економско влијание | Теми за скрининг за надворешни ресурси |
| Географска структура и опфат | % од аутсорсинг услуги одговорни за кодексот на однесување? |
| Нови работни места додадени минатата година | Скрининг / мониторинг за услуги |
| Стапка на раст на работата | Кодекс на однесување на снабдувачот |
| Неакредитирана сопственост на инвеститори | Скринирани/набљудувани % од услугите за ангажирање персонал |
| Локална сопственост | Должина на врските со добавувачот |
| Национално извори | Сертификати на добавувачот |
| | |

| | |
|---|---|
| **Вовед во областа на влијанието врз животната средина** | Извор на % од COGS од локални добавувачи |
| Вид објекти | Извори на суровини од локални добавувачи |
| Бизнис-модел на животна средина | Управување со влијанието на транспортот |
| Управување со животната средина | Вода |
| Објектна ефикасност на животната средина | Следење и управување со употребата на вода |
| Виртуелно управување со канцеларии | Вкупно користење вода |
| Системи за управување со животната средина | Практики за зачувување вода |
| Еколошки сертифицирани производи | Управување со вода со снабдувачки синџири |
| Процена на животната средина и дизајн на производи | Подобрување на водата со снабдувачки синџири |
| Воздух и клима | Земјиште и живот |
| Следење на употребата на енергија | Методи за отстранување на отпадот |
| Извори на електрична енергија | Следење и известување за неопасен отпад |
| Вкупно користење на енергија | Генериран неопасен отпад |
| Употреба на обновлива енергија | Вкупно отфрлен отпад |
| Вкупна употреба на обновлива енергија | Вкупно рециклиран отпад |
| Користење обновлива енергија со ниско влијание | Програми за рециклирање |
| Еколошки ефикасна опрема | Програми за намалување на отпадот |
| Намалување на употребата на енергија | Управување со отпад од снабдувачки синџири |
| Следење на емисиите на стакленички гасови | Подобрување на отпадот од снабдувачки синџири |
| Вкупен опсег 3 стакленички гасови | Пакување на влијанието врз животната средина |
| Вкупен опсег 1 стакленички гасови | % од употребливи/рециклирачки материјали |
| Вкупен опсег 2 стакленички гасови | % од еколошки преферирани влезни материјали |
| Интензитет на јаглерод | Намалување на отпадот |
| Интензитет на јаглерод | Отстранување на опасен отпад |
| Намалени се емисиите на стакленички гасови | Опасни материјали на самото место |
| Политика за испорака | Хемиски менаџмент на снабдувачки синџири |
| Подобрување на синџирот на снабдување GHG | Хемиско подобрување на снабдувачки синџири |
| Менаџмент на стакленички гасови за снабдување | Управување со синџирот на снабдување со биолошка разновидност |
| | Подобрување на синџирот на снабдување Подобрување на биодиверзитетот |
| | |
| **Вовед бизнис-модел на влијание врз клиентите** | Менаџирање на управувањето со клиентите |
| Раководството на клиентите | Управување со влијанијата врз производите |

| | |
|---|---|
| **Прашалник за обелоденување** | Вработување поединци на договори со вредност нула на час |
| Прашања за обелоденување, специфично за производство и трговија. | Вработените во компанијата се затвореници |
| Откривање користење алкохол | Компанија/добавувачи работат под 15-годишна возраст (или друга минимална возраст на МОТ) |
| Обелоденување на користење тутун | Прекувремената работа за работниците во текот на час е задолжителна |
| Обелоденување на оружје | Друго |
| Обелоденување порнографија | Објаснување на компанијата за ставката обелоденување преку знаменца |
| Фосилни горива | Резултати од обелоденување и казни |
| Генетички модифицирани организми | Прашања за обелоденување во врска со парница, преместување на заедници, несреќи и смртност на работното место |
| Влијанија врз биолошката разновидност | Фаталност на самото место |
| Интензивни индустрии за енергија и емисии | Судска постапка или арбитража |
| Интензивни индустрии во вода | Компанијата се пријави за банкрот |
| Незаконски производи или предмет на фазата на завршување | Поткуп, измама или корупција |
| Индустрии изложени на ризик од кршење на човековите права | Антиконкурентско однесување |
| Друго | Финансиско известување, даноци, инвестиции или заеми |
| Објаснување на компанијата за ставката обелоденување преку знаменца | Политички придонеси или меѓународни работи |
| Практики за обелоденување | Работни теми |
| Објавување прашања за чувствителни практики | Потсетува |
| Нема официјална регистрација според домашни регулативи | Прекршувања на доверливи информации |
| Намалување на даноците преку корпоративни обвивки | Заштита на потрошувачите |
| Нетранспарентно ги пријавува финансиските средства на компанијата до владата | Значајни отпуштања |
| Спроведување бизнис во зоните на конфликтот | Опасни празнења во воздух/земја/вода (изминати 5 години) |

| | |
|---|---|
| Продажба на податоци | Конверзија, стекнување или преместување на земјиште во големи размери |
| Објекти лоцирани во чувствителни екосистеми | Казни проценети за прашања од животната средина |
| Тестирање на животни | Повреда на права на локалците |
| Работниците не обезбедија чиста вода за пиење од тоалетите | Друго |
| Работниците се платени под нивото на минимална плата | Објаснување на компанијата за ставката обелоденување преку знаменца |
| Нема потпишани договори за работа за сите работници | Објавување на синџирот на снабдување |
| Листата за плаќања не е предвидена за да се прикаже пресметката на платите и одземањата | Прашања за обелоденување во врска со значајните добавувачи на компанијата |
| Компанијата забранува слобода на здружување/колективно договарање | Детски или принуден труд |
| Работниците не можат да го напуштат местото за време на неработното време | Бизнис во зоните на конфликти |
| Испратени лични карти или казни за оставка | Негативно социјално влијание |
| Работници под обврзница | Негативно влијание врз животната средина |
| Потврда за правото на работа | |

Извор: Certified B Corporations (2020) https://app.bimpactassessment.net/company/196729/assessment/199191/q; пристапено на 12.08.2020

## 3.3 Спроведување политики за поддршка на одржливиот развој на национално ниво

Концептот Национална стратегија за одржлив развој (NSDS) бил предложен во 1992 година во Агендата 21 каде што земјите биле повикани да ги интегрираат економските, социјалните и еколошките цели во една стратегиски насочена шема за дејствување на национално ниво. NSDS е дефинирано дека треба да се развива преку најшироко можно учество и воедно треба да се заснова на темелна процена на моменталната состојба и иницијативите. Во програмата за идно спроведување на агендата 21 усвоена на 19. специјално заседание на Генералното собрание (јуни 1997 година), земјите-членки ја реафирмирале важноста на (NSDS) и поставиле цел за 2002 година поврзана со

формулирање и разработка на (NSDS) која ќе ги одразува придонесите, но и одговорностите на сите засегнати страни.

Сепак, до 2002 година, врз основа на националните извештаи добиени од владите, само околу 85 земји развиле некаква форма на национални стратегии, а природата и ефективноста на овие стратегии значително се разликувале од земја до земја. За време на подготвителниот процес на Светкиот самит за одржлив развој во Акра, Гана, се одржал Меѓународен форум за (NSDS) во 2001 година, што довело до иницирање на Упатството за подготовка на национална стратегија за одржлив развој. Притоа е дефинирана Националната стратегија за одржлив развој (NSDS) како „координиран, партиципативен и интерактивен процес на размислувања и активности за постигнување економски, еколошки и социјални цели преку балансиран и интегративен начин“. Што е најважно, (NSDS) е повик за институционална промена чија цел е премин од традиционалната вежба, односно од план на хартија кон воспоставување адаптивна средина и систем што може постојано да се подобрува. Таа треба да биде процес што „опфаќа анализа на состојби, формулирање на политики и акциони планови, имплементација, следење и редовно разгледување. Односно, цикличен и интерактивен процес на планирање, учество и акција во кој акцентот е ставен на управување со напредокот кон реализација на целите на одржливост наместо на производство на ’план‘ како краен производ“. Секоја земја треба да утврди, сама за себе, како најдобро да пристапи кон подготовката и спроведувањето на нејзината национална стратегија за одржлив развој во зависност од присуството на приоритетни политички, историски, културни и еколошки цели (Dalal-Clayton et all., 1994). Затоа користењето нацрт-верзија за креирање на националните стратегии за одржлив развој не е ниту можно ниту посакувано. Битно е да се почитуваат основните принципи што ја карактеризираат националната стратегија за одржлив развој, а економските, социјалните и еколошките цели да се интегрирани преку еден урамнотежен пристап. Во моментот кога Агендата за одржлив развој во 2030 година и нејзините 17 ЦОР ќе се вклучат во националниот контекст, иако земјите не ги означуваат како „национални стратегии за одржлив развој“, сите нивни основни принципи се длабоко вградени во националното спроведување на ЦОР низ светот.

Бидејќи Земјата и луѓето се соочуваат со сериозни предизвици, од деградација на екосистемот и губење на биолошката разновидност, климатски промени и загадување, и продлабочување на нееднаквоста меѓу богатите и сиромашните, справувањето со овие

предизвици на холистички и интегриран начин било мотивација која произлегува од Агендата за одржлив развој 2030, која вклучува 17 глобални цели за одржлив развој (ЦОР) и 169 специфични цели. За разлика од Милениумските развојни цели, кои се фокусирале на земјите во развој, ЦОР се универзално применливи за сите земји, земајќи ги предвид различните национални реалности, капацитети и нивоа на развој (Kumar et all., 2016). Тоа значи интегрирање на ЦОР во националните приоритети за планирање, како и изнаоѓање средства за иницирање и имплементација на регионално и на локално ниво. Така, ЦОР мора да се поврзат со националното ниво и со поднационалните потреби и капацитети при спроведување, следење и известување. Многу развиени и земји во развој веќе започнале да испитуваат како да ги интегрираат ЦОР во постојните национални стратегии и планови.

Прво, земјите треба да развијат стратегии за спроведување на ЦОР на таков начин што ќе охрабрат различни сектори да работат заедно. 17. ЦОР се високо поврзани и не можат да се спроведат изолирано. На пример, целта 2, која се фокусира на намалување на гладот и одржливо производство на храна, исто така, има цел да промовира земјоделски систем отпорен на климатските промени. Слично на тоа, целта 11, која се однесува на градовите и населените места, исто така ја нагласува важноста за намалување на неповолното влијание на градовите врз животната средина по глава на жител, а целта 12, за одржливо производство и потрошувачка, бара одржливо управување и ефикасно користење на природните ресурси. Затоа велиме дека овие врски бараат високо интегрирана стратегија која ги обединува сите аспекти на одржливиот развој (Dalal-Clayton и Bass, 2002). Второ, треба да ги земеме предвид националните и регионалните приоритети, при утврдување кои од ЦОР треба да се спроведат веднаш, а кои во текот на следната деценија и кои треба да бидат специфичните национални и поднационални цели за ЦОР. Сето тоа бара соработка помеѓу различни нивоа на владата и претставници на засегнатите страни. Затоа е потребен партиципативен процес за да им се даде приоритет на целите, да се утврди нивото на потребен напор и да се утврдат временските рамки на реализација. Кога целите имаат цел да ја подобрат благосостојбата, квалитетот на животната средина и да создадат инклузивен економски раст, тогаш е неопходно да се разговара со граѓаните за да можат да ги идентификуваат нивните аспирации, потреби и приоритети.

Националните и поднационалните стратегии за одржлив развој имаат цел да им помогнат на земјите да ги поврзат домашните приоритети за одржлив развој со глобалната

рамка што ЦОР ја обезбедуваат (UN General Assembly, 2015). Во текот на изминатите 20 години ЦОР успешно обединија различни перспективи на ниво на политика. Постојат и примери на ЦОР кои даваат голем број иновативни одговори на политиките, вклучувајќи инвестиции во зелена технологија, социјална заштита и поефикасни методи и средства за соработка. ЦОР честопати првично се развиваат и прегледуваат од страна на групи на засегнати страни или се креираат како извештаи засновани на податоци и индикатори. Глобалниот преглед на ЦОР укажува на тоа дека многу земји имаат формирано национални совети за одржлив развој или други тела кои служат за слична намена, односно за понатамошен одржлив развој на национално ниво со вклучување на широк спектар на засегнати страни во процесот на создавање национални ЦОР.

## 3.4 Локални политики за одржлив развој

Тешкотијата при преземање тродимензионален (еколошки, економски и социјален) пристап на одржливост се рефлектира на многу места. Затоа, локалните заедници го приспособуваат одржливиот развој на нивниот индивидуален контекст. Локализацијата на ЦОР е процес каде што локалните и регионалните власти и другите актери на локалното управување можат критички да придонесат кон целокупното достигнување на ЦОР и како ЦОР да обезбедат рамка за политиките за локален развој. Тоа вклучува ангажирање на повеќе засегнати страни на национално ниво, како и адаптација, спроведување и следење на ЦОР на локално ниво. Усвојувањето на Агендата за одржлив развој до 2030 година и нејзините седумнаесет (17) ЦОР и нивните специфични сто шеесет и девет (169) ЦОР во 2015 година било обележано со сознанието дека за да биде ефективно спроведувањето на ЦОР, треба да користи пристап оддолу-нагоре, а не од врвот надолу, односно (bottom up) пристап. Ова значи реализирање на пристап со инволвирање на повеќе засегнати страни во чија суштина е концептот за локализирање на ЦОР, особено преку локалната самоуправа, преку граѓански организации (ГО) и други локални чинители (SDplanNet, 2014).

Патоказот предвидува реализација на активности во четири основни области, и тоа подигнување на свеста за ЦОР; ангажирање на национално ниво за спроведување на ЦОР; усогласување на ЦОР на субнационално ниво; и продуцирање на распределени локални податоци и индикатори. Слично на тоа се идентификуваат и четири предизвици, како што

се обезбедување на усогласеност на ЦОР со општинските планови и програми и нивните буџети, одобрување на ЦОР од страна на локалните политичари и партии, следење на спроведувањето на ЦОР и обезбедување финансии за работа поврзана со ЦОР. Сето тоа е важно за да се утврдат можностите во однос на поттикнување долгорочни, интегрирани (економски, социјални и еколошки) пристапи и развој на партнерства со повеќе засегнати страни како своевиден извор на иновации.

Политиките за одржливост можат да се разберат како одлуки што опфаќаат социјални, културни, економски и еколошки проблеми. Планирањето на одржливоста, како израз на политиките за одржливост, се стреми да одржува рамнотежа помеѓу целите за заштита на животната средина, економијата, културата и социјалната еднаквост (Purvis et all., 2019). Поради сложеноста на ваквиот повеќедимензионален пристап, одговорноста честопати се дели меѓу владата, здравствените власти, непрофитните организации и останатите засегнати страни во заедницата. А како предизвик честопати се јавуваат координацијата на ресурсите и поделбата на улогите при имплементација. Додека политиките и планирањето на одржливоста се релевантни чинители на повеќе нивоа, вклучувајќи ги градското, регионалното, националното ниво и пошироко, тие имаат намера да му помогнат на јавното здравство, владините и невладините чинители да ја промовираат одржливоста на локално ниво, без разлика дали се работи за урбани или рурални средини. Ако како пример ја земеме политиката за храна, ќе утврдиме дека политиките за храна се однесуваат на одлуки што влијаат врз начините на кои луѓето произведуваат, добиваат, консумираат и одложуваат храна во локалните заедници. Притоа, политиките влијаат врз можноста сите граѓани да имаат пристап до хранлива и прифатлива храна во продавниците за храна или пазарите. Во оваа смисла, политиките за храна се широко разбрани како прашања за одржливост со социјални, културни, економски и еколошки димензии.

Иако не сите актери и алатки вклучени во креирањето на локалната одржливост се присутни во општините, сепак, овој тип на планирање е често во рамките на општините или во партнерство со нив. Тоа е причината зошто е корисно да се разберат и „традиционалните“ и новите одговорности кои се наоѓаат на ова ниво на власт. Локалните власти без разлика дали се големи или мали обично имаат одговорности кои вклучуваат (Quebec institute, 2012):

- Планирање и развој преку регулирање на употребата на земјиштето и зонирање (просторно и урбанистичко планирање);

- Планирање на транспортот како што е, на пример, јавен транспорт и изградба и одржување на општински патишта;
- Служби за итни случаи како локално полициско работење и гаснење пожар;
- Јавни комунални услуги од типот на канализациони системи, управување со отпад, третман на вода и електрични комунални услуги;
- Паркови и рекреација преку управување со парковите и зелените површини и јавни објекти за рекреација;
- Услуги во заедницата од типот на библиотеки и центри во заедницата;
- Економски развој со одлуки за употреба на земјиште во врска со локацијата на индустриските области и движењето на стоки во и надвор од градовите итн.

А во последно време дополнителни прашања се појавиле на агендите на локалните самоуправи кои можат да вклучат:

- Здрави заедници;
- Биодиверзитет и заштита на живеалиштата;
- Еколошка заштита и реставрација;
- Ублажување и приспособување на климатските промени;
- Социјална инклузија и градење на капацитетите на заедницата;
- Економски развој на заедницата;
- Безбедност на храна и системи на одржлива храна.

И иако овие прашања не се среќаваат кај сите локални самоуправи, споделуваат низа карактеристики. Тие ги рефлектираат новите и често сложени сфаќања за областите на дејствување на локалните власти и нивните партнери. Со оглед на комплексноста на прашањата за планирање на одржливоста, не е изненадувачки што спроведувањето на овие нови приоритети претставува и справување со голем број предизвици. Политиките за одржливост се сложени и меѓусебно поврзани, со што се бара, меѓу другото, соработка на различни актери и сектори, особено имајќи предвид дека новите приоритети се често меѓусекторски поврзани. Како што забележуваат Lake и Hanson (2000), најголемата бариера на одржливоста лежи во *отсуството на институционални дизајни за спроведување одржливи практики во локалните контексти*. Се вели дека анализата и разбирањето на

бариерите се важни, но дека еднакво е важно и разбирањето на факторите и механизмите што овозможуваат имплементација на политичкиот одговор на новонастанатите покренати прашања. Поврзана област на интерес е креирањето на „локалното партнерство“ за планирање одржливост на локално ниво. Тоа е опишано како создавање колаборативно дејствување и односи помеѓу владата, локалните институции и организациите на заедницата за решавање меѓусебни проблеми (Elwood, 2002; Larner и Craig, 2002).

Друга област на која се става фокус е градење организациски капацитет за спроведување политики во непознати области. Тоа се однесува на степенот на знаење и стручност на персоналот, како и достапноста на соодветни регулаторни и плански поддржувачи. Она што е заедничко за сите овие прашања е интересот за одредување на достапните алатки и ресурси за да се олесни спроведувањето на новите политики. Се констатира дека нема правилен или погрешен одговор на прашањето како да се спроведат политиките за одржливост, но истовремено е можно да се идентификуваат факторите за кои истражувањето и практиката покажале дека придонесуваат за успех. Политиките за одржливост се динамични и се развиваат со текот на времето, а ефективната имплементација изгледа различно во зависност од случај до случај. Можно е да се екстрахираат четири фактори што можат да влијаат врз способноста на локалните самоуправи да спроведат политики за одржливост и да го спроведат планирањето на одржливоста во практика. Според Mendes (2008), факторите се:

1) Правен статус и мандат за новата политика на одржливост;

2) Кадровска поддршка и лоцирање на нова област за политиката во рамките на бирократијата на локалната самоуправа;

3) Интеграција во постојните политики и регулативи;

4) Значајни партнерства и механизми за граѓанско учество.

Локалните политики го поставуваат прашањето дали одржливиот развој или урбаната одржливост се примарна цел на градот? Ако одржливоста не е на урбаната агенда и не е идентификувана како цел, тогаш таа не може да се постигне. Концептот на одржливост има многу толкувања, но урбаната одржливост се однесува на идеализиран модел на урбан развој кој се однесува на поширок сет на грижа за урбаниот раст, моделите на урбан развој и прашањата што произлегуваат од урбаниот развој. Широката употреба на

концептот на одржливост започна по 1992 година со Декларацијата на Рио за животна средина и развој (подоцна наречена Агенда 21). Затоа велиме дека разгледувањето на одржливоста во креирањето на локалните политики е релативно неодамнешен феномен.

Постојат повеќе дефиниции за одржливост и тие се предмет на широк спектар на толкувања. Во исто време постојат четири принципи на урбана одржливост во Агендата за одржливи градови на Европската заедница (ЕЗ): 1) принципот на урбано управување; 2) принципот на интеграција на политиките; 3) принципот на размислување за екосистемите; и 4) принципот на соработка и партнерство (Newman, 1999). Овие принципи можат да послужат како модел за решавање на одржливоста на локално ниво.

## 3.5 Создавање екосистеми за сеопфатна поддршка на одржливи проекти и практики

Во 30-тите години на минатиот век британскиот ботаничар Arthur Tansley го вовел терминот екосистем за да опише заедница на организми кои комуницираат едни со други и истовремено комуницираат со нивната околина: воздух, вода, земја итн. Со цел да напредуваат, овие организми се натпреваруваат и соработуваат едни со други за искористување на расположливите ресурси, коеволуираат и заеднички се приспособуваат на надворешните влијанија. Деловниот стратег James Moore, прифаќајќи го тој биолошки концепт, во својот напис од 1993 година „Харвард“ во деловниот преглед „Предатори и плен: нова екологија на конкуренцијата“ предложил на компанијата да не се гледа како на единствена фирма во индустријата, туку како на член на деловниот екосистем со учесници кои се составен дел од повеќе индустрии. Како и природните екосистеми, фирмите вклучени во деловните екосистеми се натпреваруваат за опстанок преку адаптација и понекогаш истребување. Напредокот на технологијата и зголемувањето на глобализацијата ги смениле идеите за најдобрите начини за деловно работење, додека идејата за деловен екосистем се смета дека им помага на компаниите да разберат како да напредуваат во ова брзо менувачко опкружување.

Затоа деловниот екосистем се дефинира како економска заедница поддржана од фондација на интерактивни организации и поединци што, всушност, се организмите на деловниот свет. Економската заедница произведува добра и услуги од вредност за

клиентите, кои и самите се членови на екосистемот. Организмите, односно членките вклучуваат и добавувачи, водечки производители, конкуренти и други засегнати страни. Со текот на времето тие ги развиваат своите способности и улоги и имаат тенденција да се усогласат со насоките утврдени од една или повеќе централни компании. Оние компании што имаат лидерски улоги може да се менуваат со текот на времето, но функцијата водач на екосистемот ја цени заедницата затоа што им овозможува на членовите да се движат кон споделени визии за да ги усогласат своите инвестиции и да најдат улоги кои заемно ги поддржуваат. Всушност, деловниот екосистем се состои од мрежа на меѓусебно поврзани компании кои динамично комуницираат едни со други преку конкуренција и соработка за да ја зголемат продажбата и да преживеат. Екосистемот вклучува добавувачи, дистрибутери, потрошувачи, влада, процеси, производи и конкуренти. Кога еден екосистем напредува, тоа значи дека учесниците развиле форми и систем на однесување кои го насочуваат протокот на идеи, талент и капитал низ целиот систем. Екосистемите создаваат силни бариери за влез за нова конкуренција, бидејќи потенцијалните учесници не само што треба да го дуплираат или подобруваат основниот производ, туку тие исто така мора да се натпреваруваат против целиот систем на независни дополнувачки бизниси и добавувачи кои ја формираат мрежата. Затоа се вели дека да се биде дел од деловниот екосистем, обезбедува механизми за поттикнување на технологијата, постигнување врвни резултати во истражувањето и деловната компетентност и ефикасно натпреварување против другите компании. Тоа се постигнува преку креирање нови соработки за решавање на зголемените социјални и еколошки предизвици, искористување на креативноста и иновативноста за да се намалат трошоците за производство или, пак, да им се овозможи на членовите да дојдат до нови клиенти. Но не смееме да заборавиме дека истовремено се овозможува забрзување на процесот на учење за ефикасна соработка и споделување, се зголемуваат вештините и експертизата, како и стекнување ново знаење. А токму тоа е и причината што во денешниот деловен свет, кој брзо се менува, компаниите создаваат сопствен екосистем или изнаоѓаат начин да се приклучат на постојниот екосистем.

Имајќи предвид дека економската активност се менува од самостојни во меѓусебно поврзани економски агенти кои формираат мрежна економија како што е денес, истражувањето за деловната стратегија се развива или вклучува повеќе димензии за подобро разбирање на континуираната интеракција и однесување на меѓусебно поврзани

организации (Nohria и Eccles, 1992). Брзите промени во технологијата, порастот на информацискаta ера и зголеменото ниво на глобализација може да го променат конкурентскиот пејзаж, т.е. природата и темпото на конкуренција помеѓу фирмите. Ова, следствено, влијае врз природата на истражувањето во стратегиското управување. Ritter и Gemünden (2003) истакнуваат дека во мрежната економија, конкурентноста на фирмата не зависи само од нејзината внатрешна компетентност, туку и од нејзината способност да комуницира со својата околина, а неуспехот да се воспостави и одржи оваа надворешна компетентност ќе ја ограничи стратегиската флексибилност на фирмата кон нејзините ресурси. Истовремено зголемувањето на темпото на денешните пазари и комплексноста на денешните технологии кои бараат меѓусебно поврзани мрежи на учесниците во истите (Barabasi, 2002) фирмите треба да можат ефикасно да ги користат своите односи со клиентите, партнерите или конкурентите. А тоа може да се овозможи само со разбирање на таквите меѓусебно поврзани деловни модели и со разбирање на факторите и механизмите што управуваат со таквите мрежи. Друг предизвик за научниците што ги проучуваат мрежите и сојузите е да се премости јазот помеѓу теоријата и практиката и да се преведат некои од нивните важни согледувања во корисни препораки за практичарите (Gulati, 1998).

Терминологијата на деловните екосистеми првично била користена од страна на Moore (1993), а потоа ја развиле неколку други истражувачи со различен фокус и приод. И иако веќе некое време деловните екосистеми се меѓу најжешките концепти во истражувањето на стратегијата (Beckam, 1997), а евидентно е дека еколошката аналогија е важна во деловната литература, сепак се евидентира недостиг на аналитички алатки кои обезбедуваат вредност за практичарите (Adamovicius et.al, 2006). Е сега дали деловниот екосистем е метафора на деловна мрежа или опис на организациска форма што е поголема од деловната мрежа, е прашање на кое дава одговор Moore (1993), при што смета дека деловниот екосистем е перспектива за да разбере како работи економската заедница. Во исто време тој ја нарекува економската заедница деловен екосистем и сугерира дека овој термин го заменува терминот индустрија. Деловниот екосистем предложен од Moore вклучува сопственици и други засегнати страни, како и моќни субјекти, како што се владини тела, здруженија и тела за стандардизација. За разлика од Moore, Iansiti и Levien (2004) не обрнуваат многу внимание на дефинирање на деловниот екосистем, туку развиваат перспектива за разбирање на деловните мрежи. Тие веруваат дека на многу начини

биолошките екосистеми се едноставно појдовна точка за аналогии и метафори, како и теоретска основа за разбирање на предизвиците и можностите за формулирање стратегии во мрежниот свет. Притоа разликата помеѓу мрежата и деловниот екосистем не се идентификува во предметот на студијата, туку во перспективата што се користи за анализа на меѓусебно поврзани бизниси. Со други зборови, на начинот на кој се гледаат односите или интеракциите помеѓу членовите и нивната околина, улогите и интересите на членовите на системот и механизмите што ги водат овие интеракции кон постигнување на заедничката цел. Имајќи ја комплексноста како своја основна логика, перспективата на деловниот екосистем може да игра важна улога во проучувањето на врската помеѓу фирмите и нивните деловни мрежи.

## 3.6 Извори на финансирање одржливи проекти и практики

Прашањето дали потрагата по одржлив развој бара посебно финансирање може да биде основа за амбивалентност. Бидејќи постигнувањето одржлив развој е поврзано со мерките на политиката што го менуваат човековото однесување кон животната средина и кон општеството воопшто. А промената во однесувањето може да се постигне на различни начини, при што некои од нив не мора да вклучуваат какви било финансиски текови. На пример, моралното убедување е процес на подигнување на свеста и поттикнување на моралното однесување и не треба да вклучува никакви финансии, иако може да вклучува непарични трошоци за оние што го менуваат своето однесување. Аргументот од моралната сугестија и убедување е само исполнувачки бидејќи ако сите се однесувавме одржливо, светот би имал поголеми шанси да биде одржлив. Меѓутоа, проблемот, како што е познато, е во тоа што луѓето карактерно се одликуваат со мешавини на себични и алтруистички однесувања, се жалат на алтруистичките аспекти на однесување и честопати не успеваат да постигнат цели за кои може да се смета дека се во согласност со одржливоста (Seglow, 2002).

Одржливите практики за финансирање на светскиот развој преку иновативно финансирање биле дизајнирани пред околу две децении, а нивната активна имплементација се спроведувала од 2001 година (ООН, 2001). Милениумските развојни цели помогнале да се генерираат голем број идеи и иницијативи за финансирање, а со тек на децениите низа од нив биле автоматизирани. Од 2000 до 2008 година иновативните напори за собирање

средства на глобално ниво резултирале со прибирање на приближно 57 милијарди долари (World Bank, 2009). Развојните банки, исто така, започнале да издаваат нови видови обврзници кои ја поврзуваат мобилизацијата на ресурсите со целите на развојот. Во исто време земјите во развој барале не само повеќе финансиски текови, туку и подобри финансиски решенија како, на пример, партнерства што мобилизираат приватни финансии за испорака на јавни услуги, напори за ублажување на ризикот што промовираат влез во приватниот сектор итн. Околу еден процент од националниот буџет бил наменет за финансирање на пошумување, промовирање природни ресурси и подобрување на управувањето со природните шуми. Исто така, фондовите за зачувување биле основани за да се обезбеди долгорочно финансирање за зачувување на биолошката разновидност, одржливо управување со природните ресурси и подобрување на егзистенцијата преку донаторските фондови, фондови за реинвестирање итн. Светскиот фонд за природа (World Wide Fund for Nature) бил вклучен во воспоставување средства за зачувување и размена низ целиот свет бидејќи според Spergel (2001), размените помагаат да се обезбеди заштита на некои од биолошки најразновидните и критички загрозени живеалишта. Во неколку земји, приходите генерирани од трговија со производи или услуги поврзани со дивиот свет се реинвестираат во зачувување. Околу три до единаесет проценти даночни приходи се наменети за трошење на зачувување на дивиот свет, подобрување на живеалиштата и нивно обновување (WWF Report, 2019). Ослободувањето од персонален данок на доход или данок на земјиште е уште еден ефикасен механизам што се користи во многу делови на светот. Механизмите за финансирање на заедницата имаат цел да им овозможат на заедниците да инвестираат во алтернативни опции за егзистенција кои можат да ги заменат активностите што предизвикуваат штета на биодиверзитетот.

Фискалните реформи играат исклучително важна улога во промовирањето на одржливоста на животната средина. Мерките на политиката, како што се „ограничување и трговија", и даноците на јаглерод настојуваат да ги ограничат емисиите на јаглерод со зголемување на цената при емисиите на јаглеродот и пренесување на надворешните односи, стандарди, норми и акции на внатрешен план. Владите што поставуваат шеми за ограничување и трговија треба да постават доволно јасни и стриктни ограничувања за да ја следат нестабилноста и да постават соодветни регулативи. Во исто време 13 држави

иницирале некаква форма на национални или субнационални даноци на јаглерод кои резултирале со неутрални или малку позитивни ефекти врз БДП (Mowery et all., 2010).

Владите, исто така, треба да разгледаат и други политики за промена на инвестицискиот циклус, како што се ограничувања на инвестиции кои продуцираат директни емисии на штетни материи и гасови. Субвенционирање на истражување и развој на чисти технологии, вклучувајќи технологии за зафаќање и складирање на јаглеродот. Даночни олеснувања и повластени тарифи за енергетска ефикасност или цели на обновливата енергија. Дополнителни права поврзани со заштита од загадување итн. Владите треба да ги користат фискалните политики за решавање на нееднаквостите во борба против сиромаштијата, подобрување на снабдувањето со вода, обезбедување канализациона мрежа и поддршка на другите социјални услуги, особено за да имаат корист оние со ниски приходи, односно ранливи и маргинализирани групи. Често при повиците за финансирање се случува да им се даде приоритет на проекти за јавни инвестиции кои се ориентирани кон категориите на сиромашни граѓани и родово чувствителни групи. Структурната ранливост која влијае врз сиромашните и другите социјално исклучени групи, жени, лица со попреченост, мигранти, малцинства, деца, постари лица, млади и други маргинализирани групи, може да се намали преку универзално обезбедување основни социјални услуги (UNDP, Human Development Report, 2014). А во услови на отсуство на доволно долгорочно финансирање од приватниот сектор и инвестиции во одржлив развој, многу земји воспоставиле национални развојни банки и други јавни институции за поддршка на долгорочни инвестиции.

Комбинираните средства на клубот за меѓународни финансии за развој што претставува група од 20 национални, билатерални и регионални банки за развој, генерирале над 2,1 трилиони УСД долари во 2010 година (World Bank report, 2014). Националните банки за развој можат да имаат важна улога во финансирањето мали и средни претпријатија, инфраструктура и иновации, а бидејќи имаат специфично познавање на домашните пазари, тие честопати се добро приспособени за да обезбедат развој на релевантни капацитети и помош при управување со приватни проекти. Студиите покажале дека некои национални банки за развој, исто така, одиграле важна циклична улога, особено во случаи на криза кога субјектите од приватниот сектор стануваат високоризични. Владите можат да ги користат националните банки за развој за да ги зајакнат пазарите на капитал и да вложуваат инвестиции во одржлив развој. Сепак, постојат предизвици за креаторите на политики во

однос на новите банки за развој бидејќи креаторите на политиките треба да обезбедат услови јавните банки за развој да не преземаат активности што приватниот сектор би ги обезбедил конкурентно на нив. Важно е да се воспостават одредби за да се избегне несоодветно политичко мешање во работењето на банката и да се обезбеди ефикасно користење на ресурсите, особено во врска со искористувањето на инвестициите на приватниот сектор во одржлив развој (OECD, 2007).

Во разбирањето на улогата на приватниот сектор во финансирањето на одржливиот развој, важно е да се признае дека приватниот сектор вклучува широк спектар на различни актери. Започнувајќи од домаќинства до мултинационални корпорации, од директни инвеститори до финансиски посредници, како што се банки и пензиски фондови. Историски гледано, приватните ресурси биле клучен двигател на домашниот раст и создавањето работни места. Приватното финансирање првенствено било насочено кон профит, што го прави особено добро приспособено за продуктивни инвестиции, но сепак не треба да се заборави дека квалитетот на инвестициите е важен. Истовремено во практиката продолжува да постои недостиг на домашни долгорочни инвестиции неопходни за одржлив развој, дури и во време кога во приватниот сектор има сè поголемо разбирање дека комерцијалниот интерес и целите на јавната политика може да се реализираат истовремено. На тој начин владите се вклучуваат преку преземање на својата улога во развивање политики кои ќе помогнат да се стимулираат поголеми долгорочни инвестиции за одржлив развој. Средината што овозможува и стимулира е неопходна за намалување на ризиците и охрабрување на приватните инвестиции. Покрај тоа, владите можат да работат на развој на локалните пазари на капитал и финансиски системи за долгорочни инвестиции, во рамките на стабилна и здрава регулаторна рамка. Неодамнешните студии покажале дека стабилните, инклузивни и ефикасни финансиски пазари имаат потенцијал да го подобрат животот на луѓето преку намалување на трансакциските трошоци, поттикнување на економската активност и подобрување на испораката на други социјални придобивки, особено за жените (Cull et all., 2014). Проширувањето на обемот и размерот на понудени финансиски услуги за сиромашните, постарите лица, жените, лицата со попреченост и другите ранливи групи е важно за да се помогне во остварувањето на Целите на одржливиот развој. Факт е дека домаќинствата од сите нивоа на приход, дури и од најсиромашните, користат основни финансиски услуги како плаќања, заштеди, кредити и осигурување, при што сиромашните,

особено оние во најмалку развиените земји, користат главно неформални даватели на финансиски услуги. Затоа многу од владите обезбедиле или ги поддржале давателите на финансиски услуги за сиромашните, вклучително и преку микрофинансиска институција, кооперативни банки, поштенски банки и штедилници, како и трговски банки.

Важна област каде што пристапот до финансиската услуга кредит е недоволна се однесува на малите и средни претпријатија (МСП), кои во многу земји се главни двигатели на иновации, вработувања, раст и развој. Финансиските потреби на МСП во голем број случаи се премногу големи за традиционалните лихвари и микрокредитни агенции, додека големите банки имаат тенденција да го заобиколат овој пазар поради административниот интензитет, недостигот на информации и несигурноста на кредитниот ризик. Со обезбедување кредитни информации, регистри на кредити, режими на обезбедување депозити итн., можат да помогнат во проширувањето на пристапот на МСП до кредит.

Институционалните инвеститори, особено оние со долгорочни обврски, како што се пензиските фондови или компании за животно осигурување, се особено добро приспособени за да обезбедат долгорочни финансии. За да го негуваат развојот на институционалната база на инвеститори, креаторите на политиките треба да развијат институционална, правна и регулаторна рамка, а тоа вклучува закони за хартии од вредност, регулативи за управување со средства и заштитата на потрошувачите. Добро е познато дека зајакнувањето на домашната политика, правното, регулаторното и институционалното опкружување е ефикасен начин за владите да ги поттикнат приватните инвестиции. Како резултат на таквите напори во текот на изминатата деценија, многу земји во развој ја намалиле исклучителната сложеност и трошоците што ги плаќаат бизнисите за да започнат и да одржуваат бизнис-операции. Инвестициите во инфраструктурата и основните јавни услуги, како и човечкиот капитал, исто така ќе придонесат да се направи деловното опкружување попривлечно, додека политичката нестабилност, макроекономската нестабилност и неизвесноста во политиката претставуваат значителни пречки за деловното работење во која било земја, потенцирајќи ја на тој начин важноста на здравите политики. Креаторите на политиките треба да имаат цел да иницираат разгледување на одржливоста во сите институции и на сите нивоа, а тоа може да се направи со поттикнување заедничко известување за влијанијата врз животната средина, социјалната средина, управувањето

(ESG) и економските приноси, што реферира на економија, животната средина, социјалната средина и управување (EESG).

Меѓународните јавни финансии, исто така, имаат инкрементална улога во финансирањето на одржливиот развој. Слично на домашните јавни финансии, постојат три функции на меѓународните јавни финансии: искоренување на сиромаштијата; финансирање на провизијата на регионални и глобални јавни добра; и одржување на глобалната макроекономска стабилност во контекст на поширокото глобално опкружување (OXFAM, 2015). Меѓународните јавни финансии треба да ги надополнуваат и олеснуваат националните напори во овие области и тие ќе останат неопходни во спроведувањето на одржливиот развој. Слично на домашните приватни финансии, меѓународните приватни финансии содржат широк спектар на текови, вклучително и странски директни инвестиции, портфолио-текови и прекугранични банкарски заеми. Меѓународните институционални инвеститори, вклучувајќи ги и фондовите за суверено богатство, поседуваат проценети средства од 80 трилиони до 90 трилиони УСД долари, што претставува огромен потенцијален извор на инвестиции. Сепак, до денешен ден нивните инвестиции во одржлив развој и во развиените и во земјите во развој се многу ниски. Како пример ќе наведеме дека пензиските фондови инвестираат само 3 проценти од нивните глобални средства во инфраструктурата (United Nations System Task Team, 2015).

Кога се добро дизајнирани, мешаните финансиски конструкции им овозможуваат на владите да ги искористат службените средства здружени со приватен капитал, споделувајќи ги ризиците и приносите, додека сè уште ги следат националните социјални, еколошки и економски цели во областите од јавен интерес. Сепак, важно е да се напомене дека лошо дизајнираните ЈПП и други мешани структури можат да доведат до високи приноси за приватниот партнер, додека јавниот партнер ги задржува сите ризици. Затоа треба внимателно да се разгледува соодветната употреба и структура на мешаните финансиски инструменти.

# ГЛАВА IV
# ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ – ИСТРАЖУВАЊЕ ВО РС МАКЕДОНИЈА

## 4.1. Состојбата со одржливоста и добрите одржливи практики во македонските компании

Одговорноста на претпријатието прикажана преку влијанието на неговите одлуки и активности врз општеството и животната средина може да се дефинира како општествена одговорност, а услов е транспарентно и етичко однесување кое придонесува кон одржлив развој. Притоа неопходно е да се земат предвид засегнатите страни и нивните очекувања како носители на процесот. Согласно дефинирањето на општествената одговорност од страна на Европската Унија од 25 октомври 2011 година, самиот концепт значи „одговорност на организациите за нивното влијание врз општеството“.

Дерегулацијата, барањата за поголема транспарентност на бизнис-секторот пред општествената заедница, зголемената заинтересираност на потрошувачката заедница, прогресивниот притисок на инвеститорите, очекувањата од страна на вработените, како и односот со добавувачите се фактори што влијаат врз поширокото прифаќање на општествената одговорност. Од досегашните анализи и организирани настани поврзани со идентификување, препознавање, верификување и наградување на ООП во РС Македонија можеме да кажеме дека сè уште идејата и иницијативите што се јавуваат се во зародиш и недоволни за достигнување на критериумот транзиција кон одржливиот развој. Генерално може да се каже дека постои нерамнотежа на локално и на регионално ниво во знаењето и спроведувањето на ООП, а истовремено и слаба ангажираност на поединците, коморите и институциите во промоција на ООП. Затоа е неопходно и понатаму да се продолжи со соработката со ООП од регионот, со градење капацитет на човечките ресурси за ООП, како и инкорпорирање на концептот во наставните програми на образовните институции.

Деловниот сектор во РС Македонија функционира во едно турбулентно опкружување, но долгорочно гледано се идентификуваат јасни сигнали дека организациите што се грижат за општеството во целина, општествено одговорните организации, ќе бидат успешни и ќе имаат можност да опстојат и да се развиваат. МСП сè уште не се во состојба

да ја согледаат јасно и конкретно улогата и одговорноста што ја имаат кон општеството, иако се носители на светската економија, а практикувањето на општествената одговорност од нивна страна е квинтесенција за општествениот раст и развој. Свеста и политиките неминовно ќе треба да се менуваат, а воедно да се инкорпорираат општествено одговорните практики во стратегиите на МСП. Бидејќи холистичкиот пристап со практикување на општествената одговорност во секој сегмент од функционирањето на претпријатието ќе стане неопходност наспроти изолираните активности поврзани со општествената одговорност. Оние организации што во деловната стратегијата ќе ја вклучат општествената одговорност, ќе создадат услови за конкурентска предност, долгорочно и одржливо делување а со тоа и позитивно влијание врз развојот на државата преку намалување на сиромаштијата и други проблеми со кои се соочува општеството. Притоа, со своите општествено одговорни напори деловниот сектор не ја супституира улогата на државата во општеството, туку ќе помогне во осигурување на развојот и благосостојбата на граѓаните. Перцепцијата и разбирањето на МСП во РС Македонија во однос на концептот општествена одговорност, областите на негово влијание, како и степенот на практикување се на различно ниво. Тоа ги вклучува и сознанијата за придобивките од него, опструкциите и бариерите со кои се соочува и иницијативите за примена на општествено одговорните практики.

Утврдувањето на состојбата со одржливоста и добрите одржливи практики во РС Македонија е тешко да се утврди ако се стават во функција важечките критериуми за одржливост од страна на водечките консултантски компании. Затоа, скенирањето на состојбата е согласно анализите што се претходно направени од една страна и доделените признанија на општествено одговорните организации што пројавиле интерес да ги презентираат своите општествено одговорни практики на проектно ниво, а воедно тие се верификувани од комисии кои ги вреднуваат достигнувањата согласно однапред поставените критериуми. Оттука произлегуваат следните награди кои им се доделуваат на општествено одговорните компании (Министерство за економија на РС Македонија, 2019):

- Награда за однос кон вработените
- Награда за етичко управување
- Награда за односи на пазарот (кон снабдувачи, потрошувачи или купувачи)
- Награда за однос кон животната средина
- Награда за вложување во заедницата

Тука станува збор за аплицирање со проектни активности кои ги спроведуваат компаниите, а притоа треба да ги исполнат следниве критериуми:

- Предложениот проект се вклопува во севкупната стратегија за ООП на претпријатието (поткрепено со одреден акт - стратегија, програма, политика, приоритетни цели за ООП);
- Предложениот проект придонесува кон остварување на деловните цели на претпријатието (профитабилност, конкурентност, остварување одреден пазарен удел, како и одржливост на бизнисот);
- Предложениот проект генерира корист за општеството/заедницата;
- Зацртаните цели и резултати на проектот се постигнати - поткрепено со соодветни показатели и податоци;
- Претпријатието е долгорочно посветено на дејствувањето во областа на проектот;
- Претпријатието спроведува соодветна комуникација (внатре во претпријатието и кон јавноста) за проектот;
- Предложениот проект е иновативен и нуди приод различен од досега реализираните во земјата и/или во соодветната стопанска гранка (Среднорочна стратегија за општествена одговорност на РС Македонија, 2019);

Во случајот со РС Македонија се издвојуваат неколку стимулативни сегменти кои го овозможуваат комплексното и холистичко развивање на ООП. Прво ООП е иницијација за зголемување на конкурентноста. Второ, ООП е дополнителен мотив за поттикнување на инвестициите, особено на директните странски инвестиции и трето, неопходната синергија помеѓу јасните критериуми и стандарди на ЕУ која става акцент на ООП и заложбите на РС Македонија, за ЕУ-интеграција.

Од досегашните анализи констатираме дека организациите со најмногу проекти аплицираат во категоријата „Вложување во заедницата“, а категориите „Односи на пазарот“ и „Однос кон вработените“ се речиси изедначени. Истовремено, вредно е да се напомене дека најголемиот број од пријавените компании се од услужниот и финансискиот сектор (по 23%), понатаму образование (14%), прехранбена, градежна индустрија и ИКТ-сектор (по 9%). Добитниците на Националната награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските организации во 2019 г. се општествено одговорните проекти („Let’s Go

Beyond“) на Македонски телеком АД Скопје; („Покров“) на Тинекс-МТ ДООЕЛ Скопје, („Електромобилност со ЕВН“) на ЕВН Македонија АД Скопје; (Обуки за млади „Вештини за успех“) на Пивара Скопје АД; („ГДи заедница“) ГДи ДООЕЛ Скопје; Парти Сервис Лео ДООЕЛ Скопје („Проект за донација кој е наменет за грижа, поддршка и помош на бездомни лица“) и („Komunicira.me“) на ЦБЦ Колектив ДОО Скопје. Наградени со Плакети за општествено одговорни проекти беа: (Биди здрав, биди вреден) Фармахем ДООЕЛ Скопје; (Обуки за вработените за етичко управување и усогласеност) Пивара Скопје АД; („ГДи академија“) ГДи ДООЕЛ Скопје; (Гласни раце во ЕВН) на ЕВН Македонија АД Скопје; (со традиционално неимарство до здрав и современ дом) Адора Инженеринг ДООЕЛ Скопје; Охридска банка АД Скопје (ОБСГ Клуб на таленти); (Платформа за поддршка на заедницата) Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица и (Соработка за поквалитетно образование и кариерни можности) Цементарница УСЈЕ АД Скопје. Признанието за најинвентивна практика го има добиено проектот „Komunicira.me“ на претпријатието ЦБЦ Колектив ДОО Скопје во конкуренција од триесет проекти на вкупно ниво.

Статуетката за најдобра општествено одговорна практика за 2019 година во категоријата „Вложување во заедницата“ ја освои Пивара Скопје за реализација на процесно ориентираниот проект - бесплатни обуки за млади „Вештини за успех“. Во исто време плакета е доделена за проектот „Обуки за вработените за етичко управување“ како дел од категоријата „Етичко управување“, а исто така компанијата добила признание и за третиот проект - Унапредување на благосостојбата на вработените во рамките на Програмата за обликување на компаниското кредо и култура.

Во РС Македонија, Цементарница УСЈЕ е една од компаниите што од 2008 година е членка на Глобалниот договор на Обединетите нации (ОН). Тој ја обврзува да ги почитува начелата за општествено одговорно дејствување во областите на превенција и заштитата на животната средина, човековите права, работничките права, корпоративното управување и лидерство и антикорупциското дејствување.

Алкалоид преку еднократен линеарен паричен надомест за вработените во нето-износ од 25.000 денари врши дополнителна интервенција во социјалната сфера. Компанијата преку политиката за надоместоци, а во согласност со Статутот и Колективниот договор се фокусира на мотивација, конкурентност, навременост, транспарентност и отчетност. Алкалоид АД Скопје, исто така во 2020 година, преку централата во Скопје, има

донирано приближно 1,2 милион евра, со што повторно ја потенцира својата улога на стратегиско ниво за задоволување на социјалната компонента при општествено одговорното однесување.

Во исто време, согласно споредбата на резултатите од наодите, анализите и истражувањата направени од страна на Конект (2019), можеме да ги констатираме следниве сознанија. Имено, на прашањето кои од наведените општествено одговорни активности се применуваат во вашата компанија: *А. Односите со вработените; Б. Етичко управување; В. Односи на пазарот; Г. Животна средина; Д. Вложување во заедницата* добиени се сознанија кои идентификуваат дека најчесто применувани активности од организациите што одговориле потврдно за секоја од областите на прашалникот се односите со вработените и односите на пазарот, додека најмалку применувани се активности во рамките на областа животна средина. Во областа односи со пазарот, оние што одговориле дека практикуваат општествено одговорни активности се со висок процент, а незначителен процент не применуваат, додека некои од нив не знаат дали ги практикуваат. Во областа односи со вработените висок процент одговориле дека практикуваат општествено одговорни активности, а незначителен процент не применуваат, додека некои од нив не знаат дали ги практикуваат. И додека 79% одговориле дека практикуваат општествено одговорни активности во рамките на областа етичко управување, 7% од нив не применуваат, а 4% не ни знаат дали практикуваат.

Истовремено, Фондот за иновации и технолошки развој по петти пат го организира доделувањето на наградите за социјално претприемништво (Social Impact Award 2019), наменети за млади и студенти од РС Македонија. EdiStraw, TreeBanks и CoSense се избрани како најдобри идејни решенија. Согласно стратегијата за општествена одговорност, Шпаркасе банка преку платформата “Sparkasse Life” активно се вклучува во поддршка на проектите насочени кон менторска поддршка, едукација и финансиско советување на прогресивните млади студенти, но и развој на нивните капацитети за креирање и реализација на сопствени бизнис-идеи. „Оброк за сите“, кој Фондот го спроведува во соработка со Министерството за труд и социјална политика и организацијата „Ајде Македонија“, е уште еден иновативен пристап кој се издвојува по социјалната компонента што е вградена во него. Семејствата и поединци што се најмногу засегнати преку овој проект добиваат пристап до топол нутритивен оброк. А свесноста и согледувањето на потребата од

иновации кои се од огромна корист за сите граѓани се сè поголеми и поголеми. Затоа и поддршката на програмата за социјално претприемништво од страна на Фондот за иновации продолжува и се развива.

## 4.2 Институционалната поддршка на одржливиот развој во Република Северна Македонија

Одржливиот развој е карактеристика која треба да биде неизоставен дел од функционирањето на МСП, таканаречените зелени бизниси, социјалните организации, како и општествено одговорните организации. Но самиот концепт на одржлив развој става фокус на одреден сегмент на дејствувањето во зависност од категоријата на која ѝ припаѓа претпријатието или областа во која дејствува. Она што е заеднички именител за сите е всушност синергијата помеѓу општественото добро и креирањето придобивки за општеството во целина, профитабилноста, како и зачувувањето на животната средина. Одржливиот развој кој во себе содржи опортунитетен трошок истовремено е катализатор на пропулзивноста и е генератор на дистинктивна предност и способност за справување со конкуренцијата. Неопходно е да се овозможат услови за надминување на когнитивната дисонанца, која се јавува при креирање на синергетското дејствување. Тука, пред сè, мислиме на институционалната поддршка која ќе овозможи компензација на инвестицијата која е во насока на инкорпорирање на факторите на одржливост.

И сега во услови кога материјалните и физички ресурси се ограничени и конечни, а потребата од нив е неминовност, како неопходност се јавува одржливиот развој со искористување на менталните ресурси, знаења и вештини кои, за среќа, со споделување се мултиплицираат и збогатуваат. Квинтесенција во случајот е правовремено креирање синергија помеѓу знаењето и моралот или генерирање мудрост. Ресурсни ентропии манифестирани преку намалување и недостиг на ресурсите и атрофија на животната средина, инстантен пораст на населението, национална и племенска бруталност, хумана хипокризија и морална регресија предизвикуваат забавување на светскиот економски метаболизам. Потребна е институционална поддршка за надминување на состојбите и справување со вкупната ентропија. Значајноста се гледа во прашањето дали постои

институционална поддршка на одржливиот развој за правовремена интервенција и во која мера, за да може да одговори на современите предизвици.

Во едно такво опкружување несомнено важни се проектните политики за поддршка кои се овозможени од државата, но и од невладиниот сектор, меѓународниот сектор и финансиските институции. Основните проблеми со кои се соочуваат организациите во обидот приближување до одржлив развој се финансиите, компетенциите и условите на средината во кои дејствуваат (финансиски, безбедносни, политички, социјални итн.).

**Државата** како одговорна за креирање политики, регулација и поттик е присутна преку многубројни мерки и програми што се имплементираат преку различни министерства и агенции, со што се овозможува нивна комплементарност и синергетско дејствување.

Програмата „Вработување и социјални иновации“ – ЕаСи (Employment and Social Innovation - EaSi) е финансиски инструмент на Европската Унија со кој директно управува Европската комисија. Програмата обезбедува поддршка на вработувањето, социјалната политика и мобилноста на работната сила во ЕУ. Со овој инструмент се финансира развој и тестирање на иновативни решенија за поттикнување одржлив долгорочен раст и работни места, намалување на разликите помеѓу државите членки и постигнување напредок во намалување на социјалната нееднаквост. Потпрограмата „Прогрес“, со која директно управува Европската комисија, е главниот инструмент за унапредување на реформите во политиките за вработување и социјалните политики. Целта на оваа програма е да придонесе за спроведување на стратегијата Европа 2020, вклучувајќи ги нејзините главни цели, интегрирани насоки и клучните иницијативи. Програмата ќе продолжи да ги поддржува политиките на ЕУ на три подрачја: поттикнување висок квалитет и одржливост на вработувањето; гарантирање соодветна и пристојна социјална заштита и борба против социјалното исклучување и сиромаштијата; подобрување на условите за работа. Европската комисија не ги финансира директно претприемачите и социјалните организации, туку им овозможува на селектирани провајдери на микрокредити (финансиски посредници) да го зголемат кредитирањето на претприемачите и социјалните организации.

МТСП преку ИПА-фондови на ЕУ (компонента 4 ОПХРД) има обезбедено поддршка и стартирани се 10 социјални организации во РМ во 2018 година. Финансии за микроорганизациите и социјалните претприемачи обезбедуваат и директно селектирани, овластени финансиски посредници од Европскиот инвестициски фонд. Програмата за

реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 – ЕСРП (Employment and Social Reform Programme 2020) е, исто така, усвоена од страна на Владата на РС Македонија во август 2017 година, а преку градење на капацитетите за поголема конкурентност на пазарот на трудот се става акцент на одржливиот развој.

Агенцијата за вработување на РМ е активна преку програма за самовработување, субвенционирање на вработување, пилот-програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, програма за подготовка за вработување, обука кај познат работодавец, обука кај познат работодавец со субвенционирање, обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот, обука за напредни ИТ-вештини, практикантство како прво работно искуство до вработување, едукација за започнување бизнис и проект за самовработување со кредитирање. Преку позитивна дискриминација на проектните апликации во кои се води сметка за заштита на животната средина, енергетската ефикасност и економичноста, всушност, се прави директна интервенција во поддршка на одржливиот развој во РМ.

Владата на РС Македонија преку ангажирање странски експерти за подобрување на организациските (структурни, внатрешни процеси), производствените (оптимизација), аналитичките и маркетиншките процеси на македонските компании директно контрибуира кон поддршка на одржливиот развој на организациите што е согласно и НСОР.

Заводот за статистика на РМ е една од институциите што во континуитет го третираат прашањето на одржливиот развој на организациите во нивните анализи и годишни извештаи („Одржлив развој, 2018“), но недостигот на јасни насоки и критериуми за дефинирање на организациите што дејствуваат во насока на одржлив развој го оневозможува јасното прецизирање на стапката на пораст на одржливиот развој во РМ и со тоа нивните обиди ги сместува во стохастични.

Министерство за економија, како и Агенција за поддршка на претприемништвото на РС Македонија, ползувајќи ја стратегијата „Европа 2020“, предлага три приоритети што меѓусебно се надополнуваат, и тоа: паметен раст (т.е. развој на економија што се заснова врз знаење и иновации), одржлив раст (т.е. промовирање економија што поефикасно ги искористува ресурсите, што е позелена и поконкурентна) и инклузивен раст (т.е. негување економија со висока стапка на вработеност што обезбедува социјална и територијална кохезија). Акцискиот план „Претприемништво 2020“ на ЕУ претставува план за решителна

заедничка акција за искористување на претприемачкиот потенцијал на Европа, отстранување на постојните пречки и револуционизирање на културата на претприемништвото во Европа.

КОСМЕ (COSME) е програма на ЕУ за конкурентност на организациите и малите и средните организации (МСП) и во периодот од 2014 до 2020 е со планиран буџет од 2,3 милиони евра. КОСМЕ (COSME) ги поддржува МСП во овие области: Програмата за конкурентност и иновации (ЦИП), чија главна точка на интерес се малите и средните организации (МСП), поддржува иновативни активности (вклучувајќи екоиновации), обезбедува подобар пристап до финансии и обезбедува услуги за поддршка на бизнисите во регионот. Програмата поттикнува подобро прифаќање и користење на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) и помага во развојот на информатичкото општество. Таа, исто така, ја промовира зголемената употреба на обновливи енергии и енергетска ефикасност.

МЖСПП е единственото министерство што во својот состав има инкорпорирано сектор за одржлив развој и инвестиции, кој има три примарни функции, од кои првата е креирање национална политика за животна средина и одржлив развој преку квалитетна анализа на проблемите и можностите, утврдување приоритети и изготвување релевантни програми и стратегии согласно препораките и приоритетите утврдени на меѓународно ниво. Но секторот се соочува со внатрешно организациски вакуум имајќи го предвид фактот дека веќе подолго време нема средства за функционирање и де факто нема никаква улога во поддршката на одржливиот развој во РС Македонија. Владата на РС Македонија, по иницијатива на Министерството за животна средина и просторно планирање, го основа Националниот совет за одржлив развој (НСоОР). Со цел овозможување на имплементацијата на националната стратегија за одржлив развој во РС Македонија, се формираат и Национална агенција за одржлив развој (НАОР) доо, Национална банка за инвестиции за одржлив развој (НБИОР) и Универзитетски кампус за одржлив развој (УКОР). Истата е оперативно одговорна за спроведувањето на ОР врз основа на Национална стратегија за одржлив развој, како што е усвоена од Владата на РС Македонија. Шест главни области што ќе ја формираат стратешката структура на која се базира НСОР:

1. Политика и правна рамка (меѓусекторска);
2. Животна средина (меѓусекторска);

3. Енергија (меѓусекторска);
4. Рурален развој (вклучува земјоделство, шумарство и туризам);
5. Социјални прашања (вклучува вработување, социјална заштита, здравство и образование);
6. МСПИТИ (вклучува мали и средни организации (МСП), инфраструктура и транспорт (ИТ) и индустрија (И).

**Фондот за иновации преку** кофинансирани грантови за старт-ап, спи-оф трговски друштва и иновации е наменет за финансирање новоосновани, микро и мали и средни компании, регистрирани во РС Македонија, а со цел поттикнување на иновативноста кај компаниите, имплементирање иновативни решенија и поддршка на компании што имаат висок потенцијал за раст, како и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности преку формирање спиноф-компании. Евалуацијата на проектите преку фаворизирање на енергетски ефикасните бизниси, големината на импактот од проектот врз општеството и заштитата на животната средина е поддршка на одржливиот развој иако тој не е јасно акцентиран.

Државата преку даночната политика, исто така, влијае врз одржливиот развој. Законот за акцизи пропишува پониска акциза за безоловниот бензин, а пропишува и дека патничките возила на хибриден погон се ослободени од акциза. Даночно ослободување на прометот на добра и услуги наменети за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА-фондови и даночни ослободувања на прометот со инвестициско злато. („Стратешки план УЈП - 2019-2021“). Генерално, иако анализата не е исцрпна, може да се каже дека во законодавството се предвидени низа финансиски инструменти (надоместоци, ослободување од акциза, پониска акциза, ослободување од определен вид данок и сл.) како поддршка на политиката за заштита на животната средина, како еден од предусловите за постигнување одржлив развој.

Од законските решенија ќе ги напоменеме: Законот за здруженија и фондации, кој е донесен во 2010 година, по значителен притисок од страна на граѓанското општество, со кој здруженијата добија можност за вршење активности за остварување приход во комерцијална смисла, отворајќи можности за развој на социјалното претприемништво. Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (април 2006), кој обезбедува

поволности за компании и поединци кои поддржуваат граѓански организации што промовираат јавен интерес. Во Законот за буџетите терминот одржлив развој се споменува во член 3: „Основна цел при подготвување и извршување на буџетот е макроекономската стабилност и одржлив и стабилен национален економски развој“ иако во овој закон не постои одредба за заштита и унапредување на животната средина. Првиот Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата е донесен во 1996 година, а во објавен пречистен текст на овој закон првпат во РС Македонија се формира орган, Фонд за животна средина, чија цел е обезбедување финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина. Со Законот за животна средина, преку начелата „корисникот плаќа“ и „загадувачот плаќа“, интегрално се уредени финансиските инструменти за заштита на животната средина. Друг закон кој е релевантен за развојот на социјалните организации е Законот за социјална заштита, кој им овозможува на здруженијата (но не и на фондациите) да вршат одредени услуги за социјална заштита доколку тие се регистрирани за вршење услуги од социјален карактер (за поединци, семејства и групи граѓани со социјален ризик) и услуги за развој и промоција на волонтерството во заедницата. Во Законот за државна помош, во член 3, стои: „Регионална помош е помош која е во согласност со целите на регионалната политика на РС Македонија, со која се дава поддршка на продуктивните почетни инвестиции или отворање работни места, поврзано со инвестициите“. Значи, регионалната помош може да се дава и за отворање работни места, што ја претставува социјалната компонента.

**Меѓународниот сектор** игра значајна улога за одржливиот развој. Преку билатералните донатори како, на пример, владата на ***Австрија***, преку Министерството за економија, го реализира проектот „Енергетско управување – водич за малите и средни организации“. Главна цел на проектот: ширење на знаењето за сертифицирање на системите за енергетско управување (EN16001 или ISO 50001) кај малите и средни организации, решавање на отворените прашања поврзани со практичноста на системите за енергетско управување за малите и средни организации и овозможување едноставен и лесен пристап до темите поврзани со енергетска ефикасност за малите и средни организации.

***Германија,*** преку испоставите KfW Entwicklungsbank (германска банка за развој, The Deutsche Investitions und Entwicklungsgesellschaft mbH (DEG), The Deutsche Gesellschaft für Technische Zusammenarbeit (GTZ), The Deutscher Entwicklungsdienst (DED), The

Internationale Weiterbildung und Entwicklung gGmbH (InWent) става фокус на водоснабдување, третман на отпадните води и заштита на животната средина, економски реформи/градежна пазарна економија и демократизација на граѓанското општество. Швајцарија преку Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC) и State Secretariat for Economic Affairs (SECO) се фокусира на управување, основна инфраструктура и социјални услуги, здрав економски развој и трансверзални теми. Норвешка преку билатералната поддршка за проектна асистенција става акцент на вработувањето и одржливиот развој преку протежирање на зелените бизниси.

***Шведска*** преку Шведската интернационална агенција за развој SIDA овозможува поддршка во земјоделството и економскиот развој, одржливиот развој (животна средина), човекови права и социјална кохезија.

***Обединетото Кралство*** претставено преку Department for International Development (DFID) и Foreign&Commonwealth office (FCO) овозможува поддршка на демократијата и доброто владеење, децентрализација - учество и одговорност, економски развој, култура, медиуми, спорт и општество.

***Соединетите Американски Држави преку USAID*** обезбедуваат помош и поддршка за овозможување економски раст, развој на демократски институции, образование итн. УСАИД преку поддршка на проектот „Интегриран пристап за заштита на квалитетот на воздухот“ директно влегува во поддршка на одржливиот развој на претпријатијата во РМ. Исто така, преку Проект за бизнис-екосистем, кој е започнат во 2017 година, проектот за бизнис-екосистем (БЕП) се обидува да ги зголеми продуктивноста, приходите и работните места за микро, мали и средни организации (ММСП) преку имплементирање одржливи практики, со напомена дека одржливите практики се оставени на избор на селектираните организации кои партиципираат во проектот. Работи со деловни здруженија, трговски комори, финансиски институции, центри за обука, фирми кои сакаат да ги развијат своите синџири на вредности и други организации кои обезбедуваат услуги за поддршка на бизнисот на ММСП. Исто така, работи со финансиски институции за зголемување на достапното финансирање на ММСП. Проектот има цел да ги подобри деловните услуги достапни за ММСП, како и можностите за финансирање. УСАИД како домаќин на третата меѓународна конференција за климатски промени во Скопје овозможува подигнување на свесноста и know-how за претпријатијата во РМ, воедно преку проект им помага на

македонските компании за производство да ја подобрат нивната конкурентност со намалување на трошоците за енергија.

**Од мултилатералните донатори** како Европската Унија преку Directorate General (DG), DG Regional Policy, DG Development, DG Enlargement, DG External Relations (Relex), European aid cooperation office, European office for emergency humanitarian aid (ECHO), European Agency for Reconstruction (EAR) се овозможува поддршка и помош во сите сегменти на дејствувањето имајќи го предвид фактот дека во голема мера се дејствува подготвително со цел исполнување на базичните критериуми за влез на РМ во ЕУ. Главните сектори на помошта на ЕУ во РС Македонија се: правда и владеење на правото, економски и социјален развој, демократска стабилизација, животна средина и природни ресурси и изградба на административни капацитети за реализација во претходно споменатите сектори и одржливиот развој како посебен приоритет со поддршка од ОН. Креирајќи и одржувајќи ја сферата на слобода, безбедност и правда за сите граѓани, што формира значаен сегмент на односите помеѓу РМ и ЕУ и тоа преку ИПА – со фокус на социјалното претприемништво и вработување, ОРИО, ТВИНИНГ во делот на градење на капацитетите и ИПАРД-програмата која нуди можности за финансиска и едукативна поддршка на одржливиот развој, но во својата програма не ги специфицира, односно не прави позитивна дискриминација на проектите за одржлив развој иако не ги исклучува. Интелигентна енергија на Европа (ИЕЕ). Програмата Интелигентна енергија на Европа е активна од 2003 година. Овој фонд е сконцентриран на подобрување на енергетската ефикасност, како и за што поголемо користење на алтернативни – обновливи видови енергија.

УНДП како камен-темелник на системот на ОН се вклучува во градење капацитети за добро владеење и владеење на правото, за промовирање економско опкружување за намалување на сиромаштијата, одржлив развој, заштита на животната средина и управување со природните ресурси. Носители се на анализата која овозможува идентификување на капацитетите и утврдување на приоритетните области на кои треба да се насочи РМ за реализација на целите поврзани со одржливиот развој. Во рамките на програмата на ОН спаѓа и поддршката што се обезбедува преку УНХЦР, УНИЦЕФ, Светска здравствена организација, ФАО за градење на капацитетите и имплементација на активностите поврзани со одржливиот развој. Треба да се напомене дека ОН во голема мера дејствуваат

институционално, додека УНИЦЕФ, СЗО и ФАО имаат независни проектни активности за поддршка на одржливиот развој во РМ.

Меѓународни финансиски институции контрибутори кон одржлив развој: Развојна банка на Советот на Европа, ЕБРД, Европска инвестициска банка, Светска банка преку директна поддршка и тоа грантова шема со кофинансирање и кредитирање на идеите поврзани со тоа како да се спаси светот, а притоа да се заработат милиони. Потенцирајќи дека сонцето е бесплатен извор на енергија не изоставувајќи го ветерот, но ставајќи акцент на тоа дека (Македонија како аридно подрачје со 280 сончеви денови и 1.400 сончеви часа годишно поседува потенцијал кој несомнено мора да се искористи, како и органското производство, промовирајќи го отпадот како можност за организациите (со примери од употреба на истиот во цементарница УСЈЕ), зелените енергетско ефикасни градби и консалтингот.

**Невладиниот сектор** како коректив на власта игра важна улога во креирањето услови за одржлив развој преку финансиска поддршка, градење на капацитетите и застапување и лобирање. Во РМ регистрирани се 14.291 фондации, здруженија и останати граѓански организации. Невладиниот сектор се јавува како основоположник на социјалното претприемништво и агитатор за негов развој. Идентификувањето на постојните капацитети и нивната класификација е од особено значење за нивно искористување во процесот на одржлив развој.

Институции и здруженија на граѓани што ги промовираат едукацијата и обуката во сферата на социјалното претприемништво, како и презентирање успешни примери се – Триаголник ЦНО преку интегрирана програма за развој на компетенции на жените од руралните средини, со што директно се влијаеше врз вработувањето на девет жени и формирање на две организации за социјално претприемништво, Техничка поддршка на граѓанските организации ТАКСО Скопје преку електронско поврзување и обезбедување информации од кои бенефит има целокупното општество, Центар за институционален Развој – ЦИРа преку грантирање на организациите кои приоретизираат проекти поврзани со одржливиот развој со особен акцент на зелените бизниси, Центар за младински активизам КРИК – преку проектите екосвест и вработување на младите, Институт за локален развој – ИРЗ Тетово, Секретаријат за национален координативен механизам, Конект – преку платформата за информирање, едукација и финансиска поддршка на зелените бизниси и

одржливиот развој на организациите во РМ. Стартап-провајдери на социјални организации и развој на поддршка преку финансиска поддршка и услуги и изградба на капацитети за одржлив развој како модел за креирање дистинктивна предност - New Men's Business Accelerator, ПСМ Фондација, YES Network („Неформалното образование 2 како можност-механизам и средство за намалување на невработеноста во РМ" - 2015).

**Финансиските институции преку кредитирањето** ни презентираат уште една мерка која игра улога во одржливиот развој.

*Македонска банка за поддршка на развојот - МБПР врши кредитирање на:*

- мали и средни организации, регистрирани во РМ, преку комерцијалните банки, т.е. банки учеснички,
- извозни организации, регистрирани во РМ, преку комерцијалните банки, т.е. банки учеснички или директно преку МБПР,
- општини во РМ.

**Видови кредити за мали и средни организации** - трајни обртни средства и инвестиции од различни извори: ИКЛ-револвинг, МБПР, ЕИБ, ЕИБ-револвинг; **кредит за поддршка на земјоделството и агроиндустријата** - примарно производство, преработка и извоз - преку комерцијалните банки или директно преку МБПР; **кредит за микрокомпании** - микро и мали трговски друштва, индивидуални претприемачи, занаетчиски дуќани, приватни трговци, тезги на пазар и други микро и мали стопански субјекти; **кредит за енергетика** - енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија; **кредит за намалување на невработеноста** - создавање и одржување работни места и самовработување со кредитирање. Македонска банка за поддршка на развојот - Кредити за инвестиции од ЕИБ 4 за мали и средни организации, кредити за енергетика за мали и средни организации.

Прокредит банка – нуди кредитирање за правни лица, екокредити за органско производство и енергетска ефикасност. УНИ банка нуди кредитна поддршка на организациите што инвестираат во проекти кои ќе придонесат за заштеда на енергијата, енергетска ефикасност и замена на постојните извори со алтернативни извори на енергија. Халкбанк, исто така, нуди и кредити за приоритетни проекти од областа на енергетиката, животна средина и услужни дејности (МБПР Извештај и податоци 2018).

**Бизнис-ангели.** Во РС Македонија има недостиг на комерцијални форми за поддршка на компаниите, особено на малите и средни организации, како и на стартап-бизнисите, па токму затоа, по примерот на земјите со конкурентни економии, потребен е влез на ангел-инвеститори кои финансиски ќе ги поддржат македонските компании, ќе ги зајакнат, а со тоа ќе го зајакнат и домашното стопанство. Во услови кога тешко се стигнува до поволни кредити за бизнисите во почетен развој, бизнис-ангелите имаат значајна улога во процесот на развој на компаниите бидејќи освен капитал, нудат и експертиза, а за возврат добиваат удел во бизнисот. Во изминатиот период во РС Македонија се направени неколку инвестиции од страна на бизнис-ангели во таканаречените стартап-компании. Вреди да се истакне дека економското значење на бизнис-ангелите во развиените земји, а особено во САД и во Велика Британија, како и во земјите на ЕУ, е во нагорен тренд, главно поради тоа што бизнис-ангелите инвестираат значајни суми во новите бизниси, а исто така ги затвораат и т.н. прв и втор јаз на капиталот, со кои се соочуваат малите бизниси во текот на нивниот раст. Тоа значи дека бизнис-ангелите вложуваат во малите бизниси во најкритичните моменти. Значајноста на бизнис-ангелите е согледана и од Европската комисија, со чија соработка во 1999 година се формира Мрежата на европски бизнис-ангели (EBAN – European Business Angel Network) со цел да обезбеди почетни стартап-фондови за бизнис-проектите. Искористувањето на стекнатата експертиза од страна ангелите-инвеститори при носење на клучните одлуки за развој на бизнисите (имајќи го предвид фактот дека ангелите-инвеститори најчесто се луѓе со значително искуство и инвестираат во дејноста која веќе им е добро позната), покрај пристапот до капитал, е во суштина најголема предност за претприемачите кои го практикуваат моделот на финансирањето преку бизнис-ангели.

## 4.3 Фактори што влијаат врз имплементацијата на одржливи практики во претпријатијата во Република Северна Македонија

### 4.3.1. Проблем на истражување

Одржливоста е единствената стратегија за деловен успех во иднина. Притоа, трите дефинирани интерактивни димензии на одржливоста се еколошката, социјалната и економската одржливост. Одржливоста на животната средина се однесува на деловната

способност да се користат природните ресурси така што да траат подолго и да се контролира отпадот, а воедно и способност на бизнисот да го намали негативното влијание на своите активности врз животната средина. Социјалната одржливост се однесува на социјалната интеракција, односите, моделите на однесување и вредностите меѓу луѓето. Економската одговорност на бизнисот значи способност да се оствари профит со цел да се преживее и да има корист од економските системи на локално, национално и на меѓународно ниво и да се задржи квалитетот на животот. Но сето ова значи проактивен, а не реактивен пристап и дејствување на организациите. Затоа, стратегискиот пристап е основата за инкорпорирање на овие елементи во дејствувањето и поставувањето систем за креирање конкурентска предност. Но сето тоа значи и справување со низа предизвици. Времето и ресурсите за развој се предизвикот број еден.

Повеќето компании имаат приоритет на развојот, но многу од нив се борат со недостиг на време и ресурси. Затоа, развојот лесно се намалува во корист на секојдневното работење. Предизвик број два е вклучување на поголемиот дел од вработените во дефинирање на целите и промена на однесувањето бидејќи развојот бара вклучување, но и нивно ангажирање. Пренесување знаење за Целите на одржливиот развој е трет предизвик. Бидејќи работењето на Целите на одржливиот развој значи работа на функцијата на компанијата и кои промени може да се направат во неа. Предизвик број четири е претворање на плановите и стратегии во реалност. Бидејќи бизнисот веќе не е доволен - потребен е одржлив развој и неопходни промени за решавање на хиперкомплексните проблеми со кои се соочуваме во 21 век. Она што се бара е нов начин на практикување на развојот, каде што целта не е ограничена на надградба на квалификации, проекти и курсеви, туку наместо тоа, се прави континуирано и се фокусира на создавање на потребните промени што ќе го развиваат бизнисот одржливо. Произведувањето на потребната култура на работа е петтиот предизвик бидејќи решенијата за хиперкомплексните проблеми во 21 век, вклучувајќи ги и Целите на одржливиот развој, бараат компаниите да работат наменски за да ја создадат потребната работна култура. Затоа предизвик е компаниите да создадат вистинско работно опкружување и работна култура за да одговараат на деловната парадигма на 21 век. Но и премногу збунувачки показатели на одржливоста и фактот дека потрошувачите не влијаат конзистентно врз одржливоста преку нивните одлуки за купување се предизвици вредни за споменување. Она што е евидентно е недостиг на капацитет на организациите за напуштање

на старата парадигма на опстојување преку профитирање и апсолвирање на новата реалност која ги зема предвид сите фактори на одржливиот развој.

Евидентно е дека институционалната поддршка е од огромно значење за одржливиот развој во РС Македонија. Истовремено, во РС Македонија имаме ситуација кога нема доволно и адекватни средства за поддршка на одржливиот развој и евидентен е недостигот на јасно дефинирани приоритети за одржлив развој. Недостига соодветна координација на активностите, но, пред сè, изградени капацитети за реализација во областите кои ќе се дефинираат како приоритетни за РС Македонија во наредниот период. Во ситуација кога секторот за одржлив развој при Владата на РС Македонија како координативно тело има делумна независност во функционирањето, а инструментите за реализација, како Министерството за економија, МТСП, МЖСПП и останатите, се во зародиш на концептот на одржлив развој и самата иницијација на одржливиот развој значи момент за предочување на можноста и согледување на бенефитот од пристапувањето кон и апсолвирање на концептот на одржлив развој на организациите. Институционалната поддршка значи можност за надминување на стравовите и бариерите наречени неуспех од примена на концепти кои првично се економски контрадикторни со профитабилноста во работењето и бараат стратегиски пристап, визионерство и истрајност за да се овозможи профитирање на ниво на средината, општеството и претпријатието или на микро, мезо и макрониво. Мора да споменеме дека и покрај значителната поддршка од донаторите, резултатите се речиси анемични. Фали координативно тело кое ќе врши координација не само на стратегискиот пристап, туку и на инпутот од грантовата шема, било да се работи за билатерални било за мултилатерални донатори и невладиниот сектор во земјата. Тоа би значело поттик преку кофинансирање на проектите кои се од приоритетно значење за Владата на РС Македонија и реализација на одржливиот развој во тие полиња.

### 4.3.2. Цели на истражувањето

Целта на истражувањето е да се испита влијанието на институционалните фактори врз развојот на одржливите практики во претпријатијата како основа за креирање политика и активности за унапредување на постојните состојби и поттикнување на одржливиот развој во РС Македонија. Особено е важно да се идентификуваат неопходните механизми за

реализација на практиките на одржлив развој со цел справување со сите предизвици со кои се соочуваат организациите при реализација на тие практики. Природата на темата го наметнува прашањето што е тоа што организациите го идентификуваат како квинтесенција за воведување на практиките на одржлив развој. Кои се приоритетите на организациите, но и поврзаноста на факторите што влијаат врз одржливиот развој. Кој е степенот на влијание на финансиската поддршка при реализација на практиките на одржливиот развој и кој е степенот на влијание на нефинансиската поддршка при реализација на практиките на одржливиот развој. Кои видови финансиска и нефинансиска поддршка се искористуваат со цел реализација на практиките на одржлив развој и каква е поврзаноста на искористената финансиска и нефинансиска поддршка со реализацијата на одделни практики на одржливиот развој од областа на управувањето, купувачите и клиентите, заедницата, вработените и животната средина.

### 4.3.3 Хипотези за истражување

Со цел да се развие јасна слика и солидно разбирање за активностите и деловните изгледи во врска со предизвиците за одржливост и веројатните причини за овие предизвици со кои се соочуваат организациите во РС Македонија, пристапивме кон тестирање на неколку хипотези. Особен интерес е ставен на пронаоѓање на врската помеѓу институционалната поддршка и практиките на одржлив развој. Врз основа на проблемот и целта на истражувањето произлегоа хипотезите за ова истражување. Додека за потврдување или одрекување на претпоставките кои се инкорпорирани во хипотезите дефинирани се и одредени истражувачки прашања. Со истражувачките прашања ги откриваме причините за наведените претпоставки, но и каква е поврзаноста на факторите што придонесуваат кон потврдување на поставените хипотези. Преку основната хипотеза ја претставивме претпоставката за врската помеѓу институционалната поддршка и развојот на одржливи практики во организациите во РС Македонија. Преку двете оперативни под хипотези ја испитуваме поконкретно врската што постои помеѓу двете варијабли кои ја отсликуваат институционалната поддршка, финансиската поддршка и нефинансиската поддршка, од една страна, и практиките на одржлив развој манифестирани во испитуваните организации

поделени во пет подрачја, од друга страна: управување, вработени, клиенти, заедница и животна средина.

**Хипотеза 1:** Институционалната поддршка е важна за развојот на одржливите практики во организациите во РС Македонија.

**Хипотеза 1а.** Финансиската поддршка позитивно влијае врз одржливите практики во организациите во РС Македонија.

**Хипотеза 1б.** Нефинансиската поддршка позитивно влијае врз одржливите практики во организациите во РС Македонија.

## 4.4. Методологија на истражувањето

Методолошки гледано, за потребите на овој докторски труд реализирани се следниве чекори при спроведување на истражувањето:

- Селекција и анализирање на теоретски показатели во литературата поврзани со историските концепти и појава на одржливиот развој, Целите на одржливиот развој и милениумските цели, инфраструктурата и нејзиното влијание, општествената одговорност како иницијација на одржливите практики, социјалното и зелено претприемништво, изворите на енергија и енергетската ефикасност, циркуларната економија, екосистемите и индикаторите за осигурување на одржливиот развој;
- Со користење на достапната теориска литературата, но и практичните примери од реалниот сектор претставени преку јасни индикатори за одредување на практиките на одржливост на компаниите како, на пример, Б-сертифицираните компании беше пристапено кон дефинирање на концепт кој претставува рамка на дејствување со однапред дефиниран проблем, а согласно со него и разработени прашања за целите на ова истражување. Сите тие се во насока на добивање информации за постојната состојба во која се наоѓаат организациите во РС Македонија, односно до кој степен ги имаат воведено практиките на одржлив развој со цел да се утврдат недостатоците, да се идентификуваат потребите и да се предложат корективни мерки за промена на состојбата со примена на одржливите практики во организациите во РС Македонија.

- Потоа беше изработен прашалник и тој беше искористен за спроведување анкетно испитување со цел добивање примарни емпириски податоци и информации;
- На крајот беше направена соодветна анализа на резултатите од истражувањето, вклучително и нивно толкување во комбинација со препораки од истражувањето врз база на заклучоците.

### 4.4.1 Примерок и прибирање на податоците

Анкетниот прашалник изготвен за потребите на ова истражување беше креиран во електронска форма, користејќи ја алатката Google Forms, а релевантните претставници на организации, организации и институции беа поканети да одговорат на онлајн-анкетниот прашалник преку директно пополнување. Целосно анонимната анкета се спроведуваше во текот на месеците ноември и декември 2020 година и јануари 2021 година.

За креирање на анкетниот прашалник се користеше веќе етаблираната рамка со изготвени критериуми за одредување на одржливиот развој на компаниите на светско ниво од страна на Certified B Corporations. Сертифицираните Б-корпорации се компании и бизниси кои ги исполнуваат највисоките стандарди на социјални и еколошки перформанси, јавна транспарентност и законска одговорност за да се балансираат профитот и поставените цели. Значи, користена е платформа која е дизајнирана да помогне во мерењето, но и во управувањето со позитивното влијание на компаниите врз вработените, заедницата, клиентите и околината. Преку овој пристап се проценува влијанието и на секојдневното работење на компанијата и на деловниот модел, како и за тоа што се прави и како се прави. Одговорите при процената на влијанието Б го одредуваат вкупниот нумерички резултат на компанијата. И додека сертификацијата на Б-корпорациите бара минимум потврден вкупен резултат од 80 прашања во сите области со влијание, во РС Македонија ситуацијата е поразлична, а согласно на тоа е пристапено и кон комбинирање на критериумите со условите и индексот на одржлив развој. Оригиналниот прашалник со прашањата за процена на влијанието на компаниите се утврдува според големината на компанијата, секторот и пазарот, со околу 200 прашања. Но заради усогласување на критериумите и условите во кои се дејствува во РС Македонија, вклучително и степенот на развој и можностите што се достапни, пристапено е кон екстрахирање на елементи од прашалникот кои ќе овозможат

идентификација на реалните состојби со спроведување на одржливиот развој на компаниите во РС Македонија.

Прашалникот е организиран во седум секции со вкупно триесет и три прашања. Првиот сегмент ги содржи основните податоци за компаниите со цел да се утврди во кој сектор дејствува организацијата или компанијата, сопственичката структура, начин на организација и нивната големина. Во втората секција го третира управувањето и влијанието од истото, додека третата секција е насочена кон купувачите и клиентите. Во четвртата секција акцентот е ставен на заедницата и заемните односи што се креираат, вклучително и заемното влијание. Петтата секција во прашалникот ги третира вработените, и тоа задоволувањето на финансиските фактори, развојот на нивните компетенции и задоволството на вработените. Шестата секција ја сочинуваат прашања од областа на животната средина, односно влијанието врз неа преку воспоставените практики на дејствување кои се применуваат од страна на организациите. На крајот е седмата секција која ја испитува финансиската и нефинансиската поддршка на одржливи практики во организациите. Се работеше за една комбинирана анкета во која пред да биде дистрибуиран прашалникот, беше остварен личен контакт со потенцијалните испитаници со цел разјаснување на комплексноста на прашањата (имајќи го предвид фактот дека за РС Македонија темата одржлив развој сѐ уште е нова) и давање детални информации поврзани со значењето на самото истражување и улогата на испитаниците во него со цел поттикнување објективност во одговорите што се добиваат.

### 4.4.2. Метод на анализа на податоците

За потребите на трудот се пристапи кон користење на дескриптивниот истражувачки дизајн имајќи ги предвид различните варијабли што беа предмет на истражувањето. Во рамките на оваа анализа се анализираа процентуалната застапеност на поединечните одговори на испитаниците во вкупниот број одговори. Притоа, посебно се анализираа најмногу и најмалку застапените одговори по одделни димензии од испитуваните прашања, се коментираа можните причини и потенцијални импликации по работењето на испитуваните организации.

Дополнително беше спроведена корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент на корелација. Причината за користење на оваа анализа беше тоа

што корелацијата на производот-момент на Пирсон се користи за да се одредат јачината и насоката на линеарната врска помеѓу две континуирани варијабли. Поконкретно, самиот тест генерира коефициент наречен Пирсон-коефициент на корелација. Овој коефициент ги мери јачината и насоката на линеарната врска помеѓу две континуирани променливи, а неговата вредност може да се движи од -1 за совршена негативна линеарна врска до +1 за совршена позитивна линеарна врска, додека вредност од 0 (нула) не покажува никаква врска помеѓу две варијабли. Во истражувањето, за потребите на овој докторат, се пристапи кон анализа на врската помеѓу користењето на финансиската и нефинансиската поддршка со различните практики на одржливиот развој, како ангажманот на засегнатите страни, политики и практики за професионален развој на вработените, корпоративното граѓанство, мерење и управување со општественото и еколошкото влијание, управување со влијанието врз клиентите/купувачите, енергетската ефикасност и управувањето со животната средина. Тоа се практики на одржливиот развој кои беа екстрахирани како репрезентативни од различните области на дејствување за достигнување одржлив развој. Затоа и користењето на Пирсон-коефициентот на корелација беше избрано како најсоодветна опција за да се утврди поврзаноста на примената на тие практики со користењето на финансиската и нефинансиската поддршка. Она што вреди да се потенцира е дека и искуствено, но и теориски документирано е дека постои поврзаност во начините на функционирање со финансиската и нефинансиската поддршка, односно секаде каде што има или се очекуваат финансиски импликации, постои поврзаност со нивните причинители. Во нашиот случај неопходно беше да се утврди поврзаноста помеѓу финансиската и нефинансиската поддршка и различните практики на одржлив развој, односно дали и во кој степен користењето на финансиските и нефинансиските практики влијае врз примената и практикувањето на тие одржливи практики.

## 4.5 Анализа на резултатите од истражувањето

Беа контактирани вкупно 180 организации, организации и институции, а од нив преку анонимниот прашалник се добиени пополнети прашалници од 105 организации, организации и институции. Подолу следуваат анализата и толкувањето на резултатите од нивните одговори.

Во однос на работната позиција на која се наоѓаат испитаниците што го пополнуваа анкетниот прашалник, констатираме голема уедначеност, односно повторување на позициите директор и управител или одговорен менаџер, што и не е за изненадување знаејќи ја комплексноста на проблематиката што се обработува, но и одговорноста што се носи при донесување одлуки поврзани со одржливиот развој.

Од анализираните 105 одговори, најголем процент од 48% отпаѓа на организации, организации и институции што нудат услуги, понатаму производство со 26,5%, трговија со 19,4% и градежништво со 10,2%. Процентот на четирите дејности надминува 100 поради тоа што одредени организации вршат активности во повеќе дејности (Графикон 4).

**Графикон 4. Дејност во која дејствува организацијата**




Според бројот на вработени, констатираме дека половина од нив спаѓаат во сегментот на мали организации, организации и институции, и тоа 50% од испитаните, со број на вработени помеѓу 10 и 49 вработени, 35,3% отпаѓаат на средни организации, организации и институции со број на вработени од 50 до 249, додека на големи организации, организации и институции со над 250 вработени отпаѓа најмал процент, или 14,7% (Графикон 5).

**Графикон 5. Големина на организацијата според број на вработени**




Во однос на организационата форма забележливо е дека најголем процент отпаѓа на друштвата со ограничена одговорност, и тоа 35,8%, акционерски друштва со 25,3%, непрофитни организации со 3,2%, образовни институции со 6,3%, јавни организации со 2,1%, трговец поединец со 5,3%, ДООЕЛ со 2,1%, јавно трговско друштво со застапеност од 4,2% и различни јавни институции и општини, други институции 15,7%.

Што се однесува до мнозинската сопственост на капиталот, доминираат домашните организации со 86,7% за разлика од странската мнозинска сопственост на капиталот со застапеност од 13,3% (Графикон 6).

**Графикон 6. Сопственост на капиталот**



***Управување со одржливи практики во организациите***

Од 105 испитани организации, според пристапот кој го користат во насока на креирање позитивно влијание, 38,8% од нив користат пристап кој вели дека постојано ги вметнуваат општествените и влијанијата врз животната средина во носењето одлуки затоа што сметаат дека се важни за успехот и профитабилноста на нивниот бизнис. Значителен процент од нив или 24,5% го третираат нивното општествено и еколошко влијание како примарна мерка за успех на нивниот бизнис, давајќи му приоритет дури и во случаи кога тоа не може да доведе до профитабилност. Тоа значи дека 63,3% од компаниите имаат високо одговорен пристап при креирање позитивно влијание. Но, исто така, утврдено е дека сѐ уште висок процент или 15,3% од компаниите користат пристап каде што создавањето позитивно општествено или еколошко влијание не е во фокусот на нивниот бизнис. Од останатите организации, 12,2% повремено размислуваат за општественото и влијанието врз животната средина преку некои аспекти од нивниот бизнис, но не често, а 9,2% често ги разгледуваат нивните општествени и еколошки влијанија, но истовремено тоа не е приоритет при донесувањето на нивните одлуки (Графикон 7).

Кога јавноста очекува повеќе од компаниите отколку само слогани и реклами со пораки за поддршка, тоа може да биде една од причините за ваквиот резултат од истражувањето. Истовремено, зголемената достапност на информации за компаниите и нивните активности придонесе за зголемен надзор од пошироката јавност и акционерите, а овие фактори влијаеја врз порастот на програмите за општествена одговорност на компаниите. Создавањето поволна репутација на брендот што се протега од производи преку биланс на состојба до култура, вклучително и истакнување на својот бренд на работодавец, а тоа вклучува и артикулирање на нивните вредности, е уште една можна причина за големиот процент на општествено одговорни практики. Притисокот од новите генерации што бараат работодавци чии погледи за општествената одговорност се совпаѓаат со нивните е уште една причина која се поклопува со студиите кои покажуваат растечки тренд на видовите придобивки што луѓето ги бараат, откако ќе ја пронајдат вистинската организација. Затоа, не е ни чудо што сѐ поголем број организации вклучуваат општествено одговорни опции за инвестиции во нивните планови и портфолија за инвестиции. Мора да спомениме дека еден од предизвиците и за компаниите и за физичките лица е недостиг на

стандардна дефиниција за различните категории во сегментот одговорна инвестиција. Но без оглед на тоа како луѓето ги дефинираат овие понови типови инвестиции, трендовите се јасни и очигледно е дека се менуваат ставовите кон одговорни инвестиции поради зголемениот интерес од акционерите, вработените и другите стекхолдери.

**Графикон 7. Ниво на општествено и еколошко влијание**




Во однос на механизмите и политиките за вклучување на засегнатите страни доминира одговорот дека воопшто не постои формален план или политика за ангажирање на засегнатите страни, што вклучува постоење на советодавен одбор кој вклучува застапување на засегнатите страни, како и идентификување релевантни групи на засегнати страни, а во највисок степен истиот одговор е застапен и на прашањето поврзано со јавно известување за механизмите и резултатите од ангажманот на засегнатите страни. Исказот слаб степен е втор по доминантност во однос на поставените прашања. Значителен степен е следен исказ по застапеност на листата, по што следува исказот за висок степен на застапеност и на последно место е исказот умерен степен на застапеност на поставените прашања. Ова упатува на тоа дека се издвојуваат две групи организации, организации кои воопшто, односно многу малку ги користат механизмите за управување со засегнатите страни и организации кои имаат солидно изградени механизми за управување (Графикон 8).

Комбинацијата од недостиг на лидерство, способности и организациско однесување е клучна за оваа идентификувана состојба имајќи го предвид фактот дека клучните лица во организацијата треба да имаат конзистентни ставови и постапки што ќе овозможат, пред сè,

градење доверба. Однесувањето и организациската култура мора да овозможат прифаќање на промените преку креирање стратегија, процеси и процедури кои ќе бидат пристапна рампа, а не блокада. Можна причина за нискиот процент на ангажман на засегнатите страни е тоа што претходната инволвираност не резултирала со позитивен исход. Ова може да се случи од многу можни причини, вклучувајќи недостиг на време, недостиг на перципиран интерес, недостиг на доверба, воочени разлики во идеологијата или вредностите. Можно е и постоење на некомпатибилни личности и некомпатибилни цели, конкурентни приоритети, внатрешни несогласувања, па и притисок од трето лице. Вклучително и различните и неусогласени очекувања, дефинирање на тоа што е успех, неопходноста од разбирање на нивните очекувања, нивно инволвирање и информирање. Можна причина е таканаречениот инструментален пристап, кој го разбира ангажирањето на засегнатите страни како средство за постигнување на целта. Притоа најчесто фокусот е на тоа како може да се управува со засегнатите страни за да се поддржи постигнувањето на традиционалните корпоративни цели како раст и профитабилност. Исто така, засегнатите страни можат да имаат повеќе улоги, што ја става под знак прашалник инволвираноста на истите од страна на компаниите правејќи калкулации со нивната моќ, интерес и поврзаност. Различни засегнати страни, дури и во иста група, може да имаат различни вредности и перспективи, кои можат да бидат експлицитни, имплицитни или скриени, а тоа да биде бариера за ангажманот на засегнатите страни од страна на компаниите.

**Графикон 8. Механизми и политики за вклучување на засегнатите страни**



При испитување на индексот на општественото и еколошко влијание најголем процент од испитаниците го избрале исказот слаб степен во однос на прашањата редовно следење на општественото и еколошко влијание дефинирано со мисијата на компанијата и извршните одлуки и прашањето дали вршат процена на импактот на нивната компанија користејќи механизми на ангажирање на засегнатите страни. Истовремено, најмал процент од испитаниците го избрале исказот воопшто не постои систем во компанија кој ги идентификува, мери и управува со повеќето општествени и еколошки прашања. А просечно гледано доминира исказот умерен степен во однос на постоењето систем за идентификување, мерење и управување со општествените и еколошките прашања (Графикон 9).

Тоа говори за скромниот напредок, но и постоење на двигатели кои ќе можат да придонесат за натамошно јакнење и развивање на таа компонента како една можност за креирање конкурентски предности пред другите компании. Фактот дека на прашањата поврзани со поставување цели на изведба за сите идентификувани материјални проблеми и мерења, како и прашањето дали се мерат материјалните, општествени и еколошки резултати кои произлегуваат од реализацијата на KPI (клучен индикатор на успешноста) во текот на времето, доминира одговорот висок степен, ни говори за еден транзиционен период кој е влезна точка на одржливиот развој за компаниите. Тоа несомнено влијае и ќе продолжи со своето влијание кон креирање еден системски и стратегиски пристап кон третирање на горливите проблеми поврзани со општественото и еколошкото дејствување.

**Графикон 9. Систем на мерење и управување со општественото и еколошкото влијание**



Што се однесува до прашањето дали производот или услугата што се нуди адресира одреден општествен или еколошки проблем, можеме да констатираме една рамномерна распределба на одговорите. Притоа има 20,8% застапеност на исказите значителен степен и висок степен, 19,8% застапеност на исказите умерен степен и воопшто не адресира општествен или еколошки проблем и со 18,8% застапеност е исказот слаб степен во адресирање општествени и еколошки проблеми. Тоа ни укажува на еден сериозно висок процент на компании од речиси 40% кои не нудат или не адресираат никаков општествен или еколошки проблем, што во крајна линија нѐ оддалечува и од општествената одговорност, а особено од зачувувањето на животната средина и создавањето услови за одржливост на процесите и задоволување на потребите и целите на општеството во целина како прерогатив на одржливиот развој. Тука причините треба да се бараат во свесноста на компаниите, реактивните наместо проактивни дејствувања, трошоците што се јавуваат за реализација на целите, како и вклучувањето на засегнатите страни уште во процесот на планирање со цел креирање синергетски системи за дејствување. (Графикон 10)

**Графикон 10. Степен на влијание на производите или услугите во адресирање на одредени општествени или еколошки проблеми**




На прашањето дали организацијата прави нешто за да управува со влијанието и вредноста создадена за нивните купувачи или клиенти, најголем процент од испитаниците одговориле дека во висок или значителен степен нудат гаранции за производи или услуги и политики за сигурност и заштита, имаат сертификати или акредитации за квалитет, имаат формални процедури и механизми за контрола на квалитетот, имаат повратни информации за услугите на клиентите, како и механизми за поплаки, го следат задоволството на клиентот или потрошувачот и управуваат со приватноста и безбедноста на податоците на клиентите.

Исказите воопшто не постои, слаб степен и умерен степен се застапени со помал процент на испитаници од вкупната бројка. Оттука може да се констатира дека вредноста што се нуди е усогласена со барањата и потребите на клиентите, истовремено нудејќи можност за натамошно надградување на соработката и развојот како едни од компонентите на одржливиот развој. Во исто време тоа значи дека свесноста за важноста од понудената вредност, но и добиениот поврат со користење на тој пристап е високо на листата на приоритети при дејствувањето. (Графикон 11)

**Графикон 11. Управување со влијанието и вредноста создадена за клиентите**




***Практики поврзани со влијанието на организациите на задницата***

Следното прашање е поврзано со секцијата што ја третира заедницата, и тоа идентификација, дали деловниот модел на компаниите создава конкретни позитивни придобивки за засегнатите страни, како што се добротворните партнерски организации, продавачи и добавувачи со специфични потреба или, пак, за нивната локална заедница. Тука ја гледаме важноста од приоретизирање на холистичкиот пристап при работењето. Високи 36% од испитаниците идентификуваат значителен степен на влијание на нивниот деловен модел кон креирање позитивни придобивки, а 15% од нив висок степен на влијание, што во основа претставува половина од испитаниците. Доколку во таа група го приклучиме и умерениот степен на влијание со 32%, тогаш остануваат во помал процент организациите

што имаат слаб степен или дека воопшто деловниот модел нема влијание врз создавање позитивни придобивки (Графикон 12).

Ова е јасен показател за импликациите од користењето на деловниот модел, но и разбирањето на важноста од сопствената контрибуција за развој на заедницата и исполнување на социјалната, односно општествена компонента при дејствување. Во исто време тие се свесни дека на тој начин работат на подигнување на својот кредибилитет, како и подобрување на квалитетот и потврдување на релевантноста. Несомнено присутно е разбирањето дека со практикување соодветен модел преку сопствената контрибуција се придонесува кон развој на економијата, што истовремено позитивно влијае врз компаниите. Социјалната промена како видлив облик на трансформација, работата и влијанието врз намалување на невработеноста, но и зголемување на квалитетот на регрутираниот кадар во компаниите е уште една можна причина за зголемена сопствена контрибуција. Можни причини се и добивање поддршка на напорите за реализација на активностите од сите засегнати страни, со што ги прави составен дел од нејзиниот развој, планирање, спроведување и евалуација и истовремено промовираат фер пристап за секого. Причина е и свесноста дека придобивањето на засегнатите страни прави огромна разлика во однос на политичката и моралната моќ. Социјалниот капитал е мрежа на познајници, пријателства, семејни врски, услуги, обврски и друга социјална валута што може да се искористи за зацврстување на односите и зајакнување на заедницата. Премостувањето на социјалниот капитал, што создава врски меѓу различните групи кои инаку не би можеле да комуницираат, е можеби највредниот елемент. Тој овозможува заедница без бариери на класа или економија, каде што луѓето од сите слоеви на животот можат да се познаваат и вреднуваат едни со други, а тоа го зголемува кредибилитетот на организацијата.

**Графикон 12. Степен на позитивни придобивки за засегнатите страни согласно деловниот модел**




Во однос на прашањето за корпоративно граѓанство евидентна е доминацијата на умерениот и значителен степен на учество во финансиски донации или донации во натура (производи и услуги). Умерениот степен доминира и кај про-боно активностите на вработени, инвестиции во заедницата и активности од областа на застапување со цел усвојување подобрени општествени или еколошки политики. Кај активноста партнерства со добротворни организации или членство во организации на заедницата, како и обезбедување производи или услуги со намалени цени наменети за ранливи, социјално загрозени групи граѓани на редовниот пазар на стоки и услуги, идентификуваме висок и значителен степен на учество, додека не така занемарлив процент отпаѓа на констатацијата дека воопшто не постои или постои слаб степен на учество во истите активности (Графикон 13).

Недостига кохерентност за усогласување помеѓу социјалните, економските и еколошките прашања за да може да се зголеми веродостојноста на корпоративниот морален дискурс за внатрешните и надворешните чинители. Овие состојби можат да бидат резултат на недостигот на стратегија и креирање стратегиски пристап кој ќе ги поврзува целите со дејствувањето. Она што е во прашање е основниот систем на организациски вредности, доблести, верувања и принципи и начинот на нивна примена преку специфични норми на организациско однесување. Недостигот на етички фокусирани корпоративни документи кои ја вклучуваат корпоративната мисија, визија, изјава за вредности, етички кодекси и организациски политики може да биде причина за ваквите резултати.

**Графикон 13. Индекс и начин на вклученост во граѓански ангажмани**




***Практики поврзани со односот на организациите кон вработените***

Секцијата пет е поврзана со исклучително значајниот елемент за креирање вредност, но и елемент кој е квинтесенција за одржливиот развој во кој било сегмент на дејствувањето, а тоа се вработените. На прашањето дали вашата организација нуди некоја од следниве дополнителни финансиски придобивки на вработените на неменаџерски позиции констатираме дека отскокнува умерениот степен на приспособување на трошоците на животот што одговараат на стапките на инфлација во земјата со 36%, по што следува значителниот степен како одбран исказ со 24,4% и прилично изедначен процент од 14,8% за исказите воопшто не постои, слаб и висок степен на приспособување на трошоците за живот. Кога станува збор за бонуси или можност за учество во остварената добивка, повторно отскокнува исказот значителен степен со 26,59%, но е комбиниран со висок процент од опцијата воопшто не постои таква практика со 22,34%, по што следуваат одбраните опции за слаб, умерен и висок степен на постоење на таа практика. Додека на понудената опција можности за стекнување сопственост на вработените во компанијата констатираме висока доминација на одговорот дека воопшто не постои таква практика, и тоа со 51% од вкупниот број испитаници, по што следува опцијата слаб степен со 18% (Графикон 14).

Оттука може да констатираме дека има обиди за држење на вработените под контрола со одредени придобивки што се нудат, но сè уште не постои разбирање на

концептот кој ќе овозможи вистински прогрес во работата преку согледување на реалните потреби и можности и вреднување на трудот на начин кој ќе иницира создавање дополнителна вредност за компанијата, а воедно ќе се приспособи на промените и ќе се развива во насока на целосно чувство на припадност на вработените. Можни причини за утврдените состојби се тоа што сѐ уште преовладува мислењето дека сите овие елементи се трошок, а не инвестиција. Не се вреднува соодветно способноста за управување со промената и иновациите, за што вработените се инкремент. Веројатно дел од причините лежат и во неопходноста во подобрувањата на системите кои ќе треба да одговорат на новите предизвици, со што ќе се препознае потребата од соодветно вреднување на моралот во фирмата како основа за продуктивност и привлекување квалитетен кадар во иднина, но и задржување на постојните вработени. Немањето способност да се согледаат важноста и придобивките од диверзификацијата на пазарот како елемент реализиран од страна на вработените може да биде уште една причина за идентификуваните состојби. Во исто време можна е и злоупотреба на социо-економската состојба во државата, односно високата стапка на невработеност, што доведува до голема флуктуација на кадарот, а истовремено не се почитуваат основните начела за вреднување и одржлив развој.

**Графикон 14. Степен и начин на вреднување и наградување на вработените**




Прашањето за постоење политики и практики за професионален развој, односно дали организациите обезбедуваат некоја можност за обука на работниците за професионален развој е следен индикатор поврзан со креирањето вредност и со одржливиот развој. Имено,

на исказот има формален процес на воведување во работата за нововработени работници доминира избраната опција на постоење висок и значителен степен на практики во организациите, а исто така тие две опции се доминантни и за исказот се нуди постојана обука за основните работни задачи и одговорности на вработените. Во однос на постоење политика за поттикнување внатрешни унапредувања и вработувања на повисоки позиции (на пр., објавување на отворени работни места прво внатрешно во организацијата помеѓу вработените) гледаме повторна доминација на опцијата висок степен на постоење практики, но во доминантните одговори во однос на оваа констатација се приклучува и опцијата постоење умерен степен. За обезбедувањето обуки во различни подрачја кои не се непосредно поврзани со конкретното работно место на вработениот за напредување во кариерата или транзиции на вработените (на пример, менаџмент-обуки за неменаџери) евидентен е изедначениот процент од 24% на избраните опции умерен, значителен и висок степен на практики за обезбедување обуки. Опцијата обезбедување обука за стекнување општи вештини неповрзани со конкретни работни места (на пр., финансиска писменост, англиски или друг старински јазик како втор или трет јазик) е исто така со прилично изедначена дистрибуција помеѓу одговорите умерен, значителен, висок степен и воопшто не постои таква практика. На прашањето дали компанијата располага со буџет наменет за вработените за користење можности за професионален развој од разни видови надворешни извори (на пр., присуство на конференција, обуки преку интернет) и на тој начин ги помага вработените, доминантниот одговор е врзан за постоењето висок и значителен степен, додека незначително отстапување има кај опцијата умерен степен. Обезбедувањето надоместоци или платени програми за стекнување квалификации преку континуирано образование (на пример, факултетски дипломи, професионални лиценци) е практика која во умерен степен ја практикуваат компаниите, и тоа 28,7% (Графикон 15).

Согласно добиените одговори можеме да констатираме дека инвестирањето во вработените е поврзано со реализација на работните обврски и профитабилност при работењето и е значително застапено, додека сè уште се води борба за приоретизирање на инвестирањето во човечкиот капитал преку обезбедување дополнителни средства. Во исто време гледаме дека свеста за инвестирање во вработените на долг рок, стратегиски и мотивациски, сè уште не е на завидно ниво, а со тоа се става под знак прашалник реализацијата на носечките елементи на одржливиот развој.

**Графикон 15. Застапеност на политики и практики за професионален развој**




На прашањето дали ја пресметувате стапката на флуктуација на вработените, најголемиот број од испитаниците ги избрале опциите на умерен (27%) до значителен степен (28,7%), а најмал број од испитаниците - 14% дека постои слаб степен на постоење на таква практика. Во однос на практиката, редовно (барем еднаш годишно) се спроведува анкета за задоволство и ангажираност на вработените, најголем број од испитаниците одговориле дека постои умерен степен на постоење на таква практика (29,8%), а најмал процент го избрале исказот слаб степен на таква практика (6,2%). Кај прашањето дали го оценуваат и споредуваат задоволството на вработените со соодветните репери во индустријата, повторно доминира исказот за постоење умерен степен (33%), а најмал процент е идентификуван за исказот слаб степен на постоење таква практика (8,2%). На прашањето дали ги анализираат податоците разделени на различни демографски групи за да ги идентификуваат трендовите, најголем процент од испитаниците, и тоа 30,9%, потврдиле значителен степен на таква практика, додека најмал процент од 10% е идентификуван кај исказот постоење висок степен на таква практика. На предизвикот дали компаниите ги надминуваат реперите на индустријата според степенот на задоволството и ангажираност

на вработените се забележува изедначен процент на исказите значителен и умерен степен, и тоа од 24,7% како најзастапени искази, а најмалку застапен е исказот слаб степен од вкупниот број одговори (Графикон 16).

Тука причините ги гледаме во недостиг на определба и верување на организациите дека треба да се инвестира во градење силно мотивирана и максимално ангажирана работна сила. Можни причини се недостиг на кредибилни лидери кои ќе го приоретизираат препознавањето и признавањето на ангажманот на вработените, задржување на вработените, развојот на нивната кариера и вреднување на база на резултати како прерогатив за успех и одржлив развој. Мислењето е дека капацитетот и компетенциите на менаџментот, како и фокусот на профитот, но и отпорот кон промените се можните причини за идентификуваните состојби.

**Графикон 16. Процена на задоволството и ангажираноста на вработените**




***Практики поврзани со влијанието на организациите врз животната средина***

Ефикасноста на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина, односно кои практики за ефикасност се применуваат во повеќето канцеларии и производни постројки на компанијата со цел заштита на животната средина се исклучително важна компонента на одржливиот развој. На прашањето дали објектите користат разни начини на заштеда на енергија (на пр., мониторинг на употреба на енергија, ефикасни уреди и осветлување, употреба на обновлива енергија) гледаме дека најголем број

од одговорите, и тоа 33%, се поврзани со исказот постоење значителен степен на користење разни начини на заштеда на енергијата. Најнизок процент од 9% е сконцентриран на исказот висок степен на употреба модалитети за заштеда на енергијата. Кај опцијата објектите користат системи за зголемување на ефикасноста на употребата на водата, најголем број ја одбрале опцијата умерен степен на користење системи за зголемена ефикасност на употреба на вода со 26%, а во најмал број е застапен исказот висок степен со 11,4%. Во однос на тоа колку објектите користат системи за следење и подобрување на квалитетот на воздухот (на пр., зголемена вентилација) одговорите се движат од 25% застапеност на исказите умерен и значителен степен, додека најнизок процент од 10,8% е идентификуван кај исказот висок степен на користење системи за следење и подобрување на квалитетот на воздухот. Што се однесува до користењето енергетско-ефикасни градежни материјали и материјали кои се користат со повторна употреба, забележуваме дека најголем број од одговорите гравитираат кон исказот значителен степен на користење енергетско-ефикасни материјали, и тоа 30,5%. Најмал број отпаѓа на исказот висок степен, и тоа 7,4% (Графикон 17).

Кога се работи за забележителна и потврдена економска придобивка, тие практики се и тоа како препознаени како есенцијални. Тоа е случај со користење систем за следење на употреба на енергија, енергетски ефикасни уреди и осветлување, употреба на обновлива енергија или користење енергетско-ефикасни градежни материјали и материјали со повторна употреба. Она што во моментов не е поврзано со поголем финансиски профит е на маргините на препознавање и употреба. Надградбите за ефикасност на водата честопати се враќаат за само неколку години, за што свесноста сè уште не на високо ниво. Скромните одговори во однос на користењето системи за следење и подобрување на квалитетот на воздухот го отвораат прашањето за спремноста да се менаџира еден комплексен сегмент со повеќекратно влијание. Исто така, квалитетот на воздухот во затворените простории има значително влијание врз продуктивноста на работниците и дејствува и во однос на нивното здравје и чувство на благосостојба. Во овој контекст, според Светската здравствена организација, аерозагадувањето ја чини глобалната економија 225 милијарди долари секоја година во изгубен приход од труд.

**Графикон 17. Практики на компаниите за ефикасност на објектите**




На прашањето дали вашата организација има систем за управување со животната средина (EMS) или попрецизно дали има писмено формулирана политика што ја документира посветеноста кон животната средина, утврдивме дека кај најголем број од компаниите воопшто не постои, а кај најмал број од нив, или 10%, има идентификувано висок степен на формулирани политики. На прашањето за мерење и оцена на влијанието на деловните активности на организацијата врз животната средина, добиените одговори се движат од високи 26% за исказот дека воопшто не постои мерење и оцена на влијанието на деловните активности врз животната средина до најнизок процент од 14,6% за исказот висок степен на мерење и оцена на влијанието. Дали се наведени цели и цели кои можат да се квантифицираат за аспектите на животната средина во работењето на организација е прашање на кое најголем број од одговорите, или 29%, отпаѓаат на исказот умерен степен, а најмал број или процентуално 11,9% отпаѓаат на исказот висок степен. На опцијата дали имаат програми со алокација на ресурси, за да се постигнат овие цели, висок процент од 30% од организација потврдуваат дека воопшто не постојат програми за алокација на ресурси за постигнување на целите, додека најмал процент од 10,6% се однесува на постоење висок степен на практикување програми за алокација на ресурсите. На прашањето за постоење периодични прегледи за усогласеност и ревизија за да се оценат спроведените програми, доминира исказот дека воопшто не постојат, и тоа со 26,8% од испитаниците, а најмал број го избрале исказот постоење на висок степен на периодични прегледи со 10,7%

од испитаниците. Крајното прашање беше поврзано со ревизија и сертифицирање од трети страни на (ЕМС). На ова прашање исклучително висок процент отпаѓа на исказот дека воопшто не постои ревизија и сертифицирање од трети страни, и тоа 31,8% од испитаниците. Од вкупниот број испитаници 16,48% го одбрале исказот слаб степен, што укажува на една голема бројка од 47% на испитаници кај кои или воопшто не постои или постои слаб степен на примена на ревизија и сертифицирање од трети страни (Графикон 18).

Ова укажува на зрелоста на организацијата бидејќи основен белег за истото претставуваат обемот и деталите на процесите, политиките и процедурите што ги има и ги применува организацијата, при што не се препознава управувањето со ризикот како критична деловна дисциплина. Можно е недостигот на свесност, стратегија и менаџмент-капацитети, од една страна, и нелојалната конкуренција и низок степен на практикување на овие практики во државата, од друга страна, да ги гледаме како можни причини за идентификуваните состојби. Во исто време, тоа што изостанува соодветен институционален одговор за сите недоследности што се воочуваат, а се направени од страна на компаниите, дополнително ја влошува состојбата и ги нагризува можностите за развој и имплементација на овие системи. На тој начин се оневозможува развивање на позитивни односи со надворешните заинтересирани страни, како што се инвеститори, осигурителни компании, клиенти, добавувачи, регулатори и локалната заедница.

**Графикон 18. Системи за управување со животната средина**



На прашањето поврзано со процентот на сертифицирани продадени производи со кои се проценува влијанието на производот или неговиот процес на производство, гледаме дека најголем број од испитаниците, или 27,8%, потврдиле процент на сертифицирани продадени производи во опсег од 50 до 74%. Но загрижувачки е фактот дека 25,8% од испитаниците се изјасниле дека немаат сертифицирани производи (Графикон 19).

Сертификатите претставуваат начин преку кој купувачите успеваат да ги препознаат производите што се усогласени со нивните приоритети за исхрана и одржливост, без разлика дали тоа значи органско производство или млеко што доаѓа од фарма која се грижи за животните и ги одгледува во хумани услови. Во такви услови отсуството на сертифицирани производи е знак за тревога. Сертификатите за производи воспоставуваат јасно дефиниран пакет на стандарди кои производот мора да ги исполни и истите да се обезбедат преку лабораториско тестирање, независни процени или прегледи. Тоа наведува на ниската свесност кај компаниите за влијанието на сертифицираните производи врз угледот и репутацијата, како и управувањето со ризици. А бидејќи се одговор на грижата и очекувањата на клиентите на пазарот и транзиција кон одржливо производство, можно е недостигот на овие практики да значи сериозно отстапување од патеката на одржлив развој. Сертификатите обезбедуваат подобрено следење на производите и вклучување трета страна како потврда за добро управување. Но истовремено имаат и финансиски импликации, што значи дека релативната цена на производите би била повисока, што исто така е можна причина за утврдените состојби.

**Графикон 19. Процент на еколошки сертифицирани производи**



Следното прашање е поврзано со следење, снимање и изготвување извештаи за употребата на енергијата. Притоа најголем број од испитаниците, или 30,4%, се изјасниле дека воопшто не ја следат, ниту снимаат употребата на енергијата. Најмал процент од нив или 19,6% потврдно одговориле дека ги следат употребата и поставените цели, при што остваруваат значителни резултати во намалувањето на потрошувачката на енергија (Графикон 20).

Следењето и поставувањето цели е со цел да ја идентификува и објасни прекумерната употреба на енергија. Тоа е воедно механизам за откривање случаи кога потрошувачката е неочекувано поголема или помала отколку што обично се случува, со што се води сметка за целокупната функционалност и рентабилност при работењето. Покрај енергетската ефикасност се добива и зголемена ефикасност на ресурсите, подобрување на буџетското производство и намалување на емисиите на стакленички гасови (стакленички гасови). Заклучок е дека инвестицијата во енергетска ефикасност нуди голема исплата на индуцирани работни места и генерално претставува најмал трошок. Воедно има најлесен пристап за реализација. А поголемата енергетска ефикасност може да ја намали и потребата за дополнителни постројки за фосилни горива или за нови обновливи извори на енергија. Поради сето изнесено, можно е енергетската ефикасност и енергетската заштеда да не се приоритети во моментов, како што е можно недостигот на стратегиски пристап кон одржливиот развој да ја инхибира оваа област.

**Графикон 20. Следење, снимање и известување за употребената енергија**



На прашањето од кои извори добива енергија вашата компанија, најголем процент или 96,1% од испитаниците потврдиле дека добиваат енергија од електричната мрежа, додека 17,6% користат енергија од обновливи извори на енергија. Бројките поврзани со користењето на обновливите извори на енергија укажуваат на задоволително придвижување кон одржлив развој, со што директно се влијае врз ефективноста и ефикасноста во работењето, заштедата, намалувањето на загадувањето преку фаворизирање и практикување на обновливите извори на енергија (Графикон 21).

**Графикон 21. Извори на електрична енергија за компаниите**




Анализата на емисиите на стакленички гасови презентира поразителна слика. Најголем процент, или 58,4% од испитаниците се изјасниле дека во моментот не ги следат и не ги снимаат емисиите. Дополнително на тоа 19,8% се изјасниле дека редовно ги следат и снимаат емисиите, но не поставуваат цели за намалување. Само мал процент од 15,8% редовно ги следат и снимаат емисиите и поставуваат специфични цели за намалување во однос на претходните перформанси (Графикон 22).

За справување со климатските промени, потребно е да се има веродостојни информации за стакленичките гасови кои го предизвикуваат овој феномен. Со овие информации можно е да се направат процени на трендовите на емисии, но и на ефективноста на политиките, стратегиите и иницијативите за намалување на емисиите. Таа информација овозможува да се направат процени за тоа колку далеку се исполнети целите за намалување на емисиите на ниво на компанија, сектор, национално или глобално ниво. Следењето и известувањето за емисиите на стакленички гасови се важни од повеќе причини, но можеби најмногу за намалување на негативното влијание врз животната средина. Од сето наведено

и добиените резултати можеме да претпоставиме дека изостанува алтруистичкиот пристап кај компаниите во однос на намалување на негативното влијание врз животната средина, а на тој начин се става под знак прашалник и одржливиот развој на компаниите.

**Графикон 22. Следење на емисиите на стакленички гасови на компаниите**




Во однос на менаџирањето со транспортот и неговото влијание, најголем број од испитаниците или 35% изјавиле дека воопшто не постои практика за користење „чисти“ или возила со мала емисија на штетни гасови (на пример, хибридни, ЦНГ, електрични) за транспорт и дистрибуција на производот, додека најмал процент од 6% се изјасниле дека постои висок степен на такви практики. Висок процент од 43,4% од испитаниците воопшто не користат софтвер за стратегиско планирање за да го минимизираат користењето гориво и емисијата на штетни гасови, а најмал процент од 4% имаат висок степен на користење таков софтвер. На прашањето дали користите методи на транспорт и испорака со помали влијанија врз животната средина (на пример, избегнување пратка од воздух или други средства со поголема емисија на штетни гасови), повторно во најголем број, односно кај 33,8% од испитаниците воопшто не постојат такви методи на транспорт. Кај најмал број испитаници - 7,6% постои висок степен на такви методи на транспорт (Графикон 23).

Директни влијанија се непосредната последица од транспортните активности врз животната средина, каде што каузалната врска е генерално јасна и добро разбрана. На пример, се знае дека емисиите на јаглероден диоксид, како и бучавата, имаат директни штетни ефекти. Но, исто така, присутни се и индиректни влијанија. Тие честопати се со повисока последица од директните влијанија, но честопати не се доволно разбрани. На

пример, ПМ-честичките, кои се резултат на нецелосно согорување во моторот со внатрешно согорување, се индиректно поврзани со респираторни и кардиоваскуларни проблеми, бидејќи тие, меѓу другите фактори, придонесуваат за такви состојби. Истовремено констатираме и кумулативни влијанија, односно синергетски последици од транспортните активности. Таков пример ни се климатските промени, кои се со сложени причини и последици, а се кумулативно влијание на неколку природни и антропогени фактори, во кои транспортот игра своја улога. Па така, со зголеменото учество на превозот во глобалните емисии на CO2, 22% од глобалните емисии на CO2 се припишуваат на транспортниот сектор. Со резултатите од ова истражување може да претпоставиме дека овој елемент сè уште не котира високо на агендата на одржливи практики на компаниите. Претпоставувам дека е можен несоодветен менаџмент при искористување на горивото. Но можна причина се и високите инвестициони трошоци потребни за транзиција од користење на конвенционални транспортни средства во хибридни или електрични транспортни средства кои значително би ја намалиле емисијата на штетни гасови и бучавата, а воедно би придонеле кон намалено влијание врз климатските промени. Но анализирајќи ги состојбите во останатите земји од светот, би додал дека и политиките на државата не се на ниво кое вистински би ја поддржало оваа транзиција и би создало услови за ефективно и ефикасно спроведување на мерките за менаџирање со транспортот и намалување на неговото штетно влијание.

**Графикон 23. Управување со влијанието на транспортот врз животната средина**



Слични се одговорите и на прашањето дали компаниите ја следат и управуваат со употребата на вода. Имено, 36% од испитаниците не ја следат и снимаат употребата на вода, додека 32% од нив редовно ја следат и снимаат употребата на вода, но не поставиле цели за намалување на нејзината употреба. Најмал процент од 7% ги следат употребата и поставените цели, при што остваруваат значителни резултати во намалувањето на употребата на вода (Графикон 24).

Да се знае колку вода се користи, како и кога се користи и зошто се користи, е првиот суштински чекор за заштеда на водата. Водата се перципира како обилен извор, но водата истовремено бара енергија за пумпање, чистење и снабдување. И како и секоја суровина, ако ја потрошите, ќе платите за тоа. Затоа бизнисите и организациите стануваат сè посвесни за потребата од следење и управување со нивната потрошувачка на вода, што е потврдено од растечката количина на податоци за потрошувачката на вода што се доставуваат во глобална база на податоци за одредување на одржливоста. Ова е важно бидејќи следењето на потрошувачката на вода и заштедата на вода ќе станат посуштински, бидејќи кризите за вода со голема веројатност ќе бидат почести и поакутни. Но од добиените резултати можеме да претпоставиме дека сè уште кај компаниите не е допрен гласот на разумот во однос на она што значи итност и битност при дејствувањето поврзано со управување и користење на водата. Деловната активност мора да ја земе предвид импликацијата на тековните и идните активности, бидејќи тоа влијае врз здравјето и долговечноста на локалните водни ресурси. Ова, за возврат, ќе помогне да се добие доверба во заедницата и да се придонесе кон намалување на климатските промени.

**Графикон 24. Следење и управување со користењето на водата од страна на компаниите**



На прашањето поврзано со отстранување на отпадот констатираме дека 61% од испитаниците практикуваат општинско собирање смет, а само кај 6% од испитаниците отпадот се одделува и се рециклира или се користи повторно за сопствено производство или се донира/се обезбедува на други објекти. Компостирање на ѓубре како метод, како и согорување, прочистување или исфрлање на самото место практикуваат 3% од испитаниците. Сето ова укажува на релативно ниската свест поврзана со одлагањето на отпадот и неговото управување како нераскинлива алка од синџирот на одржливиот развој (Графикон 25).

Бизнисите се законски обврзани ефикасно да управуваат и да ги депонираат сите отпадоци бидејќи во спротивно може да се покрене правна постапка доколку има штети предизвикани како резултат на нивната небрежност. Кога отпадот се отстранува или рециклира на безбеден, етички и одговорен начин, тоа помага да се намалат негативните влијанија врз животната средина. Осигурувањето дека постапките за управување со отпад се спроведуваат редовно помага да се осигури дека помалку отпадни материјали одат во општите депонии, а со тоа ќе се намалат и различните форми на загадување. Додека неправилното ракување со различни видови отпадни материјали и употреба на методите на слабо отстранување може да резултира со сериозно загрозување на здравјето. Факт е дека доколку не се следат утврдените практики за управување со отпад, тоа може да резултира со големо загадување на воздухот и на земјиштето. Истовремено, секаков вид опасен отпад што се влева во вода и почва може да влијае врз животните и растенијата, а ако луѓето ги консумираат овие животни или растенија, тоа исто така може да влијае врз нашето здравје. Според резултатите од истражувањето, претпоставуваме дека компаниите се водат од премисата задоволување на законските норми, но тоа не значи и реализација на практики на одржлив развој. Имено, голем дел од можностите се пропуштаат преку несоодветно управување со отпадот кое може да биде и конкурентна предност и општествено одговорна практика и одговорна компонента во зачувувањето и заштитата на животната средина. Затоа ќе го потенцирам рециклирањето, кое значи и намалување на трошоците поврзани со набавка на суровина, генерирање дополнителен приход од комерцијализација на отпадот и добивање кредибилитет кај општеството. Во исто време значи следење на законодавството и регулативите за животна средина и зголемување на продуктивноста.

**Графикон 25. Методи на отстранување отпад**




Влијанието што го имаат пакувањата врз животната средина е следното прашање, каде што е утврдено дека 32,6% од испитаниците воопшто не спроведуваат анализа на нивниот дизајн и материјалите за пакување со цел да ги идентификуваат можностите за минимизирање на влијанието врз животната средина, додека најмал број, или 4,3% се изјасниле за постоење висок степен на спроведување анализи. На прашањето дали материјалите за пакување се сертифицирани за да ги исполнуваат стандардите за влијание врз животната средина, утврдено е дека кај најголем број, или кај 29% од испитаниците воопшто не постои таква практика, а најмал број од нив, или 11,8% имаат висок степен на таква практика. Следниот индикатор е поврзан со прашањето дали пакувањето може да се рециклира и воедно дава упатства како правилно да се рециклира, на што 29,3% или најголем број од испитаниците одговориле дека воопшто не постои таква можност. На прашањето *дали пакувањето е токсично,* 26,3% од испитаниците одговориле дека во висок степен потврдуваат дека пакувањето не е токсично, но исто така кај висок процент од испитаниците, или 25%, воопшто не постои метод на утврдување или не можат да потврдат дека пакувањето не е токсично. Во однос на тоа дали *материјалите за пакување се дизајнирани да имаат помалку вкупно влијание врз животната средина отколку вообичаените алтернативи,* најголем број или 27,9% од испитаниците констатираат значителен степен на дизајн за помало вкупно влијание врз животната средина (Графикон 26).

Иако пакувањата не се засебни производи, односно се купуваат производи, а не пакувања, тие имаат големо влијание врз животната средина. Пакувањето не се забележува

за време на купувањето, транспортот и употребата на производот, односно не се забележува сѐ додека не се стави во функција производот и пакувањето на тој начин ја исполни својата функција и се претвора во отпад. А во тој момент пакувањето веќе се гледа како оптоварување на животната средина и троши ресурси. Не треба многу за да се сфати лудоста на оваа линеарна економија, при што влијанието на овој бескраен циклус на пакување врз животната средина е огромно. За жал, депонијата и ѓубрето не се единствените негативни ефекти од пакувањето врз животната средина. Свесноста треба да оди понатаму бидејќи иако рециклирањето е помалку деструктивно и енергетски интензивно од набавката на суровини, тоа е сепак процес кој придонесува за употреба на фосилни горива и емисии на стакленички гасови, со што повторно се предизвикува негативно влијание врз животната средина. Оние што се загрижени за состојбата на животната средина можат да учествуваат во намалувањето на овој товар преку програмите за обновување на пакувањето. Но, исто така, и преку употреба на материјали кои се безбедни, нетоксични и биоразградливи, со што ќе се даде директна контрибуција кон заштитата на животната средина. А според резултатите од истражувањето, можеме да претпоставиме дека интересот за вклучување во овој сегмент на дејствување е на исклучително ниско ниво. Претпоставка е дека тоа се случува поради недореченостите во законските регулативи, сѐ уште ниското ниво на свест за опфатот и влијанието што го има истото, но и слабата конкурентска мотивација. Она што спаѓа под одржливо пакување е изборот на одржливи материјали, опциите за одлагање на отпадот да поддржуваат рециклирање или компостирање на отпадот, дизајнот да е оптимизиран со цел одржување на квалитетот на производот, а трошоците за производство да се изводливи за реализација на долг рок. Сето ова е во дефицит како практики на одржливиот развој кај компаниите во РС Македонија, со што се отвора претпоставката дека изостанува стратегиската компонента врзана за одржливиот развој за разлика од компонентата на општествената одговорност на компаниите. Оваа претпоставка е поткрепена од фактот што со стратегискиот пристап на користење ефикасни техники за пакување се намалуваат трошоците, загадувањето и употребата на материјали. Истовремено, стратегиската определба за селекција на материјалите може значајно да го намали негативното влијание врз животната средина преку користење полесни, побезбедни и по можност рециклирачки материјали.

**Графикон 26. Управување со пакувањето и неговото влијание врз животната средина**




Прашањето поврзано со менаџмент на снабдувачки синџири е во насока на идентификување дали компаниите ги следат или оценуваат своите значајни добавувачи во однос на нивното општествено и еколошко влијание. Притоа показателите говорат дека во најголем процент од 25,7% од испитаниците имаат умерен степен на практики за следење или оценување на значајните добавувачи, додека најмал број од 7,9% имаат висок степен на примена на такви практики (Графикон 27).

Според литературата, испораката, трошоците, квалитетот и технологијата се идентификувани како критериуми за оценување на добавувачите. Бидејќи животниот циклус на добра и услуги вклучува многу засегнати страни, јасно е дека станува неопходност за компаниите да се осигурат дека нивните добавувачи и канали на дистрибуција ги земаат предвид социјалните и влијанијата врз животната средина, согласно нивните политики и практики. Поседувањето одржлив синџир на снабдување може да ги намали потенцијалните ризици (еколошки, реномето на компанијата и финансиски) и на крајот да го зголеми профитот за сите засегнати страни. Согласно добиените резултати, претпоставка е дека компаниите немаат добро развиена стратегија за управување со ризици која би ги потенцирала овие елементи и би наложила нивно приоретизирање. Постојат многу фактори што влијаат врз одлуката, како што се репутација на брендот, квалитетот и достапноста во комбинација со трошоците. Затоа, одлуката треба внимателно да се направи меѓу алтернативите при изборот на добавувачи. Покрај цената, постојат голем број

критериуми кои генерално се користат во процената, како што се сигурноста, финансиските фактори, технологијата, испораката, достапноста, квалитетот, одржливоста и услугата. Со цел да се намалат влијанијата врз животната средина, фирмите треба да придонесат за нивните добавувачи да ги подобрат еколошките перформанси. Но не смее да се заборави фактот дека постои меѓусебна врска помеѓу факторите на животната средина, трошоците и квалитетот. Перформансите на трошоците може да се подобрат со подобрување на квалитетот, додека квалитетните перформанси им помагаат на еколошките перформанси. Перформансите со добар квалитет можат да го намалат отпадниот материјал при преработката, како и емисијата на јаглеродни гасови. Сепак, намалувањето на трошоците има главно внимание при набавките. Купувачите можеби претпочитаат да одат со најниска цена и да не сакаат да плаќаат поголема цена за одржливи производи, како и за спроведување одржливи практики. Претпоставуваме дека изборот што се прави е и затоа што доброто управување со животната средина има поголеми трошоци, односно значи финансиска импликација за компаниите. Воедно, малите компании и не се во можност да имаат значајно влијание врз добавувачите.

**Графикон 27. Менаџмент на снабдувачки синџири**




***Финансиска и нефинансиска поддршка на одржливи практики***

Наведувајќи ги финансиите како основен проблем при спроведување одредени реформски зафати и справување со промените, пристапено е кон анализа на наведениот сегмент. Едно од прашањата што се поврзани со апликативната практика за одржлив развој е користењето финансиски извори за поддршка. Во таа насока најголем број од

испитаниците, или 40,8% од нив, се изјасниле дека воопшто немаат користено *грантови шеми,* а најмал број, или 6%, имаат висок степен на искористување на грантовите шеми. Во однос на *владините фондови и субвенции,* повторно најголем број, или кај 38,94% од испитаниците воопшто не постои искористување, а кај најмал број од 9,47% постои висок степен на искористеност на владини фондови и субвенции. *Кредитирањето од банки и други финансиски институции* се забележува кај 17,20% со умерен степен на користење, кај 16,12% со значителен степен и 18,27% со висок степен на користење кредитирање од банки и други финансиски институции. Што ни говори дека над 50% од испитаниците имаат од умерен до висок степен искористување на можности од наведените извори. *Капиталното инвестирање и користењето на бизнис-ангелите* воопшто не се застапени кај 60,67% од испитаниците, а дополнително на тоа слаб степен на застапеност има кај 21,34% од испитаниците, или над 80% од испитаниците не ги користат овие финансиски извори. Кај *намалувањето на маргиналните даночни стапки* повторно имаме најголем број на испитаници што го избрале исказот дека воопшто не постои искористување, или 52,74% од нив, а 29,67% имаат слаб степен на искористување (Графикон 28).

Согласно резултатите, сложеноста на процедурите, временскиот период од објава до реализација, како и посебните знаења и вештини што се потребни за добивање неповратни средства од грантовите шеми, вклучително и недостигот од системски решенија кај компаниите кои ќе овозможат создавање капацитети, но и поддржувачка структура која ќе биде директно инволвирана и одговорна за реализација на тие проекти, е во сериозен дефицит. Додека можната причина за ситуацијата со субвенциите се претпоставките и предрасудите во однос на доделувањето на истите, докажаните партиски влијанија, но и недостигот на транспарентност и отчетност на целиот процес, вклучително и обзнанувањето на повиците и подготовка на целната група за аплицирање. Кредитирањето е најчесто и во најголем процент застапено, а можната причина ја гледаме во едноставноста на постапките, претходно искуство со процедурите и веќе традиционалниот начин на функционирање преку кредитирање. За разлика од кредитите, капиталното инвестирање и бизнис-ангелите изостануваат од големата слика поради сè уште несигурните услови што владеат во државата, пред сè, во однос на правната сигурност, регулацијата и дерегулацијата, долгорочните проекции на даноци и други дополнителни давачки кои ги обесхрабруваат

потенцијалните инвеститори. Во исто време и портфолиото на компаниите не е на ниво кое ќе ги задоволи барањата на инвеститорите.

**Графикон 28. Користење извори за финансирање одржливи практики**




За разлика од финансиските можности и нивното искористување, состојбата со искористувањето на нефинансиските можности е малку поразлична. И тоа во однос на *обуките* најголем број од испитаниците утврдиле умерен степен на искористување, додека најмал број, или 13,97%, имаат висок степен на користење обуки за поддршка на одржливи практики во организациите. Кога се работи за *менторство и коучинг,* кај најголем број од нив, или кај 30%, воопшто не постои таква практика, додека најмал број, или 10% од испитаниците имаат значителен степен на користење менторство и коучинг. Кога стапнува збор за *заштитата на сопственичките права,* најголем број, или кај 39,71% воопшто не постои искористување, а најмал број, или 5,68%, имаат висок и значителен степен на искористување. Кај најголем број, или 28,08% од испитаниците воопшто не постои искористување на нефинансиската поддршка *изготвување проектна документација,* а најмал процент од испитаниците, или 14,6%, искажале значително искористување. *Физибилити-студијата* како нефинансиска поддршка во најголем број воопшто не се користи кај испитаниците, или 38,20%, додека најмал број од нив, или 12,35%, имаат значителен степен на искористување на оваа нефинансиска поддршка. Кога станува збор за *истражување,* евидентно е дека повторно кај најголем број од испитаниците, или 31,86%, воопшто не постои практика на искористување на истражувањето како нефинансиска поддршка, а најмал број од нив, или 12,08%, навеле слаб степен на искористување. И кај

*бизнис-планот* како нефинансиска поддршка доминира со висок процент од 29,67% исказот дека воопшто не постои практика на искористување, додека најмал број, или 12,08%, имаат слаб степен на искористување (Графикон 29).

Можна причина за евидентираните резултати поврзани со користењето на нефинансиската поддршка од страна на компаниите е фактот дека компаниите не можат едноставно да ги копираат мерките што ги користат другите. Значи можно е да им се потребни други мерки бидејќи изборот на мерки мора да биде поврзан со фактори како што се стратегијата на компанијата, двигателите на вредноста, организациските цели и конкурентското опкружување. Не била јасно дефинирана теоријата на промена кај компаниите, односно социјалната промена што сакале да ја постигнат, што ја инхибира процената на типовите нефинансиска поддршка што треба да се побараат и стават во функција, дефинирајќи кои се празнините во вештините на тимот, нивните контакти и деловна стратегија. Една од причините е дека може да има разлика помеѓу она што се понудило како нефинансиска поддршка и она што навистина им било потребно или што компаниите верувале дека им треба. Во исто време можно е да се оди по линија на помал отпор и да не се вложуваат дополнителни напори кон нешто што не е соодветно вреднувано. Компаниите не можат да ја препознаваат вредноста што им ја обезбедува нефинансиската поддршка и воедно сметаат дека поседуваат доволно вештини и знаења. Во исто време гледаат на неа како на дополнителен трошок кога се работи за обуките и менторство. Уште една можна причина може да биде размислувањето дека нефинансиската поддршка е услуга и притоа не можеме да се жалиме ако не ни се допаѓа начинот на кој таа се спроведува. А присутно е и размислувањето дека поимот бесплатно, всушност, не значи секогаш бесплатно бидејќи може да биде многу скапо на долг рок. Улога може да игра и присуството на перцепцијата дека вредноста на нефинансиската поддршка не е на исто ниво како финансиската поддршка, односно ниското ниво на свесност за придобивките од нефинансиската поддршка за компаниите преку градење конкурентска предност, задржување на вработените и намалување на трошоците за вработување и аквизиција, следење на трендовите и добивање веродостојни податоци за изводливост, функционирање, работа и развој. Уште една причина може да биде процесната ориентираност на нефинансиската поддршка за разлика од финансиската, која е во реален временски рок. Брзината и видливоста кај финансиската поддршка за разлика од времето и резултатите што

се очекуваат по подолг временски период на интервенција кај нефинансиската поддршка се уште едни можни причини за малиот процент на искористеност на нефинансиската поддршка.

**Графикон 29. Користење нефинансиска поддршка за одржливи практики**




На прашањето *дали сметате дека финансиската поддршка е клучна за креирање одржливи практики во организациите,* најголем број или 41,58% од испитаниците се изјасниле дека во висок степен е клучна, а најмал број, или 3,96%, се изјасниле дека воопшто не е битна. Сето ова ни говори за поставување на финансиската поддршка на едно високо приоритетно место во креирањето поволни услови за одржливи практики во организациите. Додека на прашањето *колкаво е влијанието на нефинансиската поддршка за креирање одржливи практики во организациите,* најголем број од испитаниците, или 35,10%, се одлучиле за одговорот умерено влијание, а најмал број од нив, или 6,38% сметаат дека нефинансиската поддршка воопшто нема влијание (Графикон 30).

Причината за овие резултати и одговори треба да се бара првенствено во сосема реалното согледување на состојбите од страна на компаниите. Имено, тие знаат со што располагаат и притоа знаат дека ограничените финансиски средства не можат да ги покријат трошоците што се јавуваат со цел реконструирање на процеси и содржини, унапредување, усогласување со новите стандарди и адаптирање на новата реалност со цел реализација на потребата од воведување практики на одржлив развој. Сите неопходни промени се врзани со одредени финансиски импликации, било тоа да е воведување на нови системи, стандарди,

вработени било време на реализација. Истовремено, високиот процент на потврдени одговори е интенцијата за комбинирање на можноста за решавање различни проблеми. Имено, финансиската поддршка се издвојува како инкрементална бидејќи компаниите сметаат на финансиски средства кои нема да бидат само во функција на практиките на одржлив развој, но во исто време ќе се искористат и за решавање тековни горливи проблеми со кои се соочуваат. Како константа е присутна потребата за зголемување на приходите, но недостига знаењето како да се дојде до тоа, што ја отвора можноста за приоретизирање на нефинансиската поддршка, што мислам дека е една, ако не и првата причина за добиените резултати. Справувањето со конкуренцијата и креирањето производи со висок квалитет, зголемувањето на пазарите и пристапноста на компанијата се исто така мотив за вреднување на нефинансиската поддршка која се гледа како катализатор на тие процеси. Но реално компаниите се соочуваат и со проблемите врзани за процесите на трансформација на компаниите, смена на генерациите и зголемување на бројот на вработените, што всушност бара сериозен стратегиски пристап и управување базирано на знаење, вештини и претходно искуство, за што нефинансиската поддршка го има одговорот. Но, исто така, можно е резултатите да се поврзани со реалните потреби за подобрување на ефективноста и ефикасноста при работењето и подобрување на конкурентноста. На крајот голем удел во добиените резултати има и потребата од законско работење, односно почитување на законските ограничувања, од една страна, и искористување на можностите што се нудат, од друга страна. Тука неминовно спаѓа и тешкотијата со која се соочуваат компаниите во однос на следење на сите законски измени и дополнувања, регулативи и насоки, за што е потребен дополнителен кадар, па нефинансиската поддршка ја гледаат како алтернатива за задоволување на овие нивни потреби.

**Графикон 30. Перцепција за важноста на финансиската и на нефинансиската поддршка за компаниите**




***Анализа на врската помеѓу финансиската и нефинансиската поддршка и одржливите практики во организациите***

Финансирањето и ефективното управување со средствата имаат влијание врз реализацијата на принципите на одржлив развој. Тоа ја одредува ефикасноста на одржливиот развој само по себе, бидејќи ги покажува ефикасноста и ефективноста на трошењето на средствата за реализација на целта. Одржливоста на деловните активности се однесува на усвојување и реализација на деловни стратегии и активности што ги задоволуваат потребите на претпријатието и неговите засегнати страни денес, при истовремена заштита, одржување и зајакнување на човечките и природните ресурси што ќе бидат потребни во иднина. Во суштина, корпоративната одржливост бара од компаниите да ја надминат традиционалната финансиска крајна линија преку примена на таканаречената тројна крајна линија, што ги нагласува корпоративните перформанси во однос на социјалните и еколошките прашања. Притоа евидентни се три водечки принципи, и тоа интегритет на животната средина, социјална правичност и економски просперитет. Важен концепт поврзан со спроведувањето на корпоративната одржливост се одржливите практики. Примерите вклучуваат практики што ги поддржуваат клучните чинители на фирмата, како што се акционерите, вработените, клиентите и заедницата, но и практики кои ја зголемуваат деловната ефикасност, како што се минимизирање на отпадот, иновации во управувањето со синџирот на снабдување и инвестиции во еколошки технологии. За

промена на деловните модели и структурите на пазарот, потребно е сеопфатно преиспитување на политиката за финансирање и развој и регулаторните пристапи. Бидејќи практиките на одржливиот развој влијаат врз сите делови на општеството и економијата, па оттука и сите одговори на политиките треба да бидат внимателни во однос на нивните влијанија.

Затоа анализата на влијанието помеѓу финансиската и нефинансиската поддршка и различните практики на одржлив развој, како што се ангажманот на засегнатите страни, политики и практики за професионален развој на вработените, корпоративното граѓанство, мерење и управување со општественото и еколошкото влијание, управување со влијанието врз клиентите/купувачите, енергетската ефикасност и управувањето со животната средина, е особено важна. Таа ни укажува на поврзаноста помеѓу финансиската и нефинансиската поддршка и практиките на одржлив развој. И не само поврзаност, туку и можната каузалност на истите бидејќи како што и претходно беше констатирано, неопходни се финансиски средства за реализација на промените. Сето ова е во согласност со поставената цел 12 - одговорно производство и потрошувачка, односно достигнување на индикаторот 12.6.1 (број на компании што објавуваат извештаи за одржливост). Тоа значи охрабрување на организациите да усвојат одржливи практики и да ги интегрираат информациите за одржливост во нивниот циклус на известување. Бидејќи известувањето за одржливост им овозможува на деловните субјекти да работат кон одржлив развој на човекот, а со доволно информации за нивните влијанија врз човековиот развој и животната средина, организациите ќе можат да идентификуваат каде лежат можностите со цел да достигнат одржлив економски и социјален развој.

**Табела 6.1 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и ангажманот на засегнати страни**

| | | **ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .362** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа, резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и ангажманот на засегнатите страни кај компаниите, $r(103) = 0,362$, $p < .001$.

Дополнително кон спроведената корелациона анализа помеѓу финансиската поддршка и ангажманот на засегнатите страни беа анализирани разликите помеѓу организациите групирани според различни критериуми во однос на овие две променливи со цел да се согледа дали постојат структурни разлики кои би можеле да влијаат врз овој однос. Во однос на поделбата на организациите на производни и непроизводни, производните организации имаат степен на управување со засегнати страни со просечна вредност од 3,11 за разлика од непроизводните организации кои имаа пониска просечна вредност или 2,60. Што, всушност, е дополнителен атестат дека производните организации имаат повисок степен на управување и искористување на засегнатите страни. Искуствено гледано, ова е и очекуван резултат. Причината ја идентификуваме првенствено во потребата од отчетност и транспарентност на процесите кај производните организации бидејќи на тој начин ќе овозможат соодветна застапеност на засегнатите страни во целокупниот процес на работа на организациите како дел од циркуларната економија. Истовремено нивната неопходна интеракција и зависност при дејствувањето со засегнатите страни, но и комплексноста на нивните системи е дополнителна причина за повисокиот степен на управување и искористување на засегнатите страни.

Разликата во однос на управувањето со засегнатите страни е воочлива и кај организациите со различен број вработени. И тука евидентен е фактот дека средните и големи организации со средна вредност од 3,03 се со повисок степен на управување со засегнатите страни во однос на малите организации каде што средната вредност изнесува 2,45. Поголемиот број вработени во организациите изискува поголем напор во однос на управувањето со организацијата и согласно тоа, апсолвирање на стандарди и процедури кои

ќе го олеснат. Во исто време тие стандарди придонесуваат да не се запостават одредени елементи, како што е управувањето со засегнатите страни. Тоа значи навремено да се планира и да се посвети доволно внимание за искористување на можностите што се нудат преку управувањето со засегнатите страни. Во исто време утврдено е дека согласно сопственоста на мнозинскиот капитал на претпријатието, односно потекло на организацијата, управувањето со засегнатите страни е позастапена практика кај организациите со странски капитал, и тоа со средна вредност од 3,32 во однос на организациите со мнозински домашен капитал со средна вредност од 2,65. Во однос на резултатите од оваа статистика, може да се сложиме дека организациите со доминантно странски капитал во однос на домашните организации работат по стандарди и поставени критериуми кои се присутни во нивните матични земји на потекло и ги третираат елементите на управување со засегнатите страни како составен дел од функционирањето. Свесноста за придобивката од тоа, законските норми, но и членството во разни асоцијации, вклучително и неопходноста од исполнување различни стандарди за сертификација на организациите, се причини за истото.

**Табела 6.2 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и мерење и управување со општественото и еколошкото влијание**

| | | **МЕРЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОПШТЕСТВЕНОТО ВЛИЈАНИЕ** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .386** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа, резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска

поддршка и спроведување мерења и управување со општественото и еколошко влијание на компаниите, $r = 0,386$, $n = 105$, $p < .001$.

Разликата во однос на спроведување мерења и управување со општественото и еколошко влијание на организациите, односно како организацијата ги идентификува, мери и управува со повеќето општествени и еколошки прашања релевантни за нивното работење и деловниот модел, е евидентна. Претставена е преку утврдена средна вредност кај производствените организации 3,60, додека кај непроизводствените 2,60 што повторно укажува на поголемо учество на производствените организации во инвестирање ресурси со цел спроведување мерења и управување со општественото и еколошкото влијание. Производствените организации, за разлика од непроизводствените организации, се во партнерство и тесна соработка со голем број засегнати страни, па мерењето и управувањето со општественото и еколошко влијание е инкремент за раст и развој. Тука мора да го напоменеме моментот на притисок кој се јавува поради перцепцијата за производствените организации и константната контрола на дејствувањето од страна на сите инволвирани во синџирот на снабдување. Од акционерите, вработените, добавувачите, клиентите, регулаторите итн., со што неминовно се подигнува степенот на будност, свесност и внимателност во однос на спроведување мерење и управување со општественото и еколошко влијание.

А незначителна, но сепак разлика постои и помеѓу малите организации со средна вредност од 2,80 и средните и големи организации со средна вредност 2,96 во корист на средните и големи организации, што значи повторно тие се истакнуваат при спроведување мерења и управување со општественото и еколошкото влијание. Ова значи дека притисокот е сепак поголем кон средните и големи организации во однос на малите организации, но во исто време и капацитетот на истите за мерење и управување со општественото и еколошко влијание е поголем. Изедначените вредности укажуваат на неопходноста од мерење и управување со општественото и еколошко влијание од страна на целокупниот бизнис-сектор, но укажува и на тоа дека е општо прифатен стандард кој согласно резултатите е на нивно на општествена одговорност.

Истовремено гледаме дека преку евидентирана средна вредност од 2,83 кај компаниите со доминантно домашен капитал во однос на средната вредност од 3,25 кај компаниите со доминантно странски капитал, компаниите со странски капитал значително

се повеќе вклучени во спроведување на мерењата и управувањето со општественото и еколошко влијание. Факт е дека економскиот концепт на вредност на организацијата кој одразува единствен аспект на одржливоста на истата, додека сите други извори се занемаруваат, е надминат. Денешните чинители не се заинтересирани само за економските перформанси бидејќи тие сè повеќе се интересираат за влијанието на компанијата врз животната средина и општеството, што е во согласност со одржливиот развој. Тие се свесни дека тоа им овозможува на давателите на услуги да бараат подобра ефикасност во испораките и подобро да ги насочат своите напори за задоволување на потребите на социјалните претпријатија. Знаат дека во фазата на планирање, надворешните заинтересирани страни можат да ја разберат и да одлучат да ја поддржат предложената услуга, а во некои случаи корисниците на услугите можат да одлучат како ќе ја користат услугата за постигнување максимален ефект. Свесни се за подобрувањето и развојот на услугата што се мери, што обезбедува солидна основа за алокација на ресурсите и одлуки за инвестиции кои во средните и големи организации се под поголема контрола на инвеститорите. А резултатот е врзан и за вклученоста на средните и големи организации во системот на репортирање согласно стандардите на Глобалната иницијатива за известување (Global Reporting Initiative (GRI) Standards) каде што најчесто се користи ИРИС + систем за идентификување, мерење и управување со социјалното и влијанието врз животната средина и пријавување на нивното влијание на инвеститорите на конзистентен и стандарден начин, што не е случај со малите организации, пред сè, поради капацитетот, но и поинаквата перспектива на одржливиот развој.

**Табела 6.3 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и управување со влијанието врз клиентите**

| | | **КЛИЕНТИ/КУПУВАЧИ** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .351** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако

двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и управувањето со влијанието врз купувачите/клиентите $r(103) = 0{,}351$, $p <.001$.

Согласно резултатите што се добиени и утврдената разлика на средната вредност кај производствените организации од 4,05 и кај непроизводствените од 3,78, евидентно е дека производствените организации покажуваат повисок степен на управувањето со влијанието врз купувачите/клиентите. Производните деловни субјекти имаат трошоци поврзани со деловните функции на производство и непроизводство. Овие трошоци се директно распределени на директните наспроти индиректните трошоци поврзани со производство на производ. А согласно трите главни категории на трошоци за производство, директната работна сила, материјал и производствени трошоци (фиксни режиски трошоци кои се состојат од даноци на имот, премии за осигурување, амортизација и плати на вработените од непроизводство), ја добиваме и причината за повисокиот степен на управување со клиентите од страна на производните организации. Бидејќи клиентот во опсегот на синџирот на снабдување вклучува трговци, малопродажба, веледрогерии, трговци на мало, трговија преку интернет и потрошувачи, што бара и многу поголема контрола и менаџмент на целиот процес.

Анализата ја потврдува и разликата помеѓу средната вредност кај малите организации со резултат од 3,71 и средна вредност кај средните и големи организации од 3,99, со што се потврдува констатацијата дека средните и големи организации имаат поголем степен на управување со влијанието врз клиентите. А причината е и поголемиот интерес од страна на средните и големи организации и нивниот капацитет, како и одговорноста што ја носат за реализација на интересите и целите на организацијата во однос на сите засегнати страни, започнувајќи од акционерите, завршувајќи со клиентите.

Слична е ситуацијата со управувањето со влијанието врз купувачите/клиентите во однос на компаниите со доминантно домашен и странски капитал во корист на компаниите со доминантно странски капитал, каде што средната вредност изнесува 4,26, а кај

компаниите со домашен капитал 3,79. Поради нивната корпоративната култура и вредносен систем што овозможува да ги задоволат потребите на идентификуваните групи потрошувачи, соодветно се насочени кон нив. Истовремено, имаат систем за известување со кој потрошувачите добиваат јасни информации и се соодветно информирани пред, за време и по продажбата. Исто така, обврзани се на стандарди кои на потрошувачите им обезбедуваат производи што функционираат како што е наведено, а придружните услуги се со соодветен стандард и во согласност со очекувањата на клиентите. Тие ги превенираат постпродажните бариери за потрошувачите согласно стандардите и на тој начин се прави дистинкцијата помеѓу организациите со доминантно странски капитал и домашните организации. Тие воедно се многу повнимателни во однос на разбирањето на културата и карактеристиките на клиентите во средината на дејствување, но и во зачувување на брендот што го застапуваат.

**Табела 6.4 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и програмата за корпоративно граѓанство**

| | | **КОРПОРАТИВНО ГРАЃАНСТВО** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .459** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа, резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и програмата за корпоративно граѓанство кај компаниите, $r(103) = 0{,}459$, $p < .001$.

При анализата е констатирано и дека производствените организации со средна вредност од 3,26 имаат повисока вредност од непроизводните организации кои имаат средна вредност од 2,71

во однос на реализација на програмата за корпоративно граѓанство, односно учеството во граѓански ангажмани од различен облик и содржина. Тука мора да напоменеме дека разликата што се јавува е првенствено на основа на улогата што ја имаат производствените и непроизводствените организации во однос на нивниот начин на работа, трошоците што ги имаат, а и контактите кои ги остваруваат при работењето. Тоа има влијание врз нивната инволвираност во активностите на корпоративното граѓанство согласно дејноста што ја извршуваат и постојаниот контакт со засегнатите страни. Секако, не смееме да ги заборавиме и можностите што ги имаат за инволвирање во активности на корпоративното граѓанство согласно генерираната добивка и капацитетите што ги поседуваат. И тука дистинкцијата помеѓу производните и непроизводните организации ја правиме во услови на отсуство на големи непроизводни ентитети, како авиокомпании, болници итн. Бидејќи нивната големина, моќ и интерес, како и влијание, во комбинација со капацитетите, би можеле да дадат поинаква слика во резултатите.

Истовремено, разликата помеѓу средните вредности на малите организации и средните и големи организации потврдува дека кај средните и големи организации со средна вредност од 3,04 постои поголем индекс на застапеност на програмата за корпоративно граѓанство, односно како компаниите учествуваат во граѓански ангажмани во однос на малите организации со средна вредност од 2,69. Во однос на разликата што се јавува помеѓу малите организации и средните и големи организации, причините ги идентификуваме првенствено во меѓузависноста при дејствувањето. И тука зборуваме за поголема одговорност, системски пристап, планирање и зачувување на имиџот на организациите, вклучително и поседување доволно капацитети за исполнување на обврските кои се дел од учеството во реализација на активности од областа на корпоративното граѓанство. За разлика од средните и големи организации, малите организации се хендикепирани од повеќе аспекти. И од аспект на човечки капацитети и од аспект на процедури и системи кои ќе ги поддржат иницијативите и од страна на финансиски аспект, со што неминовно се јавува идентификуваната разлика.

Како по некое правило се потврдува и повисокиот степен на реализација на програмата за корпоративно граѓанство, односно како компаниите учествуваат во граѓански ангажмани кај компаниите со доминантно странски капитал и тоа со средна вредност од 3,33 за разлика од компаниите со домашен капитал и средна вредност од 2,79. Додека кај домашните компании активностите поврзани со корпоративното граѓанство сѐ уште се сметаат како алатка за маркетинг насочена кон постигнување легитимитет или подобрување на имиџот, тоа не е и не може да биде случај кај компаниите со доминантен странски капитал бидејќи се смета за основен стратешки елемент неопходен за долгорочна одржливост на компаниите. Главната цел на вклучување на практиките за корпоративно граѓанство во корпоративниот бизнис е да ги направи деловните активности, како и корпоративната култура, одржливи на три начини, и тоа економски, социјален и еколошки, обрнувајќи еднакво внимание на сите три димензии. Но кај многу домашни компании преовладува мислењето дека општествената одговорност на претпријатијата не е суштествен дел од нивниот бизнис и дека тоа не е релевантно прашање за нивниот бизнис бидејќи задоволството на нивните клиенти е поважно за нив. Недостигот на ресурси, вклучувајќи финансии, човечки капитал, знаење и експертиза, е објавен дека е заедничка бариера за спроведување на практиките на корпоративно граѓанство кај домашните организации. На тој начин не можат да се достигнат високите регулаторни стандарди, што е дополнителна причина. Но, исто така, и системот на планирање, односно недостигот на стратегиска визија и фокусираност на оперативно ниво е причина плус. А со тоа ја потврдуваат нивната ориентација кон краткорочни цели и профит прифаќајќи го недостигот на системи за мерење и ниска свест да се инвестира во истото.

**Табела 6.5 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и политики и практики за професионален развој на вработените**

| | | **ВРАБОТЕНИ** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .370** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа, резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и практики за професионален развој на вработените во компаниите $r(103) = 0{,}370$, $p < .001$.

Изразена разлика се јавува при анализата на политиките и практиките што се применуваат за професионален развој, односно дали компаниите обезбедуваат можности за обука на работниците за професионален развој. Разликата во степенот на примена е во корист на производствените компании со средна вредност од 3,47 за разлика од непроизводствените компании со средна вредност од 3,01. Главната придобивка од развојот на вработените е формирање поефикасна, конкурентна и ангажирана работна сила. Компаниите што имаат активно заинтересирани и посветени вработени имаат 41% пониска стапка на отсуство од работа и 17% поголема продуктивност. Со тоа се овозможува задржување на вработените, креирање идни лидери, зајакнување на вработените и зголемен работен ангажман. Стандардите што се во функција кај производствените организации заради комплексноста на процесите (употреба на суровини при производство на полупроизводи и производи) и начинот на функционирање неопходно ги инкорпорираат податоците, што се очекува од вработените, на пр., стандарди на однесување и изведба. Понатаму, правила и упатства за донесување одлуки во рутински ситуации. Конзистентни и јасни одговори низ компанијата во справување со кризни ситуации. Осигурување фер и еднаков третман и избегнување на тврдењата за пристрасност и фаворизирање. Воедно се креира јасна рамка за делегирање на донесување одлуки и начин на комуникација на информации со нови вработени. Спецификите на голем број различни работни места кои се можеби со помала потреба од индивидуалност и сложеност во работата, но повеќе поврзани меѓу себе во однос на непроизводствените организации. Сето ова ја прави разликата помеѓу производствените и непроизводствените организации.

Евидентна е разликата и во примената на политики и практики за професионален развој помеѓу малите организации со средна вредност од 2,93 и средните и големи организации со средна вредност од 3,34, што укажуваа дека средните и големи организации имаат повисок степен на примена на тие политики и практики за професионален развој. Можноста за лесна контрола на вработените, но и субјективното директно одлучување од страна на сопствениците и управувачите во малите организации во однос на потребата од инвестирање во професионален развој на вработените е една од причините за разликата во добиените вредности кај средните и големи организации. Фокусираноста на оперативноста за разлика од стратегискиот пристап е втората причина. Перцепцијата дека професионалниот развој претставува трошок, а не инвестиција е исто така дополнителна причина.

А исклучително голема разлика во примената на политиките и практиките за професионален развој при направената анализа се јавува помеѓу компаниите со доминантно домашен капитал со средна вредност од 3,03 и компаниите со странски капитал со средна вредност од 3,83, што укажува на висока дискрепанција во резултатите. Причините се движат од напорот на организациите со доминантно странски капитал да го достигнат нивото на квалитет кој го практикуваат во земјата на потекло до усогласување на компетенциите, вредносниот систем, знаењето и вештините со нивото потребно за достигнување на одржливиот развој. Недостигот на ресурси, вработувањето на менаџери, а не лидери и непознавањето на теоријата на мотивација, често изедначувајќи ја мотивацијата со парите.

**Табела 6.6 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и енергетска ефикасност на објектите**

| | | **ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .395** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако

двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа, резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и ефикасноста на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина $r(103) = 0{,}39$, $p < .001$.

Истовремено, разлика е идентификувана помеѓу производствените организации со средна вредност од 3,44 и непроизводствените организации со средна вредност од 2,37. А се однесува на поголем степен на примена на енергетска ефикасност на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина, вклучително и кои практики за ефикасност се применуваат во повеќето канцеларии и производни постројки на компаниите со цел заштита на животната средина. Ако се земат предвид начинот на работа, процесите, потребните ресурси, но и излезните резултати од работењето помеѓу производствените и непроизводствените организации, стануваат јасни причините за истото. Имено, во самиот начин на функционирање на производствените организации, со цел складирање и обработка на суровините надвор од работењето на вработените, се вклучува употреба на простор за производство (фабрики) каде што осветлувањето, вентилацијата, греењето и ладењето, како и транспортот, се трошоци кои се неспоредливи со трошоците на непроизводствените организации. Затоа и кај производствените организации е идентификуван поголем степен на примена на практики на енергетска ефикасност за разлика од непроизводствените организации.

Енергетската ефикасност на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина, вклучително и кои практики за ефикасност се применуваат, со мала, но сепак присутна разлика помеѓу малите организации со средна вредност од 2,61 и средните и големи организации со средна вредност од 2,74. Тука причината ја гледаме, пред сè, во насоченоста на малите за разлика од средните и големи организации. Имено, малите организации се повеќе насочени кон продажба на веќе произведени производи, односно поголемиот дел не се во сегментот на производство и имаат помал обрт на

средствата, но согласно резултатите, гледаме дека интелигентните решенија се дел од нивната агенда и стратегиска определба.

Кога станува збор за енергетската ефикасност на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина, вклучително и кои практики за ефикасност се применуваат во повеќето канцеларии и производни постројки на компаниите со цел заштита на животната средина, повторно забележуваме дека компаниите со доминантно странски капитал имаат повисок степен на примена на тие практики, а атестат е повисоката средна вредност од 3,21 во однос на средната вредност од 2,59 кај компаниите со доминантно домашен капитал. Во овој сегмент, покрај свесноста за придобивките што се истакнуваат, а се однесуваат на заштита на животната средина, организираност и огромна заштеда на ресурсите, несомнено присутен е и фактот дека организациите со доминантно странски капитал се под влијание на стандардите што се применуваат на светско ниво. Тука ги вклучуваме законите и подзаконските акти на разните директиви и договори, како Договорот од Париз и различните видови стандарди што се бара да се применат со цел држење чекор со одржливиот развој.

**Табела 6.7 Корелација помеѓу факторите користење финансиска поддршка и системите за управување со животната средина**

| | | УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .492** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа, резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои

статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и системите за управување со животната средина r (103) = 0,492, p <.001.

Кога станува збор за системите за управување со животната средина (EMS), вклучително создавањето отпад, употреба на енергија, употреба на вода и емисии на јаглерод, анализата покажува повисок индекс на поседување систем за управување со животната средина кај производствените компании, кај кои е утврдена средна вредност од 3,28, за разлика од непроизводствените со средна вредност од 2,31. Причината тука првенствено ја гледаме во начинот на функционирање, искористувањето на ресурсите и суровините при процесот на производство кај производствените организации, што бара воведување одредени стандарди. На тој начин се превенира употребата на материјали, но и методи кои негативно ќе влијаат врз загадувањето на животната околина, ќе ги зголемуваат трошоците и ќе ја намалуваат контролата.

Системите за управување со животната средина (EMS), вклучително создавањето отпад, употреба на енергија, употреба на вода и емисии на јаглерод, се во значителен степен поприсутни кај средните и големи организации со средна вредност од 2,71 за разлика од малите организации кај кои е утврдена средна вредност од 2,45. Причината за утврдената разлика во резултатите помеѓу малите и средните и големи организации првенствено ја идентификуваме во обемот на работа, но и во приоретизирање на системите согласно видот на бизнисот, степенот на развој и стратегиската определба на истите за примена на практиките на одржлив развој. Сето тоа во многу поголема мера се рефлектира од страна на средните и големи организации доколку не се применуваат системите за управување со животната средина за разлика од малите организации, а со тоа директно се влијае и врз условите за натамошен раст и развој и сочувување на имиџот на организацијата.

Компаниите со доминантно странски капитал со утврдена средна вредност од 2,70 имаат повисок степен на примена на системите за управување со животната средина (EMS), вклучително создавањето отпад, употреба на енергија, употреба на вода и емисии на јаглерод, за разлика од компаниите со домашен капитал кои имаат средна вредност од 2,57. Јасен е притисокот од страна на јавноста, политиките и конкуренцијата во странските држави поврзан со примена на системите за управување со животната средина. Оттука и разликата во степенот на примена на системите за управување со животната средина помеѓу домашните и организациите со доминантно странски капитал. Она што се минимални

побарувања во рамките на политиките во високо развиените држави во светот кај нас претставуваат императив за достигнување. Факт е дека системите за управување со животната средина (ЕМС) се најочигледна имплементација на ваквите меки инструменти. А ќе ја споменеме и употребата на ISO 14001 стандардот како рамка и упатство за спроведување на ЕМС од страна на организациите основани од доминантно странски капитал, првенствено поради следење на практиката и повисокиот развој на тие практики во државите од каде што потекнуваат.

Во исто време користењето финансиска поддршка е во повисок степен присутно кај производствените компании со средна вредност од 2,10 во однос на непроизводствените компании со средна вредност од 1,93. Потребата од инвестиции во најразлични сегменти во дејствувањето, започнувајќи од суровини, машини, алат, простор, стандарди, процеси и методологии на работа, за разлика од непроизводствените организации, ни го дава очекуваниот резултат.

И при користењето финансиска поддршка се повторува показателот каде што средните и големи организации со средна вредност од 2,08 имаат поголем степен на искористување во однос на малите организации кај кои е утврдена средна вредност од 1,87. Истиот случај, но со фокус првенствено на големината на обртот и трошоците за финансирање, ја дава разликата која е идентификувана.

Кога станува збор за користење финансиска поддршка, пак, компаниите со доминантно домашен капитал со утврдена средна вредност од 2,00 имаат повисок степен на користење за разлика од компаниите со доминантно странски капитал со средна вредност од 1,84. Тоа ни укажува дека компаниите со доминантно странски капитал имаат на располагање поголеми можности за користење финансиска поддршка и имаат ресурси на кои можат да се потпрат во своите централи или филијали кои се во рамките на конзорциумот. За разлика од нив, домашните организации имаат поголема потреба од добивање најразличен степен и вид финансиска поддршка, што ја потенцира нивната инфериорност во таа сфера.

**Табела 6.8 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и ангажманот на засегнати страни**

| | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .566** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и ангажманот на засегнатите страни кај компаниите $r(103) = 0{,}566$, $p < .001$.

Обуките, процесот на стратегиско планирање, како и спроведувањето соодветно истражување за дефинирање изводливост при реализација на целите се основа за навремено и соодветно ангажирање на засегнатите страни. Сето она што се гледа како стихијна придобивка е, всушност, резултат на добро испланиран пристап за информирање, слушање на нивните идеи, потреби и интереси, консултирање, инволвирање и соработка со засегнатите страни. Поврзување со сите релевантни фактори и користење на придобивките од нивното знаење и искуство, како и валидација на резултатите што се добиваат се резултат од користењето на некои од елементите на нефинансиска поддршка, а високата вредност на корелацијата помеѓу нефинансиската поддршка и ангажманот на засегнатите страни е атестат за поврзаноста и начинот на влијание на овие фактори.

**Табела 6.9 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и мерење и управување со општественото и еколошкото влијание**

| | | **МЕРЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОПШТЕСТВЕНОТО И ЕКОЛОШКОТО ВЛИЈАНИЕ** |
|---|---|---|
| **НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .566** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и мерење и управување со општественото и еколошкото влијание, $r = 0,566$, $n = 105$, $p < .001$.

Неопходна е ерудиција за разбирање и примена на практиките за мерење и управување со општественото и еколошко влијание. Ефективното мерење на вкупното влијание им помага на организациите да донесат подобри деловни одлуки овозможувајќи им да разберат како нивните активности создаваат позитивни и негативни социјални, фискални, еколошки и економски влијанија. Сепак, многу организации сè уште не го мерат влијанието и немаат воспоставено управување со влијанието. Кога зборуваме за вкупно влијание, го потенцираме холистичкиот поглед земајќи ги предвид социјалните, еколошките, фискалните и економските фактори. Влијанието значи разбирање не само на резултатите постигнати со реализација на активностите, туку и позитивните и негативните ефекти од работењето на организацијата врз општеството. Мерењето бара квантитативно влијание и изразување на јазик што го разбираат инвеститорите, а тоа се финансиите. Во исто време менаџментот значи користење на добиените информации за оптимизирање на донесувањето одлуки, управување со ризиците и зголемување на позитивното влијание. А за реализација на сите овие меѓусебно поврзани сегменти при работењето, неопходноста од нефинансиската поддршка е изразена преку резултатот при корелационата анализа.

**Табела 6.10 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и управување со влијанието врз клиентите**

| | КЛИЕНТИ/КУПУВАЧИ |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | $.415^{**}$ |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и управувањето со влијанието врз купувачите/клиентите $r(103) = 0{,}415$, $p < .001$.

Управувањето со влијанието врз клиентите е генератор на приходи. Им дава на клиентите комплетно, кохезивно искуство што се усогласува со целта на организацијата. За тоа е битна методолошка рамка која се обидува да го разбере, анализира и подобри искуството на клиентот. Како тие напредуваат низ процесите и политиките што се спроведуваат и тесно да управува со оние сегменти што имаат најголемо влијание врз лојалноста на клиентот. И додека традиционалниот пристап опфаќа менаџирање на релациите со клиентите и се стреми да одржува фокус на клиентот од 360 степени во која било точка во текот на нивната интеракција со организацијата, управувањето со емпиријата на клиентите се потпира на информациите што може да се извлечат за да помогнат во управувањето со очекувањата и искуствата на клиентите. Потребата од мотивација на вработените, тренинг, организирање на работните процеси, справување со тензиите, следење на изведбата, подобрување на оперативноста и преосмислување на стратегијата ги потенцира поврзаноста и потребата од градење на капацитетите со користење нефинансиска поддршка. Она што е клучно може да се изгради преку разните форми на нефинансиска поддршка. Односно, може да се работи на зголемување на внимателноста, емоционалната интелигенција и способноста да се комуницира јасно. Да се изградат вештини за решавање проблеми, да се работи на креативност и снаодливост и да се користи позитивен пристап. Во исто време професионалноста при работењето, управувањето со времето, фокусот

ориентиран кон целите се дополнителни елементи, знаења и вештини што се квинтесенција за управување со влијанието врз клиентите како важен сегмент од одржливиот развој. Не е случаен резултатот кој говори за високата поврзаност при користењето нефинансиската поддршка и управувањето со влијанието врз клиентите.

**Табела 6.11 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и програмата за корпоративно граѓанство**

| | | **КОРПОРАТИВНО ГРАЃАНСТВО** |
|---|---|---|
| **НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .568** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и програмата за корпоративно граѓанство, $r(103) = 0{,}568$, $p < .001$.

За подобрување на ангажманот на вработените и обезбедување поздрави, посреќни и позитивни услови за работа, креирање на рамнотежата помеѓу животот и работата и потребна разновидност, транспарентност и одговорност се дел од корпоративното граѓанство. Но и обука за обесправените групи и директни инвестиции во заедницата, како и волонтирање во заедницата. Иницијативите за покажување одговорно однесување во однос на животната средина преку решавање на еколошките проблеми и намалување на негативните влијанија врз животната средина, преку одржлива оптимизација на синџирот на снабдување, одржлив развој итн., се исто така важен сегмент на корпоративното

граѓанство. И справувањето со новата нормалност и придонесот за зачувување на безбедноста и здравјето на луѓето во време на пандемијата на ковид-19 е сегмент од корпоративното граѓанство, што согласно добиените резултати и идентификуваната висока корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и учеството на организациите во граѓански ангажмани, ја истакнува поврзаноста помеѓу овие два фактора и воедно ја истакнува важноста од користење на нефинансиската поддршка за реализација на програмите на корпоративно граѓанство.

**Табела 6.12 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и политики и практики за професионален развој на вработените**

| | | **ВРАБОТЕНИ** |
|---|---|---|
| **НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .626** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и практики за професионален развој кај компаниите $r(103) = 0{,}62$, $p < .001$.

Организациите постојано се трудат да го одржат своето присуство на глобалниот пазар, како резултат на предизвиците како што се глобализацијата, големата конкуренција и технолошките подобрувања. Организациите го имаат сменето својот фокус од зголемување на нивната продуктивност и диференцирање на нивните производи и услуги кон нивните уникатни и неповторливи ресурси - нивниот човечки капитал. Организациите што управуваат со својот човечки капитал поефективно и поефикасно, најверојатно ќе ги постигнат своите организациски цели и најверојатно ќе имаат одржливи организациски перформанси. Растот и успехот на секоја организација се потпираат на позиционирање на

вистинските вработени кои ги поседуваат потребните вештини на вистинското место во вистинско време. Каде што талентираните вработени се сметаат за главни ресурси што водат до одржлива конкурентска предност и истакната изведба. Резултатите кои покажуваат висока корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и политики и практики за професионален развој на вработените ја потенцираат поврзаноста на овие фактори и значајноста од задржување на вработените, задоволство на вработените и изведба на вработените. Организациите се соочуваат со предизвици на ограничувањата на талентот повеќе од ограничувањата на капиталот, а согласно литературата, талентираните вработени формираат само 3-5% од сите вработени во една организација. Притоа не смее да се занемари фактот дека талентот е клучен фактор на успех за зголемување и одржување на организациските перформанси. Талентот се состои од способности, искуство, знаење, интелигенција и квалификации на индивидуа, како и од нивната способност да учат и да се надградуваат. Вработувањето талентирани вработени значи ефективно и ефикасно постигнување на организациските цели со извонредни перформанси. Значи посветеност кон организацијата бидејќи се многу мотивирани да ги извршуваат своите задачи, што на крајот обезбедува значителна предност во однос на конкуренцијата, зголемување на продуктивноста и профитабилноста. Ова е можно и изводливо со поголемо и поинтензивно искористување на придобивките од градење на капацитетите преку нефинансиската поддршка.

**Табела 6.13 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и енергетска ефикасност на објектите.**

| | | ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ |
|---|---|---|
| НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА | Pearson Correlation | .617** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот

коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу користењето нефинансиска поддршка и ефикасноста на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина r (103) = 0,617, p <.001.

Приоритет на Европската Унија е фаворизирање на одржлива и конкурентна заедница, а преку Стратегијата 2020 има цел да обезбеди интелигентен економски раст (преку иновации во образованието), подобрување на животната средина (со намалување на емисиите на јаглерод диоксид) и социјално вклучување. Една од целите е зголемување на енергетската ефикасност за 20%, зголемување на употребата на обновливите извори на енергија за 20% и намалување на емисиите на гас во споредба со 1990 година за 20%. Управувањето со објектите игра значајна улога во поддршката на одржливите перформанси, почнувајќи од набавките, управувањето со зградите, управувањето со вработените (здраво и безбедно), управувањето со отпадот (рециклирање, намалување на потрошувачката на енергија), па сè до перформансите на објектите. Причините за тоа се ставање во функција на ефикасно планирање на буџетот, земајќи го предвид глобалното влијание на некоја активност, заштеда на трошоците со ефикасно користење на ресурсите и просторот и ефективност на одлуките за целиот синџир на снабдување. Во исто време се овозможува зголемен квалитет на воздухот во затворените простории со планската употреба на зелени уреди (вентилација, санитарни простории, гас итн.), како и градежни материјали погодни за животната средина. Колку е значајна нефинансиската поддршка во однос на примена на практики за енергетска ефикасност на објектите, се гледа во високиот степен на корелација помеѓу нив.

**Табела 6.14 Корелација помеѓу факторите користење нефинансиска поддршка и системите за управување со животната средина**

| | | **УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** |
|---|---|---|
| **НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** | Pearson Correlation | .544** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 |
| | N | 105 |

Прелиминарните анализи покажаа дека односот помеѓу двете променливи е линеарен и нема значителни отскокнувања во однос на поединечни вредности кај двете променливи. Иако двете променливи имаат одредени отстапувања во однос на нормалната дистрибуција на нивните вредности, сепак, анализата беше направена со користење на Пирсон линеарниот коефициент на корелација, имајќи предвид дека тестот има висок степен на робустност во однос на одредени отстапувања од нормалноста. Притоа резултатот од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажа дека постои статистички значајна, висока позитивна корелација меѓу користењето нефинансиска поддршка и системите за управување со животната средина $r(103) = 0,544$, $p < .001$.

Системот за управување со животната средина (ЕМС) е збир на процеси и практики кои ѝ овозможуваат на организацијата да ги намали влијанијата врз животната средина и да ја зголеми ефикасноста на работењето. Тоа е рамка што ѝ помага на организацијата да ги постигне целите за животната средина преку постојан преглед, процена и подобрување на еколошките перформанси. Претпоставка е дека оваа константна ревизија и процена ќе ги идентификува можностите за подобрување и спроведување на еколошките перформанси на организацијата. Проактивниот пристап може да помогне да се намали ризикот од неусогласеност и да се подобрат здравствените и безбедносните практики за вработените и јавноста. Исто така, може да помогне во решавање нерегулирани прашања, како што е зачувување на енергијата. Кога се зборува за потребите и трошоците, неоспорно се наведува персоналот, но и потенцијална консултантска помош и обука на персоналот што ја истакнува причината за високата корелација на искористување нефинансиска поддршка и управувањето на животната средина.

И кај користењето нефинансиска поддршка производствените компании преовладуваат и тоа со утврдена средна вредност од 2,88 за разлика од непроизводствените кои се со средна вредност од 2,31, што нѐ наведува на општ заклучок дека оние што генерално во повисок процент или степен користеле нефинансиска помош и поддршка имаат и поголем степен на примена на практиките на одржлив развој. Причината ја гледаме во спецификата на процесите и инволвираноста на кадар на кој му е потребна помош и поддршка од воведување преку напредување до искористување нови креативни и иновативни пристапи со кои ќе се овозможи пропулзија на организацијата.

Користењето нефинансиска поддршка во поголем степен е присутно кај средните и големи организации со средна вредност 2,69 за разлика од малите организации со утврдена средна вредност од 2,25. Тука повторно причините ги бараме во неопходноста од добра организација, интервенција на повеќе нивоа и со различен број на вработени, но и воспоставување процедури и стандарди кои се неопходни за функционирањето на средните и големите организации. Нивната комплексност и начин на функционирање води до поголема потреба и поврзаност со искористувањето на нефинансиската поддршка.

Во однос на користењето нефинансиска поддршка, повторно повисок степен на искористеност има кај компаниите со странски капитал со утврдена вредност од 3,22 за разлика од компаниите со доминантно домашен капитал со средна вредност од 2,36. А причината ја гледаме во свесноста од потребата за континуирана надградба и инвестирање во развојот, следење на трендовите и иновативност во пристапот од страна на организациите со доминантно странски капитал. Борбата со конкуренцијата и планот за одржлив развој се многу појасни кај нив имајќи го предвид искуството што го носат од земјите од каде што потекнуваат, вклучително и потребата да исполнат соодветни критериуми и стандарди за да фатат приклучок со современите организации и одржливиот развој.

## 4.6 Дискусија и заклучни согледувања

Одржливите практики се во постојана борба во процесот на приоретизирање кај компаниите. Во РС Македонија компаниите сè уште се во зародиш кога станува збор за употребата на практиките на одржлив развој, а нивото на свесност и развој не дозволува сериозна експанзија на истите. Во услови кога најголем број од организациите потпаѓаат под групата мали организации, борбата за преживување е фокусирана на финансиската компонента, додека останатите компоненти од одржливиот развој се занемарени или уште полошо - воопшто не се земени предвид поради ниското ниво на свест, недостигот на компетенции и компетентност.

Производните организации, согласно својата дејност, се истакнуваат во практикување на одржливите практики за разлика од услужните и непроизводните организации. Тука, пред сè, се потенцира воведувањето различни стандарди кои првенствено го олеснуваат функционирањето на производните организации, овозможуваат

системски решенија и организациска поставеност која може да биде подложна на мониторирање, корективно дејствување и унапредување на системите и процесите, а на тој начин се овозможува стекнување на конкурентска предност и справување со конкуренцијата. Тоа за производните организации претставува солидна основа за инкорпорирање на одржливите практики во нивното работење. Во исто време услужните и непроизводствените организации кои се насочени кон функционирање преку ползување на индивидуализмот во многу помала мера ги следат и имплементираат веќе добро етаблираните стандарди, како на пример ИСО-стандардизацијата, а на тој начин и се оддалечуваат од практиките на одржливиот развој иако вреди да се напомене дека услужните дејности се тие што во голема мера ја практикуваат социјалната компонента, односно придонес кон општествените групи преку влијанието што се трудат да го постигнат.

Во однос на сопственоста на претпријатието, евидентно е дека фирмите со доминантно странски капитал имаат изразено поголем процент на примена на одржливите практики за разлика од компаниите со доминантно домашен капитал. Практиките и процедурите кои странските компании ги воведе во своите матични земји, со цел да се движат кон одржливиот развој и на тој начин да се справат со исклучително силната конкуренција за опстојување и развој, ги пренесуваат и на своите подружници во РС Македонија или при формирањето нова компанија. Тоа се стандарди кои истовремено им овозможуваат и усогласување на методите и процесите при работењето, приспособување и исползување на своите капацитети и потенцијали, но и правовремено реагирање во случај на справување со ризици. За разлика од нив, организациите со доминантно домашен капитал се соочуваат со недостиг на знаење, практики и поддршка во имплементацијата на практиките за одржлив развој. И тука вреди да се спомене дека повторно испливува на површина фактот дека кај големите компании, иако се со доминантно домашен капитал, практиките на одржлив развој се присутни, и тоа во висок процент, што ја потврдува тезата дека големината на претпријатието е во корелација со практикувањето на одржливиот развој.

Во однос на нивото на влијание што го предизвикуваат компаниите со своето дејствување, гледаме една скромна посветеност на компаниите кон општественото или еколошко влијание каде што превагнува повременото размислување на таа тема за разлика од ставањето во фокус на истото каде што општественото и еколошко влијание би било

примарна мерка за успех на бизнисот и би му давале приоритет дури и во случаи кога тоа не може да доведе до профитабилност, со што би дошло до усогласување на балансираните скор-картички од елементите на одржливиот развој. Евидентно е дека степенот на развој, опкружувањето, но и системската поддршка изостанува во овој случај, што резултира со насочување кон основните бизнис-елементи, односно финансиската компонента, без притоа да се води сметка за останатите елементи на одржливиот развој како неизоставен дел од одржливоста.

Ангажманот на засегнатите страни како квинтесенција за холистичкиот пристап и реализација која ќе ги задоволи не само потребите и интересите, туку ќе овозможи и продолжено дејствување, е исто така компонента која е на маргините ако се земе предвид фактот дека доминира исказот дека воопшто не постојат политики и практики за информирање, инволвирање и искористување на засегнатите страни во процесот на подготовка, реализација и евалуација на работата, со што се потврдува тој кампањски пристап при работењето, недостиг на стратегија и алтруизам кој ќе придонесе до реализација на заедничките цели, но и спроведување на практиките на одржлив развој како прерогатив на одржливоста. Недостигот од инволвирање на засегнатите страни е основа за неуспешност. Првенствено поради различите погледи, ставови, интереси, потреби, но и чувството на поседување, со што ќе се гарантира вклученост во реализацијата и поддршка за опстојување и одржливост за во иднина. Вклучувањето на засегнатите страни значи и поделба на улоги и одговорности и запазување на законски норми и мотивација на сите инволвирани.

Во однос на мерењето и управувањето на општественото и еколошко влијание на компаниите преку редовно следење на истото дефинирано со мисијата на компанијата и извршните одлуки, процена на импактот користејќи механизми на ангажирање на засегнатите страни, поставување цели на изведба за сите идентификувани материјални проблеми и мерења на материјалните, општествени и еколошки резултати кои произлегуваат од реализацијата на KPI (клучен индикатори на успешноста), може да заклучиме дека не е на задоволително ниво во однос на остварувањето на резултатите поврзани со одржливиот развој. Заклучокот се темели на добиените резултати од истражувањето каде што доминираат одговорите: воопшто не постои, постои слаб степен или умерен степен на управување со општественото и еколошко влијание.

Од секцијата купувачи/клиенти заклучивме дека релативно мал број од компаниите преку своите производи третираат одреден општествен или еколошки проблем, односно повеќе се насочени кон реализација на своите бизнис-интереси, но затоа можеме да заклучиме дека голем број од компаниите посветуваат внимание на креирање и управување со дополнителна вредност за своите клиенти преку најразлични содржини, а воедно се исклучително активни во управување со влијанијата на производот преку редовно следење на исходот од своите производи/услуги и благосостојбата на клиентите, формалните програми за вклучување на резултатите од тестирањето на клиентите и доставување повратни информации кои доаѓаат од клиентите и креирањето формални програми за постојано подобрување на вредноста произведена за клиентите.

Преку резултатите добиени од анализата на деловниот модел на влијание врз заедницата, односно дали тој создава конкретни позитивни придобивки за засегнатите страни (стеикхолдери), заклучуваме дека компаниите практикуваат деловни модели кои имаат значително влијание врз заедницата, со што директно се придонесува кон реализација на компонентата поврзана со животната средина и општествената компонента од одржливиот развој. Преку финансиски донации, про-боно активности, инвестиции во заедницата, застапување и лобирање со цел усвојување подобрени општествени или еколошки политики или резултати, партнерства со добротворни организации или членство во организации на заедницата и производи или услуги со намелени цени наменети за ранливи, социјално загрозени групи на граѓани на редовниот пазар на стоки и услуги ја реализираат програмата на корпоративно граѓанство и преку заедничко дејствување креираат услови за опстојување и одржлив развој.

Финансиските придобивки за вработените што спаѓаат во групата на хигиенските фактори заклучуваме дека сè уште се на незадоволително ниво ако се земе предвид фактот дека приспособување на трошоците на животот што одговараат на стапките на инфлација во земјата, бонусите или учество во остварената добивка, како и можностите за стекнување сопственост на вработените на неменаџерски позиции во компанијата, сè уште е во зародиш, без доволно свест и знаење за улогата и можностите што се отвораат со таквите пристапи. Во исто време силниот опортунизам кон можноста за стекнување сопственост на вработените над компанијата, кој овозможува развој на дисторзивни дејства и загрозување на опстанокот на компаниите, е доволна слика за слабо, неадекватно

менаџирање на тие состојби поради недостиг на знаење и компетенции. Компаниите што се соочуваат со преодните фази од нивниот развој, како подложни на силни дисторзии, мора многу повнимателно да се управуваат со цел да го одржат курсот на опстанок и одржлив развој, а свесноста за тоа треба да се издигне на едно многу повисоко ниво согласно значењето што го има.

За разлика од претходниот заклучок поврзан со делењето на добивката и еднаквиот третман, политиките и практиките за професионален развој се присутни во исклучително висок степен кај компаниите, што нè тера да заклучиме дека компаниите го имаат надминато синдромот на натурена потреба од дополнителен развој (гледање на професионалниот развој како на трошок, а не како на инвестиција) и пристапено е кон приоретизирање на професионалниот развој преку обезбедување формален процес на воведување во работата за новвработени работници, постојана обука на основните работни задачи и одговорности на вработените, политика за поттикнување внатрешни унапредувања и вработувања на повисоки позиции, обезбедување обуки во различни подрачја кои не се непосредно поврзани со конкретното работно место на вработениот, обука за стекнување општи вештини неповрзани со конкретното работно место, буџет за професионален развој и надоместоци или платени програми за стекнување квалификации.

Животната средина како инкрементална компонента на одржливиот развој беше тестирана преку повеќе прашања поврзани со ефикасност на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина. И тоа преку системите за управување со животната средина, процентот на сертифицирани производи, следење на користењето на енергија, од кои извори на електрична енергија се снабдуваат компаниите, следење на стакленичките гасови, транспортот, следење и управување со водата, методи на отстранување на отпадот, менаџмент на снабдувачкиот синџир и сертификати за добавувачите. Од добиените резултати заклучуваме дека животната средина сè уште не е во фокусот на дејствувањето на организациите и се перципира како дополнителен трошок наместо како можност за достигнување конкурентска предност. Тоа воедно значи и сериозна загуба која се генерира преку пропуштање на можноста да се користат обновливи извори на енергија, од една страна, и заштеда на енергијата преку енергетската ефикасност на објектите, од друга страна. Но тука е пропуштањето на можностите кои се нудат преку транзиција кон новите видови транспорт и искористување на отпадот преку обработка и

рециклирање и на тој начин зголемување на профитабилноста, а намалување на трошоците и загадувањето на околината.

Финансиската и нефинансиската поддршка на одржливи практики беа разгледувани од перспектива на справување со декаденцијата, предизвикана од дополнителните барања и вложувања неопходни при транзицијата кон одржливиот развој. Согласно добиените искази, може да констатираме изразена контрадикторност. Имено, иако најголем број од компаниите сметаат дека финансиската поддршка има исклучително важна улога, односно дека е клучна за креирање одржливи практики во организациите, сепак голем дел од нив не користеле воопшто или користеле многу мал дел од понудената или можна финансиска поддршка, како што се грантовата шема, владините фондови и субвенции, кредитирање од банки и други финансиски институции, капиталното инвестирање и бизнис-ангели и намалување на маргиналните даночни стапки. Во исто време, и покрај доминантната определеност на испитаниците за финансиската поддршка како клучна за креирање одржливи практики, сепак е евидентно дека компаниите користеле повеќе од нефинансиската поддршка за разлика од финансиската. Притоа се користени обуки, менторство, изработка на проектна документација, физибилити-студии, заштита на сопственички права, бизнис-план, истражување итн. Она што е евидентно е дека и покрај нотираните потреби и неопходноста од финансиска поддршка, сепак, за да се дојде до неа, потребни се повеќе ангажман, ресурси и капацитети за разлика од можноста за користење нефинансиска поддршка, што нѐ наведува на заклучокот дека тие недостигаат кај компаниите ако и покрај идентификуваната потреба и достапност, сепак, не се ползува. Согласно анализата може да заклучиме дека институционалната поддршка на одржливи практики во организациите во РС Македонија, во функција на поттикнување на одржливиот развој, е детектирано дека е неопходна и клучна, но истовремено неопходна е ерудиција, односно потребни се предуслови за нејзино искористување преку изградба на капацитети што ќе го овозможат тоа. Во спротивно ќе дејствуваат само како палијативни решенија.

Резултатите од спроведената корелациона анализа со примена на Пирсон линеарниот коефициент покажаа дека постои статистички значајна, умерена, позитивна корелација помеѓу користењето финансиска поддршка и ангажманот на засегнатите страни кај компаниите, мерењето и управувањето со општественото влијание, клиентите, корпоративното граѓанство, вработените, енергетската ефикасност и управувањето со

животната средина. Воедно покажаа постоење на статистички значајна, висока позитивна корелација помеѓу нефинансиската поддршка и наведените фактори. Гледајќи ја поврзаноста на реализираните практики на одржлив развој со финансиската и нефинансиската поддршка, констатираме дека е потврдена Хипотезата 1а. Финансиската поддршка позитивно влијае врз одржливите практики во организациите во РС Македонија, преку сознанието дека тие се неопходни за инкорпорирање на практиките на одржлив развој. Исто така, потврдена е и Хипотезата 1б. Нефинансиската поддршка позитивно влијае врз одржливите практики во организациите во РС Македонија преку утврдување на поврзаноста помеѓу користењето на различните видови нефинансиска поддршка и применетите практики на одржлив развој. Со тоа може целосно да ја потврдиме и основната Хипотезата 1. Институционалната поддршка е важна за развојот на одржливите практики во организациите во РС Македонија. Резултатите покажуваат дека институционалната поддршка позитивно влијае врз иновативноста на производите и процесите, што пак ги подобрува перформансите на организациите. А бидејќи институциите се оние што ги поставуваат правилата на игра во едно општество, во согласност со тоа се прават и стратегиските избори. Импликациите од институционалната поддршка се намалување на трошоците за започнување и водење бизнис, вклучувајќи поедноставување на процедурите, намалување на административните трошоци и известување, поедноставување на правилата за оданочување. Истовремено се овозможува трансфер на технологија и поддршка на иновативни инвестиции преку обезбедување пристап до специјализирани консултантски и технолошки информации, организирање деловна соработка со истражувачки институции и развој на системи за финансирање високоризични претпријатија. Со нејзина помош се врши мотивирање и подобрување на деловните компетенции преку обука и советодавни услуги и иницирање соработка помеѓу деловните субјекти. А обезбедува и директна поддршка и координација на програмите за поддршка, како финансиска поддршка во форма на грантови, субвенции, повластени заеми и кредити, институции и програми за поддршка. Институционалната поддршка обезбедува холистички пристап за развој на стратегија за одржлив развој со цел постигнување долгорочна конкурентска предност. Овозможува идентификување на областите за создавање вредност, но исто така е детален патоказ за транзиција кон иднината. Преку неа се обезбедуваат решенија за управување поврзани со внатрешниот систем на процеси, контроли и процедури, што организацијата ги донесува за

да управува сама со себе, да донесува ефективни одлуки, да биде во согласност со законот и воедно да ги задоволи потребите на надворешните заинтересирани страни. Но, исто така, игра улога во ангажирање на релевантните засегнати страни да се инволвираат и да ги разберат нивните очекувања за управување, политики, стратегии, практики и перформанси. Преку институционалната поддршка се врши обелоденување на ризиците и можностите предизвикани од прашања во доменот на животната средина, социјалата и управувањето (ЕСГ), кои пак имаат влијание врз перформансите на организациите и врз засегнатите страни на долг рок. Им помага на организациите во воспоставување процеси за разбирање, мерење, процена и управување со влијанија што се веродостојни, разбирливи и кои можат да бидат предмет на надворешно уверување. Ова вклучува, но не ограничува на, процена на квантитативните и квалитативните влијанија на стратегиите, програмите, производите и услугите, од една страна, и развој на препораки за управување за подобрување на идните перформанси, од друга страна. Исто така, ги поддржува организациите во текот на целиот циклус на известување, помагајќи им да размислуваат стратегиски за комуникациите за одржливост, да се усогласуваат со водечките рамки за одржливост и да ја зголемат внатрешната и надворешната вредност на процесот на известување и неговите резултати. Институционалната поддршка овозможува комбинирање на деловните приоритети и темелни концепти за одржливост како пакет алатки за развој и зајакнување на вештините за одржливост, знаење и свесност меѓу сите засегнати страни.

## ЗАКЛУЧОК

Во овој труд беа претставени теоретските сознанија поврзани со предметот на истражување како на локално така и на регионално и на светско ниво. Беа вклучени и анализи и истражувања на темата анализа на институционалната поддршка на одржливи практики во организациите во Република Северна Македонија во функција на поттикнување одржлив развој. Резимирано од теоретското и емпириското истражување, извлечени се следниве заклучоци:

1. Од наметнато дејствување до стратегиски планирано дејство, од себепромоција или тренд до конкурентска предност. Одржливоста е поврзана со ресурсите, менаџментот на политиките, социјалната грижа, енергијата, планирањето, економијата, влијанието врз животната средина итн., што за институциите значи редефинирање на основните процеси со цел зголемување на потенцијалот за иновативно и креативно дејствување и изнаоѓање солуции на тековните проблеми. За одржливиот развој, квинтесенција не е само што, туку и како и до кога и кој сѐ ќе биде вклучен.
2. Циркуларната економија е катализатор на целите за одржлив развој каде што фокусот се става на одговорно производство и потрошувачка. Дава одговор на прашањата: Како да ги дизајнирате работите? Како да ги одржиме, обновиме, повторно да ги искористиме, поправиме и на крајот рециклираме? Заокружувањето на процесот се покажа како еден од најефикасните начини за подобрување на ефикасноста на работењето. Циркуларната економија со својот пристап, кој има системски карактер, е насочена кон економскиот развој, а воедно е дизајнирана да им користи на општеството, животната средина и бизнисите.
3. Урбаниот развој ги зголемува урбаните области кои овозможуваат услуги бидејќи населението мигрира кон нив во потрага по вработување и други погодности што градовите можат да ги обезбедат, а самиот процес на урбанизација е поврзан со намалување на квалитетот на животната средина и деградацијата на животната средина. Урбаниот развој е причина за зголемена потрошувачка на фосилни горива и генерално за загадување на животната средина со намалување на зелените површини, зголемување на урбаната средина, но и зголемената потрошувачка на горива. Затоа

може да заклучиме дека градовите се одговорни за дисторзивните процеси од областа на животната средина бидејќи за нивно функционирање се користат приближно три четвртини од светската енергија.

4. Факт е дека трговската размена (размената на стоки и услуги) меѓу луѓето и фирмите од различни земји бележи исклучителен пораст, а дополнителни компликации се јавуваат бидејќи меѓународната трговија предизвикува прераспределба на ресурсите низ различните сектори. Тоа креира потенцијално заканувачки односи меѓу добро етаблираните интересни групи. Притоа, загриженоста за животната средина претставува само еден од многуте регулаторни проблеми. Меѓународната трговија влијае и врз глобалните модели на емисии на стакленички гасови. Трговијата и политиките за либерализација на трговијата со своето влијание можат да помогнат или во најмала рака да ги попречат дејствијата за климатските промени, вклучително и постигнување на Целите на одржливиот развој. Но за да се искористат бенефитите и да се превенираат негативните влијанија, истовремено е потребна поголема координација помеѓу меѓународната трговија, животната средина и политиката за управување со ресурсите бидејќи одржливиот развој треба да ги опфаќа сите димензии на развојот, а трговската политика треба да биде дел од интегрираната стратегија за одржлив развој.
5. Одржливиот развој дефинитивно претставува генератор на пристојни и одржливи работни места бидејќи форсира пристап и концепт кој активира сеопфатност и целовитост преку инволвирање на иновативност. Зелените работни места се една од компонентите што значително ги намалуваат негативните влијанија врз животната средина од економската активност, што на крајот доведува до одржливи организации и економии. Зелени работни места помагаат да се намали негативното влијание со крајна цел да се дојде до економски и социјално одржливи организации и економии.
6. Корпорациите отсекогаш биле мотивирани да управуваат со деловните работи на начин кој ја подобрува профитабилноста и го продолжува животниот век на нивните компании, но сега времето е променето и програмите за одржливост се приоритет. Несомнено компаниите што со сопствена визија ќе помогнат во обликување на иднината ќе имаат многу поголема шанса за препознавање на можностите отколку оние што само реагираат на промените. Во исто време, наместо да се гледаат како

пречка за развој на бизнисот, одржливите практики, вклучително и еколошките, економските и социјалните деловни предизвици, прераснаа во деловни можности, а оваа перспектива претставува и нова парадигма во корпоративната филозофија.

7. Одржливиот дизајн е уште една компонента на одржливиот развој која се обидува да ги намали негативните влијанија врз животната средина, здравјето и удобноста на жителите, а со тоа да ги подобри перформансите. Од една страна е подобрувањето на еколошките перформанси на производите, услугите и системите, зголемувањето на енергетската ефикасност, поттикнувањето на употребата на рециклирани материјали или намалувањето на употребата на токсични материи, а, од друга страна, социјалниот бенефит поврзан со прашања како што се употребливост, фер извори, дизајн за човечки потреби и општествено одговорна употреба на производи и услуги. Затоа потенцираме дека дизајнот на одржливост има голем потенцијал да ги промени изградените ставови и однесувањето како крајна дестинација од процесот на созревање, што значи дека дизајнот на одржливост инкорпорира вклучување на целите на одржливост во дизајнерските активности.
8. Исто така, заклучивме дека заштедата на енергија и енергетската ефикасност се наметнуваат како клучни компоненти на енергетската и климатската политика, а секое намалување на вкупната потрошувачка на фосилни горива доведува до намалување на емисиите на стакленички гасови, придонесувајќи за климатските цели на ЕУ. Со тоа се забрзува придвижувањето на ЕУ кон користење чиста енергија, но и создавање работни места преку зајакнување на економските сектори кои придонесуваат за енергетската транзиција. Инвестирањето во чиста енергија мора да оди во пакет заедно со енергетската ефикасност и заштедата на енергија. А бидејќи иновативните решенија можат суштински да го променат начинот на производство, складирање, транспорт и употреба на енергијата, решавањето на загубата на енергија е од суштинско значење за енергетската ефикасност.
9. Разгледувајќи ги индикаторите на одржливост во овој труд, неминовно се навраќаме на основата. Одржливиот развој кој во себе содржи опортунитетен трошок истовремено е катализатор на пропулзивноста и е генератор на дистинктивни предности, односно способност за справување со конкуренцијата**.** Различни видови индикатори се тие што овозможуваат соодветно планирање и реализација на

поставените цели. Силната диверзификација на индикаторите или рамки за одржливост ги третираат социјалната компонента, животната средина и економското влијание на компанијата со исклучително влијание врз развојот на одржливоста.

10. Процесите на управување што се применуваат во организациите се клучни за општественото и еколошко влијание кое го предизвикуваат преку адекватно вклучување на засегнатите страни, но и преку постојано следење и мерење на општествените и еколошки влијанија. Евидентниот недостиг на овие управувачки процеси кај организациите во РС Македонија ја минимизира можноста за одржлив развој со користење на сите придобивки од истото, како што е планирање на остварливи, прифатливи и потребни цели, прифаќање и поддршка од заедницата како резултат на креирана симбиоза при дејствувањето.
11. Евидентна е апотеза на генераторот на профит олицетворен во производ или услуга која адресира одреден општествен или еколошки проблем и дејствува на начин преку кој влијае врз вредноста создадена за клиентите. Врската е силна и потенцирана, а свесноста за инкременталната улога на управувањето со потенцијалното влијание на производите или услугите врз клиентите на ниво кое креира практики на одржлив развој за организациите. Она што претставува микс на влијание врз економската компонента и општествено или еколошко влијание е веќе ставено во функција од страна на организациите.
12. Резултатите говорат дека деловните модели што се користат од страна на организациите создаваат позитивни придобивки и имаат позитивно влијание врз заедницата. Можеме да заклучиме дека деловните модели што се користат се поблиски до општествената одговорност отколку до одржливиот развој. Во исто време можеме да заклучиме дека иако овие деловни модели се исклучително битни за унапредување на општествените и еколошките перформанси, со што ќе се креира чувство на припадност, прифаќање и сопственост над реализираните активности, сепак, изостанува соодветниот третман и ползување на бенефитите од нив. Евидентно е присуството на интервенции кои се еднонасочни, додека интерактивноста која бара поголема координација и усогласување е на маргините.
13. Вреднувањето на вработените е пар екселанс на одржливиот развој. Политиките и практиките за плаќање и наградување на вработените во комбинација со

политиките и практиките за професионален развој, но и следењето на ангажираноста и задоволството од работата кај вработените, се основа за одржлив развој. Заклучок е дека вработените се носители на процесот наречен менаџмент на организациски промени и мост за поврзување на сите процеси што раздвојуваат во текот на креирањето одржливи практики во организациите. Но факт е дека додека професионалниот развој на вработените се сфаќа и прифаќа како фундаментална компонента при дејствувањето, задоволувањето на хигиенските фактори и интеракцијата со вработените во однос на нивната перцепција за состојбите и изразено задоволство или незадоволство сѐ уште е на влезно ниво, со што се загрозува една исклучително инструментална и оперативна вредност при дејствувањето.

14. Во однос на животната средина, неоспорен е заклучокот дека ефикасноста на објектите во кои се вршат активностите на организациите има огромно влијание. Ќе заклучиме дека присуството и притисокот се поврзани и со ефективноста и со ефикасноста на организациите, а тоа се рефлектира и на економскиот аспект од работењето, но и на еколошкиот аспект истовремено. Тука систем за управување со животната средина (EMS) кој го следи и управува користењето на енергијата и изборот на извор на електрична енергија во комбинација со следење на емисиите на стакленички гасови и управувањето со влијанието на транспортот, водата, начинот на менаџирање со отпадот, пакување, менаџментот на снабдувачки синџири и сертификатите за добавувачи, се дефинира како исклучително важна компонента на одржливиот развој. За жал, резултатите нѐ наведуваат да заклучиме дека сѐ уште свеста за овие придобивки кај организациите во РС Македонија е на незадоволително ниво, со што се загрозува една сериозна компонента со повеќекратни поврзани вредности на одржливиот развој.
15. За да се реализираат процесите и да се овозможи транзицијата од општествено одговорно однесување кон одржлив развој, неопходни се финансиски средства кои ќе го поддржат целиот процес. Притоа детерминираме дека финансиските средства се неопходни и за структурните, техничките и логистичките елементи на транзицијата. Затоа, заклучокот е дека финансиската поддршка е клучна за креирањето одржливи практики во организациите. Истовремено, заклучуваме дека

капацитетот на организациите во РС Македонија за искористување на различните финансиски инструменти што им се на располагање на организациите е многу скромно. Значи, потребно е да се примени стратегиски пристап со дефинирање офанзивни стратегии за искористување на сите механизми што се на располагање со цел задоволување на потребите за примена на практиките на одржлив развој. Заклучокот е врз основа на доминантноста на одговорот дека воопшто не постои искористување на достапната финансиска поддршка.

16. Имајќи го предвид фактот дека процесите за трансформација кон одржлив развој, како и клучниот елемент - поддршката од раководството и вработените на тие процеси се неминовност, тогаш нефинансиската поддршка ја дефинираме како фундамент без кој не се може. Таа треба да обезбеди изградба и усовршување на кадарот и градење компетенции за приспособување на процесите. Заклучокот е дека нефинансиската поддршка е неминовна за првенствено добро планирање, креирање стратегија, анализа на состојбите, пазарот и конкуренцијата, но и изнаоѓање начини за справување со сите тие предизвици. Но повторно мора да констатираме дека поради резултатите што се добиени, гледаме ниска искористеност на достапната нефинансиска поддршка од страна на организациите, со што заклучуваме дека сè уште преовладува краткорочната економска логика и преживување наместо концептот на одржлив развој.

Факт е дека во вакви социо-економски услови и ограничен пазар, но и ограничен степен на развој на организациите од РС Македонија, тие тешко ќе се справат со конкуренцијата што владее во светот. Неопходно е да се пристапи кон примена на холистички пристап кој ќе овозможи сериозна институционална поддршка како на ниво на политики, закони и подзаконски акти така и на нивно на директна поддршка и субвенционирање со цел идентификување, адаптирање и аплицирање на практиките на одржлив развој. На тој начин ќе овозможиме не само заживување на економијата, туку и сериозен исчекор кон заштитата на животната средина и намалување на загадувањето, со што директно ќе се влијае врз благосостојбата на граѓаните. Стратегискиот пристап кој ќе започне од воведување на одржливиот развој во основните училишта, и тоа како деветта клучна компетенција, ќе биде првиот визионерски чекор. Промовирањето даночни

олеснувања за сите што ќе одлучат да се трансформираат со користење обновливи извори на енергија во комбинација со континуиран и неселективен пристап при субвенционирањето на енергетски ефикасни објекти и отворање зелени работни места, ќе биде вистински исчекор кон одржливиот развој. Форсирањето употреба на транспортни средства кои користат обновливи или хибридни извори на енергија, воведувањето јасни и недвосмислени индикатори за следење на употребата на истите тие извори во комбинација со следењето на емисијата на стакленички гасови, употребата на водата и интензивирањето на управувањето со отпадот се исто така елементите што мора да бидат приоритетни во напорите за креирање услови за одржлив развој на организациите во РС Македонија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Adizes. I. K (1990) *How and Why Corporations Grow and Die and What to Do About It*, The Adizes Institute, CA.
2. Afgan, N.H., Della Morte, R. (2004), *Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems,* Swets & Zeitlinger Publishers.
3. Almås, I., Cappelen, A. W., Sørensen, E. and Tungodden, B. (2010) Fairness and the development of inequality acceptance. *Science*, 328: 1176–1178.
4. Atkinson. G, Dietz. S, Neumayer. E, 2007, *Handbook of Sustainable Development*, Cheltenham: Edward Elgar Publishing Limited.
5. Ayres, R. U. (1998) *Turning Point: The End of the Growth Paradigm*. London: Earthscan.
6. Alter, K. (2006), *Social Enterprise Typology*, Washington, DC: Virtue Ventures
7. Austin, J., H. Stevenson and J. Wei-Skillern (2006), 'Social and commercial entrepreneurship: same, different, or both?', *Entrepreneurship Theory and Practice*, 30(1), 1–22.
8. Barendsen, L. and H. Gardner (2004), 'Is the social entrepreneur a new type of leader?', *Leader to Leader*, 34(1), 43–50.
9. Bass. S (2012), *Sustainable Development Strategies: A Resource Book,* North Routledge.
10. Boumans, R., Costanza, R., Farley, J., Wilson, M. A., Portela, R., Rotmans, J., Villa, F. and Grasso, M. (2002) Modeling the dynamics of the integrated earth system and the value of global ecosystem services using the GUMBO model. *Ecological Economics*, 41: 529–560.
11. Bratton. J and Gold. J (2012*) Human Resource Management: Theory and Practice,* Palgrave Mac Millan, Basingstoke.
12. Birkland, T. (1997) *After Disaster: Agenda Setting, Public Policy, and Focusing Events*. Washington, DC: Georgetown University Press.
13. Brooks AC (2008) *Social entrepreneurship: a modern approach to social value creation*. Brooks/ Prentice Hall, Upper Saddle River
14. Bahro, R. (1984) *From Red to Green*. London: Verso/NLB.
15. Barry, J. (2012) Climate change, 'the cancer stage of capitalism' and the return of limits to growth: towards a political economy of sustainability. In M. Pelling, D. Manuel-Navarrete and M Hart, S.L.; Milstein, M.B. Creating sustainable value. *Acad. Manag. Perspect.* 2003, *17*, 56–67.
16. Bronfenbrenner, U. Ecology of the family as a context for human development: Research perspectives. *Dev. Psychol.* 1986, *22*, 723–742.
17. Barney, J. (1991) *"*Firm resources and competitive advantage*"*, *Journal of Management*, Vol 17. No 1.
18. Brinckerhoff, P. (2000), *Social Entrepreneurship: The Art of Mission-Based Venture Development*, New York: John Wiley and Sons

19. Bhinekawati. R (2017), *Corporate Social Responsibility and Sustainable Development: Social Capital and Corporate Development in Developing Economies*, Routletdge 2 Park Square, Milton Park Abingdon
20. Briar-Lawson K., Miesing, P & Ramos, B.M., (2020), *Social Entrepreneurship and Enterprises in Economic and Social Development 1st Edition,* Oxford University Press.
21. Cohen, Barney (2006). Urbanization in developing countries: Current trends, future projections, and key challenges for sustainability. *Technology in Science,* vol. 28, pp. 63-80
22. Costanza, R., Alperovitz, G., Daly, H. E., Farley, J., Franco, C., Jackson, T., Kubiszewski, I., Schor, J. and Victor, P. (2012) *Building a Sustainable and Desirable Economy-in-Society-in-Nature*. New York: United Nations Division for Sustainable Development.
23. Cameron, J., &Holmes, I. (2009). *Accelerating green infrastructure investment with green bonds.* London: Green Alliance.
24. Champion, A. G. (ed). (1989). *Counter urbanization: The Changing Pace and Nature of Population Deconcentration,.* London: Edward Arnold.
25. Costanza, R. (1991) *Ecological Economics: The Science and Management of Sustainability*. New York: Columbia
26. Cullen. P and Harvey. B (1996), *Partnership in action page.* Community Workers Cooperative, Prospect Hill, New York.
27. Christie, M. and B. Honig (2006), 'Social entrepreneurship: new research findings', *Journal of World Business*, 41(1), 1–5.
28. Dees, J.G. (1998), 'Enterprising nonprofits', *Harvard Business Review*, 76(1), 54–66.
29. Dees, J.G. (2001), 'The meaning of "social entrepreneurship"', conceptual note, Duke
30. David, F.R (2007), *Strategic Management Concepts and Cases*, Prentice Hall, New York.
31. Donald G. Reid (2021), *A New World-System: From Chaos to Sustainability (Routledge Studies in Sustainable Development) 1st Edition,* Routletdge 2 Park Square, Milton Park Abingdon
32. Defourny.J (2007), *The Emergence of Social Enterprise*, London: Routledge
33. Emerson J, Twersky F (1996) *New social entrepreneurs: the success, challenge and lessons of non-profit enterprise creation*. The Roberts Foundation Homeless Economic Fund, San Francisco
34. Emerton, L., Bishop, J., &Thomas, L. (2006*). Sustainable Financing of Protected Areas: A global review of challenges and options*: World Conservation Union.
35. Fayolle. A and Matlay. H 2010, *Handbook of Research on Social Entrepreneurship,* Edward Elgar Publishing Limited, Cheltenham.
36. Freeman, R.E. (1984), *Strategic Management: A Stakeholder Approach*, Boston: Pitman Publishing
37. Fitzroy. P.T& Hulbert. J. M & O'Shannassy. T and Ghobadian. A (2012), *Strategic Management (The Challenge of Creating Value),* Taylor and Francis Ltd, London.

38. Fowler, S.J. & Hope, C. (2007), *Business strategy and the environment* "Incorporating sustainable business practices into company strategy" John Willey & Sons, New York.
39. Фити. Т & Хаџи Василева-Марковска. В и Бејтмен. М (2007) *Претприемништво,* Економски факултет-Скопје, Скопје.
40. Gayle C. Avery 2005, *Leadership for Sustainable Futures-Achieving Success in a Competitive World,* Edward Elgar Publishing Limited, Cheltenham.
41. Geoffrey. J 2017, *Profits and sustainability A History of Green Entrepreneurship*, Great Britain by Clays Ltd, St Ives plc.
42. Gawel A (2006) *Corporate social responsibility: standards and objectives driving corporate initiatives. Pollution probe,* Working paper. Достапно на www.pollutionprobe.org
43. Грубор. Б (2016), *Оперативен менаџмент,* Теди Трејд Ком, Скопје.
44. Goleman. D & Boyatzis. R and Mckee. A (2002) *The New Leaders, Transforming the art of leadership into the science of results,* Time Warner Paperbacks, London.
45. Hansmann. H (1980), *The role of trust in nonprofit enterprise*, Institution for Social and Policy Studies Yale University, CA
46. Hamilton, K. (2000), *Sustaining Economic Welfare: Estimating Changes in Wealth per Capita*, Policy Research Working Paper 2498, Washington, DC: World Bank.
47. Hegger.M, Fuchs. M, Stark. T, Zeumer. M (2012), *Energy Manual: Sustainable Architecture*, Birkhouser verlag AG Basel.
48. Henry. C & Rockström. J, Stern. N, (2020), *Standing Up for a Sustainable World - Voices of Change,* Edward Elgar Publishing Limited
49. Hernan, R. (2010) *This Borrowed Earth: Lessons from the 15 Worst Environmental Disasters Around the World*. New York: Palgrave Macmillan.
50. International Institute for Sustainable Development; Deloitte & Touche; Business council for sustainable development, *Business Strategy for Sustainable Development: Leadership and Accountability for the 90's*, DIANE Publishing.
51. Joy-Matthews. J & Megginson. D and Surtees. M (2004) Human Resource Development, 3rd edition, London and Sterling, London.
52. Jeffrey D. Sachs (2015), *The Age of Sustainable Development,* Columbia University Press; New York Chichester West Sussex.
53. Klovienė. L, *Economics and Management 2012. 17 (4)* Institutional factors as criteria for business environment identification, http://dx.doi.org/10.5755/j01.em.17.4.2984.
54. Kaplan RS, Norton DP (2004) *Strategy maps: converting intangible assets into tangible outcomes,* Harvard Business, Boston
55. Laville J.L (2004), *The Third Sector in Europe*, Cheltenham: Edward Elgar.
56. Lemons, J., Brown, Donald A., *Sustainable Development: Science, Ethics, and Public Policy,* Springer Science+Business Media Dordrecht
57. Myers. D. G (2002) *Intuition: It's Power and Perils,* Yale University Press, CA.

58. Moore. J. I (1992), *Writers on strategy and strategic management,* Penguin Books London, England.
59. McKinsey, (2016) & Company, *The circular economy: Moving from theory to practice,* McKinsey & Company, Washington.
60. Monkelbaan. J (2019), *Governance for the Sustainable Development Goals: Exploring an Integrative Framework of Theories, Tools, and Competencies,* Springer Nature Singapore
61. Marie-Claire. S & Ashfaq. K (2004) *Sustainable Development Law: Principles, Practices, and Prospects*, OUP Catalogue, Oxford University Press.
62. Mol, A. P. J.. Sonnenfeld, D. and Spaargaren, G. (2009) *The Ecological Modernisation Reader*. London: Routledge.
63. Munir Maniruzzaman, A.F., Schwabach. A, Arthur. J. Cockfield, A. Dan Tarlock, John C. Dernbach and Gabriela Kutting. G. Maria (2010), *International Sustainable Development Law - Volume I,* Encyclopedia of life support systems EOLSS Publishers/UNESKO
64. Nico J. Schrijver (2008) *The Evolution of Sustainable Development in International Law: Inception, Meaning and Status,* Martinus Nijhoff Publishers.
65. Nillson. K and Hynrich. L (2006), *Nonprofit sector development,* Forum Syd Alsnögatan, Stockholm.
66. Neil E. Harrison (2000), *Constructing Sustainable Development,* State University of New York Press, New York.
67. OECD (2001), *Policies to Enhance Sustainable Development,* OECD Publication service,, Paris.
68. Oxford University Press 2006, *SOCIAL ENTREPRENEURSHIP-New Models of Sustainable Social Change,* Oxford University Press Inc., New York.
69. Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD) (2012). *Redefining "Urban": A New Way to Measure Metropolitan Areas*, OECD Publishing. Достапно на: https://dx.doi.org/10.1787 /9789264174108-en
70. OECD (2000), *Towards Sustainable Development Indicators to Measure Progress,* Public Affairs and Communication Directorate, Paris.
71. Прашкер. П & Новак, А (2012), *Социјално претприемништво - теорија и практика*, Арс Ламина, Скопје
72. Pascual. O, Arjen van Klink, Julio Andrés Rozo Grisales 2011, *Create Impact! Handbook for Sustainable Entrepreneurship,* Enviu – Innovators in Sustainability.
73. Rogers, Peter P., Kazi F. Jalal, A. Boyd. J (2008)*, An Introduction to Sustainable Development,* Cromwell Press, Trowbridge.
74. Rothaermel. F.T (2012) *Strategic management concepts and cases,* McGrew-Hill Education-Europe, London.
75. Rudge. P (2021), *Beyond the Blue Economy: Creative Industries and Sustainable Development in Small Island Developing States (Routledge Studies in Sustainable Development) 1st Edition,* Routletdge, Oxon.

76. Roorda. N (2017), *Fundamentals of Sustainable Development,* Routledge, Abington

77. Roosa, Stephen A., (2010), *Sustainable Development Handbook--2nd edition,* Fairmont Press, Inc. Lilburn

78. Schalteggerand. S & Wagner.M, 2011 *Sustainable Entrepreneurship and Sustainability Innovation: Categories and Interactions Business Strategy and the Environment Bus. Strat. Env.* 20, 222–237 (2011) Published online 5 July 2010 in Wiley Online Library (wileyonlinelibrary.com) DOI: 10.1002/bse.682

79. Scholten P, Nicholls J, Olsen S, Galimidi B (2006) Social return on investment. A guide to SROI analysis, 1st edn. Lenthe Publishers, Amsterdam

80. Schaper. M 2010, *Making Ecopreneurs -Developing Sustainable Entrepreneurship,* Gower Publishing Limited Surrey.

81. Stenn, Tamara L., 2017, *Social Entrepreneurship as Sustainable Development-Introducing the Sustainability Lens,* Springer International Publishing AG: Cham..

82. Смилевски. Ц (2000), *Предизвикот и мајсторството на организациските промени,* Детра Центар, Скопје.

83. Стефановска. Л и Солунчевски. М (2011), *Стратегиски Менаџмент,* Бизнис Академија Смилевски, Скопје/Битола

84. Стојческа. Б., Топузовска-Латковиќ. М., Николиќ. С и Петрески. Б (2016), *Анализа на состојбите и предизвиците за развој на социјалното претпријатие во Република Македонија,* Фондација Фридрих Еберт, канцеларија, Скопје

85. Tur-Porcar. A, Roig-Tierno. N and Llorca Mestre. A, *Sustainability* (2018), "Factors Affecting Entrepreneurship and Business Sustainability". 10, 452;

86. Tladi. D (2007), *Sustainable Development in International Law: An Analysis of Key Enviro-economic Instruments,* Pretoria University Law Press.

87. Tenner, E. (1997) *Why Things Bite Back*. New York: Vintage

88. Tantram. J & Dominic Tantram. D (2017)*, Sustainable Energy: what is it and how do we measure it?; A pioneering book about alternative energy, renewable energy and thermodynamics,* Terrafinity LLP

89. United Nations-Economic and Social Commission for Asia and the Pacific (2018), *Inequality in the era of the 2030 Agenda for Sustainable Development: North and Central Asia,* United Nations ESCAP, Almaty.

90. United Nations (2004). *End-use Energy Efficiency and Promotion of a Sustainable Energy Future; Economic and Social Commisiona for Asia and Pacific,* United Nations Publication

91. United Nations, Economic Commission for Europe. (2008). *Working Together for Sustainable and Healthy Transport: Guidance on Supportive Institutional Condi- tions for Policy Integration of Transport, Health and En- vironment.* June 10, 2012, from www.unece.org

92. UNEP. (1987). *Our common future: The world commis- sion on environment and development*. Oxford: Oxford University Press.

93. UNCED. (1992). *Agenda 21, Chapter 1: Preamble.United Nations Conference on Environment & Development*.
94. United Nations Framework Convention on Climate Change (UNFCCC). (2009). *The draft of the Copenhagen Climate Change Treaty* (pp. 3–181).
95. Vroom.V.H and Edward L. Deci. E.L *(1999), Management and motivation,* Penguin Books Ltd, London.
96. Venkatesan. M (2019), *SDG8 - Sustainable Economic Growth and Decent Work for All (Concise Guides to the United Nations Sustainable Development Goals),* Emerald Publishing Limited. Bingley
97. Wolf. T (1999) *Managing a Non-profit Organization in Twenty- first Century,* Simon&Shuster New York. WWF (World Wildlife Fund). (2009). *From Green IT to greening with IT.* White paper. Washington, DC: WWF.
98. World Energy Outlook. (2013). *Renewable Energy Outlook*. International Energy Agency. Retrieved April 16, 2014, at http://www.worldenergyoutlook.org/media/weowebsite/2013/WEO2013_Ch06_Renewables.pdf
99. Warschauer, M. (2003). *Technology and Social Inclusion: Rethinking the Digital Divide*. Cambridge, MA: MIT Press.
100. Walker, J. (2004). *Rebels on the air: An alternative history of radio in America*. New York: NYU Press.
101. WEF. (2013). *The Global Energy Architecture Perfor- mance Index Report 2014*. New York: World Economic Forum and Accenture, from http://www3.weforum.org/docs/WEF_EN_NEA_Re- port_2014.pdf
102. Woolthuis. K, R.J. Sustainable entrepreneurship in the Dutch construction industry. *Sustainability 2010, 2*, 505– 523. [Google Scholar (https://scholar.google.com/scholar_lookup?title=Sustainable entrepreneurship in the Dutch construction industry
103. Weidinger. C, Fischler. F, Schmidpeter. R, 2014, *Sustainable Entrepreneurship Business Success through Sustainability*, Springer Heidelberg New York Dordrecht London.
104. Young. A (2014), *Sustainable Energy: How To Save Money Using Renewable Energy, Living Green And Living Sustainably,* Penguin Group
105. Yang. P (2019), *Cases on Green Energy and Sustainable Development (Practice, Progress, and Proficiency in Sustainability*, IGI Global
106. Zhivkovic. Z & Nikolic. Dz (2016), *Osnove matematicke shkole strategiskog menadzmenta,* Tercija, Bor.
107. Zaffron. S & Logan. D (2009)*, The Three Laws of Performance, Rewriting the future of your organization and your life,* Jossey-Bass, San Francisco.

**ПРИЛОГ**

## А Н К Е Т Е Н   П Р А Ш А Л Н И К

## АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Одржлив развој на организациите (SDO) е дефиниран и како: „континуиран и долгорочен развој и успех на организациите“. Одржливиот развој повеќе не е прашање на избор. Тој е императив во услови кога економскиот и социјалниот развој и заштитата на животната средина се меѓузависни и претставуваат неизоставни компоненти на одржливиот развој. Истовремено дефинирано е дека одржливиот развој е развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без да ја загрози способноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби. Тој сѐ повеќе се ***актуализира*** со постојните трендови на функционирање и добива уште поголема важност во остварувањето одржливи конкурентски предности и подобри перформанси од работењето на претпријатијата. Денес, одржливиот развој претставува императив за опстојување, одржливост, дистинктивна предност и општествена одговорност. ***Предмет*** на ова истражување претставува влијанието на институционалната поддршка за одржливи бизнис-практики врз претпријатијата во Република Северна Македонија. ***Целта*** е да се добијат сознанија за постојната состојба, но и потребата од поддршка, обезбедена од институционалните фактори (државен, меѓународен, невладин и бизнис-сектор) за развој на одржливите практики на претпријатијата во Република Македонија.

Вашето учество ќе даде придонес во унапредување на неопходната комуникација помеѓу науката и бизнис-секторот, чиј краен ефект треба да биде инкорпорирање на одржливите бизнис-практики во претпријатијата во Република Северна Македонија.

Податоците што се бараат се од општа природа и ќе имаат исклучиво статистичка намена. Не се потребни лични податоци.

## СЕКЦИЈА 1: ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**1. Во кој сектор во стопанството дејствува Вашето претпријатие?**

а. Производство б. Трговија

в. Услуги г. Градежништво

д. Друго ____________

**2. Колкав е бројот на вработени во Вашето претпријатие?**

_________

**3. Колку години функционира Вашето претпријатие?**

________

**4. Каква е формата на организација на Вашето претпријатие?**

а. Трговец-поединец б. Јавно трговско друштво

в. Друштво со ограничена одговорност г. Акционерско друштво

д. Непрофитна организација ѓ. Образовна институција

**5. Каква е сопственоста на мнозинскиот капитал на Вашето претпријатие?**

а. Домашно претпријатие б. Странско претпријатие

## СЕКЦИЈА 2: УПРАВУВАЊЕ

**6. Ниво на влијание предизвикано од дејствувањето на вашата компанија**

Опишете го пристапот на вашата компанија кон создавање позитивно влијание **(изберете една од понудените опции)**

а) Создавањето позитивно општествено или еколошко влијание не е во фокусот на нашиот бизнис.

б) Повремено размислуваме за општественото и влијанието врз животната средина преку некои аспекти од нашиот бизнис, но не често.

в) Често ги разгледуваме нашите општествени и еколошки влијанија, но тоа не е приоритет при донесувањето одлуки.

г) Постојано ги вметнуваме општествените и влијанијата врз животната средина во донесувањето одлуки затоа што сметаме дека се важни за успехот и профитабилноста на нашиот бизнис.

д) Го третираме нашето општествено и еколошко влијание како примарна мерка за успех на нашиот бизнис и му даваме приоритет дури и во случаи кога тоа не може да доведе до профитабилност.

**7. Ангажман на засегнатите страни (стејкхолдери)**

Дали вашата компанија прави нешто од следново за да ги вклучи засегнатите страни во врска со вашите општествени и еколошки перформанси?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Имаме советодавен одбор кој вклучува застапување на засегнатите страни. | ☐ |
| б) Имаме формален план или политика за ангажирање на засегнатите страни што вклучува идентификување на релевантни групи на засегнати страни. | ☐ |
| в) Имаме формални и редовни процеси за собирање информации од засегнатите страни (фокус-групи, истражувања, состаноци на заедницата итн.) и редовно ги известуваме највисоките управни органи. | ☐ |
| г) Јавно известуваме за механизмите и резултатите од ангажманот на засегнатите страни. | ☐ |

**8. Мерење и управување на општественото и еколошко влијание на вашата компанија**

Како вашата компанија ги идентификува, мери и управува со повеќето општествени и еколошки прашања релевантни за Вашето работење и деловен модел?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Редовно го следиме нашето општествено и еколошко **влијание** дефинирано со мисијата на компанијата и извршните одлуки. | ☐ |
| б) Вршиме процена на импактот на нашата компанија користејќи механизми на ангажирање на засегнатите страни. | ☐ |
| в) Имаме поставено цели на изведба за сите идентификувани материјални проблеми и мерења. | ☐ |
| г) Ги мериме материјалните, општествените и еколошките резултати кои произлегуваат од реализацијата на нашите KPI (клучен индикатор на успешноста) во текот на времето. | ☐ |

## СЕКЦИЈА 3: КУПУВАЧИ И КЛИЕНТИ

**9. Бизнис-модел и влијанието врз купувачите/клиентите**

Дали Вашиот производ/услуга адресира одреден општествен или еколошки проблем?

**(впишете еден од броевите што најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**10. Управување со влијанието врз купувачите/клиентите**

Дали Вашата компанија прави нешто од следново за да управува со влијанието и вредноста создадена за Вашите купувачи или клиенти?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Нудиме гаранции за производи/услуги и политики за сигурност и заштита. | ☐ |
| б) Имаме сертификати или акредитации за квалитет на нашите производи/услуги. | ☐ |
| в) Имаме формални процедури и механизми за контрола на квалитетот. | ☐ |
| г) Имаме повратни информации за услуги на клиенти и механизми за поплаки. | ☐ |
| д) Го следиме задоволството на клиентот или потрошувачот. | ☐ |
| е) Управуваме со приватноста и безбедноста на податоците на клиентот. | ☐ |

**11. Управување со влијанијата на производот**

Дали Вашата компанија е активна во управувањето со потенцијалното влијание на производите/услугите врз купувачите/клиентите?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Компанијата редовно ги следи исходот од своите производи/услуги и благосостојбата на клиентите. | ☐ |
| б) Компанијата има формална програма за вклучување на резултатите од тестирањето на клиентите и повратни информации кои доаѓаат од клиентите во дизајнот на производот. | ☐ |
| в) Компанијата има формални програми за постојано подобрување на вредноста произведена за купувачите/клиенти (вклучително и намалување на негативните ефекти или зголемување на позитивните ефекти). | ☐ |

**СЕКЦИЈА 4: ЗАЕДНИЦА**

**12. Деловен модел на влијание врз заедницата**

Дали деловниот модел на Вашата компанија создава конкретни позитивни придобивки за засегнатите страни (стејкхолдери), како што се добротворни партнерски организации, продавачи и добавувачи со специфични потреби или, пак, за Вашата локална заедница?

**(впишете еден од броевите кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**13. Програма за корпоративно „граѓанство"**

Како Вашата компанија учествува во граѓански ангажмани?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Финансиски донации или донации во натура (производи и услуги). | ☐ |
| б) Про-боно активности на Вашите вработени или некоја друга слична форма. | ☐ |
| в) Инвестиции во заедницата. | ☐ |
| г) Застапување со цел усвојување подобрени општествени или еколошки политики или резултати. | ☐ |
| д) Партнерства со добротворни организации или членство во организации на заедницата. | ☐ |
| е) Производи или услуги со намелени цени наменети за  ранливи, социјално загрозени групи граѓани на редовниот пазар на стоки и услуги. | ☐ |

**14. Унапредување на општествените и еколошките перформанси**

Како работеше Вашата компанија со своите засегнати страни (вклучувајќи ги и конкурентите) за да се подобри однесувањето или перформансите кон општествени или еколошки прашања во изминатите две години?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Работевме со други субјекти во индустријата со цел иницијативи за соработка поврзани со релевантни општествени и еколошки стандарди за нашата индустрија. | ☐ |
| б) Обезбедивме податоци или придонесовме за академско истражување на општествени или еколошки теми. | ☐ |
| в) Учествуваме во панел-презентации или други јавни форуми на општествени или еколошки теми. | ☐ |
| г) Обезбедуваме јавни или на друг начин достапни ресурси за други заинтересирани страни за подобрување на општествените или еколошките перформанси. | ☐ |

## СЕКЦИЈА 5: ВРАБОТЕНИ

**15. Политики и практики за плаќање и наградување на вработените**

Дали Вашата компанија нуди некој од следниве дополнителни финансиски придобивки на вработените на неменаџерски позиции?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Приспособувања на трошоците на животот што одговараат на стапките на инфлација во земјата.<br>б) Бонуси или учество во остварената добивка.<br>в) Можности за стекнување сопственост на вработените во компанијата. | ☐<br>☐<br>☐ |

**16. Политики и практики за професионален развој**

Дали Вашата компанија обезбедува некоја од следниве можности за обука на работниците за професионален развој?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Имаме формален процес на воведување во работата за новвработени работници.<br>б) Нудиме постојана обука на основните работни задачи и одговорности на вработените.<br>в) Имаме политика за поттикнување внатрешни унапредувања и вработувања на повисоки позиции (на пр., објавување отворени работни места прво внатрешно во организацијата помеѓу вработените).<br>г) Обезбедуваме обуки во различни подрачја кои не се непосредно поврзани со конкретното работно место на вработениот за напредување во кариерата или транзиции на нашите вработни (на пример, менаџмент-обуки за неменаџери).<br>д) Обезбедуваме обука за стекнување општи вештини неповрзани со конкретни работни места (на пр., финансиска писменост, англиски или друг странски јазик како втор или трет јазик).<br>е) Компанијата располага со буџет наменет за вработените за користење можности за професионален развој од разни видови надворешни извори (на пр., присуство на конференција, обуки преку интернет) и на тој начин ги помага. | ☐<br>☐<br>☐<br>☐<br>☐<br>☐<br>☐ |

| | |
|---|---|
| ж) Обезбедуваме надоместоци или платени програми за стекнување квалификации преку континуирано образование (на пример, факултетски дипломи, професионални лиценци). | |

**17. Ангажираност и задоволство од работата**

Дали Вашата компанија ги следи и проценува задоволството и ангажманот на Вашиот работник на кој било од следниве начини?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Ја пресметуваме стапката на флуктуација на вработените. | ☐ |
| б) Редовно (барем еднаш годишно) спроведуваме анкети за задоволство и ангажираност на вработените. | ☐ |
| в) Го оценуваме и го споредуваме задоволството на вработените со соодветните репери во индустријата. | ☐ |
| г) Ги анализираме податоците разделени на различни демографски групи за да ги идентификуваме трендовите. | ☐ |
| д) Ги надминуваме реперите на индустријата според степенот на задоволството и ангажираност на вработените. | ☐ |

## СЕКЦИЈА 6: ЖИВОТНА СРЕДИНА

**18. Ефикасност на објектите во кои се вршат активностите на компанијата во однос на животната средина**

Кои практики за ефикасност се применуваат во повеќето канцеларии и производни постројки на Вашата компанија со цел заштита на животната средина?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Објектите користат разни начини на заштеда на енергија (на пр., мониторинг на употреба на енергија, ефикасни уреди и осветлување, употреба на обновлива енергија). | ☐ |
| б) Објектите користат системи за зголемување на ефикасноста на употребата на водата. | ☐ |
| в) Објектите користат системи за следење и подобрување на квалитетот на воздухот (на пр., зголемена вентилација). | ☐ |
| г) Објектите користат енергетско-ефикасни градежни материјали и материјали со повторна употреба. | ☐ |
| д) Друго - ве молиме опишете. | ☐ ☐ |

**19. Системи за управување со животната средина**

Дали Вашата компанија има систем за управување со животната средина (EMS) кој опфаќа создавање отпад, употреба на енергија, употреба на вода и емисии на јаглерод што вклучува некое од следниве?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Писмено формулирана политика што ја документира посветеноста на нашата организација кон животната средина. | ☐ |
| б) Мерење и оцена на влијанието на деловните активности на нашата организација врз животната средина. | ☐ |
| в) Наведени цели и цели што можат да се квантифицираат за аспектите на животната средина во работењето на нашата организација. | ☐ |
| г) Програми со алокација на ресурси, за да се постигнат овие цели. | ☐ |

| | |
|---|---|
| д) Периодични прегледи за усогласеност и ревизија за да се оценат спроведените програми.<br>е) Ревизија и сертифицирање од трети страни на (ЕМС). | ☐<br>☐ |

**20. Еколошки сертифицирани производи**

Колкав процент од продадените производи имале сертификат што ги проценува влијанијата на производот или неговиот процес на производство?

а) 0%

б) 1-24%

в) 25-49%

г) 50-74%

**21. Следење на користењето на енергијата**

Дали Вашата компанија следи, снима и изготвува извештаи за употребата на енергија?

**(изберете една од понудените опции)**

а) Во моментов не ја следиме и не ја снимаме употребата.

б) Ја следиме и ја снимаме употребата, но немаме поставено цели за намалување.

в) Ја следиме употребата и поставивме цели за остварување (на пр., потрошувачка на енергија во однос на приходите, потрошувачка на енергија во однос на обемот на производство итн.).

г) Ги следиме употребата и поставените цели, при што оствaруваме значителни резултати во намалувањето на потрошувачката на енергија.

**22. Извори на електрична енергија**

Од кои извори Вашата компанија добива електрична енергија?

а) Дизел-генератори

б) електрична мрежа

в) Биогориво или други чисти или обновливи генератори

г) Обновливи извори на енергија

д) Друго - ве молиме опишете

**23. Следење на емисиите на стакленички гасови**

Како Вашата компанија управува со своите емисии на стакленички гасови?

**(изберете една од понудените опции)**

а) Во моментов не ги следиме и не ги снимаме емисиите.

б) Редовно ги следиме и ги снимаме емисиите, но не сме поставиле цели за намалување.

в) Редовно ги следиме и ги снимаме емисиите и поставивме специфични цели за намалување во однос на претходните перформанси (на пример, 5% намалување на стакленичките гасови од почетната година).

г) Ги следиме употребата и поставените цели, при што остваруваме значителни резултати во намалувањето на емисијата на стакленички гасови.

**24. Управување со влијанието на транспортот**

Дали Вашата компанија има прифатено некоја од следниве техники за намалување на влијанието врз животната средина поврзано со транспортот од нејзината дистрибуција и синџирот на снабдување?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| **Воопшто не постои** | **Слаб степен** | **Умерен степен** | **Значителен степен** | **Висок степен** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Користиме ,,чисти” или возила со мала емисија на штетни гасови (на пример, хибридни, ЦНГ, електрични) за транспорт и дистрибуција на производот. | ☐ |
| б) Користиме софтвер за стратегиско планирање за да го минимизираме користењето гориво и емисијата на штетни гасови. | ☐ |
| в) Користиме методи на транспорт и испорака со помали влијанија врз животната средина (на пример, избегнување пратка од воздух или други средства со поголема емисија на штетни гасови). | ☐ |

**25. Следење и управување со користењето на водата**

Дали Вашата компанија ја следи и управува со употребата на вода?

**(изберете една од понудените опции)**

а) Во моментов не ја следиме и не ја снимаме употребата на вода.

б) Редовно ја следиме и ја снимаме употребата на вода, но не сме поставиле цели за намалување на нејзината употреба.

в) Ја следиме и ја снимаме употребата на вода и поставивме специфични цели за намалување во однос на претходните перформанси (на пример, 5% намалување на употребата на вода од почетната година).

г) Ги следиме употребата и поставените цели, при што оствaруваме значителни резултати во намалувањето на употребата на вода.

**26. Методи за отстранување отпад**

Како Вашата компанија фрла, го одлага поголемиот дел од неопасниот отпад или ѓубре?

**(изберете една од понудените опции)**

а) Согорување, прочистување или исфрлање на самото место.

б) Општинско собирање смет.

в) Собирање ѓубре од трета страна со сертификат за отстранување.

г) Компостирање на ѓубрето.

д) Отпадот се одделува и се рециклира или се користи повторно за сопствено производство на компанијата или се донира/се обезбедува на други објекти.

е) Друго - ве молиме опишете.

**27. Пакување и влијанието врз животната средина**

Како Вашата компанија го минимизира влијанието врз животната средина преку пакувањето на Вашите производи?

**(впишете еден од броевите од скалата подолу, во секое од квадратчињата, кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | |
|---|---|
| а) Спроведуваме анализа на нашиот дизајн и материјали за пакување за да ги идентификуваме можностите за минимизирање на влијанието врз животната средина. | ☐ |
| б) Нашите материјали за пакување се сертифицирани за да ги исполнуваат стандардите за влијание врз животната средина. | ☐ |
| в) Нашето пакување може да се рециклира и дава упатства како правилно да се рециклира. | ☐ |
| г) Нашето пакување не е токсично. | ☐ |
| д) Нашите материјали за пакување се дизајнирани да имаат помалку вкупно влијание врз животната средина отколку вообичаените алтернативи. | ☐ |
| | ☐ |

**28. Менаџмент на снабдувачки синџири**

Дали Вашата компанија ги следи или оценува своите значајни добавувачи во однос на нивното општествено и еколошко влијание?

**(впишете еден од броевите кој најмногу одговара со состојбата во Вашето претпријатие)**

| Воопшто не постои | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**29. Сертификати за добавувачи**

Колкав процент од Вашите значајни добавувачи имаа меѓународно признати сертификати за производи?

а) 0%

б) 1-24%

в) 25-49%

г) 50-74%

д) 75% +

е) Не знам

## СЕКЦИЈА 7 ФИНАНСИСКА И НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ

**30. Дали имате користено некој од следниве извори за финансирање на одржливите практики во Вашата компанија?**

| | |
|---|---|
| а) Грантови шеми (меѓународни донатори, Европска Унија, Европска комисија, ИПА, ИПАРД, УНДП, УНХЦР, ФАО, УНИЦЕФ, Интелигентна енергија на Европа (ИЕЕ), European office for emergency humanitarian aid (ECHO), European Agency for Reconstruction (EAR), билатерални донатори, мултилатерални донатори, невладини организации и фондации, Развојна банка на Советот на Европа, ЕБРД, Европска инвестициска банка, Светска банка. | ☐ |
| б) Владини фондови и субвенции. | ☐ |
| в) Кредитирање од банки и други финансиски институции. | ☐ |
| г) Капитално инвестирање и бизнис-ангели. | ☐ |
| д) Намалување на маргиналните даночни стапки. | ☐ |
| е) друго________________. | |

**31. Дали имате користено некоја од следниве форми за нефинансиска поддршка на одржливите практики во Вашата компанија?**

| | |
|---|---|
| а) Обуки. | ☐ |
| б) Менторство и коучинг. | ☐ |
| в) Заштита на сопственичките права. | ☐ |
| г) Државната регулација со фокус на природните и комерцијални монополи, екстерналиите и асиметричните информации. | ☐ |
| д) Административно-бирократските пречки и корупцијата. | ☐ |
| е) Инфраструктурата. | ☐ |
| ж) друго________________. | |

**32. Дали сметате дека финансиската поддршка е клучна за креирање одржливи практики во претпријатијата?**

**(впишете еден од броевите кој најмногу одговара со оценката од страна на вашето претпријатие)**

| Воопшто | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**33. Колкаво е влијанието на нефинансиската поддршка за креирање одржливи практики во претпријатијата.**

**(впишете еден од броевите кој најмногу одговара со оцената од страна на Вашето претпријатие)**

| Воопшто | Слаб степен | Умерен степен | Значителен степен | Висок степен |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |